**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ -**
**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**

# ГЛОБАЛИЗАЦИСКИТЕ ПРОЦЕСИ, МИРОТ И БЕЗБЕДНОСТА

*Докторска дисертација*

**МЕНТОР:**
*Проф. д-р Зоран НАЦЕВ*

**ИЗРАБОТИЛ:**
*м-р Горан ЗЕНДЕЛОВСКИ*

**СКОПЈЕ, 2013 ГОДИНА**

**СОДРЖИНА**

Стр.

**ВОВЕД** ........................................................................................5

1. **ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА** .................... 9
1.1.Генеза на појавата ........................................................................ 9
1.2.Поим и дефинирање на глобализацијата ................................... 15
1.3.Терминолошки синоними на глобализацијата ............................ 21
1.4.Теоретски пристапи кон процесот на глобализација ................... 30

2. **ПОЗИТИВНИ И НЕГАТИВНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА** ............................................................. 37
2.1.Позитивни аспекти на глобализацијата ........................................ 37
2.2.Негативни аспекти на глобализацијата ......................................... 41

3. **ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА, ФРАГМЕНТАЦИЈА** ..................................................................... 48
3.1.Интеграција и регионализација ..................................................... 48
3.1.1.Регионализација и глобализација ............................................. 49
3.1.2.Регионализација како микро форма на глобализација ......... 55
3.1.3.Регионализацијата и безбедноста ........................................... 56
3.2.Фрагментацијата и глобализацијата ............................................. 61
3.2.1.Процесот на фрагментација и реперкусиите врз државата ......................... 63
3.2.2.Безбедносни импликации од фрагментацијата ...................... 68
3.3.Меѓузависноста како суштина на стратегискиот концепт на глобализацијата ......................... 71

4. **ПОЛИТИЧКИТЕ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА** ........... 76
4.1.Општи напомени ............................................................................. 76
4.2.Концептот на држава во современите глобализациски процеси .. 77
4.3.Суверенитетот и глобализацијата ................................................. 82
4.4.Државата и безбедноста ................................................................. 85
4.5.Односот меѓу глобализацијата и демократијата ........................... 92
4.5.1. Конекција меѓу глобализацијата, демократијата и мирот ................. 95
4.6.Глобализацијата и меѓународните организации ......................... 101
4.7.Глобализацијата и недржавните субјекти ..................................... 106

5. **ЕКОНОМСКИТЕ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА** .......... 109
5.1.Улогата на меѓународните економски институции ...................... 114
5.1.1.Меѓународниот монетарен фонд и глобализацијата ............. 115
5.1.2.Светска трговска организација и глобализацијата ................. 118
5.1.3.Светска банка и глобализацијата ............................................ 121

5.2.Економијата и безбедноста во ера на современата глобализација ........................123
5.3.Глобалната финансиска криза и безбедноста ................................. 126

**6. СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА .......... 130**
6.1. Глобализацијата и светската сиромаштија ..................................... 130
6.2. Глобализацијата, нееднаквостите и безбедноста ......................... 136
6.3. Демографскиот пораст и сиромаштијата ......................................... 143
6.4. Поларизација меѓу Север и Југ ........................................................ 147
6.5.Развиените *versus* неразвиените земји во контекст на глобализацијата ....................... 151

**7. КУЛТУРНИТЕ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА .............. 156**
7.1.Од национализам до хибридизација - безбедносни аспекти .......... 160
7.2.Глобализацијата меѓу универзалноста и партикуларизмот ........... 168
7.3.Космополитизам и глобализацијата ................................................. 171
7.4.Миграциите и глобализацијата ........................................................ 175
7.4.1. Безбедносни импликации од миграциите .................................. 181

**8. ЕКОЛОШКИТЕ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ............. 185**
8.1.Климатските промени и глобалната безбедност ............................. 187
8.2.Природните ресурси и глобалната безбедност ............................... 191

**9. ИНФОРМАТИЧКО - ТЕХНОЛОШКИТЕ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА .................. 198**
9.1.Ефектите од технологијата врз глобализацијата ............................ 198
9.2.Информатичко-технолошките достигнувања во функција на безбедноста и мирот ........................... 201

**10. ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА, БЕЗБЕДНОСТА И МИРОТ .................... 204**
10.1. Безбедносни импликации од процесите на глобализација .......... 206
10.2. Безбедносни придобивки од процесите на глобализација .......... 212
10.3. Глобалните закани и безбедноста .................................................. 215
10.4. Глобализацијата и глобалното ризично општество ..................... 220
10.5. Глобализацијата и безбедноста во 21 век ..................................... 224
10.6.Воената моќ во услови на современата глобализација ................ 229
10.6.1.Глобализација и милитаризација ............................................... 236
10.6.2.Глобализацијата, војните и конфликтите ................................... 240
10.7.Глобализацијата и мирот ..................................................................... 249
10.8.Ефектите од глобализацијата врз мирот .......................................255
10.9.Глобализацијата и неконекцијата со мирот ....................................261
10.10.Видови на глобализација, мирот и стабилноста ..........................267

**11. АЛТЕРНАТИВНА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА ........................................ 270**
11.1.Стагнација во одвивањето на глобализацијата ............................ 271
11.2.Антиглобализациски движења ........................................................ 272
11.3.Управување со глобализацијата ..................................................... 278
11.4.Кон похумана глобализација ........................................................... 286
11.5.Предводници на глобализацијата .................................................. 289
11.5.1. Соединетите Американски Држави и глобализацијата ... 289
11.5.2. Европската унија и глобализацијата ..................................... 293
11.5.3. Земјите во развој и глобализацијата .................................... 295
11.6.Нова архитектура на глобализацијата ........................................... 298
11.7.Мултилатералниот приод во остварување на современата глобализација ...................................... 300
11.8.Степенот на глобализираност на државите ................................... 302

**12. Проверка на поставените хипотези на истражувањето .................... 313**

**ЗАКЛУЧОК ............................................................................................ 324**

**Прилози ................................................................................................. 334**

**БИБЛИОГРАФИЈА ............................................................................... 336**

# ВОВЕД

Денешниот свет го карактеризираат брзи и динамични промени кои со себе носат нови и често непредвидливи ризици и опасности по безбедноста на државите. Распаѓањето на биполарниот светски поредок доведе до појава на нови невоени закани и предизвици за државите кои се зголемија по интензитет, простор и време. Затоа за многумина периодот после Студената војна не преставуваше период на стабилност и мир, туку на наизменични збиднувања исполнети со мир и конфликти. Притоа се сметаше дека зајакнатите динамички процеси на глобализацијата ќе ги надминат дубиозите и причините за конфронтирање и судири, но сепак со забрзувањето на темпото на размена на стоки, услуги и технологија, меѓу другото, доведе до ранливост на многу земји.

На глобализацијата главно се гледа како на амбивалентен и асиметричен процес, кој не носи подеднаква корист за сите на планетава. Односно, постојат народи, држави и групи кои се задоволни и оние кои се засегнати од начинот на нејзиното манифестирање, што кај едните придонесе за благосостојба и просперитет а кај другите стагнација и редица проблеми. Општо гледано, глобализациските процеси ја изменија сликата на современите односи меѓу државите, регионите и светот во целина. Имено, со отварањето на новите хоризонти на слобода, демократија и прогрес во светот, таа во многу нешта ги зголеми настојувањата за доминација, олицетворено во нови форми на владеење. Редица податоци говорат дека таа доведе до зголемување на јазот помеѓу богатите и сиромашните, до разурнување на традиционалните вредности, на културата, дерогирањето на државната сувереност, уништување на животната средина и до интернационализација на одредени опасности.Тие главно се однесуваат на : меѓународниот тероризам, организираниот криминал, етнички и верски екстремизам, илегалната миграција и илегалната трговија со дрога, оружје, луѓе и стратегиски материјали, на опасноста од употреба на оружје за масовно уништување и други. Оттука, постојат видувања дека глобализацијата не го прави светот рационален и побезбеден, туку нестабилен, неизвесен и опасен.

Иако комплексноста на процесите на глобализација со кои сме соочени денес во голема мера носат неизвесности и предизвици, сепак таа има и свои позитивни аспекти. Тие се уочуваат во поголемата интегрираност на светот, во развивањето и забрзувањето на демократските процеси, преку зголемената меѓузависност и соработка помеѓу државите со што, во определена мерка се намалува опасноста од конфликти, војни и судири. По се изгледа дека, моделот на развој предизвикан од глобализациските процеси веќе не преставува избор, туку современа реалност на меѓународните односи. Концептот на глобализација доведе и до редица промени во меѓународните односи, при што ја намали улогата на државата, а воедно го зголеми влијанието и моќта на меѓународните глобални економски и безбедносни институции како што се Меѓународен монетарен фонд (ММФ), Светска банка (СБ), Светска трговска организација (СТО), групата осум најразвиени земји во светот (Г-8), Организација на обединетите нации (ООН) и НАТО. Исто така таа доведе до создавање на нови меѓународни наддржавни организации, (мултинационални, транснационални коорпорации), недржавни актери (како што се невладини организации), потоа субдржавни актери (терористички групи, разни општествени и национални движења) а кои имаат се поинтензивна улога на меѓународната сцена а донекаде се стремат за поседување на моќ слична на државите.

Повеќе фактори влијаат на начинот на вклопување на државите во глобализациските процеси. Притоа, патиштата и начините за ползување на позитивните ефекти од глобализацијата и елиминирање на негативните се различни. Едно од нив е регионалното економско и безбедносно поврзување. Оттука и се забрзуваат процесите на регионализација и интернационализација, наспроти глобализација, односно светот се повеќе се регионализира отколку глобализира.

Видливите и потенцијални опасности кои со себе ги донесува глобализацијата се многубројни, разновидни и подеднакво не ги засегаат сите земји. Глобалниот систем изобилува со осцилации помеѓу интеграција и дезинтеграција, глобализација

и регионализација, хомогенизација и диверзификација и борба за глобална политичка и економска доминација.

Она што нас посебно не интересира е идентификација на тие евидентни и потенцијални закани, опасности и ризици, а се последици од процесите на глобализација и во определен степен, нивно категоризирање, според степенот на влијание. Сообразно со претходното, истражувањето ќе биде насочено и кон осознавање на клучните политички, економски, безбедносни, културни, социјални и еколошки аспекти на глобализацијата кои придонесуваат кон зачувување на светскиот мир и безбедност. Односно ќе преовладува интенцијата да се согледаат флуктуациите од глобализацијата кои имаат сериозни импликации врз безбедноста и стабилноста на земјите. Но, ќе бараме одговори и на прашањето да ли регионалното поврзување е "полигон" на кој ќе се "тестирааат" ефектите од повеќето глобализациски процеси како своевидна "увертира" за ефективно поврзување на светот, или пак тоа во моментов и наредниот повеќедецениски период е највисок дострел на поврзување.

Меѓу другото, истражувањето треба да одговори и на прашањето да ли влијанието на глобалните процеси во 21 век ќе предизвикаат безбедносни, политички, економски и социјални последици што светот ќе го втурне во конфликт помеѓу задоволните и незадоволните од процесите на глобализацијата или таа, односно некој од нејзините аспекти, ќе биде катализатор кој ќе ги промовира и зголеми шансите за мир и просперитет во светот?

Преку анализа на одредени сознанија и индикатори даваме одговор на прашањето колку и во кој домен глобализацијата води кон мир и стабилност или пак продуцира тензичност и незадоволство. Истражувањето на глобализациските процеси, нивната рефлексија врз светскиот мир и безбедност, е насочено кон добивање на нови сознанија и согледување во смисла дали таа ќе ги намали побудите за војна, или пак создава нови хоризонти и простори за поларизација, ривалитет, антагонизам и конфронтирање меѓу народите, државите и регионите. Истовремено се издвојуваат оние процеси кои придонесуваат за интегрирање на

земјите, водат кон економски просперитет, ги промовираат демократските процеси и придонесуваат за национална, регионална и глобална безбедност.

Предмет на анализа се и новите концепти и пристапи кон мирот како и барање на одговор на прашањето колку обединувачките меѓунационални, (меѓудржавни), форми за организирање можат да придонесат за сузбивање на појави на судир и конфронтирање. Особено, внимание ќе посветиме на дилемите поврзани за управувањето со глобализацијата и можноста за создавање на нов алтернативен светски поредок во кои ќе преовладува хуманата димензија.

Осознавме дека постојат бројни дилеми и интересни научни предизвици кои се поврзани со ова истражување, што преставуваше дополнителен мотив за вградување на сопствени видувања за проблематиката со цел давање на научни одговори за контроверзите поврзани за и околу глобализацијата.

# 1. ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

## 1.1. Генеза на појавата

Корените на глобализацијата се поврзуваат со ангажманите на повеќе империјални сили кои настојувале да создадат еден вид на светска држава и да го трансформираат светот создавајќи глобален политички и економски систем според нивно видување. Но, главно, почетоците на глобализацијата се поврзуваат со економијата, односно дека таа започнува со развојот на трговијата и пазарот, преку доминацијата на капитализмот и основањето на меѓународните економски организации и институции. Постојат тврдења дека со појавата на либерализацијата во XIX век настапува прва ера на глобализација која трае се до почетокот на XX век, а дека терминот глобализација е воведен во употреба во 60$^{-тите}$ години на XX век. Многумина сметаат дека глобализацијата е зачната неколку века порано во време кога одделни народи појавиле интерес за излез од својата локална средина преку походи за завземање на туѓи територии и природни ресурси во нивното непосредно опкружување но и на оние простори кои се наоѓале далеку од нивните живеалишта. Тука спаѓаат походите на поголем број на освојувачи, (владари) и империи кои настанале под нивно водство, (Александар Македонски, Римската империја, походите на Кристофер Колумбо, Наполеон Бонапарта, Осмалинското царство итн)[1].

Оттука произлегува дека процесите поврзани со глобализацијата не се воопшто нови, дека тие имаат долга историја која трае повеќе века. Повеќе истражувачи на оваа проблематика како почеток на глобализацијата ја означуваат годината 1450, односно периодот кој од тогаш до денес го означува животниот циклус на капиталистичката светска економија. Но сепак, во објаснувањата за потеклото на глобализацијата и нејзино временско фиксирање постојат различни концепции и приоди. Едно од нив е дека глобализацијата има долга историја, иако терминот го поврзуваат со современиот капитализам. Според ова стојалиште процесот на глобализацијата е започнат во 15$^{-тиот}$ век.

---

[1] Micovic V., *Globalizacija i novi svetski poredak*, Cigoja stampa, Beograd, 2001.

Другиот пристап е дека глобализацијата преставува нов процес кој е започнат пред крајот на Студената војна и чие ширење доведува до темелни промени во меѓународните односи.[2]

Но се чини дека за поцелосно откривање на нејзините корени и период на егзистирање може да ни послужи нејзино секвенционирање од страна на *Пејчулиќ*[3] и тоа на: а) предмодерен поредок, (универзална цивилизација и империја); б) првиот бран на глобализација, (16 век); в) втор бран на глобализација, (експанзија на индустријализмот) и г) трет бран (турбоглобализација која започнува по завршување на Студената војна). Презентираните фази на историскиот развој на глобализацијата може да се надополнат со уште некои слични видувања на елаборирани етапи, а тоа е категоризацијата на нејзиниот историски развој според *Дејвид Хелд*.[4] Овој автор процесот на глобализација го разделува во четири хронолошки фази и тоа на: (1) пред - модерна глобализација, (до 1500 година); (2) рана модерна глобализација, (од 1500 до 1850 година); (3) модерна глобализација, (од 1850 до 1945 година) и (4) современа глобализација, (од 1945 до денес).

Од друга страна *Роберӣсон* концептот на глобализацијата го поврзува со развојот на европскиот модел и дека таа е директна последица на ширењето на европската култура, населувањето и колонизацијата. Односно дека глобализацијата е повисок модел на европеизација т.е. на европската цивилизација како колевка на потеклото и развојот на глобализацијата. Тој тврди дека процесот на глобализација не е ни најмалку нов и дека тој ги надминува современоста и порастот на капитализмот. Во тој контекст, авторот ја трасира патеката на глобализацијата како серија од пет фази: (1) *зародишна фаза* (Европа, од 1400 до 1750); (2) *ӣочеӣна фаза* (Европа, во период 1750-1875); (3) *фаза на ӣолеӣ* (1875-1925); (4) *фаза на борба за хеīемонија* (1925-1969) и (5) *фаза на неизвесносӣ* (1969-1992).[5]

---

[2] Plevnik J., *Iza globalizacije*, Golden marketing, Zagreb, 2003,str. 29.

[3] Pecujlic M., *Globalizacija –dva lika sveta*, Gutenbergova galaksija, Beograd,2005, str.27.

[4] Held David et al., *Global Transformations, Politics, Economics and Culture*, Polity Press, Cambridge, 1999.

[5] Robertson R., *Globalization*, London, Sage, 1992, p.58-60.

Може да се сретнат и тврдења дека предмодерниот поредок на глобализацијата изобилува со мрежа на меѓусебна размена на стоки, култури, религии, проследено со силна желба за експанзија и освојување на други светови и извори на богатства од страна на римското, отоманското и византиското царство. Во предмодерниот свет, на економски план и во однос на производите, водечки биле Кина и Индија, но сепак, во тоа време се издвојува Римската империја која стекнала "имиџ" на глобална политичка, економска и воена супер сила.

Почетокот на 15 век бил окарактеризиран како граница помеѓу модерното и предмодерното време. На прагот на 15-тиот век најекспанзивна сила била Отоманската империја која доминирала на економски, воен и културолошки план и со територијална распространетост поголема од Римската империја. Наспроти Отоманската империја, царска Русија, иако економски неразвиена, поради големината на нејзината територија, успева преку воениот капацитети да се проширува преку освојување на туѓи територии. При крајот на 15 век веќе преовладува доминацијата на Западот со намалување на источното влијание на светската сцена. Европа во овој период има економска, технолошка и воена супериорност проследена со широка територијална експанзија. Клучниот фактор во Европа се наоѓа „во воената револуција која преставува чедо на индустриската револуција и преставува клуч за создавање на глобална империја помеѓу 1500 и 1750 година".[6]

Првиот бран на глобализацијата е означен со почетокот на 16 век и е поврзан со создавање на модерен светски систем. Зголемената моќ на Западот се изразува преку неговите клучни аспекти на модернизација а тоа се пазарот, национална држава, демократија, културна револуција и социјални права. Овој период е карактеристичен по тоа што ривалството помеѓу државите се регулира со создавање на Вестфалскиот систем на суверени држави и негово опстојување во наредните векови. Во модерната доба на глобализацијата доминираат неколку хегемони меѓу кои се Шпанија и Португалија во 16 век, Холандија во 17 век и „*Pax Britanica*" во 18 и 19 век.

---

[6] Pecujlic M., *Globalizacija –dva lika sveta*, Gutenbergova galaksija, Beograd, 2005, str.30.

Сите овие царства и империи придонеле за поголема меѓузависност во сферата на политиката, економијата, културата, во ширењето на комуникации, на технологија, стоки и услуги. Достигнувањата во областите на астрологијата, математиката, хемијата и физиката и откривањето на барутот, хартијата, свилата, компасот и инженерството, посочуваат на раната фаза, (динамика), на глобализацијата.[7]

Индустриската револуција и колонијалната експанзија започнат во средината на XIX век па се до почетокот на Првата светска војна, преставува вториот бран на глобализацијата, кој е проследен со зголемен обем на трговија и капитал помеѓу државите, со доминација на Англија. Развојот и колонијализмот стануваат еден ист процес, со различно име но со иста цел, а тоа е експлоатација на суровини и ефтина, (робовска), работна сила. Ова го потврдува податокот дека во 1867 год., европјаните колонизирале 67 % од светската копнена површина, додека во 1914 год. таа се зголемила дури на 84,4%.[8]

Според капиталистичката економска теорија, во периодот на 19 век, со отстранувањето на трговските бариери и зголемувањето на извозот на стоки дошло до либерализација и поголема стабилност на економски план. На тој начин се одржувала рамнотежата на моќ во меѓународните односи што придонело цел век да се спречи војната помеѓу големите сили, а потпрено со геслото „светскиот мир е возможен само преку светска трговија“.[9] Меѓутоа тоа не се потврди докрај бидејќи глобалниот капиталистички систем беше потресен од низа финансиски кризи, политички и воени потреси кои беа тригер за појава на Првата светска војна, со што се растури и светскиот економски систем и се прекина стогодишниот светски мир.

Според застапници кои тврдат дека глобализацијата е нов феномен, вториот бран на глобализацијата го опфаќа временскиот период од 1940 год. до 1980 година. Имено се истакнува дека после доминацијата на Европа (од околу 500 години), нејзиното место го наследи САД со што се помести гравитациониот центар на моќта од Европа кон Северна Америка. Овој период го карактеризира

---

[7] Steger M.B.,*Globalizacija*, Sahinpasic, Sarajevo, 2005, str.23-24.
[8] Голдсмит Е. и Мандер Џ., *Глобализација - аргументи против*, Clio, 2003, стр. 261.
[9] Polanji K., *Velika Transformacija*, Filip Visnjic, Beograd, 2003.

формирањето на низа меѓународни политички, безбедносни и економски организации и тела како што се ООН, Светска банка, СТО, ММФ, НАТО и други. Иако овој период беше проследен со еден микс на случувања поврзани со советскиот социјализам и либерален капитализам и нивниот меѓусебен натпревар за доминација на светската (политичка, економска, безбедносна и културолошка) сцена, сепак нивната конкуренција во шеесетите години на 20 век беше проследена со создавањето на технолошката и комуникациската револуција обележана со испраќање на првиот сателит во космосот со што се овозможи комуникација помеѓу земјите од целиот свет. Тоа е и период во кој започнува слободата на пазарот и неолиберализмот, кој многумина го нарекуваа како тачеризам и реганизам.

Како почеток на третиот бран на глобализација се сметаат $90^{\text{-тите}}$ години на минатиот век кој трае се до првите години на $21^{\text{-от}}$ век, а е познат уште и како турбоглобализација. Имено, по завршување на Студената војна глобализацијата ги доби капиталистичките, коорпоративните, западните и американските примеси. Овој период е карактеристичен по интензивната размена на информации и ширење на информатички мрежи олицетворен во интернетот како средство за комуникација и размена на стоки, услуги, но и на влијанието на наднационални организации.

Според повеќе параметри глобализацијата како долгорочен процес, ја достигнува својата кулминација, на прагот на 21 век со што отпочнува четвртата фаза на нејзино егзистирање создавајќи нова ера во меѓународниот поредок базиран на т.н. глобализирани држави. Новата содржина на светски поредок, детерминирана од присутноста на стари и нови актери, поинаква хиерархија, и редица организациски облици на дејствување, доведоа до непрецизно дефиниран светски модел кои некои новата замена на старата структура ја нарекоа современа глобализација.[10] Дел од истражувачите сметаат дека во 21 век глобализацијата се повеќе ќе се забрзува и ќе достигне повисоко рамниште. Други пак предвидуваат дека некои настани можат да го успорат нејзиното темпо или уште полошо, таа може да се соочи со опаѓање или процес на деглобализација како резултат на отпори кон истата.

[10] Vukadinovic. R., *Medunarodni Odnosi od Hladnog rata do Globalnog Poretka*, Agencija za komercijalnu delatnost, Zagreb, 2001, str.285.

Анализата на спомнативе и други видувања поврзани за генезата на глобализацијата покажува дека постои извесна конфузија во однос на тоа од која цивилизација или култура таа била отпочната и развиена. Како што видовме одделни автори се обиделе да ја пронајдат нејзината историска рамка, при што едни истакнуваат дека таа била во процес уште од почетокот на човештвото, за други таа е синоним за модернизација и развој на капиталистичкиот систем, додека за трети глобализацијата е современ феномен поврзан со другите општествени процеси наречени постиндустријализација и постмодернизација.[11] Според *Гиденс* глобализацијата како поим е присутен после распаѓањето на реалсоцијализмот и се однесува на светот после 1989 год. Политичките промени кои настанале со падот на комунизмот авторот ги смета како движечка сила за процесите на современата глобализација,[12] а поимот првенствено се поврзува со модерното доба. Гледано низ призма на економијата *Шолте* вели дека „современата економска глобализација е траен универзалистички проект на модерноста започнат пред неколку векови".[13] Според вкупните сознанија, го делам мислењето на *Шолте* дека глобализацијата е всушност долг историски тренд, процес на промени кој се јавува во континуитет а ги спојува периодите пред и после Студената војна, дури и многу порано но во различни варијанти. Односно дека денешната глобализација истовремено стара и нова појава при што не е сосема исправно толкувањето дека глобализацијата го заменува перидот после Студената војна, односно, дека таа е всушност новиот светски поредок. Напротив таа е само дел од меѓународниот поредок како еден вид на негов додаток или дополнување. Повеќе би можело да се говори за процес на *историска трансформација*.[14] Во сличен контекст се констатациите и на родоначелникот на теоријата за светски систем *Имануел Валерштајн* кој вели дека се наоѓаме во период на транзиција, односно во период на трансформација, која не значи дека само поединечни, заостанати земји треба да се приклучат кон тековите

[11] Вотерс М., *Глобализација*, (превод), Институт за демократија, солидарност и отвореното општество, Скопје, 2003, стр.16.

[12] Gidens E. i Haton V., *Na ivici, ziveti sa globalnim kapitalizmom*, Plato, Beograd, 2003.str.12.; Gidens, E. *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007.

[13] Шолте Ј. А., *„Глобална трговија и финансии"* во: Глобализацијата на светската политика: вовед во меѓународните односи,Табернакул, (2009): 450-467.

[14] Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije:Nova svjetskopoliticka ekonomija*, Skolska knjiga, Zagreb, 2004,str.9.

на глобализацијата, туку за транзиција во која целиот капиталистички систем ќе биде трансформиран во нешто поинакво.[15]

Искажаните различни размислувања укажуваат дека сеуште експертите неможат да се усогласат околу причините, хронологијата, последиците и влијанијата на глобализацијата. Притоа не е значајно само да ли глобализацијата е историски процес кој опстојува неколку века или е зачнат во новиот милениум, туку треба да се сфати дека се работи за реален и неизбежен процес чија историја е поврзана со историјата на трговскиот развој и размената помеѓу државите, но и со историскиот развој на меѓународните институции.

### 1.2. Поим и дефинирање на глобализацијата

Според повеќе показатели глобализацијата се повеќе добива мистичен карактер. Теориите како да лутаат и произволно додаваат разнобразни содржини во барањето на начини како поблиску да ја објаснат. Ширината и длабочината на теоретските објаснувања се движат од една до друга крајност, од прозаични до митологизираните мисловни конструкции, поврзани со идеолошките и политичко-економските интереси. Тоа е некако слично на изреката на *Аристотел* „во науката може да се биде прецизен онолку колку предметот тоа го дозволува". Односно кога станува збор за глобализацијата и нејзиното определување, сложеноста е оттаму што постојат дузина варијабли и динамични промени кои се случуваат истовремено а овој поим станува претесен да ги опфати истите. Различните толкувања и вреднувања на глобализацијата произлегуваат од тоа што истата создава различни ефекти во одделни средини и покрива широк дијапазон на позитивни и негативни трендови и процеси, при што за некои преставува зло а за други добро. Многумина ја поистоветуваат со "*левијатан*", "*демонизација*", "*орвелизација*", "*лов на вештерки*" а како закана на општите цивилизациски вредности и егзенстенцијални добра. За други таа е вистински почеток на демократијата, слободата и прогресот. Всушност глобализацијата е поим кој создава и научна колизија околу тоа која

[15] Volerstin I., *Globalizacija ili period tranzicije?- Pogled na dugorocno kretanje svetskog sistema* во: Vuletic V., *Globalizacija - Mit ili Stvarnost*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, (2003) :92-111.

димензија ја преставува суштината на глобализацијата. Некои ја преферираат економската, други предност даваат на  културната или политичката, а трети пак посочуваат на еколошката или воената димензија. Тоа покажува дека таа е недоволно определена во своето значење и содржина, иако повеќето се согласуваат дека глобализацијата ја детерминираат следниве пет општи фактори: *брзинаша, сложеносша, ризикош, промениште и изненадувањаша.*

Етимологијата на поимот започнува со негово разчленување а од лингвистичка гледна точка определување на именката *„глоб-шойка“ (globe)*, кој има ограничена конотација, се однесува најпрвин на кугла со назнака на земјината топка или светот во целина и потекнува од 15 век. Овој поим се смета за фундамент на кого се надоврзуваат останатите поими *„global“, „globally“, „globalize“, „globalization“, „globality“, „globe-wide“* и слично.[16] Глаголот *„глобализирање“* се појавил во 1940 година заедно со терминот глобализам а поимот *„глобализација“* се сретнува за прв пат на англиски јазик во 1959 година.[17] Исто така зборот глобализација се наоѓа во речникот на *Вебсшер* од 1961 година, во кој се вели дека значи *„цел свеш“, „целокуйносш“*. Истото толкување за поимот глобализацијата го има и во останатите речници кои под поимот подразбираат *„зададена целина“*. Понатаму терминот глобализација се сретнува во списанието *„Сйекшашор“* од 1962 год. под наслов „Глобализацијата е навистина разнишан концепт“, и е под влијание на идејата на *Маршал Меклухан* за *„глобално село“ (gutenberg galaxy)* од 1960 год.[18]

Според оксфордскиот речник по социологија „глобализацијата се опишува како конкретно структуирање на светот како целина а тоа значи пораст на свеста на глобално ниво дека светот е околина која континуирано се конструира“. Како најконцизна дефиниција во речникот е посочена дефиницијата на *Волшерс* според кого „глобализацијата е социјален процес во кој исчезнуваат географските ограничувања на социјалните и културните аранжмани и во кој луѓето стануваат се

[16] King D. A., *Culture, Globalization and the World-System: Contemporary Conditions for the Representation of Identity*, University of Minnesota Press, Minneapolis, 1997, p. 11.
[17] Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str.49.
[18] Robertson R., *„Globalizacijata kao problem“*, во : Vuletic V., *Globalizacija mit ili stvarnost*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, (2003) : 182-213.

посвесни дека таквите ограничувања исчезнуваат“.[19] Се посочува дека пречестата употреба на глобализацијата како социолошко помагало придонесе за испразнување на неговите аналитички и објаснувачки вредности.

За економистот *Џозеф Стиглиц* поимот глобализација преставува „цврста интеграција на земјите и народите од светот со која се доаѓа до огромно смалување на трошоците на транспортот и комуникациите како и рушење на вештачките бариери за проток на луѓе, услуги, капитал и знаење преку граница“.[20] Нејзини значајни карактеристики се сеопштоста, универзалноста, планетарноста, надтериторијалноста, неолибералноста и меѓузависноста. Тенденциите на појавата се за хетероген свет, со длабоки различја и разнобразија на политичко-економски, културен и социјален план. Ограниченоста е таа која го кочи нејзиното развивање.

Според *Карл Полањи* „глобализацијата треба да се посматра делумно како резултат на идеја за независен слободен пазар кој нема никакви ограничувања“. Видувањето на авторот е карактеристично затоа што на процесот на глобализацијата му приоѓа од економски аспект и целосно ја образложува логиката на пазарните односи, каде што пазарите се тие кои ги раздвојуваат општествените односи и предизвикуваат одредени политички реакции, кои се обидуваат да воспостават рамнотежа која е нарушена и е во корист на економскиот фактор.[21] За *Полањи* системот на рамнотежа на моќ не може да биде контрибутор на мир онаму каде што се распаѓа светската економија. Тоа значи дека трговијата генерално е зависна од меѓународниот финансиски систем кој не може да функционира во услови на судири и војна. Односно, дека трговијата е условена од постоење на светски мир.

*Хелд* под поимот глобализација подразбира „ширење и продлабочување на општествените односи и институции во просторот и времето кој чини секојдневните активности се повеќе да се наоѓаат под влијание на настани кои се случуваат на

---

[19] Marchal G., *A Dictionary of Sociology*, Second Edition,Oxford University Press, 1998.
[20] Stiglic Dz., *Protivrecnosti globalizacije*, SBM-x, Beograd, 2002, str.23.
[21] Polanji K., *Velika Transformacija*, Filip Visnjic, Beograd, 2003.

другата страна на светот“.[22] Според овој автор, поимот го определуваат прво појавите кои по димензии се светски, второ, нивото на интеракција и меѓуповрзаност помеѓу луѓето, организациите, државите и регионите и трето, зајакнување на процесите и ширење со помош на модерните комуникациски мрежи и информатички технологии.

Интересен е пристапот на *Бек* кој за глобализација вели дека „не е општа, таа е ничија власт, никој не ја започнал, никој не може да ја запре, никој не е одговорен“. За него таа значи „организирана неодговорност, нема институции, нема на кого да се пожалиш, нема телефонски број, нема електронска адреса. Сите се доживуваат како жртви, никој како причинител“.[23] Тој ја објаснува глобализацијата и врз основа на најважната промената на моќ во целата историја, велејќи дека „глобализацијата треба да се дешифрира како постреволуционерна, епохална трансформација на националното и интернационалното, составот на рамнотежа на моќ и правилата на моќ кои доминираат во државата“. Авторот констатира дека во односот на светската економија и државата, се случува *мета-игра на моќ*, т.е. борба за моќ во која се менуваат и поинаку одредуваат рамнотежата на моќ и правилата на моќ во националниот и интернационалниот состави на држави.[24] Според него „глобализацијата не е судбина, таа може да се обликува“.

Приодот на *Гиденс* кон дефинирање на глобализацијата е доста едноставен. Тој вели „глобализацијата се однесува на фактот што сите живееме во „еден свет“, така што поединците, групите и нациите стануваат се повеќе меѓусебно зависни“.[25] Според него терминот „дојде од никаде за да биде речиси насекаде и не се однесува за нешто што е оддалечено од индивидуата, таа е тука и влијае врз личните аспекти на нашиот живот“. Притоа, констатира дека „глобализацијата преставува сложено поле на процеси, движења, комбинација на политички и економски влијанија, таа го менува секојдневниот живот особено во развиените земји, истовремено создавајќи

[22] Held D., *Demokratija i globalni poredak: Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini*, Filip Visnjic, Beograd, 1997, str.37.
[23] Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije*:Nova svjetskopoliticka ekonomija, Skolska knjiga, Zagreb, 2004, str.91.
[24] Исто, стр.86.
[25] Gidens, E. *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007,str.56.

нови транснационални системи и сили".[26] Го потенцира и тоа дека таа го преструктуира начинот на кој живееме, пресликан од западниот модел на живот, чии последици се чувствуваат не само во неразвиените земји, туку ги погодуваат и развиените. Овој автор е приврзаник за развивање на глобализацијата, а не кон нејзино сопирање. Затоа истакнува дека таа не преставува само еден процес, туку комплекс од поврзани процеси. Сепак, акцентот на *Гиденс* е ставен на поефективното управување со глобализацијата со цел да се промени идеолошката агенда на економскиот развој.[27] Тој констатира дека би било погрешно глобализацијата да ја сведеме само на економските сили како нејзин причинител, напротив таа настанува со спојување на политичките, економските, општествените и културните фактори.

За *Кеґли и Виткоф* глобализацијата преставува интеграција на држави која се заснова на се поинтензивни контакти, комуникации и трговија поради формирање на единствен глобален систем во кој процесите на промени се повеќе ги поврзуваат луѓето и прават судбината да им биде заедничка.[28]

*Мартин Алброу* за глобализацијата вели дека „секоја генерација мора повторно да поставува исти прашања, затоа што само така може да сознаат која е таа, кај глобализацијата не се работи само за техничките или економските нешта, се работи за сето тоа, но и за нешто многу важно, се работи за тоа како ти и јас го живееме нашиот живот".[29]

Според родоначелникот на терминот глобализација *Роланд Робертсон* „глобализацијата е поим кој се однесува на згуснување на светот и јакнење на свеста за светот како за целина". Терминот глобализација го поврзува со значењето на зборот „*глобално*", кој претставува целина или неговото посовремено значење според Оксфордскиот речник за нови зборови (1991) со „*животната средина*" или „*глобална свест*" како уважување и разбирање на светските општествено-

[26] Giddens A., *The Third Way*, The Renewal of Social Democracy, Polity Press, Cambridge,1998.
[27] Гиденс А., *Забеган свет - како глобализацијата ги преобликува нашите животи*, Филозофски Факултет, Скопје, 2003.
[28] Kegli C., Vitkof J., *Svetska politika, trend i transformacija,* Beograd, 2004, str.305.
[29] Albrow M., „*Na putu u globalno drustvo*?" во: Beck, U., *Perspektive globalnog drustva.*

економски и еколошки прашања. Како една од најцитираните неутрални дефиниции во академските кругови е она на *Робертсон* кој глобализација ја согледува како концепт на интензивна компресија на размислувања за светот како целина и глобална меѓузависност. Таа ги стимулира меѓународните интеграции, ја развива мултикултурноста, меѓузависноста и мултилатерализмот, како и идеолошката и културната логика на транснационалните коорпорации кои го деконструираат концептот за држава, нација и суверенитет.[30] Од погоре посочената дефиниција може да се воочи дека авторот се фокусира на општеството, нацијата и државата како единици за анализа на глобалниот систем.

Едноставно кажано глобализацијата е термин кој значи - „се е поврзано со се, многу повеќе отколку претходно“. Самиот процес не зависи од волјата на луѓето, бидејќи е условуван од објективните законитости. Односно е објективен историски процес произлезен од општи историски фактори на развој како што се научно-технолошката револуција, информатичката револуција, развојот на општественото производство,но и на редица други тенденции, дејствија и глобални проблеми. Глобализацијата се воздигнува над националните политики и стратегии. Нејзе ја детерминираат редица меѓународни политички, економски, културни и воено-политички случувања и активностите на меѓународните организации, како и меѓузависноста во меѓународните односи. Сепак монополот на одредени моќни земји прави тие да бидат креатори и важен фактор на современата форма на глобализација, и во одредена мера можат да ја обликуваат и да го трасираат патот на нејзиното движење. Затоа повеќепатти се случува таа да се субјективизира или персонифицира, односно да се именува според карактерот на некоја компанија (Мекдоналдс, Кока кола), земја (американска глобализација) или регион (азијатска, европска глобализација и сл.). Сепак во крајна линија таа неможе да се субјективизира, бидејќи таа е главно надвор од било каква контрола при што повеќе сме објекти отколку нејзини субјекти. Оттука би било логички да заклучиме дека “никој“ не е одговорен за глобализацијата, “никој“ не ја контролира, (поединци,

[30] Robertson R., *„Globalizacijata kao problem“*, во : Vuletic V., *Globalizacija mit ili stvarnost*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, (2003) : 182-213.

влади, институции), иако можат да влијаат врз нејзината динамика. По се изгледа дека пазарите и технологијата се одговорни, тие ги држат уздите на глобализацијата.

Од презентираните дефиниции може да се констатира дека повеќето од нив содржат карактеристики и елементи кои ја афирмираат глобализацијата како процес кој се обидува да создаде помирен свет преку интегрирање а со цел да се елиминира нееднаквоста. Оттука таа заслужува континуирани реформи кои ќе водат кон одбрана од радикални и деструктивни идеолошки толкувања а во корист на современата цивилизација.

*Од претходно изнесеното за глобализацијата може да кажеме дека таа преставува перманентен, прогресивен и повеќедимензионален комбиниран процес на политичко економската либерализација, информатичко - технолошката револуција и интернационализацијата. Таа е иреверзибилен, (неповратлив), ирегуларен процес и историски тренд во континуитет кој е во постојан пораст и ширење а продонесува за зголемување на глобалноста.*

### 1.3. Терминолошки синоними на глобализацијата

Во изминатава деценија интензивно се приоѓа кон објаснување на глобализацијата, при што некои ја глорифицираат а други маргинализираат. За некои таа преставува мит, за други реалност, за трети нова идеолошка конструкција. Често се поврзува и со „теоријата на модернизација“, „постиндустријализација“, „економска меѓузависност“, „глобално село“, „светско општество“, „нов светски поредок“, „мондијализација“, „империјализам“, „интернационализација“, „глобалност“, „неолиберализам“ и сл. Односно во континуитет е поврзувана со актуелните современи општествено, економски и политички случувања. Во крајни граници ја поврзуваат и со сосема друга реторика како што се реформите, револуција, трансформација, стратегијата и слично кои ја подобруваат или влошуваат состојбата. Ја поврзуваат и со добата на информациите, со намалената улога на државата, со одумирање на културата и идентитетот, со

пропаст и "крај на светот", а други и со просперитет, мир, благосостојба и напредок. Спомнативе поистоветувања придонесоа за извесна аналитичка збрка и отсуство на прецизна и јасна рамка на поимот.

Како и да е таа доведе до фундаментални промени а нејзината комплексност е последица на тоа што ги зафаќа и непосредно влијае на политичката, економската, социјалната, геостратегиската, културната, безбедносната, научната, технолошко-информатичката, еколошката и другите области од општествениот живот. Всушност овие области ја одредуваат нејзината содржина, и често се споменуваат како фактори на глобализацијата. Но во тој контекст не смееме да ги изоставиме и другите фактори како нееднаквоста, сиромаштијата, болестите, животната средина, мирот, конфликтите и војната кои во иднина би требало да ја креираат новата платформа на глобализацијата, а решениата ќе ги определат главните насоки на глобализациските процеси.

Ако глобализацијата се однесува на прогресивната светска интеграција и поврзување на различни делови од светот тогаш поимот *глобализам* ја изразува идеолошката борба за светска доминација. Односно, глобализмот е политика или идеологија на државите и транснационалните коорпорации кои ги користат глобалните тенденции за своја полза. Од терминолошка гледна точка глобализмот значи примат на целината над поединечните делови или холизам. Целиот свет е поважен отколку поединечни држави, приматот на глобалното над локалното, интересот на меѓународните финансиски институции и светските политички центри над националното итн.[31] Идеологијата на глобализмот е извор на моќ каде што секоја страна се обидува да стекне корист и нови можности.[32] Според *Бек* глобализмот е идеологија на владеењето на светскиот пазар односно тоа е идеологијата на неолиберализмот.[33] Оттука може да се заблежи дека глобализмот ја

[31] Markovic M., „*Globalizacija i globalizam*", во: Iskusenja Globalizacije: Globalizacija, evropezacija i nacionalni identitet, Kikindski dijalozi, Beograd, (2004) : 27- 43.

[32] На пример транснационалните коорпорации можат да имаат свои филијали во сиромашните земји од каде ја користат ефтината работна сила во своја полза, што не значи дека овие земји се глобализирани.

[33] Бек У., *Што е глобализација?,*(превод)Тера Магика, Скопје,1997,стр.14.

преферира само економската димензија на глобализацијата и ја стеснува нејзината мултидимензионалност.

Глобалноста алудира на севкупност на појави и процеси и на општествени врски кои не се одредени од политиката на националната држава и дека се што се случува на планетата не е локално ограничено. Сите осцилации, промени и движења влијаат насекаде низ светот, односно нашите животи треба да ги преструктуираме на светските реални и неизвесни настани. Или пак како што вели *Бек* „глобалноста е незаменлива, живееме во повеќедимензионално, полицентрично и политичко светско општество а глобалноста значи светско општество без светска држава и без светска влада".[34]

Во 1974 година *Хенри Кисинџер* го употребувал терминот „*глобална заедница*", под што подразбира дека светот во новиот период станува меѓузависен во економијата и комуникациите. Од тогаш па до денес светот преку современите процеси, се повеќе се отвара и смалува и наликува на концептот на *Меклуан* за „глобално село". Идејата пак за „*глобално село*" се однесува на свет во кој нема да има пречки и ограничување за проток на луѓе, капитал, идеи, и води кон создавање на глобална цивилизација. Посочената идеја која се однесува на „смалување на светот", веќе наликува на глобализацијата, и во суштина ги одредува нејзините теоретски почетоци во текот на шеесетите години од минатиот век.

За разлика од глобализмот, **интернационализацијата** се однесува на растечката меѓузависност помеѓу државите а глобализацијата се смета како посебен и интензивен облик на интернационализација.[35] Реалната состојба покажува дека имаме повеќе интернационализација отколку глобализација, зошто транснационалните трговски инвестициски индикатори покажуваат дека постои тренд на регионална затвореност, помеѓу и во големите три блока - Америка, Азија и Европа,(т.н. процес на тријадизација).

Различните толкувања доведуваат до отежнување за создавање концизна теорија за глобализацијата. Во тие рамки се и толкувања поврзани со теоријата на

[34] Исто, стр.147.
[35] Gidens, E. *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007, str.53.

**модернизација**. Зближувањето на модернизацијата со глобализацијата доаѓа оттаму што модернизацијата е процес кој го изедначува светот во контекст со западната култура, економската и воената моќ.[36] Сличен пристап има *Малколм Вотерс* за кого концептот на глобализацијата се појавува за да го „оправда ширењето на западната култура и на капиталистичкото општество, таа е директна последица на ширењето на европската култура низ планетава преку населување, колонизација и културни имитирања“.[37]

Од друга страна постојат објаснувања кои велат дека теоријата на глобализација се разликува од теоријата на модернизација, односно, глобализацијата не треба да фигурира како синоним за современа модернизација или за прозападен модел, (познат како вестернизација). Истовремено се говори дека глобализацијата се редуцира или детерминира само со нејзиниот најистакнат аспект, а тоа е економскиот.[38]

Сепак поимот глобализација кој терминолошки се заменува со модернизацијата може да се сфати како потполно позитивен процес кој нужно придонесува за (економски, технолошки и информатички напредок, културна слобода, висок животен стандард, образование, писменост), прогрес, за разлика од терминолошката замена на глобализацијата со поимите (нео)колонијализам или империјализам кои имаат негативна конотација.[39] Кога прв пат беа покренати дебати за модернизам во 50-тите и 60-тите години на минатиот век, во истиот период се покренуваа и редица прашања поврзани за постмодернизмот.[40] Во суштина со

---

[36] Plevnik J., *Iza globalizacije*, Golden marketing, Zagreb, 2003. str.25.

[37] Вотерс М., *Глобализација*, (превод), Институт за демократија, солидарност и отвореното општество, Скопје, 2003.

[38] Scott A., *„Globalizacija: Drustveni procesi ili politicka retorika?“*, во: *Globalizacija mit ili stvarnost*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 2003, str.76.

[39] Kellner D., *Globalizacija i postmoderni zaokret* во: *Globalizacija mit ili stvarnost*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, str.61-62.

[40] Модернизмот е општо прифатен термин за опишување на промените кои се случиле од крајот на 19 век до почетокот на Втората светска војна. Иако не постои јасна линија на раздвојување бидејќи некои автори посочуваат дека постмодернизмот се употребува за она што се случува по Втората светска војна, додека други автори истакнуваат дека модернизмот сеуште опстојува, а трети дека тој одамна исчезнал. Теоријата на модернизацијата е пристап кој влезе во употреба во 60-тите години на 20 век и објаснува дека модернизацијата е процес кој е инициран од различни начини посебно предизвикан од промена во технологијата или вредностите.Како резултат на тоа институциите се

појавата и развојот на постиндустриското општество се и почетоците на постмодерноста. Прашањата за постмодерноста се надоврзуваа на дебатите поврзани со модерноста, односно, како „нешто што следи после модерноста“.[41] Меѓутоа премногу е комплексно да се претстави глобализацијата како замена или континуитет за модернизација или постмодернизацијата. Некои автори посочуваат на тоа дека глобализацијата е продолжување на модерноста и означува нешто ново и различно, односно валоризација на постмодерните процеси. Постмодернистите истакнуваат дека таа е процес кој создава разноликост, хетерогеност, разновpсност. Според *Даглас Келнер*, таа не преставува само континуитет на модернизмот од минатото, туку донесува и новини.[42]

Единствената разлика која може да се направи помеѓу модерноста и постмодерноста и глобализацијата е во тоа што модерноста се засновува на почетоците на технолошкиот развој додека постмодерноста го опфаќа периодот на информатичката ера. Постмодернизмот го нагласува придвижувањето од општество со обликувана индустријализација кон се повеќе поделени и плуралистички информатички општества (односно постмодерност), во кои произведувачите се претворени во потрошувачи.[43]

Во сличен контекст и *Хантингтон* посочуваше дека општествено економската модернизација може да го надмине политичкиот развој, но тоа може да доведе до насилство и немири, бидејќи модернизацијата за него не преставува интеграционен процес на економските, општествените и политичките промени, туку е повеќе збир на различни активности кои може да излезат од контрола.[44]

За *Валерштајн* модерноста има две конотации. Едната е позитивна и се однесува на иднината, на бесконечниот технолошки развој и иновации. Односно, тоа

---

мултиплицираат и едноставната структура на традиционалните општества се трансформираа во комплексна структура на модерните општества. Види во:Marchal G., *A Dictionary of Sociology*, Oxford University Press, 1998.

[41] Roland R., „*Globalizacijata kao problem*“, во : Vuletic V., *Globalizacija mit ili stvarnost*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 2003, str. 187.

[42] Kellner D., *Globalizacija i postmoderni zaokret* во: *Globalizacija mit ili stvarnost*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, str.61.

[43] Heuwood A., *Politics*, Palgrave Macmillan Ltd, SAD,2002.

[44] Huntington S., *Political Order in Changing Societies*, Yale University Press, 1968.

што денес е модерно утре е застарено. Со тоа оваа модерност е претежно материјална и сеуште не е исцрпена, бидејќи постојат милијарди луѓе на планетата кои тежнеат за ваква модерност. За разлика од оваа, другата модерност е помалку афирмативна и се карактеризира со помалку материјалност. Таа е повеќе наклонета кон човековата слобода отколку на силата на злото, не е онаа модерност која тежнее за технологија и неограничени богатства, туку кон целосно ослободување.[45]

Во минатиот век постоеа многу вакви облици на модерност изразени преку националноослободителните движења, востанија или револуции. Денес постмодерното општество е доста разнолико и го детерминираат мас медиумите, веб-сајтови, мобилност, комуникациска технологија, интернационализација, така што се брзо се менува незнаејќи што ќе биде утре.[46] Затоа во иднина светот се повеќе ќе се соочува со отворена борба помеѓу модерноста на технологијата која ја наметнуваат високоразвиените земји како универзален модел, со модерноста на ослободувањето. Сосема е јасно дека е неизбежен судир на меѓународните модернизатори со меѓународно опасните противници на модернизмот, бидејќи се раѓаат нови антимодернистички движења кои пркосат на процесите на глобализација и настојуваат да го променат светот според свои видувања. Така постојат можности за појава на нови модификувани облици на оспорување.

Ако процесот на глобализација се одликува со карактеристики на (пост)модерност од перспектива на западниот свет, тоа може да доведе до ситуација во која ќе се маргинализираат и поттиснуваат оние гледишта кои се различни од Западот или не се поистоветуваат со нив.

Глобализацијата во јавноста често се интерпретира и како *американизација,* бидејќи нејзините последици насекаде низ светот се препознаваат по американските белези, (политички, економски, воени, културни и др.). Оние кои глобализацијата ја изедначуваат со американизацијата ја именуваат како „четврта светска војна“ или

---

[45] Valerstajn I., *Posle liberalizma,* JP Sluzbeni Glasnik, Beograd, 2005, str.109-110.
[46] Gidens E., *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007,str. 693.

позната уште како невоено освојување на светот. Идеологијата наметната со прифаќање на начелата на демократијата и либералниот пазар под водство на САД, е обид американците преку својата економска и воена моќ да доминираат и вршат надзор над светските случувања во 21 век.[47] Гледано од овој аспект, глобализацијата може да се толкува како инструмент за ширење на американските вредности и интереси преку идејата за демократија и слободен пазар како универзално прифатени идеи. Но, сеуште постои дилема дали американизацијата е истоветна со глобализацијата или пак е една од последиците на глобализацијата. Авторите кои ги поистоветуваат овие два термина мислат дека е најдобро процесот на глобализација да не се наметнува низ призма на тврда моќ (*hard power*). Сепак, тоа значи дека правилата кои ги наметнува САД претежно се однесуваат за економски натпревар помеѓу земјите реализирани преку начелата на меѓународните институции, (ММФ. СТО, Светска банка), што доведува до тоа државите кои ги почитуваат правилата одредени од овие институции може да очекуваат (политичка, економска и воена) помош од САД. И обратно, доколку некои држави се противат на начелата на демократијата и слободниот пазар тогаш ги кршат правилата на новиот поредок, соочени се со политички притисоци а не се исклучува употребата и на воена сила. Во тој контекст е и коментарот на *Гиденс* кој се повикува на тоа дека западната моќ домира со глобализација во чиј центар се наоѓа политичката и економската моќ на Соединетите Американски Држави.[48]

Некои автори одат дотаму што глобализацијата ја интерпретираат и со термините *(нео)колонизација или империјализација*, каде што доминира западната хегемонистичка идеологија а глобализацијата служи како маска за прикривање на нивните егоистични интереси. Имено, западноевропските држави и САД важат за најголемите промотори на современата глобализација преку разни форми.[49] САД успеваат да ја насочуваат глобализацијата во правец на реализирање на нивните геополитички интереси и интересите на високоразвиените земји. Се смета дека со

---

[47] Plevnik J.,*Iza globalizacije*, Golden marketing, Zagreb, 2003, str.26.
[48] Vidojevic Z.,*Kuda vodi globalizacija*, Filip Visnjic, Beograd, 2005, str.20.
[49] Како што се Мекдоналдс, Холивуд, ЦНН кои преставуваат како истурени "пазарни одделенија" на Западот во другите делови на светот.

воспоставување на глобална доминација и наметнување на притисок врз меѓународните институции и организации тие ги обликуваат глобалните процеси во 21 век кон сопствените вредности и интереси, па оттаму и се говори за „американски вид на глобализација". Меѓутоа, некои сметаат дека глобализацијата не е исто што и американизација, затоа што ако се гледа низ призма на последиците од глобализацијата, може да се воочи дека консеквенци има и врз американското општество.

После дваесет години од "либералната револуција" на *Фукујама* и десет години од нападите на САД, некои автори меѓу кои и *Розенберг* тврдат дека ерата на глобализација е завршена, бидејќи таа како идеолошка конструкција не успеела во ниту еден нејзин аспект а нејзините потенцијали се ослабнати затоа дошло до крај на тековите на глобализацијата. [50] Дека таа не преставува општествено-научен поим, бидејќи научните поими треба да се верен одраз на реалноста. Поради тоа се очекува иреверзибилност на процесите на глобализацијата. Меѓу другото, повеќето автори кои ја проучуваат глобализацијата се едногласни во констатацијата дека не се работи за глобализација, туку за формулација која гласи : либерализација + интеграција + пазари = глобализација.[51] Односно нејзината суштина ја чинат трите меѓусебно поврзани фактори: технологија, (модерната информатичко-комуникациска технологија), економија, ( новите пазари, трговија и профити) и политика, (моќ, интереси и влијание).

Од друга страна се и видувања дека изедначувањето на глобализацијата со „*вестернизација*" или „*прозападнување*" е погрешен начин на нејзина интерпретација и поврзување само за еден тип на цивилизација. Имено, денес на сцена се појавуваат и други идеологии, религии и мислења кои доаѓаат од незападниот свет, така што глобализацијата може да се интерпретира и како незападен облик, (на пример како будистичка, исламска и конфучијанска глобализации).[52] Исто така создавањето на големите империи како Римската,

---

[50] Види во: Kursar T., „*Smrt globalizacijske teorije ili kraj jos jedne revolucije*?" Politicka misao, br.1, (2008): 3-28
[51] Steger M.B., *Globalizacija*, Sahinpasic, Sarajevo, 2005, str.96.
[52] Gidens E., *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007, str. 57.

Кинеската, Отоманската и Руското царство докажуваат дека глобализацијата има незападна димензија.

Исто така, многумина процесот на глобализација го сфатија и поистоветија со *неолиберализамот*. Неолиберализамот како поим се надоврзува и го реафирмира либерализмот, чии корени се започнати пред неколку века. Тој се сфаќа како комплексна развојна идеологија која постојано се наоѓа во процес на трансформација и прилагодување на околностите и специфичните национални традиции. Ги опишува новите западни економски тенденции кои преовладуваат во изминатите неколку децении а се јавува како моќен генератор кој го забрзува ритамот на глобализацијата, односно станува инструмент за создавање на поголемо економско богатство во светот.

Предходниве теориски пристапи водат кон тоа глобализацијата да се сфати како последица на експанзивниот капитализам, кој ослободувајќи се од стегите на националната држава може да развива нови облици на експлоатација и проширување низ светот. Сепак постои и спротивна аргументација која се базира на различните историски корени на глобализацијата и капитализмот. Имено се тврди дека динамиката на капитализмот е постара од онаа на терминолошкото одредување на поимот глобализација, па оттука и не може да се сведат на заеднички постулати. Единствено, глобализацијата може да се интерпретира како кулминирачка фаза на историскиот развој на капитализмот.[53]

Меѓу другите поими кои го замаглуваат прецизното одредување на терминот глобализација е *нов светски поредок* (*Novus Ordus Seculorum*). Впрочем, за прв пат овој термин јавно е употребен од страна на поранешниот претседател на САД, *Џорџ Буш* во својот говор на 11 септември 1990 година, во кој ја опишува новата констелација на меѓународни односи и улогата што Соединетите Американски Држави ќе ја превземат во иднина како победник од биполарната војна. Од тогаш па до денес фразата нов светски поредок директно се поврзува со значењето на поимот глобализација. Така на пример подржувачите на процесот на

---

[53] Plevnik J., *Iza globalizacije*, Golden marketing, Zagreb, 2003, str.30.

глобализацијата велат дека во новиот светски поредок светот ќе биде повеќе интегриран, додека ставот на антиглобалистите е дека терминот нов светски поредок се користи за да се прикријат хегемонистичките намери на единствената супер сила САД.

Според *Жан-Мари Лепен* оваа фраза сугерира на постоење на завера создадена помеѓу финансиските и политичките елити со цел да доминираат во светот. За разлика од ова мислење одредени антизападни екстремни групи овој термин го посочуваат како западен концепт осмислен со намера да се доминира над незападните земји. Контроверзата што постои помеѓу идејата за глобализација и новиот светски поредок може да се воочи кај многумина научници и политичари. Така на пример *Кисинџер* овој термин го разгледува како „рамнотежа на силите", додека *Џорџ Буш* под истиот подразбира „победа на либерално капиталистичкиот систем над опонентите", а според *Ноам Чомски* овој термин преставува „форма на доминација на поединците над мнозинството, некои држави над мнозинството на други држави, богатите над сиромашните".[54]

Нашата цел во овој дел од трудот беше да се обидеме да ги образложиме значењата на повеќето поими кои се поистоветуваа со терминот глобализација, односно да се види дали постои одредено терминолошко поклопување или пак се работи за слични поими но со различно значење и толкување. Некои од нив ја усложнуваат и пренатрупуваат матрицата за разбирањето на глобализацијата, упатувајќи на тоа како да станува збор за повеќе глобализации, (интернационализација, универзализација, неолиберализација, вестернизација), а не за глобализација како единечен предмет за расправа.

## 1.4. Теоретски пристапи кон процесот на глобализација

Глобализацијата како општествена појава е предмет на расправа во бројни истражувања од различен аспект. Класификацијата на теориите за глобализација

[54] Види во: Micovic V., *Globalizacija i novi svetski poredak*, Beograd, 2001, str.19.

преставува сложен проблем бидејќи не постојат сеуште втемелени методи за разграничување на глобализацијата а новите сеуште немаат конкретно место во класификацијата. Иако таа е најзастапена во економските, политичките и социолошките науки, сепак постојат одредени дивергентни теориски ставови кои придонесуваат за непрецизно определување на глобализацијата како феномен, процес или појава. Поради тоа за попрецизно разбирање на истата ќе се осврнеме на неколку теоретски пристапи и тоа: теорија на меѓународни односи, теорија на светска влада, теорија на пост/модернизација, теорија на доминација, теорија на глобални системи, теорија на меѓузависност, теорија на неолиберализам и др.[55] Некои од посочените теории се сеуште недоволно оформени и се во фаза на развој затоа не можат попрецизно да ја објаснат глобализацијата, освен, теоријата на меѓународни односи која преставува научна дисциплина, и може поконкретно да ја објаснува и анализира глобализацијата. Имено, глобализацијата се смета за поим со потесно значење, субпредмет за истражување во дисциплината меѓународни односи, кој ги проучува воспоставувањето на односите меѓу народите, државите и организациите, сите меѓудејства меѓу актерите, (државни и недржавни), кои ги пресекуваат државните граници, и ги опфаќа политичките, економските, безбедносните, воените, социјалните, културните и еколошките аспекти.

Еден од еминентните проучувачи на глобализацијата *Дејвид Хелд* прави класификација и анализа на процесите на глобализација во три школи на мислења и тоа: *хиперглобалисти, скептици и трансформационалисти.*

[55] Попович Т. Г., *Криза глобализације и/или глобализација кризе*, Бесједа, Бања Лука, 2003, стр.19.

**Табела бр. 1** - *Концептуализација на глобализацијата: три тенденции*

| | Хиперглобалисти | Скептици | Трансформационалисти |
|---|---|---|---|
| **Што е ново?** | Глобална доба | Економски блокови, слаба геоуправа отколку во минатите периоди | Ниво на глобална меѓуповрзаност без преседан во историјата |
| **Доминантни карактеристики** | Глобаленкапитализам, глобална управа, глобално граѓанско општество | Свет кој е помалку меѓузависен одколку90-тите год. на 19 век. | Густа екстензивна и интензивна глобализација |
| **Моќ на националните влади** | Опаѓа или се руши | Зголемена или засилена | Реконституирана, реструктурирана |
| **Движечки сили на глобализацијата** | Капитализам и технологија | Држави и пазари | Комбинирани сили на модерноста |
| **Модел на стратификација** | Ерозија на старите хиерархии | Зголемена маргинализација на Југот | Нова архитектура на светскиот поредок |
| **Доминантен мотив** | Мекдоналдс, Мадона, итн. | Национален интерес | Трансформација на политичката заедница |
| **Концептуализација на глобализацијата** | Како преуредување во оквир на човековото делување | Како интернационализација и регионализација | Како преуредување на меѓурегионалните односи и делувања од дистанца |
| **Историски движења** | Глобална цивилизација | Регионални блокови/судир на цивилизации | Неодредена:глобална интеграција и фрагментација |
| **Краен аргумент** | Крај на националната држава | Интернационализација зависи од подршка на државата | Глобализацијата ја трансформира моќта на државите и светската политика |

Извор:Held D., et al., *Glòbal transformations*, Politics, Economics and Culture, Polity Press, Cambridge, 1999, p.10.

Застапниците на хиперглобалистичката теза имаат изградено став дека глобализацијата е современ процес кој се карактеризира со глобална политика и глобална економија. Се работи за процес кој е неизбежен и преставува „нужност и не зависи ниту од волјата ниту од изборот“.[56] Исто така, приврзаниците на ова теза

[56] Фридман, Томас, *Лексусот и маслиновото дрво*, Тера Магика, Скопје, 2003.

тврдат дека епохата на глобализација не може да биде сопрена или изменета со човечка интервенција, посебно не од традиционалните политички институции, како што е државата. Односно, според нив, овој процес ќе доведе до крај на националната суверена држава, за што главни виновници се капитализмот и технолошко-информатичкиот напредок. Притоа, на културен план ќе дојде до хомогенизација на културата и појава на нова глобална цивилизација. [57] Хиперглобалистите констати-раат дека ќе се зајакне улогата на недржавните економски авторитети како што се ММФ, транснационалните коорпорации, СТО, СБ и други кои ќе успеат да ги претворат националните економии во свои подредени единици. Исто така, според ова гледиште, моќта на државата во меѓународни рамки е минато и владите на државите ќе чувствуваат поголема одговорност кон наднационалните политички и економски организации и институции отколку кон своите граѓани.[58] Притоа, овие застапници глобализацијата ја сведуваат превенствено на економијата, маргинализирајќи ги останатите важни сфери.

Спротивно на погоре посочената теза се појавуваат застапници чие мислење не е насочено кон "благодетите" од процесот на глобализацијата. Тоа се таканаречени скептици на глобализацијата, меѓу кои најпознати преставници се *Хирсш* и *Томӣсон* кои велат дека глобализацијата е мит и ја засилува само западната хегемонија и влијание во светот и дека нивото на економска интеграција е многу помало отколку во 19-от век. За нив процесот на глобализацијата доведе до регионализација и создавање на повеќе финансиски и трговски блокови како што се европскиот, пацифичко-азискиот и американскиот блок. Затоа тие велат дека светот повеќе се соочува со регионализација, интернационализација отколку со глобализација. Се работи за тренд кој е спротивен на глобализацијата. Нивните негирања на глобализацијата се во насока дека постои еден вид на селективна глобализација затоа што огромните меѓународни економско-политички активности се сконцентрирани во рамките на група развиени земји и тие ги предводат

---

[57] Vuletic V., *Globalizacija mit ili stvarnost*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 2003, str.10-11.
[58] Pecujlic M. *Globalizacija –dva lika sveta*, Gutenbergova galaksija, Beograd, 2005, str.10.

меѓународните организации и тела. Глобализацијата според нивно видување одговара само на земјите од Западот преку кои осигуруваат и стекнуваат солиден профит.[59] Песимистите ги сметаат државата и територијалните граници за важни субјекти во светската политика. Односно, тие тврдат дека глобализацијата доведе до дезинтеграција чии последици се огледаат во создавањето на нови национални држави, спротивно на интегрирачките процеси кои таа ги "ветуваше". Кај истите застапници е присутно и мислењето дека глобализацијата ја зголемува нееднаквоста и ги поттикнува помалку задоволните, (поединци или држави), да преку судир ја исправат состојбата. Така според скептиците, (некои ги нарекуваат традиционалисти), глобализацијата не донесе ништо ново во современиот живот, туку дека таа преставува континуиран процес од еволутивна природа, посочувајќи дека економските и социјалните разлики помеѓу Северот и Југот и во иднина ќе бидат повидливи и поистакнати.

Ставовите на трансформационистите се наоѓаат помеѓу претходниве два теоретски погледи. Приврзаниците на оваа трета теза, меѓу кои се *Гиденс, Розенау и Шолти,* се обидуваат да докажат дека глобализацијата е реален и неизбежен процес, но истовремено и дека е комплексен и нејасен феномен, кој води кон интеграција но и кон дезинтеграција, односно кон соработка и судири.[60] Кога станува збор за улогата на државата во новиот глобален поредок, кај трансформационистите постои сфаќање за егзистирање на два света, едниот свет на национални држави и другиот свет на транснационални организации.[61] Според нивно гледиште улогата на државата и во иднина ќе биде се активна преку нејзино прилагодување на стратегискиот концепт на новиот глобален поредок, односно адаптирајќи се на свет во кој ќе нема јасна поделба помеѓу меѓународно и национално, односно внатрешни и надворешни работи.

---

[59] Мекгру Е., „*Глобализацијата и светската политика*",во: Глобализацијата на светската политика: вовед во меѓународните односи,(превод)Табернакул, (2009):14-33; Held D., *Debate o globalizaciji* во: Vuletic V., *Globalizacija-Mit ili Stvarnost*,Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, (2003): 48-60.

[60] Held D., *Debate o globalizaciji* во: Vuletic V., *Globalizacija-Mit ili Stvarnost*,Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, (2003): 48-60.

[61] Vuletic V., *Globalizacija-Mit ili Stvarnost*,Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 2003, str. 12.

Трансформационистите се залагаат за поставување на сосема ново и поинакво општество. Тие не се задоволуваат со поставување на нови правила и закони туку настојуваат постоечката општествена структура да се замени со нова. Сметаат дека штетите од сегашниот капиталистички систем се големи и непоправливи затоа гледаат да ја искористат глобализацијата за темелна изградба на ново, различно општество. Се залагаат за изградба на алтернативна глобализација која ќе биде непазарно ориентирана и спротивна на либералната глобализација чии ефекти предизвикаа големи културни, еколошки, економски и политички неправди. Според нив, капитализмот може да биде реформиран, односно преобликуван и насочен на некој нелиберален начин кој ќе донесе повеќе правда, еднаквост, културно ненасилство и нема да прави еколошки штети. Како и некои други застапници и трансформационистите не ја исклучуваат потребата од глобално управување.[62] Младите посебно играат важна улога во трансформистичките мрежи и групи како што се Монтреалско антикапиталистичко собирање, Мрежа за непосредна акција во САД, *Ya Basta* во Италија и други. Сепак трансформационистите не се развиени дотаму да можат да бидат делотворни а уште помалку се подготвени за долгорочна трансформација на општествата.[63]

Од спомнативе теоретски тези, за пристапот на трансформационистите може да се каже дека е доста реален затоа што тие ја прифаќаат комплексноста на феноменот на глобализација, притоа наоѓајќи компромисна солуција помеѓу дијаметрално спротивставените ставови на хиперглобалистите и скептиците.

За целосно објаснување на глобализацијата ќе понудиме уште една класификација која ќе ни овозможи поцелосно сфаќање на суштината и контрадикторностите на глобализацијата. Тоа е класификацијата според *Шолти* за кого постојат три теоретски гледишта кои се однесуваат на глобализацијата: (1) неолиберално, (2) реформистичко и (3) радикално гледиште.[64]

---

[62] Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str.41.
[63] Исто, стр.45.
[64] Vidojevic Z., *Kuda vodi globalizacija*, Filip Visnjic, Beograd, 2005, str.24.

Првото теориско гледиште е најзастапено и содржи одредено ниво на радикализам за кој поборниците на оваа неолиберална теорија ја потврдуваат значајната улога на трговијата без оглед на социјалните консеквенци и нееднаквости произлезени од глобализацијата во низа земји. Второто, реформистичко видување за многумина е доста прифатливо затоа што неговите поборници се залагаат за глобализација од типот на социјалдемократскиот модел и неокензијанската политика на големо светско општество. Тоа подразбира дека со навлегување на крупниот капиталот во земјите во развој, процесот на глобализација им овозможува на земјите од каде потекнува капиталот да дојдат до поголем профит. Од друга страна истите земји се обидуваат да воспостават трајна политичка доминација во земјите каде што капиталот е длабоко навлезен. За разлика од претходните две гледишта, радикалната теорија се базира на отфрлање на глобализацијата како таква, со што не остава простор за друг алтернативен вид на глобализација, поразличен од денешниот.

Начелно гледано не може да се прифати ниту неолибералниот пристап кој ја критикува и ја отфрла улогата на државата, ниту пак останатите два пристапи кои одат дотаму да се прифати се или да се отфрли се што е производ од глобализацијата.

Во дадените различни видувања и согледувања постои дилеми околу проблемите што ги создава глобализацијата. Затоа најдобро би било да не се гради став кој ќе биде приклонет само кон еден од погоре искажаните гледишта, зошто во секој од нив има одредени недостатоци. Од друга страна, треба да се прифатат и искористат предностите што ги нуди глобализацијата, односно целта е да се осмисли што може од нејзе да се искористи и како да се адаптираат, (државите, индивидуите, компаниите), кон нејзините процеси а притоа да имаат полза од истата.

# 2. ПОЗИТИВНИ И НЕГАТИВНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Глобализацијата ја измени сликата на современите односи меѓу државите, регионите и светот во целина. Таа на некои луѓе, држави и региони им донесе бенифиции и предизвика позитивни ефекти, но и повеќе негативни последици. Оттука во овој сегмент ќе се проучат амбивалентните аспекти на глобализацијата кои го поделија светот на оние кои интензивно се вклучени во процесот, на оние кои се недоволно или делумно приклонети кон истата и на делови од светот кои одбегнуваат да се вклопат поради одредени политички, економски или културолошки причини.

Во тој контекст ќе ги согледаме основните предности и слабости на глобализациските процеси потенцирани во големиот опус на трудови од оваа област и нивните импликации врз мирот и безбедноста.

## 2.1. Позитивни аспекти на глобализацијата

Во своето битие глобализацијата преставува цврсто поврзување и интегрирање на земјите и народите од целиот свет. Односно, зближување на различни делови од светот заради поголем проток и размена на идеи, взаемно разбирање и со крајна цел создавање на глобална цивилизација.

Многумина експерти од оваа проблематика истакнуваат дека економските аспекти на глобализацијата се најизразени и највоочливи. Притоа, во предвид се имаат четирите облици на размена : (1) проток на добра и услуги, т.е. слободна трговија; (2) луѓе (миграција); (3) на капитал и (4) на технологија.

Се смета дека слободната трговија придонесува кон следниве економски предности: проширување на пазарот, пораст на профитот, економска интеграција, стимулирање на извозот, либерализација на надворешната трговија и финансиските пазари, транснационализација на производството, развој на конкуренцијата, развој

на глобалните финансиски системи, пораст на странски дирекни инвестиции, создавање на квалификувана работна сила и друго.

Зголемената меѓузависност и економско интегрирање се покажа како предност па така некои земји ја напуштија долгогодишната изолација и се приклучија кон регионалните и меѓународните глобални економски институции како што се Европската унија (ЕУ), Меѓународен монетарен фонд (ММФ), Светска банка (СБ), Светска трговска организација (СТО). Економското интегрирање на одделни земји, како на пример од Источна Азија (Сингапур, Јужна Кореја, Тајван), им донесе низа предности и побрз развој. Исто така, повеќе мултинационални компании преку процесот на глобализација влијаат на позитивен начин во одделни држави доколку со себе донесат нова технологија, и облици на организација, планирање на работа и создавање на услови за нови работни места, кои водат кон повисок животен стандард и напредок за земјите во развој.

Друг позитивен аспект на глобализацијата се гледа во тоа што преку слободната трговија се овозможува ширење на технологија и знаење од модерните, поразвиени земји со стандардизирани и ефикасно планирачки процеси, кон земјите со помалку развиени капацитети и способности. Односно, слободниот пазар им овозможи на повеќето земји и региони набавка на посовремена технологија со која ќе можат да остварат побрз развој. Технолошкиот развој се смета за носител на глобализацијата затоа што доведува до огромно смалување на просторот, времето и трошоците за сообраќај и комуницирање, но и други полезности. Моќните технолошки сили во информатичката ера помогнаа да се вклопат заедно политичките, економските и културните аспекти на нациите преку протокот на луѓе, продукти и идеи вон националните граници. Па така, се смета дека глобализацијата ги стимулира комуникациските и технолошките иновации вклучувајќи ги и софистицираните информатички и сателитски системи. Преку нив се овозможува проток на идеи, информации и вршење на активности во различни делови на светот. Притоа се промовираат вредности и културни производи, (ТВ серии, филмови, музика, реклами, интернет), кои најавуваат универзална космополитска култура или појава на универзална цивилизација која подразбира „културно обединување на човечкиот

род и прифаќање на заедничките вредности, верувања, искуства и институции на народите од целиот свет“.[65] Со ова се врши еден вид на приближување на различни цивилизации, развивајќи притоа светска солидарност. Новата архитектура дизајнирана според влијанието на политичката, економската, безбедносната, културната и информатичко-технолошката глобализација имплицираше редица иницијативи кои придонесоа до зближување на народите и решавање на проблемите во светот.

Нејзините трансформациски процеси на глобално ниво се одразија и врз редизајнирањето на целокупната структура на општествата при што придонесе за посилна национална и интернационална соработка но и компатибилност на системите во повеќе сфери. Оттука се смета дека таа придонесува за унифицирање на земјите според “еден калап“ на глобално ниво. Современата фаза на процесите на глобализација доведоа до истакнување на две темелни универзални вредности како што се демократијата и човековите права. Во тој контекст може да се констатира дека глобализацијата ги поттикнува, развива и забрзува демократските процеси, ги зголемува слободите, меѓузависноста и интегрираноста на земјите и народите нудејќи им можности и бенефити за создавање предност на национално и меѓународно ниво, подобрување на стандардот на живеење и намалување на социјалните разлики. Со тоа се редуцира и веројатноста за политичка нестабилност и побуди за војна и конфликт.

Со растот на нејзината динамика се зголемува бројот на новите форми на соработка и меѓународна кохезија од државни и недржавни актери (мултинационални коорпорации, невладини организации), но и меѓународни институции (како ООН, СБ, ММФ, СТО и др.), овозможувајќи поголема кооперативност, помеѓу различните учесници на меѓународната сцена.

Други поволности од процесите на глобализација се огледаат и во повисокиот квалитет на здравствени услуги и подобрување на образовниот систем во неразвиените делови од светот. Странската помош во изминатите години ги има

[65] Huntington S., *Sukob Civilizacija i preustroj svjetskog poretka,* Izvori, Zagreb,1996, str.77.

подобрено животните услови на милиони луѓе и тоа преку разни видови на образовни проекти, финансирање на системи за наводнување, пари и лекови за борба против вирусот на СИДА и др. Тоа придонесува за поголема социјална еднаквост и заштита во земјите на кои тоа најмногу им е потребно.

Преку редуцирање на социоекономските аномалии може да се очекува трансформација на сиромашните земји и земјите во развој и нивна наклонетост кон глобализацијата, што не било така во минатото. Според некои автори 30 години после Втората светска војна постоел голем отпор спрема глобализацијата во неразвиените земји, наспроти проглобалистичко расположение во развиените земји. За разлика од тогаш, денес, нештата се во обратен правец и фокусот на вниманието е насочен кон земјите во развој.[66]

Генерално, најзначајни позитивни ефекти од глобализацијата а се поврзани со благосостојбата, мирот и безбедноста, се следниве:

1. глобализацијата ги поврзува националните економии во глобална меѓузависна мрежа;
2. придонесува за пораст на демократските процеси, овозможува општ напредок, и го зголемува животниот стандард;
3. придонесува за намалување на сиромаштијата, ги подобрува здравствената заштита и образованието и овозможува достапност до основните услуги ;
4. го подобрува квалитетот на живот, го подржува напредокот и слободата на индивидуата а со тоа го намалува ризикот од ширење тероризам и насилство;
5. служи како катализатор за универзализација на човековите права и слободи;
6. ги зајакнува меѓукултурните врски и разбирањето помеѓу народите што доведува до намалување на тензиите и појава на судири и конфликти;

[66] Bagvati Jagdis, *U odbranu globalizacije*, Sluzbeni glasnik, 2008.

7. преку процесот на меѓузависност придонесува до зближување на земјите и народите и влијае врз унапредување на глобалната безбедност и мир и

8. глобализацијата создава амбиент на заедништво и води кон споделување на одговорностите и обврските на земјите во нивниот придонес за решавање на проблемите поврзани со безбедноста, климатските промени и пандемиите.

Претходниве констатации се во одбрана на процесите на глобализацијата. Незамисливо е во 21 век да се живее во земја во која нема слободен пристап до телефон, Интернет, достапност до квалитетно образование, без слободен пристап до мас медиумите, без право на глас и слобода на размислување и најтешко од се, да се нема слободен пристап до чиста вода, храна и соодветна здравствена заштита. Затоа сметаме дека процесите на глобализацијата покажуваат напредок во повеќе области. Со мултилатералниот пристап се овозможува остварување на потребите и постои можност да се елиминираат или редуцираат проблемите на денешницата. Со помош на безбедносно - економските интегративни процеси ќе се овозможи поголема стабилност на земјите и надминување на политичките, економските и безбедносните кризи за подолг временски рок. Иако реално глобализацијата не е лек за сите болести, сепак таа постепено и конструктивно успева да ги промени нештата кај луѓето во посакувана насока.

## 2.2. Негативни аспекти на глобализацијата

Глобализацијата покажува дека, како и секоја друга појава, има одредени недостатоци кои преставуваат опасност за одредени земји и народи. Односно, дека таа не се наоѓа во фокусот на интересирање на повеќе обесправени и сиромашни народи во светот.

Видливите потенцијални опасности кои ги продуцира глобализацијата се многубројни, разновидни и подеднакво не ги засегаат сите земји. Она што нас не интересира е идентификација на евидентните потенцијални закани, опасности и ризици, нивно категоризирање според степен на влијание, осознавање на

приоритетни мерки за справување со нив, превенирање и намалување на ризиците и последиците предизвикани од процесите на глобализацијата.

Укажувањата за негативните последици главно се однесуваат на следново. Имено, со отворањето на новите хоризонти на слобода, демократија и прогрес во светот, таа го зголеми јазот помеѓу богатите и сиромашните, општата небезбедност и социјална несигурност, доведе до разурнување на традиционалните вредности, уништување на животната средина и интернационализација на одредени опасности меѓу кои се: меѓународниот тероризам, организираниот криминал, вооружените конфликти, илегалната миграција и илегалната трговија со дрога, оружје и луѓе, опасноста од употреба на оружје за масовно уништување и други. Односно, дека глобализацијата не го прави светот побезбеден, туку нестабилен и опасен.

Еден од негативните аспекти на глобализацијата преставува создавање на универзални вредности и стандарди преку кои поедини земји или група на земји ги промовираат ставовите и „желбите" за глобално владеење низ призмата на капиталистичкиот модел. На овој начин тие настојуваат да ги избришат различностите и хетерогеностите во светски рамки, а остатокот на светот да го прифати западниот начин на живеење како универзален. Или како што истакнува *Хантингтон*, „она што за Западот е универзализам за останатиот дел од светот е империјализам".[67]

Сепак најизразени негативни последици од глобализацијата се нејзините економски влијанија предизвикани пред се од глобалните светски актери меѓу кои се Меѓународен монетарен фонд (ММФ), Светска банка (СБ) и Светска трговска организација (СТО). Планетарното "оперирање" на економијата и изразената меѓузависност доведе до тоа и најмалите потреси или економски кризи во еден дел од светот да се почувствуваат во глобални размери. Притоа, спомнативе макроекономски организации честопатти не успеале во справување во борбата против сиромаштијата, но и да ги разрешат економските кризи во одредени делови

[67] Huntington S., цитат во : Turek F., *Globalizacija i Globalna sigurnost*, Hrvatska udruga za medunarodne studije – HUMS, Varazdin, 1999, str.46.

од светот, (на пр. Источна Азија 1997 год., Аргентина 2001 год., САД и Западна Европа 2008 год.).

Нерамномерната распределба на финансиите и богатствата предизвикаа дисконекција и поделеност на луѓето, државите и регионите во светот. Па така, постои можност глобална интеграција да се придвижи во обратна насока, водејќи кон регионализација и фрагментација на земјите. Притоа е можно и одделување на поразвиените држави или региони од понеразвиените. Тоа би предизвикало незадоволство кај помалку развиените и посиромашни земји, со што меѓузависноста на глобално ниво би довело до се поголема зависност на посиромашните земји од побогатите.

Има видувања кои сметаат дека процесите на глобализација со сигурност не водат кон интеграција и хомогенизација на општествата, напротив новите промени кои таа ги носи може да ги ослаби старите безбедносни, политички и економски структури а притоа да не доведе нови системи на регулација. Оттука следи дека дезинтегративните процеси се многу поверојатни.[68] Притоа, фрагментацијата ќе биде поизразена во регионите и земјите во кои постои јасна граница на раздвојување според нивото на развој и степенот на сиромаштија и нееднаквост.

Јазот помеѓу оние што имаат и оние што немаат е во постојан пораст. Од една страна "лицето" на глобализацијата е "обоено" во боите на растот, развојот и просперитетот, како што е тоа во индустријализираните држави на Западна Европа, С. Америка и Океанија, додека на другата страна изобилуваат политички, економски и воени нестабилности и сиромаштија во земјите од Средниот Исток и Северна и Субсахарска Африка.

Со отворањето на пазарите во земјите во развој наместо да се зголеми приходот на земјите од странскиот капитал, користа е неспоредливо поголема за странските компании, а последиците од тоа е изразено преку порастот на невработеноста и на сиромаштијата. Само во последната деценија од 20 век, според

[68] Held D., *Demokratija i globalni poredak: Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini*, Filip Visnjic, Beograd, 1997, str.120.

податоците на Светската банка бројот на сиромашните се зголемил за речиси 100 милиони[69] како последица од продлабочување на јазот меѓу богатиот Север и сиромашниот Југ. Оттука, најразвиените земји од евроатлантскиот простор, кои чинат 15% од светската популација, имаат повеќе од 50% од светскиот БДП и располагаат со материјално-технички средства многу повеќе од останатите земји.[70] Но, од друга страна присутни се проблеми и кај високоразвиените земји. Тоа се воочи за време на глобалната финансиска рецесија, при што земјите од Северот покажаа недоволна способност за реакција при опасност од финансиска криза. Сомневање во нивната координираност и заеднички пристап не само за економските, туку и за политичките и безбедносно-воените и еколошките проблеми, се зголемија што предизвика незадоволство и реакции низ целиот свет. Од оваа гледна точка, по се изгледа дека во иднина глобализацијата се повеќе ќе биде контрадикторна, контроверзна, оспорувана и "сомнителна" појава, бидејќи веќе се евидентни лузните и знаците на економска немоќ дури и во најразвиените западни општества. Последиците се очигледни, па многумина сметаат дека глобализацијата е економски бенигна и истовремено социјално малигна затоа што доведува до пораст на сиромаштијата и нееднаквоста. Некои критичари одат дотаму што мислат дека таа е деструктивен процес.

Повеќемина научници и стручњаци констатираат постоење на симптомите на "болест" кај глобализацијата изразена во различни форми и варијации. Меѓу нив се и поранешниот заменик државен секретар на САД, *Строуб Талбот* кој вели, „глобализацијата за неколку милиони луѓе значи голема слобода и просперитет, додека за други милиони на луѓе истата преставува процес кој води кон економска неправда, неизбалансираност и социјални ерупции".[71] За доајенот на глобализацијата *Роланд Робертсон* „глобализацијата е голема идеја, но не е

---

[69] Види во: Soros G., *The Bubble of American Supremacy. Correcting the Misuse of American Power*, Public Affairs, New York, 2004.

[70] Kissinger H., *Treba li amerika vanjsku politiku? Prema diplomaciji za 21 stoljece*, Golden marketing, Zagreb, 2003, str.41.

[71] Talbott, Strobe. "*Globalization and Diplomacy: A Practitioner's Perspective*" Foreign Policy, Fall 1997.

совршена и незначи дека обезбедува сеопшта среќа".[72] Секако тука се оние кои честопатти велат "напуштете ја глобализацијата". Исто така, темната страна на глобализацијата ја препознаа редица групи и социјални движења кои своето незадоволство го изразија преку антиглобализациски протести, барајќи замена или алтернативна форма на глобализацијата. Така, пред три години *Меѓународната организација на трудот* (ILO) ја основа „Светската комисија за социјални прашања на глобализацијата", чија цел е изградба на „праведна" глобализација, која на сите луѓе ќе им пружи еднакви можности.[73] Засега современата глобализација е бело-црна слика која нема намера да ја менува "бојата" на богатите и сиромашните, освен одредени нијанси така што белата ќе биде повеќе "светла" а црната слика повеќе "темна".

Се смета дека глобализациските процеси предизвикуваат диференцијација во општествата со различен степен на развој кои ќе доведат до осцилации во политичката, социјалната и безбедносната сфера а притоа ќе индуцира нови опасности и ризици по мирот и стабилноста. Во таа насока *Кисинџер* посочува дека дури и со вметнување на исти вредности и правила нема да помогне во решавање на прашањата поврзани со глобалната безбедност. Според него, глобализацијата е процес кој сам по себе не води кон зголемување на мирот и безбедноста, а глобалната безбедност е само имагинација.[74] Оние кои немаат корист од глобализацијата ќе посакуваат да ја трансформираат, односно да ја "фрлат на дното од океанот", бидејќи се економски, политички и воено послаби од оние кои имаат корист од нејзе.

Општо земено присутните негативни аспекти на глобализацијата придонесоа за нерамномерно дистрибуирање на предностите, осиромашување на најголем дел од светската популација а со тоа и зголемување на социјалната несигурност и општата небезбедност. Таа доведе и до дехуманизација, до отуѓување и

---

[72] Интервју со Roland Robertson, достапно на: http://www.biznis.ba/index.php?option=comcontent&task=view&id=46268&itemid=55, (22.10.2008)

[73] *Za i protiv, Globalizacija – sila koja mijenja svijet*, Luka Filipovic i Mirjana Babic, 25.10.2005.

[74] Kissinger H., *Treba li amerika vanjsku politiku? Prema diplomaciji za 21 stoljece*, Golden marketing, Zagreb, 2003.

експлотација на човечките и природните ресурси во интерес на побогатите земји. Неможноста да се изедначат или урамнотежат општествените, социјалните, и други разлики соглед на доминантните цивилизациски разлики кои постојат во светот, ќе предизвикаат проблеми и кризи кои ќе бидат главна закана за светската безбедност. Аномалиите се резултат од самиот тек на глобализацијата која произведува контрадикторности кои не можат да се сопрат. Во тој контекст *Улрих Бек*, истакнува дека новата глобалност не може да биде заменета. Она што ја прави глобалноста незаменлива се следниве причини: (1) географска експанзија и зголемена густина на меѓународната трговија и глобалната вмреженост на финансиските пазари и порастот на моќта на транснационалните компании; (2) информациската револуција и комуникациската технологија; (3) универзалната побарувачка на човекови права - демократски принцип; (4) промовирање на глобалната културна индустрија; (5) опасноста од растење на моќта на постнационалните, полицентричните светски политики во кои транснационалните учесници растат паралелно со владите; (6) светската сиромаштија; (7) глобалното уништување на животната средина и (8) транснационалните конфликти на едно исто место.[75]

Предизвик на ова истражување е во барање одговори на прашањето дали глобализацијата може да ги задоволи афинитетите на седум милијарди луѓе на планетава, илјадниците организации, институции и групи и повеќе од 200 држави во светот? Односно, дали заедничките аспирации за подобра економска благосостојба, стабилна безбедност и зачувување на идентитет, можат да поминат безконфликтно? Притоа тритте компоненти на глобализацијата кои се однесуваат на економијата, безбедноста и мирот и идентитетот варираат многу широко и се специфични за определување, па така се јавуваат огромни разлики во видувањата од едни до други субјекти на меѓународната сцена. Оттука, многу е тешко да се обединат актерите, (посебно народите), околу овие аспекти, поради тоа се јавува вакум простор кој ќе

[75] Бек У., *Што е глобализација*?,(превод),Тера Магика, Скопје,1997.

биде извор на национални, регионални и глобални конфликти.[76] При понатамошна елаборација на есенцијалните сегменти од трудот, ќе бараме одговори за тоа да ли и какви импликации врз мирот и безбедноста предизвикуваат глобализациските процеси?

[76] Viotti P.R., and Kauppi M. V.,*International Relations and World Politics, Security, Economy, Identity*, Fourth Edition, Pearson Education International, 2009, pp.17-18.

# 3. ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА, ФРАГМЕНТАЦИЈА

## 3.1. Интеграција и регионализација

Како општествен процес интеграцијата се карактеризира со свесно поврзување на поединците, групите, институциите и земјите во функционална организирана целина со цел да се задоволат нивните потреби и интереси и да се надминат одредени конфликтни ситуации. Интеграциите се протегаат од поединци до глобално ниво, во ширина и длабочина, што би требало да ја зајакне групната кохезија со идентификување на заедничките цели и насоки од полза за сите. Основите кои ги покренуваат интеграционите процеси се од различна природа и главно се мотивирани од политичко-економски, безбедносно-воени, културно-религиозни и идеолошки интереси и цели.

Најизразени се економските интеграции кои преставуваат и силен мотив за глобализација и истите имаат различно влијание и интензитет во одделни региони од светот. Економските интеграции претежно се одвиваат помеѓу високоразвиените земји кои придонесуваат за брзината, темпото и развојот на интеграцијата, што не е исто и со послабо развиените земји.[77] Понекогаш се смета дека глобализацијата наметнува присилена интеграција. Во секој случај интеграциите водат кон побрз национален развој и просперитет и се посебно важни за слабо позиционирани земји стационирани во периферните зони на светот.

Во минатото, а и денес, интеграционите процеси се базирале на одредени принципи и концепти. На пример, приклучувањето на земјите во западниот интеграционен концепт зависело од неколку предуслови и тоа:

- да бидат демократски и да ги почитуваат човековите права;
- да ги вградат правилата на капиталистичката економија, односно да ги отворат границите за трговија и влез на странски инвестиции;

[77] Попович Т. Г., *Криза глобализације и/или глобализација кризе*, Бесједа, Бања Лука, 2003, стр.137.

- да не употребуваат сила или друг вид на закана во меѓусебните релации;
- да се одбегнува употреба на сила во домашно- внатрешните односи;
- редуцирање на вооружените сили, т.е. да бидат исклучиво дизајнирани за самоодбрана;
- прифаќање на идејата за заедничка безбедност и одбрана и градење на концепт на колективна безбедност а отфрлање на концептот на безбедност само за себе.[78]

Овие предуслови како и некои други, придонеле интеграциите да станат моќна компонента во градењето не само на регионалната туку и на меѓународната политика. Инсистирањето да се оди кон мултилатералниот приод во меѓусебната интеракција и соработка овозможило да се изградат одделни мултифункционални заедници кои генерираат високо ниво на просперитет и развој. Засега Западот предначи во тој поглед и има развиено широка заедница кон чие приклучување земјите треба да се прилагодат политички, (демократија и плурализам), економски, (капитализам), културно, (западно ориентирани) и да постои взаемна зависност, (пазари, трговија, инвестиции и проток на луѓе и добра).[79] Повеќето земји кои се придржувале кон погоре спомнатите компоненти успеале побрзо да се вклопат во регионалните интеграции од кои имале огромна полза.

### 3.1.1. Регионализација и глобализација

Регионализмот како политички поим преставува развој на политички, економски, безбедносни и воени институционални интеграции во одреден географски регион во кој народите и земјите можат да ги обединат и споделат заедничките интереси. Често се смета дека регионите се замислени како форма на

[78] Morgan,P.M., *International Security: problems and solutions*,CQ Press, 2006, Washington D.C. p.162.
[79] Исто, стр.160.

заедница која се наоѓа помеѓу националната заедница на држави и потенцијалната глобална заедница. Во политичка смисла се смета дека регионализацијата е процес кој е противтежа на државата и другите облици на централизам кој преку интеграционите интереси ја редуцира моќта на државата за принуда и контрола. Сепак, регионализацијата придонесува за промена на внатрешните структури на државите со цел да ги подготви за присоединување и вклучување кон обединетата стратегија за развој и заштита на регионот .

Но, појавата на регионализмот и неговата кулминација во последната деценија од минатиот век, кај повеќе експерти предизвика дилема во смисла да ли регионализацијата е спротивен процес на глобализацијата или е процес кој води кон глобализацијата? Притоа и меѓусебната интеракција на глобализацијата и регионализацијата се разгледува низ призма на следниве неколку пристапи:

- основните карактеристики на регионализмот во контекст на глобализацијата;
- односот меѓу субјектите на регионалната интеграција и субјектите на глобализација;
- влијанието на детерминантите врз овие истовремено активни процеси и
- минимизирање на улогата на државата и нацијата при развојот и формирањето на регионалните структури.[80]

Глобализацијата и регионализацијата преставуваат два главни интеграциони процеси на денешницата. Во многу аспекти овие процеси се поклопуваат меѓусебно но истовремено и се разидуваат. Многумина теоретичари се обидуваат да направат дистинкција помеѓу процесите на глобализација и регионализација, но постои нејасност при нивното толкување. Имено, регионализацијата е процес кој функционира во рамките на одредена територија и служи за формирање на територијални системи за постигнување на одредени цели. Таа преставува систематско структурно обединување врз претходно утврдени и обврзувачки

[80] Недялкова А., Бауман З. и Филипов Д., *Глобализъм, Регионализъм и Антиглобализъм*, Албатрос, София, 2005, стр.165.

фактори. Тоа всушност ги разграничува регионализацијата од глобализацијата а се однесува на целите, распространетоста на ефектите и најважно од се, границите до каде се протегаат територијалните системи.[81]

Во современите услови на глобализација, регионалните интеграции за државите преставуваат едно од средствата преку кои можат да стекнат моќ и тоа преку разни облици на здружено делување и преку активности насочени кон одбегнување на финансиски кризи, борба против тероризмот, надворешна агресија, кршење на човековите права и слободи и др. Всушност регионализмот успешно функционира преку принципот "непријателот на мојот непријател е и мој пријател" и како што рековме, тој ги обединува земјите од поблиското опкружување во една заедничка визија за опстанок и просперитет. Гледано од овој аспект регионалните интеграции се реакција на процесот на глобализација.

Разгледувањето на регионализмот низ призма на глобализмот, во смисла на тоа дали преставува кочница на глобализацијата или не, ќе го образложиме накнадно. Како и да е регионализмот е форма која ја поттикнува глобализацијата, но само во географски ограничени региони преку дејство на група на држави. Некои го сметаат за процес - инструмент, кој овозможува државата да постигне поддалечни цели на глобализацијата. На некој начин тоа ги застапува интересите на глобализацијата преку рамноправно учество на актерите во процесот. Овој процес може да го наречеме и како „*микро форма на глобализација*", односно дека регионализмот преставува условен процес за реализирање на глобализацијата.[82] Според *Хелд* три важни елементи ја определуваат регионализацијата и глобализацијата. *Првиот* се однесува на начинот на кој економските, политичките, воените и културните процеси на меѓузависност го менуваат карактерот и моќта на модерната држава. *Вториот* елемент го сочинува начинот на кој регионалната и глобалната меѓуповрзаност создаваат нов ланец на политички одлуки кој се одразува врз националниот политички систем. *Третиот* елемент преставува начинот на кој овие процеси ги обновуваат или преобликуваат политичките

[81] Исто, стр.168.
[82] Исто, стр.174-175.

идентитети и поттикнуваат нови локални и регионални групи, движења и национализми кои ја преиспитуваат националната држава.[83]

Како надополнение на претходниве видувања за односот на глобализацијата и регионализацијата треба да се имаат предвид и следниве релации и тоа:

1. регионализацијата како компонента на глобализацијата, подразбира конвергентен тренд, во кој регионализацијата ќе ги засили силите во процесот на глобализација, со тоа што националните економии ќе бидат повеќе конкурентни на светскиот пазар. Исто така, регионалните интеграции ќе водат кон мултилатерална соработка на глобално ниво, преку либералните премиси на соработка и отвореност на локалните економии;
2. регионализацијата како предизвик или одговор на глобализацијата. Се работи за дивергентен однос кој можеби ќе доведе кон создавање на алтернативен плуралистичен светски поредок, базиран на регионална хармонија на интереси. Исто така, формирањето на регионите, ќе предизвика поголем мотив за прифаќање на единствена универзална регионална култура и идеологија, спротивна од аморфните и недемократските правила на глобализацијата и
3. регионализацијата и глобализацијата како паралелни процеси или процеси кои се вкрстуваат. Се создава карактеристичен однос затоа што денешната глобална безбедносна арена е премногу испреплетена со неизвесности и комплексности, што значи дека е тешко да се одредат постоењето на безбедносните заедници и безбедносните предизвици, надвор од севкупната димензија на глобалната безбедност.[84]

---

[83] Held D., *Demokratija i globalni poredak: Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini*, Filip Visnjic, Beograd, 1997, str.163.

[84] Heuwood A., *Politics*, Palgrave Macmillan Ltd, 2002; Plevnik J., *Iza globalizacije*, Golden marketing, Zagreb, 2003.

Во денешно време регионалните интеграции можат да се разберат и како моќен инструмент на државите со цел справување или управување со негативните последици од глобализацијата. На пример, турболенции предизвикани од динамиката на глобализациските процеси, (финансиска криза или воена интервенција), им овозможува на земјите преку здружување на силите да ги контролираат консеквенците од глобализацијата во рамките на регионално функционирање.

Покрај тоа, глобализациските тенденции во сферата на економијата, политиката и безбедноста придонесуваат регионалните организации како што се ЕУ и НАТО, да ги прошират своите пространства. Најпрвин интеграционите процеси започнуваат да се развиваат во длабочина во сите области и гранки, а потоа се појавува нужноста од широчина или зголемување на територијата преку нови членства по принципот на концентрични кругови.[85] Затоа во изминативе децении овој тренд доведе до рапидна промена на границите, односно организациите да се борат за територијално- географско освојување како последица од притисокот на пазарите, опасностите и заканите.

Оттука националното во склоп на регионалното стана функционално на глобален план. Односно стремежот за дооформување на регионалните организации по длабочина и широчина со низа внатрешни институции прави безмалку тие да бидат глобални актери. Тоа затоа што овие организации успееја прашањата поврзани за економските и безбедносно - воените аспекти да ги денационализираат односно наднационализираат и да ги постават во поинаков интегрален контекст. Покрај тоа нетрадиционалните ризици и опасности кои доаѓаат од сите правци и кои неможат да се предвидат и проценат создаваат нови “шанси“ за надминување на националните и на регионалните ограничувања. Тоа на регионалните актери им

[85] Идејата за интеграција како концентрични кругови е подржана од повеќе европски политичари и базира на земји кои го сочинуваат интегрираното јадро и поголемиот круг кој ги опфаќа јадрото и останатите земји членки , со можност од правење на различни комбинации. Превземено од: Kissinger H., *Treba li amerika vanjsku politiku? Prema diplomaciji za 21 stoljece*, Golden marketing, Zagreb, 2003, str.43.

овозможува да ги зајакнат капацитетите за глобална интервенционистичка способност во повеќе области.

Поради условите што ги поставува економската глобализација, процесот на регионализација ги предизвикува државите да влезат во замка на националноста и идентитетот.Така за сметка на интеграциите и подобрување на својата меѓународна позиција државите мораат да ја релативизираат својата автономија.[86] Но, со отуѓување и детериторизација на државите во облик на кооперативни сојузи се отвораат можности за решавање и елиминирање на горливите прашања. И обратно, со делувањето на државите на транснационално ниво се отвораат нови патишта за решавање на националните горливи прашања и размена на искуства.[87]

Регионалните интеграции, (на пр. ЕУ), за некои можат да преставуваат одбрана од глобализацијата или современа протекционистичка политика за одбрана од глобализираниот капитал и конкуренција. Сепак тие би требало повеќе да се разгледуваат не само како противтежа на глобализацијата туку како оптимистичка варијанта за здружување на силите за одбрана од негативните последици од современата глобализација. Тоа добро се покажа со појавата на глобалната рецесија каде што "најсилни оружја" за одбрана од рецесијата имаа токму земјите од ЕУ.

---

[86] Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije*:Nova svjetskopoliticka ekonomija, Skolska knjiga, Zagreb, 2004, str.129.
[87] Исто, стр.232.

### 3.1.2. Регионализација како микро форма на глобализација

Постојат *три мега простори* на регионалните интеграции и тоа европскиот, панамериканскиот и азијскиот простор. Овие мегапростори преставуваат база на економската глобализација, а изразени се преку Европската унија *(European Union)*, Северноамерикански договор за слободна трговија (*North American Free Agreement-NAFTA*) и Азиско-Пацифичката економска соработка (*Asia-Pacific Economic Cooperation-APEC*). Во рамките на оваа тријада се создава 62% од светското индустриско производство, 77% од вкупниот обем на меѓународна размена на стоки и услуги и зафаќаат повеќе од 2/3 од меѓународното движење на капиталот.[88] Од нивните правила и стандарди на функционирање зависи светската економија. Постојат и други регионални организации во кои се застапени економско-политичката и безбедносно-воената соработка како што се Арапската лига (*Arab League)*, Асоцијација на земјите од Југоисточна Азија (*Association of Southeast Asian Nations-ASEAN)*, Шангајската организација за соработка (*Shanghai Cooperation Organization-SCO*), Африканската унија (*African Union*), Северноатланската договорна организација (*North Atlantic Treaty Organization*), Заедницата на независни држави (ЗНД) Колективна безбедносна организација (*Colective Security Treaty Organization*).[89] Некои од нив функционираат во поголем опсег а други во рамките на микро регион застапени од само неколку земји членки. Во минатото беа направени бројни обиди за регионална интеграција претежно во економскиот домен. Некои од нив се сеуште функционални, додека други се со намалени ангажмани или се згаснати. Такви регионални организации кои оперирале во рамките на помал регион на територијата на Европа се познати - Европска зона на слободна трговија (*European Free Trade Agreement-EFTA)* и Централноевропска зона на слободна трговија (*Central European Free Trade Agreement-CEFTA*), во Латинска Америка - Латиноамериканска зона на слободна трговија (*Latin American Free Trade Association-LAFTA),*Централноамериканска зона на слободна трговија *(Central America Free Trade*

[88] Кикеркова И., *Меѓународна економија*, Економски факултет, Скопје, 2003, стр.8.
[89] Tatalovic S. et.al. *Suvremene Sigurnosne Politike: Drzave i nacionalna sigurnost pocetkom 21 stoljeca*,Golden marketing- Tehnicka knjiga,Zagreb, 2008, str.173.

*Agreement-CAFTA)*,Карипската заедница (*Caribbean Community-CARICOM)*,Заеднички пазар на јужноамериканските земји (Mercado Comun del Sur-*MERCOSUR)* и други.[90] Притоа е присутна регионална нееднаквост, гледано од аспект кои проблеми го засегаат одреден регион. Така на пример финансиските или еколошките проблеми различно влијаат на одделни региони, односно не секогаш е присутно начелото "секој може да биде погоден".

Како и да е глобализацијата досега имала неизбалансиран прогрес во одделни региони, истиот тренд продолжува и понатаму, при што се зголемуваат добивките и успесите на регионите кои веќе уживаат во богатствата а ги осиромашува уште повеќе запоставените региони и подрегиони од светот. Нееднаквиот третман во трговијата и другите форми на соработка, придонесуваат за продлабочување на јазот меѓу развиените и неразвиените региони во светот.

### 3.1.3. Регионализацијата и безбедноста

Преку регионалната интеграција се остварува решавање, справување и управување во областа на безбедноста, бидејќи државите имаат голема потреба од стабилност и сигурност во своите односи. Силната потреба за политичка слобода, економски пораст и кредибилен воено-безбедносен штит ги наведува државите кон забрзана интеграција и соработка во рамките на поблиското географско опкружување. Со тоа сојузништвата во регионални рамки преставуваат премин од национална безбедност кон меѓународната безбедност, како еден од поважните начини за справување со актуелните опасности и ризици.

Сознанието за неможноста сами да се спротивстават на заканите и опасностите, повеќето земји ги "приморуваа" да пристапат кон разни форми на здружување во вид на сојузи, коалиции, организации и унии. Притоа, регионалното поврзување и интегрирање подразбира дека државите се подготвени својата моќ и авторитет да ги префрлат на супранационалните институции, заради сплотување и

[90] Кикеркова И., *Меѓународна економија*, Економски факултет, Скопје, 2003, стр.124-125.

подобрување на безбедносно - воените капацитети. Целта е државите во одреден регион да ја подобрат безбедноста во нивните меѓусебни односи а истовремено да ја намалат својата ранливост и несигурност.

Меѓу првите организации од ваков карактер е одбранбениот сојуз НАТО и поранешниот Варшавски пакт. Но, за разлика од периодот после Втората светска војна, по крајот на биполарната поделеност се бележи почеток на "нов регионализам", во кој се трансформирани глобалните безбедносно-воени односи при што регионалните безбедносни интеграции им овозможиле земјите да го зајакнат чувството на доверба и градење поблиски релации. Појавата на глобалните безбедносни закани како што се оружјето за масовно уништување, организираниот криминал, климатските промени, транснационалниот тероризам, СИДА и други, иницираа сплотување на државите на регионално и глобално ниво. На тој начин државите преку регионалните институции можеле да допринесат кон зајакнување на сопствената безбедност и реализирање на безбедносните цели преку колективен напор. Притоа овие институции имале повратно влијание врз државите со тоа што можеле на некој начин да ги подобрат своите економски и безбедносни капацитети при совладувањето на постоечките проблеми. На овој начин земјите развиле *„плуралистичка безбедносна заедница“*[91] во која во принцип се отфрлаат побудите за конфронтирање и војување меѓу земјите партиципиенти.

Од безбедносно-воен аспект интеграциите се примамлива шанса за послабите политички заедници да го зајакнат чувството за безбедност.Тоа значи дека процесот на регионализација може да се интерпретира и како влијателен фактор и контрибутор на безбедност и економски развој. Притоа постојат и слабости при усогласување на заедничките интереси бидејќи одредени земји настојуваат да ги "протнат" и наметнат своите национални интереси и цели како заеднички за останатите држави партиципиенти во регионалните организации и институции.

[91] Кај терминот *плуралистичка безбедносна заедница*, „плуралистичка“ се однесува на присуството на одделни, независни држави и општества, додека „безбедносна“ се однесува на степенот на сигурност меѓу земјите, и она што го стекнуваат преку „заедницата“, како форма на кооперативна интеракција. Инаку концептот на безбедносна заедница е идеја која за прв пат е елаборирана од страна на *Карл Дојч* и соработниците во 1950 година. Види во: Morgan,P.M., *International Security: problems and solutions,*CQ Press, 2006, Washington D.C;Booth K., *Theory of World Security,* Cambrige University Press, New York , 2007, p.145.

Како илустративен пример може да послужи големото влијание на американската надворешна безбедносна политика врз светските случувања и влијанието на водечките земји членки на ЕУ врз новопримените земји во Унијата при донесување на одлуки кои се поврзани за прашањата од сферата на безбедноста, одбраната и економијата.

Оттука е и стравот кај малите земји дека можат да бидат "преголтани" од големите земји чии општествени заедници доминираат.[92] Од друга страна процесот на деполитизација и демилитаризација на земјите кои се стремат кон регионалните интеграции може кај дел од нив да создаде низок праг на подносливост и толеранција кон распределбата на добра и услуги, што може да генерира конфликт и незадоволство.

Од безбедносен аспект постојат таканаречени режими на регионализација кои можат да влијаат врз динамиката и остварувањето на процесот на регионализација. Станува збор за два вида на режими и тоа : внатрешно-надворешниот и надворешно - внатрешниот режим. Првиот внатрешно-надворешен, (*inside-out*), се однесува на внатре спротивставените страни кои извезуваат, (*export),* насилство и нестабилност кон соседните земји. Додека, надворешно - внатрешен режим, *(outside-in),* подразбира интервенција, (воена помош, воена интервенција), од страна на надворешните актери во внатрешноста на загрозена земја. Овие режими можат да оставаат безбедносни импликации врз процесот на регионализација, особено се погубни за послабите земји и делови од региони кои се обременети со религиски, етнички и националистички поделби.[93]

Друг проблем кој што може да се јави во функционирањето на регионалните организации е натпреварот за ресурси и други поволности во трговијата наметнати од економската глобализација, а кои создаваат напнатост и ризик кој може да се одрази врз опстанокот на регионалните организации.[94] Притоа ги имаме предвид непријатните настани кои се случија меѓу земјите членки во некои регионални

---

[92] Morgan,P.M., *International Security: problems and solutions*,CQ Press, 2006, Washington D.C. p.174.
[93] Lambach D., *Close Encounters in the Third Dimension* in: State Failure Revisited I: Globalization and Security and Neighborhood effects,INEF Report 87, Institute for Development and Peace, 2007,p.39-40.
[94] Kursar T., „*Smrt globalizacijske teorije ili kraj jos jedne revolucije*?", Politicka misao, br.1, (2008): 3-28.

организации, (на пр.ЕУ), кога се селектираа земјите според различни категории (стари наспроти нови членки, источни наспроти западни земји членки и итн). Баквите поделби иницираа создавање на нови билатерални планови за соработка, (на пр. финансиски и воени спогодби помеѓу Франција и Германија, Франција и В.Британија), надвор од регионалниот контекст. Тоа доведува до создавање на микро групи кои работат во свој интерес надвор од зацртаната регионална рамка, при што не се исклучува и најлошото сценарио дезинтеграција на регионалната организација чии последици би ги почувствувале најмногу помалите земји.

Безбедноста зависи од повеќе земји во рамките на еден регион и лесно може безбедносните проблеми од една земја да се рефлектираат врз останатите земји од опкружувањето. Ако на ова се надоврзат и транснационалните проблеми како што се миграциите, бегалците, болестите, трговијата со оружје и луѓе и разни други политички, економски, воени и социјални проблеми, за очекување е дека послабите земји, сконцентрирани во еден регион, не ќе можат соодветно да се справат со истите, а регионот би можел да прерасне во зона на нестабилност која наликува на "отворена рана" во глобализираниот свет.

Денес се појавува еден поинаков тренд, контра западниот модел на интеграција. Станува збор за прикриена тенденција за вклучување на земји во регионални интеграции кои се противници на процесите на глобализација или опоненти на високоразвиените западни земји. Притоа некои регионални организации преставуваат "скривалиште-јатаци" за земјите кои имаат меѓународна изолација и се критикувани од Западот како недемократски и опасни за светската безбедност.[95]

Оттука сметаме дека регионализацијата како почетна форма на глобализација, истовремено ќе обединува но и ќе создава ситуации во кои

---

[95] *Шангајската организација за соработка -SCO,* е опишана од Западот како помошно средство на кинеската и руската надворешна политика каде што и двете земји настојуваат да ги зајакнат воено-економските врски и би постигнале доминантна положба над средноазијските држави а со тоа би го намалиле влијанието на САД во тој дел од светот. Меѓу другото, Иран и другите земји од тој регион имаат интерес да станат членки на SCO што преставува голема грижа за САД и западните сојузници. Види: Tatalovic S. et al. *Suvremene Sigurnosne Politike: Drzave i nacionalna sigurnost pocetkom 21 stoljeca,*Golden marketing-Tehnicka knjiga,Zagreb, 2008, str.175.

меѓусебната конкуренција може да прерасне во конфликтност и нестабилност. Имено, процесите на глобализација, регионализација и фрагментација ќе се случуваат истовремено во рамките на глобалниот капиталистички систем, што во одредена мера овие амбивалентни процеси можат да ја нарушат компактноста на светскиот капиталистички систем и неговото егзистирање.[96] Овие спротивставени процеси ќе се случуваат не само во периферните делови на светот, туку и во средиштето на политичката, економската и безбедносната сфера на капитал системот.

Во иднина се очекува да се појават безбедносни импликации помеѓу оние земји и народи кои се интегрирани и оние кои поради разни политички, економски и социјални причини не успеале да се вклопат во регионалните настојувања. Овој проблем ќе преставува главна пречка за тековите на процесите на регионализација и глобализација затоа што одредени региони ќе бидат многу повеќе превилегирани од останатите во регионално-глобалните случувања. Тоа се должи пред се на акумулацијата на капиталот кој самиот бира опција за *"enter - exit"* што придонесува за егоизам и алиенација на некои земји. Исто така создава револт кај заобиколените земји и региони и ги прави да бидат инфериорни во развојот и во безбедноста во однос на другите земји. Оттука констатираме дека натпреварот ќе продолжи и понатаму да се одвива меѓу линиите на разделување и обединување со што ќе се потврди тезата дека имаме "*половична глобализација*". Сепак земјите кои ќе успеат да се вклопат во регионалните интеграции не треба да стравуваат од губење на сопствената култура, традиција и идентитет бидејќи она што сметаат дека го губат на национално ниво ќе го компензираат на регионално ниво.[97]

[96] Vidojevic Z., *Kuda vodi globalizacija*, Filip Visnjic, Beograd,2005, str.116.
[97] Pecujlic M., *Globalizacija – dva lika sveta*, Gutenbergova galaksija, Beograd, 2005.

## 3.2. Фрагментацијата и глобализацијата

Процесот на фрагментација[98] може да биде поттикнат од различни поединечни или групни интереси. Причините за фрагментација се различни но најчесто се тоа демографските, технолошките, геополитичките, економските, социо-културните и еколошките.[99] Притоа, кога се говори за фрагментацијата едно од суштествените прашања е дали таа е процес или состојба која е продукт, (наследство), од глобализацијата и дали на нејзе треба да се гледа како на позитивна или негативна последица?

Во барањата на соодветни одговори на претходно поставената дилема се повикавме на видувањата на *Робертсон*, кој вели дека „глобализацијата се смета за сложена интеракција на глобализирачките и локални тенденции, синтеза од партикуларните и универзалните вредности, двостран процес кој вклучува взаемност на универзализација на партикуларизмот и партикуларизација на универзализмот".[100] Оваа двојност упатува на тоа дека процесот на глобализација подразбира истовремено делување кон унификација и фрагментација. *Розенау*, пак потенцира дека „времето после Студената војна се заменува со време на фрагментација", односно овие два паралелни процеси се вкрстуваат помеѓу себе така што вториот процес е производ од првиот. Од претходното произлегува дека по однос на релација глобализација-фрагментација, може првично да се констатира дека на фрагментацијата се гледа како на процес кој има негативна содржина и

---

[98] Фрагментацијата, (лат.*divisio* – разделување, делба), е процес кој се појавува како тенденција на одредени малцински групи или заедници кои побаруваат автономија, промена на политичката структура, или отцепување, (најчесто со сила), од одредена заедница, според однапред одредени критериуми, (политички, економски, општествени, културни, географски и сл.). Види во: Миќуновиќ Љ.,*Современ лексикон на странски зборови и изрази*, Наша книга, Скопје, 1990; *Divisio,* достапно на:http://wikipedia.org/wiki/Divisio;*Fragmentation*, достапно на:http://dictionary.reference.com/browse/Fragmen tation.

[99] Недялкова А., Бауман З. и Филипов Д., *Глобализъм, Регионализъм и Антиглобализъм,* Албатрос, София, 2005, стр.54.

[100] Види во: Vidojevic Z., *Kuda vodi globalizacija*, Filip Visnjic, Beograd,2005, str.111.

предизвикува нестабилност. Односно како што вели *Робертсон*, „фрагментацијата не е само реакција на глобализацијата туку нејзин аспект и креација“.[101]

Значи процесот на глобализацијата освен што поврзува и произведува трансформација на просторот и времето, негово згуснување и обединување, тој доведува и до нови сложени процеси, настани и неизвесности кои го разединуваат и разбиваат времето и просторот. По се изгледа дека колку што повеќе светот станува глобализиран, (на економски, технолошки, политички и културен план), толку повеќе истиот се регионализира, фрагментира и локализира. Овие три процеси, (регионализација, фрагментација и локализација), или параметри, (како што ги именуваат некои автори), се сметаат како внатрешни елементи на глобализацијата а не нејзини контрапроцеси.[102] Гледано од друг агол, овие динамични процеси ќе доведат до голем степен на трансформација на национално и наднационално ниво, а притоа предизвикувајќи и „турбуленција“ во глобалните политичко-економски односи. Секој од овие последични процеси од глобализацијата се меѓусебно поврзани и зависат од начинот на кој промените што ќе се појават во еден од нив може да предизвикаат промени врз останатите два процеси.[103]

За повеќето реномирани автори процесите на глобализацијата се главниот виновник за дезинтеграцијата од кои "најзаслужни" се технолошките и економските достигнувања кои овозможија силен проток на идеи, информации, капитал, добра и услуги низ транспланетарниот простор. Овие текови кои имаа кумулативен ефект, придонесоа за ерозија на границите, ослабување на државите, "одземање" на суверенитетот и генерираа контра реакции и незадоволства кај одредени заедници и групи. Покрај нив, хетерогеноста на одделни држави, градењето на мултикултурниот концепт на општества и масовните миграции овозможија одредени етничко-јазични групи да ги остварат своите желби за автономија. Спротивставената борба на локалното со глобалното, универзалното со

---

[101] Исто, стр.112.
[102] Исто, стр.113.
[103] James N. R., *The Dynamism of a Turbulent World*, in: World Security-Challenges for a New Century, Michael T. Klare, Yogesh Chandrani (eds), third Edition, St. Martin's Press, New York, (1998): 18-35.

партикуларното ја разгори тенденцијата за отцепување на малцинските заедници од од мнозинството и формирање на свои политички заедници. Така што, без разлика на степенот на развој на државите, речиси не постои место на земјината топка кое не било обремено или е зафатено со процесот на дезинтеграција по разни основи.

### 3.2.1. Процесот на фрагментација и реперкусиите врз државата

Претходно истакнавме дека факторите на фрагментацијата се од различна природа како што се промена на економската структура, растечката нееднаквост, имиграцијата, културна разноликост, незадоволство од централизација на државата, економска несигурност, дефицит на демократија, појава на национализам, неспособност на централната власт да го заштити населението и да ја одржи безбедносната состојба на задоволително ниво, отсуство на ефективно управување во државата и сл.

Многумина сметаат дека капитализмот, како олицетворение на глобализацијата, на некој начин ги предизвикува способностите на државите. Па се запрашуваме да ли преку капиталот, процесот на фрагментација ќе добие поинаква динамика што ќе биде главна опасност за државата и општо за мирот и стабилноста во светот? Да ли е неизбежен судирот помеѓу силите на дезинтеграција и интегративните динамики кои ги промовира глобализацијата?

Одговорите на прашањата, ќе ги побараме преку анализа на повеќето примери во изминатите неколку децении од развојот на меѓународната заедница.

Предвидувањата кои говореа за елиминирање на државата во глобалниот систем е противречен на податоците кои говорат за појава на новите држави во рамките на меѓународниот систем.

Имено, од почетокот на основањето на ООН, до 1980 година бројот на државите членки на ООН се зголемил од 51 држава во 1945 год. на 154 држави членки. Ваквото рапидно зголемување на бројот на држави кои се одлучиле за независност во овој период се лоцира во проблемите што ги оставиле колонијалните сили и

подршката што ја добиле некои земји од опонентите во Студената војна. Последната деценија од крајот на блоковската поделеност, (периодот од 1980 до 1990 год.) не изобилува со големи промени во самоопределувањето на државите, односно бројот се зголемил за само 5 нови членки на ООН. Или земено просечно на годишно ниво од 1950 до 1990 година се формирале по 2 нови држави.[104]

Крајот на Студената војна носи низа промени на глобално ниво. Последиците од истата најпрво ги почувствувале државите од Источна Европа, меѓу кои поранешните Советскиот сојуз, Југославија и Чехословачка. Поради познатите случувања доаѓа до значителен пораст на новонастанати држави и тоа од 159 во 1990 год. на 189 држави во 2000 година, односно, на годишно ниво од 1990 год. до 1998 год. просекот на нови држави изнесува 3,1. Причините за фрагментација се наоѓаше во распаѓањето на економските и политичките системи, како и во порастот на национализмот, преку кои одредени националности сакаа да го изразат сопствениот идентитет. Почетокот на 21 век бележи нови дезинтегративни процеси. Од 2001 год. до 2008 бројот на новите држави минимално се зголемил и тоа за само три држави членки на ООН ( меѓу кои е и признавањето на Црна Гора во 2006 год.).[105] Но, според некои проценки доколку продолжи процесот на фрагментација од сегашните 208 држави во светот, во иднина би можело тоа да се зголеми од 500 до 1000.[106]

Вообичаено како причини за ваквата состојба се посочува економијата, односно етничките групи кои сакаат автономија тврдат дека државата е одговорна за нивното економско заостанување. Значи од една страна државата за да се адаптира на процесот на глобализација потребно и е да ја интегрира националната економија со цел да конкурира на светскиот пазар, а од друга страна процесот на

---

[104] *Growth in United Nations membership 1945-present*, достапно на : http://www.un.org/en/ members/ growth .shtml.

[105] Исто.

[106] Kigli C.V., Vitkof J.R., *Svetska politika, trend i transformacije*, Centar za studije jugoistocne Evrope, Fakultet politickih nauka, Diplomatska akademija, Beograd,2004; Vidojevic Z., *Kuda vodi globalizacija*, Filip Visnjic, Beograd, 2005, str.121.

фрагментација ја води националната држава во обратна насока, принудувајќи ја да создаде конкурентност на сопствената економија на национално ниво.[107]

Значи после Студената војна сведоци сме на паралелни процеси на интеграција и дезинтеграција, каде што Западот се интегрираше, додека Истокот се фрагментираше. Но, денес присутен е страв дека можната фрагментација на одредени региони би продуцирале нови сили на влијанија и појава на ново ривалство со поголем притисок од страна на покохерентните структури - стожери на капиталистичката моќ.

Но, затоа пак можеме да се согласиме дека за некои земји процесот на фрагментација делуваше просперитетно, за разлика од некои претходни интегративни и дифузни структури. Процесот на фрагментација стимулиран од феноменот глобализација, на некои источноевропски земји и народи им донесе можност да стекнат поголема моќ во меѓународните односи. За разлика од нив државите од западниот свет со висок степен на економски развој и ниво на демократија вложуваа дополнителни средства и напори, (преку исполнување на правата на малцинствата и подобрување на животниот стандард), да го поттиснат незадоволството кај заедниците и да ги одвратат од идејата за самоопределување и дезинтеграција од државата.

Констатациите дека процесот на фрагментација ги зафаќа само неразвиените држави од Источна Европа и Африка е противречен и дискутабилен. Постојат повеќе примери кои говорат за настојувањата на одредени етнички групи за потполно или делумно издвојување од државата и од развиените западни демократии. Меѓу развиените земји во кои дел од населението тежнее кон сецесија или автономија се Канада и проблемот со Квебек, движењата за отцепување во северна Италија, Каталонија и Баскија во Шпанија, судирите кои се појавуваат помеѓу фламанците и валонците за автономија во Белгија и регионалните движења на шкотите и велшаните во Велика Британија.

---

[107] Vidojevic Z., *Kuda vodi globalizacija*, Filip Visnjic, Beograd, 2005, str.178.

Воочивме дека процесите на глобализација не ги погодуваат само неразвиените земји, туку и земјите од развиениот - „прв свет“. Без разлика што тие ја преферираат неолибералната интегративна политика, сепак за дел од нив партикуларизмот е единствена опција. За разлика од развиените земји, фрагментацијата ги водеше земјите во развој кон вооружени конфликти, нестабилност и судири. Фрагментацијата на овие неразвиени мултинационални и мултикултурни земји, спроведена по должината на етничките линии на раздвојување водеше кон катастрофални последици. Тоа покажува дека во услови на современа глобализација територијалноста сеуште преставува важна особина како за развиените така и за неразвиените земји, бидејќи државите секогаш ќе се спротивстават на оние кои го загрозуваат нивниот територијален интегритет. Поединечни примери укажуваат на тоа дека територијата е сеуште важна а причините можат да бидат поради ресурси (Ирак со Иран и Ирак со Кувајт), традиција, националност и религија, (делумно - Босна, Косово, Палестина, Кипар, судир помеѓу Јужен и Северен Судан, помеѓу Кина и Тибет, Кина и Тајван), пристап до транспорт и територија со стратегиско значење, (Индија и Пакистан околу Кашмир) и сл.[108] Или давање територија поради нејзината незначителност (продавањето на Аљаска на САД од страна на Русија).

Од друга страна, постојат многу нации кои немаат целосна независност од својата држава а имаат висок степен на автономија како на пример Квебек (покраина во Канада) и Фландрија (област во северна Холандија). Некои отидени дотаму што имаат свои одсеци за надворешна политика и преставништа во странски земји.Во некои други случаеви субдржавните власти, покраини или локални власти имаат развиено меѓусебна мултилатерална соработка одвоена од државната власт, како што е например мрежата *Four Motors* во Западна Европа која функционира од 1988 год. и ги поврзува Баден-Виртемберг, Каталонија, Ломбардија и областа Рона - Алпи и истите соработуваат за прашања поврзани за економијата, културата, образованието, технологијата и др. Сличен пристап има и од страна на подржавните власти во Баварија, Квебек, Горна Австралија и Западната обала кои оформиле

---

[108] Бузан Б., *Луѓе, држави и страв: Проблемот со националната безбедност во меѓународните односи*, (превод), Академски печат, Скопје, 2010, стр.83.

мултилатерално здружение за прашања од *hi- tech* индустријата. [109] Ова е показател кој говори дека државите ќе имаат се помала улога во однос на богатите региони и покраини чија моќ е во континуиран пораст.

Создавање држави според микронационалните идентитети е погрешно решение доколку се земе предвид податокот дека само во 1990 година делувале повеќе од 800 идентитети во светот кои фигурирале во помалку од 200 држави.[110] Додека на почетокот на 21 век се проценува дека во светот егзистираат меѓу 2.000 и 5.000 различни етничко-јазични групи.[111] Според тоа, хипотетички земено, може да се формираат повеќе од 1.000 држави во светот, а соглед дека во рамките на секоја држава постојат барем по две до три етнички, културни или религиски групи кои припаѓаат на соседни или на други поддалечни земји, процесот на фрагментација сигурно би траело донедоглед.

Од погоре изнесеното може да се констатира дека ако во минатото државите се распаѓале првенствено како последица од војните меѓу нив, а пак подоцна војните се водени во интерес на интеграција и обединување на државите, денес се случува обратен процес, државите се повеќе се дезинтегрираат по насилен пат. Како можни начини за фрагментација на државите во неразвиениот свет се појавуваат иредентизмот, сецесионизмот и сепаратизмот, процеси кои се спротивставуваат на процесите на глобализација и регионализација.[112] Некои автори (меѓу кои и Неизбит) предвидуваат економските променливи процеси и брановите на сецесионизмот што ќе го охрабрат новиот трибализам, и ќе го зголемат бројот на новонастанатите држави во светот на околу 1000.[113]

Според досега кажаното, веројатно доаѓаме до ситуација во која е тешко да се предвиди дали економските процеси ќе одат во насока на создавање на глобална економија од која сите држави ќе имаат полза или нешто сосема поинаку каде што со процесите на глобализација, истовремено ќе се движат и процесите на

---

[109] Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje) CID, 2009, str.205.
[110] Исто.
[111] Global Trends 2015.
[112] Plevnik J., *Iza globalizacije*, Golden marketing, Zagreb, 2003.
[113] Види во: Vidojevic Z., *Kuda vodi globalizacija*, Filip Visnjic, Beograd, 2005, str.121.

регионализација и фрагментација, кои се насочени не само кон дезинтеграција на светската економија, туку и дезинтеграција на политиката и културата. Останува да се види дали во иднина ќе надвледеат „силите на интеграција“, меѓузависност и градење на мултикултурализам, (сфатен како заеднички живот на различни нации и култури во една политичка заедница), или пак „силите на фрагментација“, „гладот за идентитет“ и „борбата за освојување територии“.[114]

### 3.2.2. Безбедносни импликации од фрагментацијата

Парадоксално е тоа што живееме во време кога светот истовремено се обединува - интегрира и разединува - фрагментира. Во иднина процесот на фрагментација ќе преставува исклучително ризичен и контрадикторен феномен кој може да ја успори динамиката на глобализацијата. Претходно истакнавме дека ефектите од глобализацијата, (како регулатор на светските процеси), ја ослабнува моќта на државата а со тоа овозможува секоја група, нација егоистично да ги застапува своите интереси и да доведат до нови опасности, конфликти и дезинтеграциони процеси. Се работи за заедничката платформа на овие два процеси кои се преклопуваат и разидуваат меѓусебно.

Во тој контекст *Розенау* вели „главна карактеристика на фрагментацијата е тоа што нејзините процеси ги премостуваат внатрешно - надворешните граници, а се резултат од технолошките иновации, економијата, зголемениот број на организации, различни мотиви на луѓето, од туристи до терористи. Сите заедно придонесуваат за поголем проток преку границите но и прави внатрешно - надворешните граници да бидат повеќе порозни“.[115] Тој напоменува дека сегашната доба не е само на глобализација, туку и на фрагментација бидејќи актуелните динамики ќе придонесат кон „тензии помеѓу центарот и периферијата, помеѓу националните и транснационалните системи, помеѓу комунитаризмот и космополитизмот, помеѓу културите и субкултурите, помеѓу државите и пазарите,

---

[114] Clark I., „*Globalization and Fragmentation: International Relations in the Twentieth Century*“, Oxford University Press, 1998.Достапно на : http://www.guestia.com/PM.

[115] Розенау, Џ., „*Управување со новиот глобален поредок*“, во: Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување,(превод), Академски печат, Скопје, (2010) :78-97.

помеѓу универзализмот и партикуларизмот". Секоја од овие тензии имаат бројни варијанти, имаат различни форми во различни делови од светот и во одделни земји, при што интегративните и дезинтегративните сили лежат во срцето на глобалните случувања.[116] Тој ги посочува *микро актерите* како важен фактор за динамиката на фрагментацијата. Всушност тоа се индивидуите - граѓаните и туѓинците, консумерите и инвеститорите, мигрантите и работниците, кои можеби преставуваат најдестабилизирачки причини за фрагментација, а можат да прераснат во моќна кумулативна сила за појава на небезбедност. Тие ќе настојуваат да ги одбегнат локалните норми поради стравот дека можат да го изгубат идентитетот а притоа да ги отфрлат и глобалните норми.[117] Покрај нив тука се и различни групи, движења, организации како тригер за фрагментација како што се терористите, сецинистички и социјалните движења, движења за човековите права и здрава животна средина кои често се противат на националните и меѓународните организации и институции како ММФ, СТО, НАТО и ја зголемуваат ранливоста и нестабилноста во регионални и глобални размери. Значи ли тоа дека ни претстои период во кој локализацијата може да доминира и да се спротивстави на моќните сили на глобализација?

Најкритично ќе биде во оние региони - погранични области кои се наоѓаат помеѓу или во рамките на државите кои преставуваат турболентна "сеизмичка" зона од која и во минатото произлегле редица конфликти и војни. На пример Северна Ирска која наликува на гранична зона помеѓу Обединетото кралство и Ирска, потоа Кашмир, погранична област меѓу Индија и Пакистан, Косово кое може да се определи како гранична зона меѓу Србија и Албанија и Р. Македонија и разни други региони и области. Независно под чија контрола се наоѓаат териториите таму каде што се пресретнуваат две култури истите преставуваат "трн во око" за националните и меѓународните политички авторитети.[118]

---

[116] Rosenau, J., *Stability, Stasis, and Change: A Fragmegration World* in: The Global Century: Globalization and National Security, Institute for National Strategic Studies, National Defense University,Washington D.C., (2001): pp.127-153.
[117] Исто, стр.139.
[118] Фридман, Джордж. *Следвашите сто години Геополитическа прогноза за XXI век,* София: НСМ Медиа, 2009, стр.106.

Веќе изложивме дека динамиката на глобализацијата релативно ја намалува моќта на државата која веќе не е во состојба да ја форсира само поединечна нација а да ги исклучи останатите. Ова им "дава за право" на исклучените ентитети да се изборат за своја држава преку одделни форми на насилство, терор или војна при што периодот за создавање на своја држава е долг а трае и по неколку децении. Такви искуства имаат доста заедници и малцинства стационирани во нестабилните региони како што се Балканот, Средниот Исток и Африка. Од безбедносен аспект се изнесуваат некои податоци според кои во периодот од 1945 до 1990 година околу стотина малцински заедници се инволвирани во насилни конфликти во нивните земји а како последица на тоа се појавуваат геноциди, етнички чистења, масовни политички убиства, милиони бегалци и повеќе од 10-$^{тина}$ милиони жртви. Се проценува дека 1/6 од светската популација или повеќе од милијарда луѓе се политички активни и се борат за независност и автономија во рамките на своите земји или за основни човекови слободи и права.[119]

Субдржавните групи распространети во неколку држави (на пр. Шиитите, Сунитите и Курдите кои живеат на териториите на Ирак, Иран, Турција и Сирија) а кои имаат за цел создавање на своја држава, може да создадат хаос на целиот Среден Исток. Да не го заборавиме афричкиот континент[120], во кој сеуште постојат траги од старите колонии чии бројни сегментирани административни единици и измешани националности, религии и племенски заедници настојуваат да создадат своја држава. Исто така, постои тенденција од фрагментација на арапскиот и

---

[119] Morgan,P.M., *International Security: problems and solutions*,CQ Press, 2006, Washington D.C., p.153.

[120] Еден од поистакнатите примери во Африка се настаните во Демократска Република Конго, земја која беше зафатена со војна од 1996 до 2006 година, (нарекувана како Африканска светска војна), во која речиси 4 милиони луѓе ги загубиле животите како резултат на етничките судири, граѓанската војна, сиромаштијата и болестите.Оваа земја како досега така и во иднина ќе има значителни реперкусии, фрагментации и етнички поделби каде што локалните војски ќе се борат за минерали и дијаманти и други ресурси. Најголем проблем е тоа што во оваа земја постојат 250 етнички групи и се говорат 242 различни јазици.Слична е состојбата и во Нигерија, во која живеат 120 милиони луѓе и постојат повеќе од 300 дијалекти. Неможноста да се изгради културно и национално единство, земјата е зафатена со безброј борби помеѓу различните етнички групи. Инаку оваа земја поседува огромни нафтени резерви и сеуште се наоѓа под авторитативна власт, поради која се наоѓа во канџите на сиромаштијата. Извор: Бејлис Џ., *„Меѓународна и глобална безбедност"*, во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи,(превод)Табернакул, (2009):226-241; Gidens, E. *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007, str. 447.

муслимански свет чии земји и региони се потенцијални жаришта на конфликтност и безпоредок.

Ситуацијата би била уште посложена доколку земјата е под надзор на меѓународни вооружени сили. По однос на тоа *Бжежински* вели „создавање на национално единство под окупација е безмалку илузорна идеја“.[121] Искуството од минатото покажува дека земјите кои тежнееле кон самоопределување најпрвин морале да ги имплементираат демократските вредности, што секогаш се случувало со помош и под закрилата, (протекторат), на меѓународните безбедносно-воени организации како што се ООН, НАТО или ЕУ. Нивна задача била да го заштитуваат населението во новите независни земји со цел успешно да се имплементира демократскиот поредок. На пример, такви беа случувањата во земјите на поранешна Југославија каде што фрагментацијата и поставувањето на демократијата беше под мониторинг на силите на ООН, како и при прогласувањето независност од страна на Источен Тимор во 1999 год., и присуството на НАТО силите при прогласувањето на независност на Косово.

Оттука се чини дека ни престојат периоди во кој системското отсуство на поредок ќе предизвика процесите на дезинтеграција да бидат повеќе актуелни а околу кои ќе се водат политичка и друг вид на борба. Нееднаквостите кои ги продуцира глобализацијата ќе бидат доволен тригер за фрагментација на одделни земји, региони и меѓународни организации, бидејќи и малите разлики и нееднаквости можат да бидат силен импулс за сепаратизам и автономија чии последици ќе се рефлектираат врз мирот и безбедноста во пошироки рамки.

### 3.3. Меѓузависноста како суштина на стратегискиот концепт на глобализацијата

Во теориите за интеграција често се споменува големата меѓузависност како главен концепт или доктрина која ги обединува и води земјите, народите и организациите кон соработка и кон остварување на заедничките цели. Овој концепт се дефинира „како ситуација во која настани во една држава или општество или дел

---

[121] Бжежински З. и Скокрофт Б., *Америка и свеш̄ъш̄*, София, 2010, стр.55.

од светот влијаат на останатите народите и каде постои извесен степен на меѓусебна зависност или реципрочни врски и влијанија меѓу вклучените страни".[122] Меѓузависноста помеѓу економиите постоела отсекогаш, уште од античко време со тоа што била изразена на поинаков начин. Со текот на времето и со порастот на прекуграничниот проток на луѓе, стоки и услуги во областа на трговијата, финансиите, технологијата, комуникациите, информациите и интерперсоналните контакти доведе до зближување и поблиски релации на различни делови и региони од светот. Оттука постојат повеќе видови на меѓузависност кои не се однесуваат само на релациите помеѓу државите туку на дејства кои ги поминуваат националните граници а се резултат од делувањето на владините и невладините актери.

Според одделни автори меѓузависноста и глобализацијата се поими кои често се заменуваат. Односно во 70-тите години овој израз преставувал синоним за глобализација, но и биле поими кои имаат слично значење. Имено концептот на меѓузависност е присутен во класичната дефиниција за поимот глобализација, односно, меѓузависноста се толкува како важен елемент на глобализацијата.[123] Концептот на меѓузависност преставува ново размислување во меѓународната политика. Всушност меѓузависноста се однесува на ситуациите во кои сите учесници или настани во различни делови од светот влијаат едни на други или се зависни едни од други.

Иако денес постојат големи разлики помеѓу народите, сепак меѓузависноста и се поголемото поврзување на светот придонесоа за исчезнување или намалување на културните разлики и стекнување на слични навики и обичаи. Секако најзаслужни за тоа се интернационализацијата на одредени економски активности и соработка кои создадоа услови земјите да се доближат едни до други, и да бидат дел од интеграционите процеси. Тоа посебно е изразена меѓу капиталистичките држави кои со обединување на ресурсите си обезбедија напредок и сигурност. Но, освен во економијата дали меѓузависноста е изразена и во останатите области? На пример

[122] Viotti P.R., Kauppi M.V., *International Relations and World Politics: Security, Economy, Identity*(third edition), Pearson education, New Jersey, 2007, p.6.
[123] Plevnik J., *Iza globalizacije*, Golden marketing, Zagreb, 2003.

многу малку се говори за меѓузависност во политичката димензија, особено ако се разгледа состојбата на регионалните организации кои настојуваат да ја "одземат" политичката власт и надлежностите на државите и истите да се префрлат на наддржавно ниво.

Меѓутоа преку притисокот од економските и информатичко-технолошките процеси на глобализацијата, настанаа значајни промени во односот помеѓу концептите на независност и меѓузависност. Со компресија на просторот и времето е направен *"скок во просторот"*, (*space jump*), при што случувањата од еден дел на светот се рефлектираат на другите делови. Покрај тоа намалени се или укинати географските вредности како место, положба, подрачје, граница и оддалеченост. Тоа е посочено во дефиницијата за глобализација која ни ја дава *Робертсон,* а гласи дека „глобализацијата е концепт кој се однесува на згуснување на светот, на глобалната меѓузависност и свеста за глобалната целина".[124] Првиот дел од дефиницијата за глобалното згуснување посочува на растечкото ниво на меѓузависност на националните системи преку трговијата, воените и безбедносните алијанси и културата. Додека во вториот дел, свеста за глобална целина посочува на тоа дека светот се повеќе ќе се обединува, (односно внимава да не каже дека е се повеќе интегриран), преку ангажирање на земјите во економска, воена, политичка и културна размена преку границите а кои се истовремено кооперативни и конфликтни. Меѓузависноста се очекува да придонесе за една систематизација на светот во сите сфери.Тоа значи дека ниедна мала или голема земја, развиена или неразвиена, не може да се најде надвор од постоечкиот меѓународен поредок, уште помалку да биде изолирана и/или затворена. Глобализацијата како процес има функција да ја зголемува и поттикнува меѓузависноста и интегрираноста на светот. Затоа меѓузависноста се смета како една од најважните карактеристики на глобализацијата која ги поврзува и зближува државите и останатите актери во меѓународните односи.

Но, не секогаш меѓузависноста води кон успех, таа има позитивни и негативни ефекти. Испреплетената и разгранета мрежа на меѓузависност

---

[124] Robertson R., *Globalization*, London, Sage, 1992, p.8.

придонесува за помала функционалност на суверените држави во решавање на актуелните проблеми, особено во современите глобализациски услови каде што се присутни повеќе актери со различно влијание на меѓународната сцена. [125] Покрај тоа, се случува прикриените намери на развиените земји меѓузависноста да ја искористат на штета на послабите земји. Во услови на нееднаквост помеѓу земјите меѓузависноста значи поголема зависност и "дозвола" за политичко мешање и агресивно наметнување што често штети на социјалните добра и благосостојба на зависните земји.[126] Односно, теориите за објаснување се релевантни кога станува збор за односите на меѓузависност меѓу земјите од западната зона на мирот, а ирелевантни при толкувањето на односите на меѓузависнот меѓу земјите од Северот и Југот чија моќ е далеку од урамнотежена.

Се поставува прашањето да ли взаемната меѓузависност и глобализацијата се исти или спротивни процеси? Меѓузависноста е еден од важните атрибути на глобализацијата во релациите и односите помеѓу земјите и другите актери на меѓународната сцена. Со тоа што меѓузависноста помеѓу земјите и другите субјекти варира во зависност од инволвираноста на земјата по одредени прашања, односно како процес на асиметрична меѓузависност што може да предизвика ранливост на повеќе зависните субјекти, посебно доколку немаат други алтернативни решенија. На пример меѓузависноста во енергетските ресурси на земјите од западниот свет и земјите богати со нафтени резерви. Досега соработката меѓу нив се одвива нормално, но што ако дојде до политички промени кои нема да дозволат извоз на нафтени ресурси во развиените земји? Тоа би направило економска штета и ранливост на западните општества, доколку немаат алтернативни извори за снабдување со енергенси.[127] Оваа асиметрична меѓузависност може да пркоси на процесите на глобализацијата бидејќи создава јаз меѓу помалку и повеќе зависните општества.

---

[125] Simic R.D., *Svetska politika, Medudrzavni i medunarodni poredak*, Svetska politika, Globalni odnosi, Fakultet politickih nauka i Cigoja stampa, Beograd, 2009, str.101.

[126] Bagvati Jagdis, *U odbranu globalizacije*, Sluzbeni glasnik, 2008, str.269.

[127] Viotti P.R., and Kauppi M. V.,*International Relations and World Politics, Security, Economy, Identity*, Fourth Edition, Pearson Education International, 2009, p.466.

Во тој контекст *Нај*[128], правејќи споредба помеѓу зависноста на земјите во меѓународните односи, констатира дека помалку зависната земја е таа која преставува извор на моќ. Тој говори за еден вид на асиметрична меѓузависност, каде што едната страна е потполно зависна, а другата не е воопшто зависна, а тоа доведува до потполна нерамнотежа во меѓународните односи. Оваа асиметрија е срж на политиката на меѓузависност.

Имено, после завршувањето на Студената војна се очекуваше меѓународните организации да влијаат на намалување на постоечката асиметрија во меѓусебните односи. Но, институциите и организациите како ЕУ, НАТО, ММФ, СТО, НАФТА, ООН, наместо да ја редуцираат изразената асиметрична меѓузависност, тие ја зголемија и подредија во интерес на развиените земји. Така, меѓузависноста прерасна во неизедначен и неуниверзален процес, бидејќи државите се обидуваат на праведен или неправеден начин да стекнат економска, политичка или воена надмоќ со цел да ги надминат своите опоненти и конкуренти. Флуктуациите предизвикани од процесите на глобализација, ги принудија државите постојано да се натпреваруваат, при што во многу нешта меѓусебната зависност се трансформираше во индивидуалност и затвореност.

Денешните безбедносни закани и опасности, изразени на повеќе начини, бараат од државите и организациите поголема соработка и координација, бидејќи ниту една земја не ќе може индивидуално да се справи со нив. Затоа во иднина се очекува меѓузависноста изразена преку разните форми на соработка, да ги вклучи сите земји, (без разлика на нивната моќ и големина), активно да делуваат пред се во насока на решавање и превенција на конфликтите, а со тоа ќе се достигне едно повисоко ниво на вмреженост која ќе овозможи обликување на светот врз основа на заеднички прифатливи норми. Од тој аспект, со порастот на меѓузависноста меѓу државите, се очекува секоја од нив да сноси одговорност во глобалниот систем, а истовремено ќе бидат принудени да се придржуваат до стандардите кои водат кон стабилизирање на меѓународниот поредок. Оттука сметаме дека меѓузависноста треба да придонесе кон мирот и стабилноста.

---

[128] Joseph S.Nye, Jr., *Understanding Internatiomal Conflicts An Introduction to Theory and History*, Fifth Edition, Pearson Education, Inc., New York, 2005.

# 4. ПОЛИТИЧКИТЕ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

## 4.1. Општи напомени

Речиси неполни четири века опстојува Вестфалскиот модел на суверени држави. Тоа подразбира дека државата има највисока власт и моќ во случувањата на нејзина територија, а територијалниот интегритет и суверенитет се неповредливи а и мешањето во внатрешните работи на суверената држава е недозволиво. Моделот на западниот либерален политички систем се смета за креатор на политичката димензија на глобализацијата, која сеуште се сфаќа како општо прифатлива и верифицирана универзална цивилизациска вредност.[129]

Но, крајот на 20-от век ги става спомнатите работи под сомнение поради промените и новите форми на соработка и учество на нови актери на меѓународната сцена, кои делуваа надвор од принципите на Вестфалскиот модел. Со тоа современата политичката димензија на глобализацијата поставена врз база на западниот (нео) либерален политички концепт драстично ја промени улогата на државата. Новите облици и форми на соработка и меѓузависност успееа да создадат поинакви стандарди кои силно ги засегнаа државите, особено земјите со послаб степен на развој.

Проширената мрежа на активности, случувања и одлуки придонесоа за интензивирање и продлабочување на политичките процеси кои тешко се разликуваа во смисла дали се работи за домашен или меѓународен аспект. Со тоа глобалната политика, покрај традиционалните проблеми се судри и со поинакви, (еколошки, економски, безбедносни и општествени), ситуации за кои беше потребна меѓународна соработка за нивно разрешување. Оттука транснационалните проблеми и прашања можеа да се решаваат преку поинакви политички ангажмани, регионална и глобална регулатива а со помош на регионални и глобални организации, институции и иницијативи.

---

[129] Нацев З. и Начевски Р., *Безбедност и националната одбрана*, Македонска ризница, Куманово, 2001, стр.197.

Ефектите од глобализацијата оставија консеквенци врз националната и глобалната политиката што резултираше од следниве трендови кои меѓусебно се поклопуваат : (1) поттиснување на геополитиката од страна на геоекономијата; (2) мутација на меѓународните безбедносни проблеми кои се во пораст поради преместувањето на безбедносните закани од меѓудржавно ниво во рамките на општествата и (3) пораст на интензитетот на конфликти помеѓу различни системски вредности и идеологии, (како на пример меѓу оние кои ги застапуваат западните демократии и оние кои се незападно ориентирани). Овие трендови кои се поклопуваат меѓу себе имаат силно влијание и водат кон дифузија на моќта и ерозија на структурите на меѓународниот поредок.[130]

Меѓународната сцена ја сочинува мешавина од различни актери кои имаат свои интереси и влијаниа. Покрај државите и меѓународните организации, меѓу нив се транснационалните коорпорации, недржавни организации, невладини организации како *Green Peace*, *Amnesty International, Al Qaeda*, групи, заедници или индивидуалци како *Џорџ Сорос, Бил Гејтс* и други. Сепак повеќето од нив поради различните интереси можат да придонесат, но и да ги опструираат целите на меѓународната политика. Затоа тие мора да бидат координирани и вклучени во процесите на донесување на одлуките посебно за оние ситуации кои се наоѓаат вон националните граници, бидејќи државите не се веќе единствени центри на моќ во светот.

Оттука наша цел во овој сегмент е да се проучи улогата на државата во современите услови на глобализација, да се проникне во односот меѓу демократија - глобализација и реперкусиите врз мирот и безбедноста, како и да се утврди улогата и значењето на меѓународните организации и недржавни субјекти, (види *прилог бр.1- политички аспекти на глобализацијата*).

### 4.2. Концептот на држава во современите глобализациски процеси

Процесите на глобализација доведоа до суштински промени и преформулирање на концептот на држава, намалувајќи ја нејзината улога, влијание

[130] Maull W.H., „*World Politics in Turbolence*", International Politics and Society, Friedrich-Ebert-Stiftung, IPG 1/ 2011, pp.11-25.

и контрола. Истовремено се бараат нови алтернативни начела според кои ќе функционира современата држава усогласени со новите промени предизвикани од глобализацијата.

Односно, постојат различни мислења и тврдења за тоа да ли во новите околности каде што се вкрстуваат меѓународното и националното, државата доживува една континуирана криза во територијалноста, суверенитетот, организациониот облик, легимитетот и контролата над средствата за употреба на сила? Дали со појавата на меѓународните организации, наднационалните тела и недржавни актери и групи, како важни субјекти на меѓународна сцена, ја поттиснаа суверената држава како носител на права и обврски? Одговорот би бил во контекст на следниве видувања.

Многу облици на активности и одговорности на државата, (во сферата на одбраната, пазарите, комуникациите, правото и др.), не можеа да се остварат без приклучување кон одделни меѓународни меѓудржавни форми на соработка, недржавни актери и интеграција во регионалните и глобалните организации без кои државата не може адекватно да ги решава проблемите. Овие промени го определуваа модерниот облик на држава, материјална инфраструктура, надворешна улога, организациона структура и итн.[131] Односно, динамиката на глобализацијата создаде повеќе пречки во функционирањето на националните држави во повеќе области.

Постојат неколку теоретски видувања кои ја илустрираат промената на улогата на државата во однос на глобализациските процеси. Едно од нив е дека е лимитирана државната моќ од страна на некои други економски авторитети кои можат да и донесат побрз развој, но и назадување. Имено, по завршување на Студената војна интезитетот на глобализацијата придонесе за радикална реконфигурација на времето и просторот при што државата беше прва на удар. Па оттука и за прв пат се употребиа термините како *детериторизација* и *ретериторизација и ренационализација и наднационализација* а кои ги опишуваат

---

[131] Held D., *Demokratija i globalni poredak: Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini*, Filip Visnjic, Beograd, 1997, str. 70, 71, 112.

новонастанатите промени поврзани со процесите на глобализацијата.[132] Територијалноста некои ја преставуваат како сопственост на капиталистичката држава за која не постои простор надвор од рамките на националната држава каде што таа може да ја ефектуира својата моќ. Според *Бек* „националната држава изгледа како зомби која сеуште изгледа жива, но всушност е мртва", бидејќи со глобализацијата се настанати нови простори и рамка на делувања, а политиката веќе не делува во рамките на внатрешните граници и држави, а последица на тоа се новите играчи, новите улоги, новите ресурси, новите цели, непознати правила и новите противречности и конфликти.[133] За овој автор глобализацијата, а не државата ја дефинира и менува арената на делување, така што ги менува правилата на моќ во меѓународните односи. Во зависност од новите преструктуирања моќта на државата симултано се минимизира и максимизира. Тоа се должи на економската глобализација која се движеше побрзо од политичката, а државата стана "роб" на пазарите и трговијата што не било така во минатото каде што таа господарела со пазарите.

Новонастанатите промени во глобални размери влијаеја не толку врз нејзината моќ колку врз слабеењето на нејзините функции изразена во три сегменти и тоа: (1) во одбраната, (поврзано е со заштита од надворешен напад на државата, што во денешно време е се помалку веројатно); (2) финансии (заштита на сопствениот монетарен систем, поради се поизразените економски и политички интеграции во кои овластувањата се префрлаат на наднационалните институции) и (3) неможноста државата да одржи одредено ниво на благосостојба, поради рушењето на политичките и економските бариери од страна на мултинационалните компании и меѓународните финансиски организации.[134] Но, одделни автори имаат спротивен став, во однос на претходното, односно дека улогата на државата е сеуште важна. Па така *Гиденс*, кој прави компарација помеѓу државата и

---

[132] Aronowitz S. and Bratsis P., *Paradigm Lost State Theory Reconsidered*, University of Minnesota Press, Minneapolis, 2002.

[133] Beck U., *The Fight for a cosmopolitan future*, New Statesman Nov 5, 2001 p.34; Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije*: Nova svjetskopoliticka ekonomija, Skolska knjiga, Zagreb, 2004, str.23.

[134] Turek F., *Globalizacija i Globalna sigurnost, Hrvatska udruga za medunarodne studije* – HUMS, Varazdin, 1999, str.37.

гигантските компании смета дека „државата има територија а компаниите немаат, државите имаат пристап до воената моќ и ги држат под контрола средствата за насилство, додека компаниите тоа го немаат и дека државите се сеуште одговорни за воспоставување на законската регулатива која влијае и на корпорациите".[135] Исто така и *Хантингтон*, истакнува дека државите ќе останат во фокусот на светските случувања. Од политичко-безбедносен аспект, тој вели дека тие имаат „војска, водат дипломатија, потпишуваат договори, управуваат со меѓународните организации, влијаат врз производството и трговијата и водат војни".[136] Додека, според *Бузан* националната, (државна), безбедност е таа која ги одредува индивидуалната и меѓународната безбедност. Тоа значи дека суверената територијална држава сеуште останува стандардна единица за безбедност, интервенира на пазарите, има пристап до природните богатства, посредува при економски кризи и нестабилности, нивелира прифатливо ниво на благосостојба, ги одредува условите за развој на традицијата, културата, идентитетот и обичаите.[137] Според искажаното, произлегува дека таа воопшто не е маргинализирана или исфрлена од глобалниот контекст. Тоа на пример се потврди и во условите на глобалната рецесија, каде што банките и компаниите бараа помош од државите за спас од финансиската криза, во социјалната сфера и слично.

Но, во современите услови на глобализација секоја држава е "приказна сама за себе", затоа што различниот пристап во партиципирањето во глобалната игра на моќ, некои ги прави победници а други губитници. Тоа зависи од изборот на државите и нивните можности за прилагодување кон променливите околности. Во зависност од флексибилноста на државите се детерминира нивната развојна и просперитетна иднина. Односно, од нив зависи дали ќе успеат да ги материјализираат и соодветно искористат поволностите или не. Останува тие сами да проценат дали или како ќе го променат организацискиот облик и ќе се

---

[135] Гиденс Е., *Забеган свет- како глобализацијата ги преобликува нашите животи*, Филозофски Факултет, Скопје, 2003.

[136] Huntington S., *Sukob Civilizacija i preustroj svjetskog poretka*, Izvori, Zagreb, 1996, str.51.

[137] Бузан Б., *Луѓе, држави и страв: Проблемот со националната безбедност во меѓународните односи*,(превод), Академски печат, Скопје, 2010.

преобликуваат кон предизвиците кои ги носат економската и политичката глобализација.

Во зависност од владите на државите и изборот на политиките тие можат да придонесат кон охрабрување на процесите на глобализацијата, (на пр. либерализација, слободни економски зони) или да ја забават глобализацијата задржувајќи поголем дел на ограничувања над својата територија или во активности надвор од националните граници. Повеќето држави ги прилагодија ефектите од глобализацијата кон својата територија и население, особено посилните држави, на кои глобализацијата им создаде простор за маневрирање и можност да стекнат супранационална моќ, (преку глобалните пазари, глобалните институции, глобалните финансии, глобалните воени операции и итн.) и влијание.[138]

Оттука се забележува дека глобализацијата е надворешно-внатрешен процес кој придонесува за значителни промени внатре во државите, но е и обратен внатрешно-надворешен процес, бидејќи државите сеуште имаат голема улога во глобалниот поредок и можат да влијаат врз динамиката на глобализацијата, а притоа одново да ја дефинираат својата позиција во глобалниот простор.

Така на пример кога државата ги има прифатено бенефитите од глобализацијата во вид на надворешни инвестиции за стимулација на економскиот пораст , таа во исто време се отвара и за надворешно влијание. Типичен пример за тоа се инвестирањата на САД во Кина, при што САД има поголемо влијание врз политиката на Кина по однос на кршењето на човековите права. Исто така, со воспоставување на контакти преку интернет можат да влијаат врз владеењето на авторитарните режими во некои земји, или да го искористат за поддршка на меѓународна воена интервенција.[139]

Оттука сметаме дека географскиот, политичкиот и социјалниот простор се трансформирани поради глобализацијата, што доведе до една нова модерна територијалност како платформа за премин од една во друга форма на држава, а е

---

[138] Solte A.J., *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str.191.

[139] Davis K.J. and Sweeney J.M., *Strategic Paradigms 2025: U.S. Security Planning for a New Era*, Institute for Foreign Policy Analysis, Brassey's, 1999, p.15.

последица од акумулацијата на капиталот, силите на индустријализација, моќта во меѓународните односи и политичките притисоци. Нејзината ослабена моќ преставува меч со две острици, бидејќи од една страна се развива форма на мулти - државно цивилно општество, а од друга страна се создаваат разни терористички и радикални групи и организации. Станува збор за прераспределбата на моќ која се одвива на релација од држава кон групи, (на пр. наркокартели) и поединци, (на пр.терористи, криминалци, филантропи). Транснационалната политика е повеќе или помалку внатрешно државна, надворешно државна, меѓудржавна и субдржавна политика која ги одразува сите феномени од светско економските односи на моќ и кризи, реакција на поединечни земји, воени интервенции, до еколошки опасности и итн.[140] Всушност ќе се развива борба за моќ во и надвор од државата, како и помеѓу државите, при што ќе се помешат старите со новите околности, кои носат сомнежи и несигурност.

### 4.3. Суверенитетот и глобализацијата

Глобализациските процеси придонесоа суверенитетот да добие нови смисла со многу помалку регулаторни функции. Односно, суверенитетот кој преставува моќ на субјектот сам да донесува одлуки за својата судбината и да превзема акција независно од другите субјекти има поинакво значење и смисла во новите околности.

Како во минатото така и сега, државите имаат за цел да ги штитат сопствените национални интереси, меѓу кои се сувереноста, физичката безбедност, население, економска благосостојба и др. Новите предизвици и опасности од глобализацијата придонесоа суверенитетот и државноста да бидат лесно ранливи, и покрај сите оние погодности кои таа ги донесе. Па оттука сметаме дека врската помеѓу суверенитетот и глобализацијата е повеќе од важна за проучување бидејќи се почесто се случува мешање во внатрешните работи на државите и “надворешна асистенција“ од страна на други држави или меѓународни авторитети. Тоа говори

---

[140] Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije*: Nova svjetskopoliticka ekonomija, Skolska knjiga, Zagreb, 2004, str.160.

дека сувереноста може да биде компромитирана поради глобализацијата. Постои сомневање дека политичко-економската глобализација ќе ги "дефинира" новите територии, (кој може и врз каква основа да формира држава, одредување на протекторати и сл.), каде што помалите и послаби земји можат да се најдат во опасност дури и да бидат пиони во рацете на одредени политички, економски и воени актери.[141]

Познато ни е дека низ историјата сувереноста била постојано нарушувана, но и извор на судири и конфликти. Но, освен обидите за "класично" загрозување на суверенитетот, (држава против држава), денес се присутни и поинакви облици и форми на нарушување на суверенитетот, при што, заради одделни интереси и цели државите "доброволно" отстапуваат од суверенитетот. На пример некои земји заради одобрување финансиски средства од Меѓународниот монетарен фонд или Светска банка често се присилени да прифатат политички и институционални реформи во земјата. Условувајќи ги земјите да направат реформи и прифатат поинакви обврски од страна на овие институции, непосредно се соочуваат со притисок врз нивната сувереност. Во сличен контекст се и другите форми на влијанија каде што слаби и нефункционални земји, (како Босна, Косово, Сомалија, Авганистан и Ирак), не можат да се вклопат во традиционалниот концепт на сувереност и се принудени да бидат под надзор на меѓународни авторитети како ООН, НАТО, ЕУ, САД и Светска банка, пред целосно да им се врати сувереноста.[142] Во тој контекст се вклучуваат и меѓународните договори, преку кои земјите се принудени да ги прифатат обрските кон меѓународните институции како што е примерот со Меѓународниот кривичен суд и други.[143]

---

[141] Samari K., *Kako upravljati pobedom: Corsokak protektorata*, Le Monde Diplomatique, br.27. Maj 2003, str.14.

[142] Fukujama F., *AMERIKA NA PREKRETNICI - Demokratija, moc i neokonzervativno zavestanje,* CID Podgorica, 2007, str.140-141.

[143] Концептот или доктрина на *„универзална јурисдикција"* е поим од понов датум со значење непријатели на човештвото и преставува поставување на судска власт над меѓународната политика. Концептот вклучува казнување на извршителите на тешки дела, како кршење на човековите права, воени злосторства и геноциди, со намера да не можат чинителите да ја избегнат правдата повикувајќи се на сувереноста или недопирливоста на националните граници. Овој концепт е основата за формирање на Меѓународниот кривичен суд. Види во: Kissinger H., *Treba li amerika vanjsku politiku? Prema diplomaciji za 21 stoljece*, Golden marketing, Zagreb, 2003, str.13, 230.

Сосема поинаков е моделот на *„заедничка сувереносӣ“* во кој државите прифаќаат долгорочна помош од страна на меѓународните организации за извесни услуги кои се од интерес за земјата,[144] и посебно доколку земјата има проблеми или криза во управувањето. Со тоа местото на националната влада која не е способна да ги извршува функциите, го завзема меѓународната заедница која обезбедува разни добра и услуги и наметнуваат стандарди во име на власта, како што тоа беа случаите во Источен Тимор, Босна и Херцеговина и Косово. Сличен е и моделот на таканаречен *„имӣеријален суверениӣеш“* кој подразбира отсуство на територијален центар на моќ и не се потпира на фиксни ограничувања или бариери. Всушност станува збор за детериторијализирана апаратура на моќ која поради отворените граници го опфаќа целото глобално подрачје.[145] Во тој контекст не преставува опасност кога суверенитетот треба да се "префрли" под јурисдикција на меѓународните организации и тела, но само ако имаат демократска легитимност и управување.

Новиот интеграциски тренд кој го формулиравме како соединување на суверенитетот, (заеднички суверенитет), е корисно решение доколку придонесува за пораст на степенот на безбедност и стабилност, за интензивирање на економската соработка, и за намалување на тензиите и конфликтите. За оваа цел поврзувањето на суверенитетите може да го сметаме како позитивен тренд, бидејќи ги решава повеќето национални проблеми.[146] Оттука глобализацијата и суверенитетот одат "рака под рака" кога станува збор за автономијата базирана на национална ексклузија и суверенитет базиран на транснационална инклузија.[147]

---

[144] Таков пример на заедничка сувереност, (или комбинирана сувереност), преставува гасоводот помеѓу Чад и Камерун, каде владата на Чад прифатила приходите од природниот гас да се стават во фонд со кој ќе управува Светска банка. Целта на Чад е доверување на финансиските средства на меѓународната заедница бидејќи нема доверба во институциите на системот поради корупција и монопол. Види во: Fukujama F., *AMERIKA NA PREKRETNICI - Demokratija, moc i neokonzervativno zavestanje,* CID Podgorica, 2007, str.141.

[145] Калиникос Алекс, *„Марксизмоӣ и ӷлобалноӣо уӣравување“* во: Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување,(превод), Академски печат, Скопје, (2010) : 285-304.

[146] Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije:*Nova svjetskopoliticka ekonomija, Skolska knjiga, Zagreb, 2004,str.133.

[147] Beck U.,*Redefining power in the global age: Eight theses,* Dissent, Fall 2001, p.87.

Значи, станува збор за спротивставеност на два различни концепти и тоа концептот на независност т.е. сувереност и концептот на меѓузависност кој го промовира глобализацијата заедно со процесот на регионализација. Помеѓу овие два концепти се крие маргинализираноста и изолираноста на земјите или нивно отворање кои супранационалните авторитети кои носат поголеми шанси за просперитет и развој во замена за контролирање на суверенитетот.

Како последица од либерализацијата и паѓањето на границите, настанаа драматични промени меѓу кои и модифицирање на државноста и релативноста на суверенитетот. Па очекувано беше тоа да доведе до масовна глобална приватизација и делегирање на државните апарати во рацете на квази или парадржавни организации или поединци на кои процесите на глобализацијата им донесоа свои територии т.е. "сопствени држави." Од тој аспект може да се констатира дека глобализацијата придонесе за преобликување на географијата преку процесите на регионализација и локализацијата, но во никој случај не донесе до губење или елиминирање на територијалноста. Иако новите економски, културни, безбедносно - воени и еколошки облици во голема мера придонесоа за ослабнувањето на државниот суверенитет и преминување од национален /автономен, (етничка држава), во наднационален и кооперативен суверенитет, (наднационална или космополитска држава), сепак државите и понатаму се поистоветуваат со територијалните држави а тие со националните држави, поради што наднационалната автономија и наднационалното проширување на суверенитетот сеуште се во фаза на зародиш.[148]

## 4.4. Државата и безбедноста

Во претходниот дел потенцираме некои компоненти значајни за концептот на државата и баравме одговори за можни алтернативни начела на вестфалскиот поредок. Нагласивме дека глобализацијата придонесе за суштински промени во три значајни сегменти кои се поврзани за државата, а тоа се: (1) територијалноста; (2)

[148] Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije*: Nova svjetskopoliticka ekonomija, Skolska knjiga, Zagreb, 2004, str.266.

суверенитетот и (3) автономијата. Притоа, кажавме дека границите и териториите се сеуште значајни, иако глобализацијата придонесе за една поинаква географија, политичка организација и моќ.

Потенцираме дека суверенитетот се преобразува така што се повеќе се сфаќа како заедничка примена на моќ помеѓу националните, регионалните и глобалните субјекти. Државната автономија е ослабена бидејќи современата глобализација поттикнува меѓузависност и меѓународна соработка во интерес на домашните цели а националните влади се принудени на мултилатерална соработка.

Притоа се поставија редица други прашања поврзани со државата, како што се: дали во борбата за космополитска иднина националната држава ќе биде колатерална штета?; дали и после настаните на 11 септември 2001 год. државата ќе ја задржи моќта да објавува војна и мир?; колку државата е спремна самостојно да се справи со ризиците и опасностите кои ги носи глобализацијата?; дали само во сферата на безбедноста модерната држава сеуште не ја изгубила својата моќ и каде е дозволено државно интервенирање? Следат можни одговори на овие прашања.

Имено во изминативе две децении концептот на држава доби универзален карактер, при што процесите на глобализацијата помогнаа хетерогеноста на државните форми да се замени со хомогеност.[149] *Макс Вебер* ја нагласува важноста на државата како најмоќна институција во модерното општество, и инсистира на територијалноста што не се совпаѓа со дилемите за прекинување на постоечката врска помеѓу националната сувереност и националната безбедност.[150] Исто така *Холсши* нагласува дека државата и покрај ерозијата на моќ во внатрешно-надворешните случувања, секогаш ќе се наоѓа во фокусот на вниманието но со одредени промени во сферата на политиката, економијата и безбедноста. Тоа може да се види на шемата бр.1.

---

149 Holsti K. J., *The state, war and the state of war*, University Press, Cambridge, 1996.

150 Види во: Nes K., *Savremena Politicka Sociologija: Globalizacija, politika i moc*, JP Sluzbeni glasnik, Beograd, 2006, str.19; Marchal G., *A Dictionary of Sociology*, Second Edition,Oxford University Press, 1998, p.113.

**Шема бр.1**[151] - *Националната држава, суверенитетот и глобализацијата*




Од шемата се забележува дека обликот на модерната држава и понатаму останува да биде нејасен и неопределен во однос на политиката, економијата и безбедноста. Од нејзиниот избор ќе зависи дали таа ќе дозволи да ја загуби националната сувереност во име на транснационалната соработка.[152] Зголемените очекувања од неа ќе допринесат таа да се соочи со "преоптовареност" во извршување на функциите и/или со "криза на легитимноста".[153]

Но, овие тенденции не се должат само на влијанијата кои доаѓаа од надвор, туку и на немоќта државата да го прилагоди и адаптира општеството на глобалните случувања. Тоа за одредени држави преставуваше тешкотија во смисла на тоа како да се координира домашната политика со регионалниот или глобалниот политички контекст. Притоа, во државите каде не постоеше компатибилност на системот на национална безбедност со системот на модерна национална држава истите ги

---

[151] Risar Z.F., *Tacno u podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni*, Clio, Beograd,2008, str.62.
[152] Бек У., *Што е глобализација?*(превод),Тера Магика, Скопје,1997, стр.140.
[153] Held D., *Models of Democracy* (third edition), 2008.

принуди или да се отворат кон новите облици на соработка или да бидат маргинализирани од светските случувања.

Во тој контекст трансформацијата на државата мора да се одвива преку низа на еволуциони процеси кои ќе ги променат општествата.[154] Па така потребата за промени во некои држави може да се оствари преку востанија или револуции, со консеквенци врз националната и меѓународната безбедност. Тоа е особено критично во оние земји со различни системски вредности и идеологии од западните, со што стануваат поконфликтни и поранливи.[155] Такви промени донесоа *Обоениѿе револуции,* (Colour Revolutions), кои се развија во неколку општества од поранешните советски републики и балкански држави и новиот револуционерен бран познат како *Јасмин револуција,* (Jasmine Revolution), во регионот на Северна Африка и Средниот Исток.[156]

Овие суштински промени може да се толкуваат дека се поврзани со процесите на глобализација, бидејќи доведоа кон расчистување на патот за влез на либералната демократија, капитализмот но и за модернизација на општествата. Може да се забележи дека такви трансформации се прогресивни и корисни, иако со себе носат и различни последици и опасности. Со помош на глобализациските процеси е возможно да се придонесе за побрзо "созревање" на послабите земји и општества преку насочување на развојните програми и имплементација на политичките вредности.

Сепак одделни држави фазата на модернизација ја поминуваат на различен начин поради разликите во економскиот развој, ресурсите на државата, демографските прилики, интензитетот на надворешниот меѓународен притисок, разликите во

[154] Held D., *Demokratija i globalni poredak: Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini*, Filip Visnjic, Beograd, 1997.

[155] Maull W.H., *World Politics in Turbolence, International Politics and Society*, Friedrich-Ebert-Stiftung, IPG 1/ 2011, pp.24-25.

[156] *Обоениѿе револуции* е термин употребен од медиумите за да ги опишат релациите на движењата кои се развија на почетокот на 21 век. Најпознати од нив се *Баѓер револуцијаѿа* (Bulldozer Revolution) во Србија, *Ружа револуцијаѿа* (Rose Revolution) во Грузија, *Порѿокаловаѿа револуција* (The Orange Revolution) во Украина и *Лале револуцијаѿа* (The Tulip Revolution) во Киргистан. Во кои се настојуваше да се промени власта поради корупција и авторитативност. Извор: http://en.wikipedia.org/wiki/Revolution.

економскиот развој меѓу државите кои се натпреваруваат на меѓународната економска сцена и итн.

Ефектите на глобализацијата ја детерминираат силата на државата во национални и меѓународни рамки, иако тие немаат исти влијанија врз развиените и неразвиените држави. Затоа и концептот на национална безбедност за слабите држави има сосема различно значење во однос на силните држави кои се подобро организирани и функционални во повеќе аспекти. Системските недостатоци на слабите држави пропратени со високо ниво на сиромаштија и насилство од режимите на власт придонесуваат за сепарација и дисфункционалност на општеството и апатија кон поразвиените држави, така што нивната перцепција за безбедноста е различна, односно за развиените земји заканите претежно се надворешни, а за неразвиените земји заканите се внатрешни.[157]

Во глобалниот систем постои огромна диференцијација помеѓу слабите и силните држави и нивната перцепција за безбедност, иако постојат одредени исклучоци. Според *Нај* се очекува државите кои се наоѓаат во слична положба во меѓународниот систем да постапуваат слично во одредени ситуации, при што се очекува големите и малите земји, или пак развиените и неразвиените земји да имаат различен пристап кон одделни прашања.[158] Исто така не се сите земји подеднакво приклучени во интегративните, (политички, економски и безбедносни), процеси, при што послабите земји ќе бидат повеќе подложни на глобалните процеси кои се одвиваат во другите земји, а за разлика од нив, посилните земји полесно ќе можат да се справат со предизвиците.[159] Притоа во одреден степен државната независност на послабите земји стана "жртвено јагне" на економскиот пораст на помоќните држави што како резултат на конкуренција ќе допринесе безбедноста на послабиот да биде нарушена поради порастот на моќта на посилниот.

Во современите услови на глобализација, а поради постоењето на меѓународниот систем, сите држави имаат ограничен избор при дефинирање на националните

[157] Бузан Б. *Луѓе, држави и страв*: *Проблемот со националната безбедност во меѓународните односи*,(превод), Академски печат, Скопје, 2010.

[158] Joseph S.Nye, Jr., *Understanding Internatiomal Conflicts An Introduction to Theory and History*, Fifth Edition, Pearson Education, Inc., New York, 2005, p.71.

[159] Held D., *Models of Democracy* (third edition), 2008, p.374.

интереси и безбедносни политики како резултат на вкрстување на националните и меѓународните процеси. Оттука, успехот на постмодерната држава ќе се базира исклучиво на отвореноста и транснационална соработка за кои границите ќе бидат помалку важни, и целосно сведување на безбедноста кон транспарентност и глобална меѓуповрзаност.[160]

Се смета дека постмодерната држава ќе биде принудена да ја минимизира националната безбедносна политика, во контекст на меѓународната безбедносна политика, и се очекува во сферата на безбедноста таа да има покомплексна, плуралистичка и децентрализирана улога.[161] Сето тоа во интерес на взаемната безбедност.

Промените во државата и државниот систем се и извор за промените кои се случија во војувањето и во вооружените сили. Имено модерната држава треба да настојува да ја одржува својата способност за принуда доколку сака да опстојува и да ја осигури својата делотворност. Како што вели *Бек* доколку државата го изгуби монополот над војната и мирот тогаш не е држава. Оттука тој споменува два различни типа на транскооперативни држави и тоа: *држави под надзор* и *космополитски држави*. Првите се оние кои преку соработката се обидуваат да стекнат моќ која ќе им овозможи да станат посилни држави, прифаќајќи ги неолибералните обележја, додека опонентите на неолиберализмот ќе се вратат во време исполнето со страв од тероризам, ксенофофија, и ширење на расизам. Вторите, космополитските држави, се оние кои чувствуваат солидарност и одговорност со останатите држави и тоа во рамките и надвор од националните граници. Тие дозволуваат коегзистенција на мноштво национални идентитети, но и се обидуваат да пронајдат решенија за глобалните проблеми.[162]

Доколку државите ја насочуваат политиката на локално ниво и се маргинализираат од светските текови не можат да стекнат моќ во глобалниот простор, како на пример Северна Кореја, Бурма, Сомалија, Киргистан, Иран и

---

[160] Kuper R., *Raspad nacija:Poredak i haos u XXI veku*, Filip Visnjic, Beograd, 2007, str.80.
[161] Исто,стр.59.
[162] Beck U., *The Fight for a cosmopolitan future*, New Statesman, Nov 5, 2001.

други. Со други зборови оние држави кои играат на националната карта ја губат играта со глобализациските процеси. Спротивно, оние држави кои се подготвени да се справат со бремето на глобализацијата како што се капиталот, финансиите, трговската размена, криминалитетот, пролиферација на дрога и оружје, тероризмот и миграциите можат да придобијат моќ и бидат респектирани и препознатливи во светски рамки.[163] Овие вторите држави ја стекнуваат својата сила и моќ, односно играат на картата на *транснационализација и космополитизација*. Тоа укажува дека државите кои поседуваат атрибути на современата глобализација, (тоа се технолошките иновации, пазарните вредности и други), се доминантни политички сили кои ги одредуваат правилата на игра на останатите држави во начинот на војување, економската размена и видот на државна организација кој ќе преовладува во светот.

Современата глобализација "побарува" од националната држава "премолчена дозвола" за глобализација, што посебно важи за помалите и послабо развиени земји. Многу ретко ќе се случи државите да се впуштаат во војна една против друга, доколку кај нив се сместени исти глобални компании (на пр. Мекдоналдс, Шел, ИБМ и други), споделуваат исти глобалните вредности и норми, соработуваат и членуваат во исти глобални институции и организации.Тоа ги прави позависни земјите една од друга и со тоа ја исклучува појавата на меѓудржавни војни.

Би било логично во време кога светот се обединува и кога е намалената способност на државата во областа на безбедноста, решението да се побара во денационализацијата,[164] при што државите дел од ингеренциите ќе ги префрлат во рамките на меѓународните организации и тела како што се Европскиот парламент, Европската комисија, НАТО, Советот за безбедност при ООН и слично. На тој начин ќе бидат позаштитени, поактивни на глобалната сцена, и тоа не само во антитерористички алијанси, туку и во алијанси кои ќе се соочуваат со предизвиците и влијанијата од глобализацијата. Оттука државата би стекнала моќ која претходно

---

[163] Baumann Z., *Reconnecting Power and Politics*, Social Europe Journal http://www.social- europe.eu/2009/ 11/reconnecting –power-and-politics/1.11.2009.

[164] Cirn M., *Upravljanje sa one strane nacionalne drzave: Globalizacija i denacionalizacija kao sansa*, Filip Visnjic, Beograd, 2003, str.86.

била тешко остварлива и со можност државите да се справат со глобалните проблеми. Во тој контекст *Бауман* вели „плимата надојдена од глобалните промени доведе до небезбедност која може да се надмине преку повторен брак на моќта и политиката, кои моментално се разведени, со тоа што сега мора да го направат на едно глобално, планетарно и хумано ниво“.[165]

Од друга страна, треба да се внимава дифузијата на националната моќ на државата да не го пренесе тежиштето кон небезбедноста и нестабилноста, при што би се одразило врз меѓународниот мир. Затоа во светски рамки најдобро е да се создаде комбинирано решение кое ќе биде во полза на државите и меѓународните организации. Тоа подразбира дека таа „не може да постои без светското општество, како што и светското општество неможе да постои без националната држава“.[166] Оттука сметаме дека во услови на современата глобализација безбедноста ќе биде поле на кое ќе се одлучува судбината на државата како и нејзиното опстојување во глобалниот поредок.

### 4.5. Односот меѓу глобализацијата и демократијата

Политичката моќ на глобализацијата често се поврзува со јакнењето на демократските вредности. Имено уште во минатото, повеќе автори констатирале дека економските аспекти на глобализацијата, гледано низ призма на либералните начела на соработка, слободна размена на стоки и градење на пазарни општества, влијаеле врз државите и народите за поголема меѓузависност, толеранција и намалување на конфликтите. Односно дека со создавањето на амбиентот на *laissez faire*[167] се маргинализирале појавите на насилство и војни. Оттука, се мислело дека

---

[165] Baumann Z., *Reconnecting Power and Politics,* Social Europe Journal, достапно на :http://www.social-europe.eu/2009/ 11/reconnecting -power-and-politics/1.11.2009.
[166] Бек У., *Шшо е глобализација?*, (превод),Тера Магика, Скопје,1997, стр.132.
[167] *Laissez faire,* (фр. лесе фер), е пристап во економијата кој ја брани важноста на слободниот, конкурентски пазар меѓу индивидуалните понудувачи и индивидуалните купувачи а за ефикасност на производството, распределбата и алокацијата на блага и услуги, без мешање на државата во економските прашања. Види пошироко во: Marchal G., *A Dictionary of Sociology,* Second Edition,Oxford University Press, 1998.

либералните стојалишта оделе заедно со демократијата и во прилог и промоција на демократските вредности.

Демократија е преставена како најзначаен политички фактор кој влијае на глобализацијата, но и спротивно, процесите на глобализацијата исто така имаат силни консеквенци врз демократскиот концепт. Но да видиме *да ли глобализацијата ќе ги поттикне или пак редуцира демократските процеси и вредности во светот во периодот што следи?* Видувањата се различни.

Имено, често потенциравме дека во "срцето" на глобализацијата се наоѓа пазарната размена, и дека истата се поистоветува со неолибералното или слободно - пазарното идеолошко обележје. Преку нејзините разновидни форми на дејствување, се смета дека постои голема можност да дојде до трансформација и реформи на демократските процеси и политики на национално и супранационално ниво со различен ефект и влијание врз одделни земји, без разлика на нивното општествено уредување. Честопати се случува таа во одделни земји да ја блокира или ослабне постигнатата политичко-економска состојба, пред се заради динамиката на светската економија и порастот на транснационалните врски, што доведува до нарушување на традиционалните структури. Новите опасности, создадени од либерализацијата на пазарите и услугите придонесоа за појава на одделни системски нееднаквости и нови форми на незадоволство и судири, предизвикани од невработеноста, сиромаштијата, деградацијата и слично, што се рефлектира и врз демократскиот поредок на национално и наднационално ниво.

Оттука, последиците од влијанијата на глобализациските процеси, на неколку начини се одразуваат врз демократијата, почнувајќи од дерогирање на државната сувереност, самоопределување на народите, менување на свеста и начинот на однесување на луѓето, па се до актуелниот концепт за развивање и демократизација на меѓународните политички институции, познат како „космополитско демократско управување".[168] Затоа е речиси невозможно демократијата да фунционира од национално-државно ниво на транснационално рамниште, бидејќи создава нов тип на проблеми во транснационалниот контекст. Многумина сметаат дека

[168] Held David et al., *Global Transformations, Politics, Economics and Culture*, Polity Press, Cambridge, 1999.

глобализацијата покажува слаб кредибилитет затоа што концентрира огромна политичка и економска моќ во рацете на организации или поединечни нации без демократска контрола. Тоа доведе до појава на разноразни антиглобалистички движења како одговор на недемократска глобална или национална политика. Овие незадоволства пак лесно можат да се рефлектираат врз динамиката на процесите на глобализација.[169]

Покрај тоа, на некои земји им стана "редовна навика" да ја истакнат желбата за промоција на сопствените воени достигнувања во слабите, (недоволно), демократизирани земји, а кои се често критикувани од високоразвиените земји за прекршување на човековите права, за насилства или поддршка на тероризмот. Спротивно, доколку овие "маркирани земји" ги прифатат неолибералните, (западни), обележја, веднаш им се овозможуваат бенефиции и пристапи до пазарите на развиените земји, како и неопходната финансиска и воена помош.[170] Оттука некои глобализацијата ја сметаат за идеологија и средство за доминација врз послабите земји.

Поради тоа глобализацијата го изгуби приматот на регулатор на светските збиднувања и "лек за сите болести" а за многумина таа создаде огромни разлики во сфаќањата за демократијата, еднаквост, човековите права и слободи. Ако економската либерализација ги подобри и пробладочи врските помеѓу државите, таа исто така придонесе и за зголемување на ризиците во меѓународниот систем поврзани со светските финансиски системи, кои се карактеризираат со висока променливост, жестока конкуренција и општа несигурност, со постоење на реална опасност за државите кои сеуште не се интегрирани во неолибералниот концепт или не го завршиле веќе започнатиот процес, да имаат поголеми импликации.[171] Без разлика што за некои доминантниот глобализационен модел преставува крајна точка на демократизација, сепак не треба демократијата да ја поистоветиме со консуматорските вредности.[172] Односно, демократија без либерализам и обратно

[169] Sholte J. A., *Globalizacija kriticki uvod*, CID, Podgorica, 2009.
[170] Plevnik J., *Iza globalizacije*, Golden marketing, Zagreb, 2003.
[171] Steger M.B.,*Globalizacija*, Sahinpasic, Sarajevo, 2005.
[172] Легеви К., *Глобализацията и нейните противници*, Агата, София, 2007, стр.38.

води кон ерозија на стабилноста, до нееднаквост и во крајна линија до нарушување на мирот и појава на војна. Во контекст на демократијата и мирот *Вудро Вилсон* вели дека „во XX век предизвик било да се создаде посигурен свет за демократијата, а во XXI век треба да се направи демократијата да биде посигурна и помирољубива за светот“.[173]

### 4.5.1. Конекција меѓу глобализацијата, демократијата и мирот

Глобалниот демократски успех потикнат од економските процеси ги афирмираа политичките промени во период од 70-тите до 90-тите години на минатиот век што доведе повеќе земји да преминат од авторитарен во демократски систем. Денес нешто помалку од 1/3 од земјите во светот останаа авторитарни, што се должи на процесите на глобализација за кои посочивме дека се важен фактор за порастот и зајакнувањето на демократските процеси во светот.[174] Но дали ќе можат глобализациските процеси да ги трансформираат постоечките недемократски земји во просперитетни и стабилни држави? Ќе успее ли експериментот за градење држава по западен модел во земјите од Третиот свет или истото ќе доживее неуспех? Одговорите се наоѓаат во контекст на следниве видувања.

Во 1775 година бројот на демократиите бил нула, а максимумот го достигнал со третиот бран во 1974 годиина, кој продолжил и после падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година. Според, *Freedom house* пред крајот на Студената војна од 167 земји, 61 држава биле слободни, додека 62 земји имале статус на неслободни . Но, после падот на “железната завеса“, па се до 1999 година бројот на слободните се зголемил на 85.[175] Според податоците на *Economist Intelligence Unit* денес половина од светската популација живее во демократија. Истиот извор тврди дека во 2010 година од вкупно 167 земји во светот, 26 (15.6%) од нив биле целосни

---

[173] Превземен цит. од: Zakaria F., „*The Rise of Illiberal Democracy*“, Foreign Affairs, November 1997.
[174] Gidens, E. *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007, str.429.
[175] Freedom House (2009*) Freedom in the World 2009*, Washington. http://www.freedomhouse.org.

демократии, а 55 земји (32.9%) биле авторитарни режими.[176] Од 2008 година постои тренд на демократска рецесија, односно во светски рамки демократските процеси постепено се намалуваат. Оваа појава се должи и на глобалната финансиска рецесија, која од почетокот на 2008 год. доведе до негативен тренд во светскиот политичкиот развој.

Во изминатите децении перманентните процеси на глобализација, придонеле за премин на дел од земјите со статус автократски кон слободни и демократски со што им било овозможено на определен начин поголем дел од нив да се вклопат во светските трендови и текови и да обезбедат сопствен просперитет и развој. Сепак бранот на демократска експанзија се очекува да оди или во реверзибилен правец или едноставно да стагнира.[177] Во некои земји ефектите на глобализацијата доведоа до намалување на довербата во демократијата. За овој негативен тренд говори и примерот од истражувањето на чилеанскиот институт *Latinobarometro* кој во периодот од 1996 до 2002 година кај 13 од вкупно 17 латиноамерикански земји констатирал пад на довербата во моделот на демократија.[178] Исто така и податоците на *Economist Intelligence Unit* покажаа дека во последните две до три години постои тренд на опаѓање на демократските процеси а пораст на автократските режими. Кон што води ова? Односно, може ли демократијата да ја изгуби врската со мирот и да продуцира нестабилност и судири? Дали на повидок е нов модел на уредување на државите поразличен од западниот?

Во одговор на овие прашања најпрвин ќе се навратиме на минатото кога либералите тврдеа дека концептот на меѓузависност ќе ги натера државите да бидат повеќе наклонети кон мир и соработка, отколку кон конфронтирање и војни. Тоа не потсетува на историската Кантова концепција за вечен мир. Мирот е можен само доколку државите се базираат на принципите на слобода, меѓузависност и правна еднаквост меѓу граѓаните. Пацифизмот на *Канш*, всушност подразбира универзален космополитизам, т.е. ако дојде до загрозување на мирот на едно место,

---

[176] Democracy index 2010 *Democracy in retreat*, Economist Intelligence Unit, The Economist, достапно на :http://www.eiu.com
[177] Diamond L., „*Is The Third Wave of Democratization Over*?“ An Empirical Assessment, March 1997.
[178] Легеви К., *Глобализацияша и нейнише йрошивници*, Агата, София, 2007.

ќе значи и загрозување на миротот и во остатокот на светот.[179] Освен тоа, германскиот филозоф се надевал дека свет исполнет со републикански влади ќе биде ослободен од војната, но, не вели дека републиките нема да војуваат со други републики, односно дека либералните републики се повеќе колебливи по прашањата поврзани за војување отколку земјите предводени од диктатори. Статистички гледано, во минатото, во периодот од 1816 до 1980 год. од вкупно 416 војни помеѓу суверените земји, забележани се само 12 војни помеѓу демократиите. Според некои автори во изминатите 200 години, демократските земји во транзиционата фаза на демократизација биле повеќе инволвирани во војни со други држави отколку автократските земји.[180]

Во поново време визијата на *Канш* беше толкувана со иста реторика од страна и на поранешниот претседателот на САД, *Бил Клиншон* и на *Маргареш Тачер* во почетокот на 90-тите години на минатиот век, кои потенцираа дека демократските земји не војуваат помеѓу себе.[181] Односно дека, со прифаќањето на неолибералниот концепт и со вградување на демократските принципи постои мала веројатност за конфронтирање или судири. На пример, процесот на приближување од слаба кон здрава силна демократска структура, го намалува ризикот од војна дури до 75%. Додека пак, со процесот на движење од висок авторитарен систем кон повисок степен на демократија, ризикот за војна се редуцирал на приближно 50%.[182] Меѓутоа станува збор за теорија со западна проминенција бидејќи постоењето на демократијата се утврдува низ показателите на либералната западна демократија. Според одредени истражувања фазата на демократизација на општествата е ранлива и подложна на насилни конфликти и војни.[183]

---

[179] Pavlovic V., *Drustveni pokreti i promene* (treto izdanje), JP Sluzbeni glasnik i JP Zavod za udzbenik, Beograd, 2009.

[180] Mansfield E. and Snyder J., „*Democratization and War*“, Foreign Affairs VOL 74, May/June 1995, http://foreignaffairs.com/author/jack-snyder.

[181] „*Democracies and War*“, The politics of peace, The Economist, April 1995.

[182] Michael D. W. and Kristian G., „*Democratizing for Peace*“, Institute of Behavioral Science, University of Colorado,1996.

[183] Ванковска Б., „*Теоријаша на демокрашски мир: надворешно - йолишичка димензија*“, Годишен зборник 60, Филозофски факултет, Скопје, (2007) :443-458.

За разлика од демократските, недемократските земји немаа алијанси или сојузништва кои ќе ги водат кон мир. Меѓутоа, постоеја и низа други фактори кои влијаеја и пролиферираа нестабилност и конфликтност, меѓу кои беа и територијалните амбиции, економските интереси, непријателски алијанси, градење сфери на влијанија, иредентистички малцинства, природни ресурси итн.[184] Тие дополнително ги усложнуваа започнатите процеси на демократизација и повеќето заглавија во транзициската "слепа улица", бидејќи немаа јасна траекторија по која ќе се движат. На одредени нации демократизацијата само им ја отвори пандорината кутија, носејќи им редица политички патологии, безпоредок, граѓански војни, тероризам, етнички конфликти и високо ниво на национализам. Некои, беа дури и на "мета" на одделни меѓународни воено-економски авторитети. Трендот на присилно наметнување на демократизација од поразвиените држави врз послабо развиените т.е. авторитарни држави, многу лесно резултираше со одбивност кон западот и појава на нестабилност и судири.[185]

Неприфаќање на демократската агенда се должи и на воените интервенции и "непопуларни војни" кои ги водеа демократските земји во Авганистан и Ирак а поради нив, се појави омраза кон западните земји, нивните вредности и општо кон глобализацијата. Ако се додаде дека 2.5 милијарди или повеќе од 1/3 од светската популација, (претежно сконцентрирани во регионите на Суб Сахарска Африка и Средниот Исток), сеуште живеат под авторитарни режими, се создава скептично чувство за идните текови на демократските процеси и мирот.[186]

Иако постојат бројни комбинации и исклучоци, економската либерализација успеа да ја поттикне либералната демократија во некои земји и истите да акумулираат комбинирани примеси од демократија, либерализам, капитализам, олигархија и сл. Тоа не значи дека слободната трговија и пазарите не можат да функционираат во недемократските земји, иако не постои демократија без слободен

---

[184] *„Democracies and War"*, The politics of peace, The Economist, April 1995.

[185] Michael D. W. and Kristian G., *„Democratizing for Peace"*, Institute of Behavioral Science, University of Colorado,1996.

[186] Democracy index 2010 *Democracy in retreat,* Economist Intelligence Unit, The Economist, p.2, достапно на : http://www.eiu.com.

пазар, (на пример на постсоцијалистичките земји на кои војната им служеше како средство за да преминат во извесен степен во демократски земји).

Повеќе од земјите го прифаќаат коорпоративниот капитализам затоа што меѓународниот пазар им носи поволности, но сепак се јавува загриженост дека турболентните процеси на глобализацијата можат да ја нарушат демократијата. Меѓународните пазари кои ги запазуваат начелата на коорпоративниот капитализам предизвикуваат нееднаквости во општествената и економската сфера, а со тоа продуцираат и политички импликации кои се одразуваат и на демократските процеси.[187] Затоа, концептот на демократијата во услови на современата глобализација има релативно значење, пред се како резултат од демократскиот дефицит во глобалната економија.

Варијациите на капитализмот доведоа до нови форми на демократија, така што, западната либерална демократија не е последната дестинација на демократија, туку една од повеќето можни опции.[188] Притисокот на глобалниот капитализам само ги расчисти патиштата за проток на либерализмот и демократија во средини кои сеуште се сметаат за недемократски, а преку дустрибуција на економските добра и услуги се очекува зголемување на степенот на демократија во истите.

Како што во минатото се правеа напори да се елиминираат формите на владеење спротивни на демократијата, сега глобализациските процеси можат да "дозволат" ширење на други, поинакви форми на владеење, кои не мора да бидат поврзани со најдоминантниот демократски модел. Современите форми можат да бидат поврзани со различни политички, економски, религиозни и општествени идеологии, а врз основа на нив да биде втемелена новата идеја за држава. Слично на тоа што денес некои држави во светот неможат да се замислат да функционираат без демократијата и капитал системот.[189]

---

[187] Held D., *Models of Democracy* (Third edition), 2008.

[188] Zakaria F., „*The Rise of Illiberal Democracy*", Foreign Affairs, November 1997.

[189] Бузан Б., *Луѓе, држави и страв: Проблемот со националната безбедност во меѓународните односи* (превод), Академски печат, Скопје, 2010, стр.68.

Во таа насока *Чомски* сведочи за непрекидна криза во легитимитетот на либералната западна демократија. Според него главна сила која ги подрива западните либерални идеали е корпоративната моќ. Тој нагласува дека најголема слабост на либералната демократија е тоа што западните општества ниту се либерални ниту демократски. Затоа 80% од населението го гледаат политичкиот систем на најмоќните западни земји како „обична шпекулација која служи на неколкумина а не на народот".[190] Патем, актуелните економски и социјални кризи создадоа повеќе негативни ефекти врз развојот на демократијата и неолибералниот систем во развиените западни земји. Нарушениот баланс меѓу економијата и социјалната правда ќе остави длабоки траги врз легитимитетот на западниот демократски поредок а со тоа се повеќе ќе се појавуваат нови движења кои ќе побаруваат трансформација или промена на постоечкиот капиталистички систем.

За некои источноевропски земји членки на Европската Унија, стариот социјалистички систем, (што опстојувал до 1989 година), можеби бил економски поефикасен и подобар отколку сегашниот капиталистички систем.[191] Тоа значи дека степенот на сиромаштија во реалсоцијализмот бил многу помал отколку после паѓањето на "железната завеса". Оттука постои можноста социјалистичките партии да се вратат во "мода" од кои ќе се очекува да работат во интерес на угнетените сиромашни класи. Како и да е, актуелниот политички систем во Западна Европа и Америка чии земји имаат највисок степен на слобода, демократија и интегрираност се соочуваат со криза.

Едноставно, глобализацијата истовремено ја ограничува и унапредува демократијата, иако сеуште постои конфузност меѓу овие концепти, (слично на старата изрека кокошката пред јајцето или обратно). Сепак, се забележува дека

---

[190] Comski N., цит. во: Vidojevic Z., *Demokratija na zalasku:Autoritarno-totalitarna pretnja*, Sluzbeni glasnik, 2010, str.57.

[191] Според истражување на *Светска банка* и *Европска банка за обнова и развој* од 2007 година, дошле до констатација дека во 29 земји во транзиција само во шест од нив граѓаните оцениле дека економската состојба во нивната земја е подобра отколку во 1989 година. Во поранешните југословенски републики, (денес независни држави), најголем процент не биле задоволни од актуелната економска состојба, во споредба со 1989 година кога постоеле подобри услови за живеење. Види во: Vidojevic Z., *Demokratija na zalasku:Autoritarno-totalitarna pretnja*, Sluzbeni glasnik, 2010, str.155.

демократијата е повеќе сензитивна од ефектите на глобализација, отколку обратно. Имено, глобализациските процеси помогнаа во преминувањето на границата од недемократски режими во демократски, но исто така предизвикаа значајни промени и во начинот на управување, со вклучување на граѓаните во политичките процеси и во одлучувањето. Тоа што недостасува е демократската контрола на глобализацијата или демократизација на процесите на глобализација, што треба да преставува регулатор во натпреварот на пазарите и услугите, но и како коректор на социјалната нееднаквост, несигурност и неправда. Засега економските аспекти на глобализацијата умеат да бидат дестабилизирачки и да продуцираат повеќе анархија отколку демократија. Со неможноста да се насочат економските поволности подеднакво, тешко ќе се реализира идејата за глобализирање на демократијата како универзално прифатлив модел. Неизвесноста од "капитолокрацијата"[192] може да доведе до атомизација на општествата или пак ќе се произведат нови модели на општества кои ќе се фокусираат на поразличен начин на уредување од досегашните чии влијанија можат да ги лимитираат демократските вредности и слободи, што сериозно ќе се одрази врз мирот и стабилноста во светот.

### 4.6. Глобализацијата и меѓународните организации

Динамиката на глобализацијата е помогната од страна на редица меѓународни организации кои имаат различна функција и улога на глобалната сцена. Истите можеме да ги поделиме во две групи. *Прваша ірупа* ја сочинуваат формалните или традиционалните меѓународни, (универзални и регионални), организации базирани на меѓународен договор како што се ООН, Светска банка и НАТО. Нивна карактеристика е тоа што се основани и создадени од страна на суверените држави и функционираат на формален легитимен договор поткрепен со

---

[192] *Кайишолокрација* е збор од англиско говорно подрачје (*capitalocracy*) и се однесува на прекумерната потрошувачка и создавање на општества кои ќе се фокусираат на материјалната продукција која придонесува за уништување на човечките вредности, отуѓување на човек од човек, ограничување на слободите, растурање на културните врски, води кон атомизација на општествата и сл. Види во:Stroev A.S., „*Towards an Alternative to Globalization*", Global Research, November 21, 2009.

нормите на меѓународното право. *Втората група* на организации имаат неформална соработка, немаат легитимитет и не се косат со одредбите на меѓународното право. Тие се создадени од страна на повеќето недржавни субјекти и немаат механизам за присила, што не е случај со првата група на организации. На пример, таков вид на организација е Меѓународната организација за стандардизација (ISO) чии правила доколку се прифатат како основа на легална трговија од страна на државите или наднационалните организации како ЕУ, тогаш добиваат на тежина бидејќи тоа го налага државата.[193]

Без разлика за кој вид на меѓународни организации станува збор динамичните процеси придонесоа организациите во меѓународните односи да стекнат моќ слична на онаа на државите се со цел :

- да ја зголемат соработката и меѓузависноста (економска, политичка, општествена, технолошка);
- помогнат во решавање и превенција на меѓународните конфликти и судири и
- обезбедат или помогнат во безбедноста и одбраната на државите. [194]

Иако постојат бројни распределби на меѓународните организации, сепак тие се класифицирани во неколку општи групи. Во зависност од областа со која се занимаваат постојат меѓународни организации од областа на: а) мирот и безбедноста; б) трговијата и економските прашања и в) социјалната благосостојба и човекови права.[195]

Па така, Организацијата на обединетите нации се грижи за светскиот мир и безбедност, Меѓународната организација на трудот опфаќа активности од социјалната димензија и социјалната заштита, Светската здравствена организација

[193] Fukujama F., *AMERIKA NA PREKRETNICI -Demokratija, moc i neokonzervativno zavestanje,* CID Podgorica, 2007, str.129-131.
[194] Vukadinovic R., *Medunarodni Politicki Odnosi*, Polticka kultura, Zagreb, 2004, str.109.
[195] Види во: Ванковка Б., *Меѓународна безбедност:критички пристап*, Филозофски факултет, Скопје, 2011,стр.147.

се бави со одржување и унапредување на здравствените услови и др. Досега најголем дел од нив се задржувале на проблемите поврзани со војната, мирот и трговијата а многу помалку на другите проблеми. Затоа вакумот е пополнет со други актери, наддржавни организации, (мултинационални, транснационални коорпорации), невладини организации и субдржавни актери, (терористички групи, разни општествени и национални движења), кои имаат се поинтензивна улога на меѓународната сцена.

Значи глобалната политика се базира на констелација на сложени односи помеѓу бројни актери со различна моќ и влијанија. Тие политички актери може да се сместат во неколку категории и тоа: (1) влади на држави кои се повеќе од 200 во светот; (2) транснационални компании кои изнесуваат околу 77.200, (како на пример Водафон, Мајкрософт, Шел а во најголем број потекнуваат од високоразвиените земји како САД, земјите од Западна Европа и Јапонија) и сочинуваат 70% од светската економија;[196] (3) 7300 меѓународни невладини организации и (4) 246 меѓувладини организации како што се на пример НАТО, ЕУ, ООН, Африканска Унија.[197] Во контекст на претходното, *Бек* меѓународните актери ги класифицира во три категории и тоа на : *држави, светско економски актери и актери во глобалното цивилно општество.*[198] Според него глобализацијата е таа која ја менува и дефинира арената на колективното делување, институциите не се тие кои

[196] Транснационалните компании, (ТНК), се фирми кои имаат седиште во една матична земја од која потткнуваат а производството и другите економски активности ги организираат во разни земји низ светот преку отворање на афилијации (компании-ќерки). Се наоѓаат во сржта на економската глобализација, и се главни актери во меѓународните финансиски пазари. Во најголем дел тие припаѓаат на развиените земји. Нивната улога и големина го потврдува податокот дека во 1996 год. околу 400 ТНК имале годишен приход од продажба преку 10 милијарди долари, додека во исто време само 70 земји можеле да се пофалат со бруто домашен производ на тоа ниво. Тоа потврдува дека водечките ТНК се економски појаки од повеќето земји во светот. На пример вредноста на продажба на корпорацијата *Џенерал Моторс* за многу го надминува БДП на некои високоразвиени земји, (на пр. на Данска, Полска, Израел, Унгарија и други). Или 15-те најголеми глобални компании, секоја посебно, остварува годишен приход од продажба чија вредност го надминува БДП на преку 120 земји заедно. Извор: Gidens, E. *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007, str. 62; Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str.183; Кикеркова И., *Меѓународна економија*, Економски факултет, Скопје, 2003, стр.5 и 154.

[197] Вилетс П., „*Транснационалните актери и меѓународните организации во глобалната политика*“ во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи,(превод)Табернакул, (2009) :330-347.

[198] Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije:Nova svjetskopoliticka ekonomija*, Skolska knjiga, Zagreb, 2004, str.21.

ги одредуваат просторот и рамките во кои организациите ќе делуваат, туку напротив организациите се тие кои делуваат надвор од меѓународните институции. Поради тоа нивното делување надвор од границите ги менуваат правилата на моќ во глобалниот простор во своја корист.[199] Тој истакнува дека улогата на глобалните компании се како транснационални општества во минијатурен облик.[200] На шемата бр.2 може да се забележи како изгледа глобализираниот свет низ призма на бројните меѓународни актери.

**Шема бр.2**[201]




Всушност во изминативе 50-тина години сржта на меѓународната економија и носители на тековите на глобализацијата ги чинеа токму транснационалните компании (ТНК). Како носители на меѓународните економски активности тие придонесоа за интернационализација на производството и/или глобализирање на економијата. Имено, кога ќе се споредат продажбата на компаниите со БДП на државите се открива дека од 100-те најголеми светски економии 51 припаѓаат на

---

199 Исто, стр.22.
200 Beck U.,*Redefining power in the global age: Eight theses*, Dissent, Fall 2001, p.84.
201 Мектру Е., *„Глобализацијата и светската политика“* во: Глобализацијата на светската политика: вовед во меѓународните односи, (превод), Табернакул, Скопје, 2009, стр.26.

компаниите, а 49 на државите.[202] Оттука нивната економска моќ која ги надминува националните граници и им дава за "право" да вршат притисок и влијаат врз политичките одлуки на државите, меѓународните организации и институции со цел да ги остварат сопствените интереси. Сеуште не е пронајден начин како да се контролира и санкционира нивната работа и делување во глобалните рамки. Особено е поразително ако се знае дека во нивни раце се наоѓа поголем дел од капиталот во светот.[203] Затоа некои критичари глобализацијата ја опишуваат како "корпоративна глобализација" или "глобализација оддолу", кои ги "окупираат државите без да војуваат".[204]

Во современите услови на глобализација, за меѓународните актери (ТНК), не постојат цврсто дефинирани правила на односи, а тоа им дава дополнителна слобода и простор на делување. Оваа недефинираност создава конфузност и излегува од зацртаните рамки, па така тие тешко се контролираат и на тој начин стекнуваат поголема моќ од државите и другите организации на меѓународен план.

Во иднина може да се очекува дека ќе има зголемена потреба од ангажман на меѓународни организации и тела особено на оние кои ќе се поставaт во улога на принуден превентивен апарат. Пример за тоа е интернационализација на безбедноста преку структурата на НАТО. Не случајно многумина оваа меѓународно-регионална организација ја посочуваат како главен безбедносен инструмент на глобализацијата, одговорна за стабилноста на глобалниот поредок. Поради тоа, современите наднационални организации кои го намалуваат дијапазонот за донесување одлуки внатре во националните држави ќе бараат отстапувања или дел од државните капацитети, (како на пример дел од националните армии), да бидат секогаш на располагање и во функција на новите "меѓународни власти". Тоа е најверојатно затоа што нема да се дозволи "сите да се мешаат во се", туку само оние кои располагаат со економски и воени средства. Во

---

[202] Steger M.B.,*Globalizacija*, Sahinpasic, Sarajevo, 2005, str.48.
[203] Кикеркова И., *Меѓународна економија*, Економски факултет, Скопје, 2003, стр. 5 и 6.
[204] Steger M.B., *Globalizacija*, Sahinpasic, Sarajevo, 2005, str.48.

услови на "корпоративна глобализација" тоа би значело неограничено мешање на богатите "добри" земји во домашните работи на сиромашните "лоши" земји.

Меѓу глобалните актери се и неформалните групи како Г-8, Г-20, Г-77[205] кои имаат значителна улога во решавањето на горливите глобални проблеми.Особено е истакната улогата на Групата осум, чии земји членки се сметаат за одговорни за решавање на проблемите поврзани со глобализираната сиромаштија, долговите на земјите во развој, климатските промени, тероризмот, проблемите со СИДА и други болести, глобалната економска рецесија и редица проблеми поврзани со последиците од глобализацијата. Од друга страна, Г - 77 ги преставува интересите на земјите во развој и е помалку функционална и лимитирана во дејствувањето во споредба со Г-8, бидејќи не може да најде соодветен начин за политичка акција и промоција на земјите од оваа група. Поради тоа нејзината улога е маргинализирана во однос на останатите посилни групации.

## 4.7. Глобализацијата и недржавните субјекти

Новиот светски поредок изобилува со проминентни карактеристики и особини што се должи на порастот на новите недржавни актери и организации кои немаат своја територијална база, при што повеќето од нив се вклучени во активности кои ги надминуваат националните граници. Се бележи пораст на недржавните субјекти во оние области во кои најмногу се загрозуваат интересите на поединците, групите, државите и воопшто светот. Групите од недржавен карактер можат да извршат притисок и да донесат подобри резултати и стандарди од другите партиципиенти во меѓународните односи.

[205] Групата осум (Г-8) преставува неформален меѓународен форум формиран во 1975 година.Оваа група ја сочинуваат осумте најбогати земји во светот, и ја сметаат за главен економски совет на богатите демократски народи чии земји преставуваат 65 % од светската економија и чинат приближно 80% од вкупната светска воена потрошувачка. Групата дваесет (Г-20) ја сочинуваат индустриски најразвиените земји во светот (19 земји + ЕУ), односно ја преставуваат министрите за финансии и гувернери на централна банка. Групата седумдесет и седум (Г-77) преставува организација на земји во развој чија основна цел е да ги преставува интересите на помалку развиените земји, (пред се во економскиот развој), за да не останат во сенка на развиените земји.

Нивните функции се со различни перформанси. Некои од нив спроведуваат многу корисни активности од хуманитарен карактер како што се *Лекари без граници, Зелен мир,* (*Green peace*), *Пријатели на земјата,* (*Friends of the Earth*)[206], мониторинг на човековите права, (*Amnesty International, Human Rights Watch*), мултинационалните коорпорации, (фирми кои менаџираат со економските единици во две или повеќе земји) се до организации кои користат насилни методи и пркосат на светскиот поредок и стабилност и се насочени против државниот монопол на моќ како што се *Ал Каеда,* (мрежа која постои во повеќе од десет земји), тријадите, наркокартелите, приватни воени компании и др. Ефектите од дејствувањето на овие недржавни организации се од глобален карактер врз што државите имаат минимална или речиси никаква контрола и влијание. Некои од нив ја промовираат глобализацијата и нејзините процеси, додека пак другите одат во обратна насока т.е. се спротивставуваат и тежнеат кон подривање и оспорување на глобализацијата.

Во основа на делувањето на овие организации се поставува прашањето за тоа од каде и на кој начин одредена невладина организација има моќ да влијае врз состојбата во некоја земја или некој друг глобален проблем? Во одговор на ова ќе го земеме примерот на *Amnesty International*. Имено, оваа организација може да открие како одредена држава применува неконтролирана присила врз своите граѓани и ги крши човековите права. Таа може да издејствува ова да се пласира или скандализира во светската јавност, развивајќи глобална свест за човековите права и конкретно за некоја земја. На тој начин оваа организација може да повлече хуманитарни или друг вид на интервенции со невоени средства или проблемот со човековите права во државата да го одреди како критериум за влез на странски инвестиции а за кои одлучуваат светските економски авторитети.[207]

---

[206] Пријатели на земјата, (*Friends of the Earth*), преставува еколошка организација формирана во 1971 година како одговор на зголемената еколошка криза. Воедно преставува една од најмасовните и најмоќни невладини организации во светот со приближно 250 милиони припадници и подржувачи а делува во 45 земји во светот и води разни кампањи поврзани за еколошките проблеми на локално, национално и меѓународно ниво. Извор: Pavlovic V., *Drustveni pokreti i promene*, Sluzbeni glasnik i Zavod za udzbenike, Beograd, 2009, str.252.

[207] Во изминативе две децении прашањата за човековите права беа често присутни во меѓународните односи. Тие се поврзуваа со надворешната политиката на ООН и НАТО и нивните воени и хуманитарни интервенции во Ирак, Сомалија, Босна и Херцеговина, Косово, Источен Тимор и

Но, сепак, овој пример ќе го пренасочиме на повисоко ниво и низ призма на глобализациските процеси. Имено, низ историјата провејува тоа дека човековите права ја отвораат вратата на лажниот космополитизам кој се користел како средство за распад и хаос во земјите кои биле или се опоненти на западната неолиберална идеологија. Всушност, економските, културните и хуманите аспекти беа злоупотребени а преку нив развиените земји ги оствaрувaa своите интереси и цели. Притоа, придонесоа за отворање на "пандорината кутија" и за побрз распад на послабите земји чија државна ерозија завршувала со трагедии, војни, етнички чистења и масовно кршење на човековите права како што беа тие во 90-тите години на 20 век (во Сомалија, поранешна Југославија, поранешниот Советски Сојуз, во земјите во Западна Африка и други). Со тоа некои недржавни организации придонесоа за зголемување на хаосот и пред очите на светската јавност се прикажуваа сликите за кршење на човековите права, а кои беа главна причина за одобрување на воена интервенција и мешање во внатрешните работи на овие земји.[208] Ова на кратко ја објаснува улогата на недржавните, (невладините организации во овој случај) субјекти и на кој начин тие ја пласираат својата моќ во глобалниот поредок.

---

Либија, и за истите се говореше дека се базирале на селективен пристап при поддршката на завојуваните страни. Овој начин на интервенирање допринел за политизација на хуманитарната помош и искривување на сликата за човековите права во надворешната политика а воедно се нарушил и принципот на еднаквост. Имено, поврзувањето на етнитетот со човековите права и интервенциите е резултат на отсуството на универзална правна рамка за значењето и дефинирањето на човековите права. Во тој поглед Западот преку меѓународните и невладините организации ја поддржувале онаа етничка страна во конфликтот која била блиску до домашната (западната) политичка сцена. Со подржувањето на една од етничките страни се селектирале човековите права и слободи а тоа не водело кон нормализација на состојбата во загрозената земја, туку кон дополнителни политички и безбедносни импликации. Види пошироко во: Chandler D., *From Kosovo to Kabul: Human Rights and International Intervention*, Pluto, 2002.

[208] Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije:Nova svjetskopoliticka ekonomija*, Skolska knjiga, Zagreb, 2004, str.106-107.

# 5. ЕКОНОМСКИТЕ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Најевидентни и најмоќни фундаменти на глобализацијата се интегративните процеси поврзани со економско-финансиската сфера. Истото се базира на се поголемата отвореност на земјите во меѓународната трговија, пенетрација на капиталот, зголемување на производството, пораст на странските вложувања и слободен проток на луѓе, добра, услуги и капитал. Развојот и динамиката на глобализацијата е резултат на однесувањето на различни актери, поединци, претпријатија, држави, транснационални коорпорации, меѓународни организации кои управуваат со тековите на капиталот, на промената во технолошките производствени иновации и слично (види *прилог бр.1- економски аспекти на глобализацијата*).[209]

Пенетрацијата на капиталот придонесе за "ослободување на оковите" на економските актери и компании од националните и државните стеги. Глобализацијата се смета за составен дел на капитализмот за кој ширењето на глобалниот простор е највисок приоритет а глобализацијата би требало да биде рамка и начинот на "капиталистичката инвазија". Капитализмот ја поттикнува и произведува глобализацијата, преку циркуларизација на стоките и услугите низ трансланетарниот и супратериторијалниот простор. Со тоа економијата го превзеде приматот во освојувањето на светот наспроти воените и политичките ангажмани. Затоа многу често се вели дека денешната цивилизација се разгледува низ призма на економијата, па оттука и ние ќе се обидеме преку следниве хронолошки анализи да ја доловиме општата слика за тоа како функционира економската глобализација. Тоа се однесува на следново:

- светскиот износ на странски директни инвестиции се движеле од 68 милијарди во 1960 год. до 1700 милијарди во 1990 год. и 7100 милијарди долари во 2002

[209] Jovanovic M. N., *Globalizacijata i evropske vrednosti* во: Aspekti globalizacije sa pregledom osnovnih pojmova, Beogradska otvorena skola i Dosije, Beograd, (2003):61-73.

година. Односно од 6.5% светскиот БДП во 1980 год. се зголемил на 31.8% во 2006 год.; [210]

- вредноста на трговијата, (добра и услуги), како процент од светскиот БДП се зголемил од 42.1% во 1980 год. на 62.1% во 2007 год.;
- бројот на странски работници се зголемил од 78 милиони луѓе во 1965 год. на 191 милиони луѓе во 2005 год.[211]

Во тој контекст *Вудс* вели дека глобализацијата се користи за четири групи на процеси во светската економија а се однесуваат на *интернационализацијата,* (која го опишува порастот на економските трансакции преку границите), *технолошката револуција,* (новата електронска технологија овозможува економските актери да делуваат глобално), забрзаната *детериторијализација,* (надминување на територијалните дистанци при начинот на дејствување) и процесот на *либерализацијата.*[212]

Глобализацијата во економската сфера овозможува зголемување на просторот за делување преку слободен пристап до пазарите и брзината на транспортот. Според подржувачите на современата глобализација таа овозможува отстранување на ограничувањата при трансферот на ресурси помеѓу државите. Во свет со отворени граници глобализацијата служи како промотор на либералните вредности, без таа да биде наметната и контролирана од страна на државите, при што се очекува отворената светска економија да донесе благосостојба, слобода и мир за целото човештво.[213]

Денес ниту едно општество не може да се развива во сопствен затворен круг, па затоа државите се принудени на континуиран натпревар меѓу себе, со сите можни средства, како начин за фаворизирање на сопствената трговска политика а со цел

---

[210] Превземено од: Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str.105.
[211] Globalization: A Brief Overview, IMF, May 2008.http://www.imf.org/external/np/exr/ib/2008/htm.
[212] Вудс, Н., „*Меѓународната политичка економија во доба на глобализација*“ во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, (превод), Табернакул, (2009) : 242-260.
[213] Шолте, Ј. А., „*Глобална трговија и финансии*“ во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, (превод)Табернакул, (2009): 450-467.

да стекнат предност на пазарите пред останатите држави. Во *Стратегијата за национална безбедност на САД* од 1998 год. се вели „растот на внатрешниот пазар зависи од растот зад границите“, што значи се бара поголема отвореност на другите земји за влез на американските стоки и услуги. Останатите земји од светот се обидуваат да ја “менаџираат глобализацијата“ со тоа што ќе го намалат влијанието и доминацијата на САД. Ова се две различни визии кои покажуваат дека прогресот на глобализацијата никогаш нема да биде хармонизиран и постои опасност од појава на конфликт кој ќе ја ослаби динамиката на глобализацијата во годините што следат.[214]

Но, постојат и други негативни трендови, на пример, кога земјите го насочуваат капиталот во регионот каде што припаѓаат или пак во организацијата во која партиципираат. Тоа предизвикува регионална затвореност и е во спротивност на процесите на глобализација. Тоа се случува меѓу земјите од *Организацијата за економска соработка и развој* (ОЕЦД), *Европската унија, Меркосур* (економска асоцијација на земјите од Латинска Америка) или земјите од *БРИК* (Бразил, Русија, Индија и Кина) кои капиталот го насочуваат кон своите сојузи, унии и организации. Според *Шолте* мега - здружувањето на гигантите, (без разлика дали се коорпорации или земји), радикално ја преобликуваа конкурентската рамнотежа на пазарот. Како резултат на тоа, е дека глобализираниот капитал е и централизиран капитал, но само во функција на земјите или компаниите од Западот.[215] Тоа се земји кои ги предводат и меѓународните економски авторитети и наметнуваат сопствените национални економски интереси кон другите.

Оттука, следи дека, карактерот на меѓународната политичка економија нема избалансирана структура, а економската активност продуцира редица поделби на класи, коорпорации и национални економии кои се поврзани во трговијата и слободниот пазар. Ваквата разиграност на економските актери води и кон нови ривалства кои може да го фрагментираат глобалниот економски систем. Најпознато е тројното ривалство меѓу САД-ЕУ-Јапонија, но не се исклучуваат од

---

[214] Rawi Abdelal and Adam Segal, *Has Globalization Passed Its Peak?*, Foreign Affairs Vol.86 No.1, 2007, p.105.
[215] Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str.182.

игра и другите економски авторитети како Кина, Индија и др. Така што овој затворен круг на економски ривали ќе донесе многу опасности и предизвици по светската економија и нестабилност поради нивната борба за доминација, профит и владеење со светските пазари и трговија.[216]

Најразвиените земји сеуште се и најпримамливи за странски инвестиции. Тоа го потврдува и фрапантниот податок дека од вкупните 4.700 милијарди долари странски инвестиции во светот за 1999 год., околу 70 проценти се наоѓале во високоразвиените земји.[217] Односно, 50% од глобалниот извоз се одвивал помеѓу развиените демократии, 35% од извозот се одвивал помеѓу развиените демократии и земјите од неразвиените региони, додека пазарот од само 15% на светскиот извоз останувал во рамките помеѓу неразвиените региони.[218] Движењето на капиталот особено е изразен на релациите Северна Америка - Западна Европа и обратно, со исклучок на перидот од пред Втората светска војна (1938 год.) кога од вкупниот извоз на капитал, дури 80% биле инвестирани во неразвиените земји.[219]

Статистичките податоци покажуваат дека светската трговија се одвива/ла помеѓу високоразвиените земји а ги одминува останатите земји од светот. Имено 15% од светската популација која живее во богатите земји контролираат 80% од светскиот доход, додека 60 % од светската популација или 3.5 милијарди луѓе располагаат со 6.3% од светскиот доход, (што е помалку од БДП на Франција).[220] Исто така последните статистички анализи на *Светската трговска организација*

---

[216] Постоеле бројни конфронтирања меѓу Европската унија и САД околу увозот на банани, забрана за увоз на месо со хормони и генетска модификувана храна во земјите од ЕУ, како и конфликтот помеѓу нив околу производството на супер џамбо авионот од страна на европските земји за комерцијални потреби. Тука се и критиките на САД насочени кон агресивната економска политика на Кина која е фокусирана на извоз на своите стоки и услуги, а многу тешко дозволува увоз на странски добра и услуги.

[217] Jovanovic M.N., *Globalizacija i evropske vrednosti* во: Aspekti globalizacije sa pregledom osnovnih pojmova, Beogradska otvorena skola i Dosije, Beograd, 2003, str.67; Американските фирми во 2000 година имале вредност на своите инвестиции во Европа околу 3.000.000.000.000 долари , а европските фирми имале инвестиции од околу 3.300.000.000.000 долари во САД. Извор:Timoti Garton Es *Slobodan Svet-Amerika, Evropa i iznenadujuca buducnost Zapada*, Samizdat B92, Beograd,2006, str.139.

[218] Kugler, Richard L., *Policy Analysis in National Security Affairs: New Methods for a New Era*, National Defense University Press, Washington D.C. 2006, p.189.

[219] Фити Т., *Транснационалните компании и извозот на капитал*, Комунист, Скопје, 1989, стр.46.

[220] Chossudovsky M., *The Globalization of Poverty and the New World Order* (Second Edition), Global Research, Center for Research on Globalizatiion, 2003, p.45.

покажуваат дека 2/3 од вкупниот светски извоз заминува во Европа и Азија и како во минатото така и понатаму, ќе преовладува процесот на интрарегионално тргување помеѓу развиените земји во еден регион. Тоа е уште еден аргумент дека развиените економии не дозволуваат излез на капиталот во сиромашните земји. Оваа организација посочува дека во 2010 год., дури 65% од извозната стока од ЕУ заминала во земјите членки на Унијата, додека само 12% од извозната стока од Африка е извезена во афричките земји.[221] Тоа значи дека сегашната економска глобализација не е подеднакво дисперзирана што доведува до концентрација на капиталот и територијална економска поделба на светот од страна на најразвиените капиталистички земји.

Очигледно, "рацете", на економската глобализација се непропорционални и најмногу допираат до Северот отколку до Југот. Повеќе од 3/4 од странските директни инвестиции, трансакции, трговија и берзантските пазари и услуги се одвиваат во рамките на Северот.[222] На ова се надоврзува и податокот дека денешната светска економија е во рацете на мултинационалните или транснационалните коорпорации, распространети насекаде во светот а кои учествуваат со 25% во светското производство и со 70% од светската трговија а нивна продажба на стоки и услуги достигнува вредност од 15 680 милијарди долари. Притоа 1/4 до 1/3 од светската трговија се одвива помеѓу мултинационалните коорпорации од кои повеќе од 90% потекнува од западно индустријализираните земји.[223] Компаниите кои ја предводат современата економска глобализација може да се каже дека делуваат како тоталитарни и егоистични организации кои лесно можат да го загрозат мирот и стабилноста во светот бидејќи настојуваат да присвојат за себе што поголем дел од светската економија.

Неурамнотеженоста на движењето на капиталот придонесува за дистанцирање на неразвиените од развиените општества. Имено, развиените многу

---

[221] International Trade Statistics 2011, WTO 2011, достапно на: http://www.wto.org/statistics

[222] Шолте Ј. А., „*Глобална трговија и финансии* во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, (превод), Табернакул, 2009, стр.462.

[223] Хелд Д. и Мекгру Е., *Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување*, (превод), Академски печат, Скопје, 2010, стр.3.

малку тргуваат со сиромашните земји и веројатно нема да тргуваат со нив се додека не станат богати. Ова е круцијалниот проблем поврзан со економската димензија на глобализација за што треба да се најде соодветно решение. Оттука, сметаме дека претстои период во кој со порастот на економската глобализација, ќе дојде до "никнување" на економски бариери дури и меѓу напредните капиталистички држави а тоа ќе резултира со појава на политички несогласувања и протекционистички решенија. На глобализацијата и недостасуваат неколку компоненти а се однесуваат на тоа дека таа не е толку *отворена* како што изгледа а уште помалку *праведна* бидејќи нема јасно дефинирани правила. Истовремено не постои систем на *одговорност* од страна на земјите, регионите или од меѓународните организации и тела.[224]

## 5.1. Улогата на меѓународните економски институции

Пред да започнеме со елаборацијата на улогата на глобалните економски актери, накратко ќе ги опишеме хронолошките текови на економските процеси и либералните економски инстутиции во изминатиот половина век а со цел да имаме комплетна слика за економските аспекти на глобализацијата. Во таа насока можеме да идентификуваме четири главни периоди кои не доведоа до сегашната современа форма на економската глобализација а тоа се :

(1) Основањето на Бретон - Вудс системот, чија цел беше да се создаде стабилен и заеднички меѓународен монетарен фонд, преку создавање на нови правила и институции кои ќе ја уредат послевоената меѓународна економија и монетарниот систем и ќе бидат способни да ги спречуваат идните финансиски кризи;[225]

---

[224] Jovanovic M.N., *Globalizacija i evropske vrednosti*, во: Aspekti globalizacije: sa pregledom osnovnih pojmova, Beogradska otvorena skola i Dosije, Beograd, (2003): 61-73.

[225] Бретон - Вудс системот е популарен назив за светскиот монетарен и финансиски систем создаден после конференцијата на ООН посветена на монетарните и финансиските прашања одржана во јули 1944 година, во летовалиштето *Bretton Woods* во Њу Хемпшир, В.Британија. Најважни резултати од конференцијата се основањето на ММФ и Меѓународната банка за обнова и развој (позната како Светска банка). Hirst P. i Tompson G., *„Globalizacija – Neminovan Mit?"* во: Vuletic V., *Globalizacija - Mit ili Stvarnost*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, (2003): 112-128.

(2) кризата на меѓународниот систем во средните и доцните 70-ти години како последица на пропаѓањето на Бретон-Вудс системот и нафтената криза. Последиците беа проследени со нестабилност во сите светски водечки економии, а дел од консеквенците предизвикаа и пораст на инфлацијата во развиените земји и рапиден пораст на цената на нафтата и низа политички промени;

(3) идеолошките промени во 80-тите години кои доведоа до преобликување и интензивирање на идејата за меѓународен економски поредок заснован на слободниот пазар и неговите принципи и

(4) завршување на Студената војна и основањето на Светска трговска организација во 1995 година, која преку слободната трговија допринесе кон забрзување на економските аспекти на глобализацијата.[226]

Оттука, финансиската и трговската институционалност на капитал системот како фактор на економската глобализацијата се демонстрира преку глобалното економско управување од страна на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Светската банка (СБ) и Светската трговска организација (СТО).

Но да ја видиме нивната улога и целите на овие економски институции кои управуваат со економската глобализација.

### 5.1.1. Меѓународниот монетарен фонд и глобализацијата

Глобализацијата гледана како форма која ја зголемува светската трговија и услуги, е речиси невозможна да функционира без меѓународните економски авторитети. Со искуство од преку 65 години на меѓународната сцена, Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) има улога да посредува, да ја унапредува глобалната стабилност, да управува со меѓународните финансиски односи, да ги

---

[226] Hirst P. i Tompson G., „*Globalizacija – Neminovan Mit?*“ во: Vuletic V., *Globalizacija - Mit ili Stvarnost*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, (2003): 112-128; Soros G., *The Crisis of Global Capitalism*, Public Affairs, Perseus Book Group, New York, 1998.

решава постоечките меѓународни монетарни проблеми, и да ги помага земјите во развој и транзиција за да остварат повисок раст и стандард на живеење. Но, исто така има задача да дава совети и врши притисок врз владите на земјите доколку не се движат по зацртаната траекторија, да помага на земјите при појава на криза, но и да менаџира конфликт помеѓу две спротивставени страни.

Условите за давање кредити и помош на земјите, некои економисти ги толкуваат како одрекување на земјите од суверенитетот и прифаќање на надворешен надзор над фискалната и монетарна политика. Улогата на ММФ се зголемува со се поинтензивното вклучување на земјите во процесот на економската глобализација, а за тоа говори и основниот капитал на фондот кој од 1960 година е десет пати поголем и достигнал до 300 милијарди долари на почетокот на 21 век.[227] Тоа и дава за право на свој начин и со одредени механизми да ги реорганизира државите и да ги насочува кон нејзината економска политика кон која државите мора да се придржуваат, или во спротивно би се нашле на нејзината "црна листа".[228]

Од безбедносен аспект, ММФ може да ги принудува државите да ги намалат воените трошоци, иако доминантните земји во организацијата се обидуваат секогаш да ги заштитат своите сојузниците. Такви на пример се партнерствата помеѓу САД со Јужна Кореја и Турција. Тие се поттикнуваат да продолжат со растот на воените издатоци што е дијаметрално спротивно во однос на државите кои се закана за безбедноста на САД, при што им се наметнуваат разни мерки за контрола на воената индустрија. Затоа многумина ја критикуваат ММФ за двојните политики и стандарди кога треба да ги лимитираат буџетите за воената потрошувачка. Од друга страна пак, тоа овозможува превенција и рестрикција на вооружувањето во ризичните држави, како и поголема контрола на приватните воени компании и армии кои можат да прераснат во ривали на националните армии. Овие постапки на ММФ го забавуваат процесот на глобализираната милитаризација и придонесуваат за зајакнување на безбедноста и слободниот пазар и трговија.[229] Покрај тоа, фондот

---

[227] Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uv od*, (drugo izdanje), CID, 2009, str.111.

[228] Chossudovsky M., *The Globalization of Poverty and the New World Order* (Second Edition), Global Research, Center for Research on Globalizatiion, 2003, p.43.

[229] John Feffer, *Globalization & Militarization*, Foreign Policy in Focus, Vol.7, No1, February 2002.

има превземено редица активности за спречување на бројни финансиски кризи, (им помогна со заеми на земјите од Југоисточна Азија, Индонезија, Ј.Кореја, Тајланд како и на Русија). Во 2005 година се согласи да им отпише долгот од 3.3 милијарди долари на 19 најсиромашни земји во светот.

Но, другото лице на ММФ е поинакво од досега прикажаното. Еден од најпознатите светски економисти *Џозеф Стиглиц*, вели „ММФ ја има улогата на пожарникар пироман", бидејќи неколку поранешни кризи како оние во Русија од 1998 год., Бразил 1999 год., Аргентина во 2001 год. и глобалната финансиска криза во 2008 година, ММФ не успеа да ги менаџира ниту пак да ги превенира истите а последиците беа катастрофални.[230] Исто така, ММФ во повеќето случаи не се придржуваше до својата главна цел, подобрување на глобалната стабилност, бидејќи ги реализираше интересите само на земјите од Западот. Постојат и одредени ситуации во кои ММФ не постапува соодветно бидејќи некои земји се блиски до интересите на земјите предводници на политиката на ММФ, (на пр.САД и ЕУ), и имаат поголемо значење од останатите, што може да прерасне во поголемо незадоволство и да се наруши глобалната економска стабилност. Исто така ММФ не допринесе многу во економските политики на земјите во транзиција кои во изминатите години бележат економски падови како и се поизразена зависност на овие земји од глобалниот финансиски капитал кој им ја одредува судбината. Патем, нееднаквата распределба на моќ помеѓу земјите членки на ММФ, придонесува некои од членките да ги менуваат правилата на организацијата во своја корист.[231]

---

[230] Stiglic Dz., *Protivrecnosti globalizacije*,SBM-x, Beograd, 2002, str.216.

[231] Земјите членки на Г-8 контролираат 45% од гласовите, додека 44 земји од Африка сите заедно контролираат помалку од 5% од гласовите во извршниот одбор на ММФ. Види во: Матиас Кениг-Архибуги, „*Приказ на глобалното управување*" во: Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување,(превод), Академски печат, Скопје, (2010) :51-77; Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str.371.

### 5.1.2. Светска трговска организација и глобализацијата

Светската трговска организација, (СТО), преставува една од најмладите и најмоќни наднационални-меѓународни институции во светот. Основана во 1995 година како замена на *Општата спогодба за трговија и царини* (ГАТТ- од 1947 год.). Главна задача на СТО е да ја либерализира светската трговија и да создаде отворен глобален трговски систем. Нејзините функции се и да ги администрира светските трговски договори, служи како форум за трговски преговори, врши мониторинг на националната трговска политика, врши техничка асистенција и обука во земјите во развој и соработува со останатите меѓународни организации. Индиректно ги надгледува случувањата и во другите сфери како што се јавното образование, јавно здравство, социјалната правда, вработувањата, индустриските програми, регулативата за животна средина и други области важни за динамиката на слободниот пазар. Основни принципи врз кои се темели СТО се целосна либерализација на меѓународната економија и недискриминација на трговските партнери.

Во изминатите години оваа организација успеа да подобри многу нешта во светот кои се оценети како позитивни ефекти од глобализацијата. На пример, во 1997 година вкупната светска трговија беше зголемена за 14 пати во однос на нивото од 1950 година. Исто така глобалниот БДП пораснал за 3,7% и е најдобар перформанс од 2000-та година при што истата година, светскиот извоз на стока пораснал на 8%.[232]

Но има и редица нсдостатоци во функционирањето на СТО а се однесува па следново. Критичарите на глобализацијата говорат дека развиените земји преку глобалните економски институции вршат притисок врз сиромашните земји да ги елиминираат трговските бариери за да можат да влезат на нивниот пазар, а од друга страна пак не им дозволуваат или ги спречуваат сиромашните земји да ги пласираат сопствените производи на западниот пазар.[233] Повеќе пати принципите биле прекршувани од страна на земјите членки на организацијата, а многу од нив немале

[232] Достапно на : http://www.wto.org.
[233] Stiglic Dz., *Protivrecnosti globalizacije*,SBM-x, Beograd, 2002, str.20.

еднаков третман на пазарот. Дијаметрално спротивните интереси и потреби на развиените и неразвиените земји придонесувале за тешко одвивање на преговорите во организацијата а честопатти таа била спомнувана како “клуб на развиените земји“.[234]

Дискриминацијата кон одредени земји во развој, СТО ја правело безмалку нефункционална организација, затоа беа направени бројни долгогодишни рунди на преговори и обиди да се пронајде механизам за спроведување на санкции кон земјите кои не ги почитуваат правилата на организацијата. Политиката на организацијата е голем предизвик за земјите членки, особено во оние случаи кога земјите се обидуваат на нечесен начин да учествуваат во трговската размена. Тогаш СТО може да изврши притисок врз земјите да ги елиминираат постоечките бариери и да ја променат трговската политика. Доколку земјите членки не го сторат тие можат да се соочат со санкции кои изнесуваат и по неколку милијарди долари.[235] Еден таков притисок беше наметнат од страна на САД врз Кина и Русија при нивното зачленување во СТО а од кои се бараше брзо отворање на пазарите.

Сепак и во глобализацијата, светот се доживува како единствен пазар во кој ќе напредува оној кој е повеќе конкурентен.[236] Значи ли тоа дека во иднина трговските несогласувања помеѓу високоразвиените земји или региони и нивниот трговски суфицит ќе доведе до заострување и нарушување на мирот и стабилност во регионот. Тогаш постоечката либерална формула за „светски мир преку светска трговија“ ќе придонесе за неизвесна судбина на малите земји. Веројатно постои можност богатите земји во меѓународната размена на стоки и услуги да воспостават монопол и дискриминација во однос на посиромашните земји, на кои се потешко им е да се вклучат во светските трговски текови. Во овој контекст е и констатацијата на познатиот економист *Карл Полањи*, кој вели дека „светскиот мир не може да се одржи преку светската трговија и финансии, односно за глобалната економија треба

---

[234] Кикеркова И., *Меѓународна економија*, Економски факултет, Скопје, 2003, стр.83 и 79.

[235] Staples S., *The World Trade Organization and War:Making the Connection*, Peace matters, January 2000.

[236] Kissinger H., *Treba li amerika vanjsku politiku? Prema diplomaciji za 21 stoljece*, Golden marketing, Zagreb, 2003, str.181.

да се бара соодветен тип на меѓународна заедница, во спротивно пазарот може да биде сатанска мелница“.[237]

Од тој аспект може да констатираме дека денешната економија е се повеќе интернационална отколку глобална. Односно, се поизразена е трговската размена помеѓу земјите во рамките на одреден регион отколку пошироко. Исто така, за оние земји или региони кои сакаат да се изолираат, постојат механизми за да ги отворат своите пазари за кои нема да се користи притисокот и уцената со воена сила, туку се повеќе ќе се применува економски притисоци, блокади и санкции или неиспраќање на соодветна помош во време на криза.[238]

СТО има ингеренции и во безбедносната и воената сфера, односно, потпомага во трговијата и производството на оружје и придонесува за порастот на воените трошоци, што непосредно ги поткопува мирот и човековите права во светот.[239] Тоа е поткрепено со *член XXI*[240] од Договорот именуван како „*безбедносни исклучоци*“ кој дозволува на земјите слободно превземање акции во “име на националната безбедност”. Всушност се дозволува земјите да превземат акции со цел да ги заштитат своите есенцијални безбедносни интереси. Понатаму, се поттикнуваат дејства кои се однесуваат на трговија со вооружување и други трговски услуги со добра и материјали за воени цели за време на војна или во други итни превентивни ситуации на меѓународен план. Оттука, констатациите се дека безбедносните исклучоци на СТО ги стимулира владите да трошат повеќе средства за вооружување и на тој начин да ја милитаризираат националната економија. Имено, владите интервенираат во своите економии со цел да ги истакнат сопствените воени произведувачи на глобалните пазари.[241]

---

[237] Polanji K., *Velika Transformacija: Politicka i ekonomska ishodista naseg vremena*, Filip Visnjic, Beograd, 2003.
[238] Stiglic Dz., *Protivrecnosti globalizacije*,SBM-x, Beograd, 2002, str.75.
[239] Staples S., *The World Trade Organization and War:Making the Connection*, Peace matters, January 2000.
[240] Станува збор за *членот XXI*, од *Општата спогодба за трговија и царини* (GATT) и преставува најмоќниот исклучок на СТО, бидејќи им дава право на владите на државите да си ги дефинираат сопствените есенцијални безбедносни интереси и да ги заштитат своите цели во оваа област.Исто така со ова се подржуваат владите да продолжат со субвенционирање на воените коорпорации кои оперираат на транснационално ниво.Под закрилата на овој член честопати се случува средствата наменети за цивилни потреби да завршат за развој на нови воени програми.
[241] John Feffer, *Globalization & Militarization*, Foreign Policy in Focus, Vol.7, No1, February 2002.

Од друга страна пак, трговските правила на Светската трговска организација можат многу да придонесат за превенција и промоција на мирот, демократијата и заштита на човековите права.[242] Ова е другото лице на организацијата, која со помош на економските елементи и меѓународната трговска либерализација дава гаранција за подобри економски и социјални права во општествата, но и да превзема акции под закрилата на ООН онаму каде што се загрозени меѓународниот мир и безбедност. Со тоа се овозможува подобрување на општите стандарди за живеење во државите и креирање на поинаква позитивна слика за процесите на глобализацијата.

### 5.1.3. Светска банка и глобализацијата

Меѓу најважните институции на економската глобализација е Светската банка (СБ). Таа ги бележи своите почетоци заедно со формирањето на ММФ на Бретон Вудс конференцијата во 1944 година. Улогите и функциите на овие две глобални економски институции меѓусебно се испреплетуваат, но сепак постојат одредени видни разлики во нивното економско функционирање. Па така, уште од основањето на некогашната *Меѓународна банка за обнова и развој,* (позната како ИБРД), сега Светска банка, нејзината улога била да се намали ризикот за давање на надворешни заеми со што би се поддржала економската стабилност. Нејзините заеми и помош биле неопходни за развојот на новите независни држави во Африка, Азија, Латинска Америка и Средниот Исток, а во 90-тите години на 20 век средствата од СБ се пренасочувале кон новосоздадените земји во транзиција од Централна и Источна Европа.[243] Банката имала за цел да го финансира развојот, т.е. да обезбеди финансиски средства за помалку развиените земји кои се соочуваат со потешкотии создадени од меѓународниот пазар на капитал.

Како и претходните две организации и СБ има значителен удел во реализирање на целите на либерализмот а со тоа и кон засилување на економските аспекти на глобализацијата. Познато е дека нејзината улога во меѓународната

---
[242] Исто.
[243] Пошироко види на : http://www.worldbank.com.org

економија е одобрување на финансиски средства, (зајмови или кредити), на земјите клиенти, притоа обидувајќи се да им ги наметне сопствените услови. Главно тие услови се во форма на зголемување на цената на електричната енергија, приватизирање на државните претпријатија и смалување на административните препреки за одобрување на нови инвестиции. Таа на некој начин е застапена во сите институции и области, а под нејзина јурисдикција се реформите и во здравството, образованието, заштита на животната средина, прометот и друго.

За разлика од ММФ, Светската банка се фокусира на пошироки структурни прашања и реформи поврзани со пазарот на работа, трговска политика, долгорочниот развој на земјите и најважно од се редуцирање на сиромаштијата и подршка на социјалниот развој. Интересно е тоа што претходно земјите мораат да се приклучат кон ММФ, за да бидат прифатени за членки во Светска банка, па затоа имаат и подеднаков број на членки.[244] Како и во ММФ, така и во Светска банка најголемиот број на гласови им припаѓа на САД кои заедно со уште девет западни индустриски земји, имаат 50% од вкупниот број на гласови во институцијата.[245] Не случајно претседател на банката главно е американец, а на ММФ државјанин на некоја од земјите на Западна Европа. Ова докажува дека овие економски институции се под силно влијание на високоразвиените западни земји.

Помошта од СБ најмногу беше насочувана кон сиромашните земји и земјите во развој преку проекти за побрз развој, но сепак, според многумина оваа институција не успеала во намалување на јазот помеѓу богатите и сиромашните земји, а долговите на земјите во развој се во постојан пораст. Имено, вкупниот долг на земјите во развој во 70-тите години на 20 век изнесувал 62 милијарди долари, а во 1998 година пораснал на 2.000 милијарди долари или 32 патти поголем од долгот во 1970 година.[246] Презадолженоста ги упропастиле земјите во развој од Латинска Америка до Источна Европа и Азија, (на пример како последица од азиската криза од 1997 год. до 1999 год., долгот на Индонезија рапидно се зголемил а како резултат

[244] Кикеркова И., *Меѓународна економија*, Економски факултет, Скопје, 2003, стр.251 и 257.
[245] Исто, стр.252.
[246] Chossudovsky M., *The Globalization of Poverty and the New World Order* (Second Edition), Global Research, Center for Research on Globalizatiion, 2003, p.61.

на тоа 130 милиони луѓе се нашле на прагот на сиромаштијата).[247] Поразително е тоа што до крајот на 20-тиот век ниту една од земјите на Вториот или Третиот свет не успееле да се приклучат кон земјите од Првиот свет. Ова се само дел од аргументите кои посочуваат дека ММФ и СБ преку своите "шок терапии"[248] создаваат поголема несигурност и сиромаштија отколку претходно. Исто така СБ е сеуште далеку од редуцирање на глобализираната сиромаштија, соглед на тоа дека има 3 милијарди луѓе кои живеат со помалку од 2 долари на ден. Покрај тоа не успеала ниту во намалувањето на бројот на неписмени и заболени луѓе, како и во остварувањето на социјална заштита во неразвиените земји во светот.

## 5.2. Економијата и безбедноста во ера на современата глобализација

Секоја земја во светската економија се обидува да оствари трговска доминација и да ги заштити своите витални интереси, при што е нормално да се појави незадоволство кај обеспravените земји. Во тој случај економскиот натпревар меѓу земјите може да премине во ривалство кое би резултирало со "економски т.е. трговски војни". Овие претпоставки се веројатни доколку се повеќе се зголемува економската асиметрија помеѓу развиените и неразвиените земји. Во таа насока *Карл Маркс* констатирал дека капитализмот во основа е класен систем во кој односот меѓу класите продуцираат судири.[249]

Иако сеуште малку е веројатно дека ривалитетот во економската сфера ќе продуцира вооружени конфликти, сепак, останува потреба поопсежно да се истражува односот помеѓу воената сила и економијата, особено ако се земе предвид улогата на воениот инструмент како средство на државната политика кој може да се искористи за стекнување предност во економскиот развој. Избувнувањето на религиските и етничките конфликти и војни во поранешна Југославија, Африка, (Руанда и Конго), Азија, (Индонезија) и Средниот Исток ги потврдуваат

[247] Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str.292.
[248] Klein N., *The Shock Doctrine the rise of disaster capitalism*, Metropolitan Books Henry Holt and Company, LLC, New York, 2007.
[249] Маркс К., *Капиталот*, (превод), Мисла, Скопје, 1975.

поврзаноста меѓу сиромаштијата, презадолженоста на државите, економската стагнација со внатрешно-државните конфликти и граѓански војни.[250] За ваквата состојба вина носеле и меѓународните економски авторитети како што се ММФ, Светска банка и СТО, преку чии економски политики индиректно ја загрозувале политичко-безбедносната и економско-социјалната состојба во земјите. Како резултат од ограничените текови на капиталот повеќето земји се соочиле со дезинтеграција а како растел интензитетот на економската глобализација пропорционално се зголемувале и општествените, политичките и социјалните кризи.[251] Затоа на економската глобализацијата се смета како на значаен безбедносен проблем, односно се појавува процес на "секјуритизација" на економската политика.

Имено, глобалната економија и глобалните безбедносни прашања не се дистанцирани или разделени еден од друг. Напротив, тие се две страни на едно исто лице кои можат да влијаат една на друга за добро или лошо. Оттука во ера на современата глобализација се потешко е разделување на овие два аспекта, затоа е потребно нивна интеграција и координација кои паралелно ќе ги зајакнуваат ефектите на обете страни. Тоа ќе донесе бенефити и за економијата и за безбедноста.[252] Во денешни услови "економското војување" завзема се поголем опсег, при што нема да има нужност од испраќање армии за освојување на туѓи територии. Доволно е да се освојат териториите односно државите преку контрола над производствените капацитети или да се воведат економски санкции кои ќе ја дотолчат стабилноста на земјите повеќе отколку интервенција на некоја армија. Економските елементи биле и сеуште се значаен фактор во меѓународните односи, а своја потврда наоѓаат во бројните меркантилистички и протекционистички ставови на земјите во разните облици на бојкот, на економска изолација и санкции чии последици предизвикале промени кои лесно се рефлектирале на националната и глобалната безбедност. Некои од овие економски механизми биле ефикасен начин

[250] Вудс Н., „*Меѓународната политичка економија во доба на глобализација*", во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, (превод), Табернакул, (2009) :242-260.
[251] Исто.
[252] Kugler, Richard L., *Policy Analysis in National Security Affairs: New Methods for a New Era*, National Defense University Press, Washington D.C., 2006, p.194-195.

за осиромашување и деградација на многу земји од недемократскиот свет. Актуелен е примерот со војната во Либија каде што во согласност со меѓународните санкции се деблокирани околу 15 милијарди долари на либиски имот а кои ќе бидат пренаменети за финансиска реконструкција на Либија по разурнувањата предизвикани од шестмесечната војна.[253]

Иако денес е присутен еден пософистициран пристап, земјите кои не сакаат да ги отворат границите за влез на западните банки или мултинационални коорпорации, воените апарати за Западот, (НАТО), се поврзуваат со економско-финансискиот естаблишмент, (ММФ, Светска банка и СТО), кои ги следат реформите во секоја земја и соработуваат во насока на одржување или зачувување на мирот.[254] На овој начин економските инструменти на моќ постепено ги заменија воените цели.[255] Ова покажува дека малите и неразвиени земји се осетливи и ранливи на економските притисоци или санкции.

Покрај тоа, постепено расте моќта на новите економски актери кои успееја да го монополизираат уделот во светската политичка и економска моќ. Монополот над светскиот пазар им "дозволи" да ја менуваат моќта на светската политичка матрица во своја корист во однос на: технолошките средства, природните ресурси, медиуми и комуникации, оружјето за масовно уништување и другите современи оружја, како и финансиски надзор над светскиот финансиски пазар.[256] Всушност создавањето на вакви монополи низ целиот свет произведоа хиерархија на нееднаквости и незадоволства, при што повеќе ја влошија состојбата во оние земји и општества кои се маргинализирани, а со тоа ја зголемија и поларизацијата меѓу богатите и сиромашните низ целиот свет. Со тоа глобализацијата на пазарите и трговијата

---

[253] Утрински Весник, „*Пријателите ќе се погрижат за Либија*", 3-4 септември, 2011, стр.13.

[254] Chossudovsky M., *The Globalization of Poverty and the New World Order* (Second Edition), Global Research, Center for Research on Globalizatiion, 2003, p.34.

[255] Од кога се доделија воените услуги на приватните воени фирми-компании, (*Private Military Firms*-PMF), кои продаваат услуги поврзани со војната на државите и оперираат во повеќе од 50 земји, истите успееја со своите индустриско-технолошки иновации да ги зголемат притисокот и интензитетот на војната и војувањето. Види во: Шихан М., „*Променливиот карактер на војната*",во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, (превод), Табернакул, (2009): 210-225.

[256] Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije*:Nova svjetskopoliticka ekonomija, Skolska knjiga, Zagreb, 2004, str.208-209.

служеа во интерес на одредена групација на земји и компании кои потекнуваат од Првиот свет.

Егоистичното монополистичко господарење во некои осетливи подрачја како што се на пример технологиите со висок ризик, (ОМУ, атомски централи,) можат да им донесат неприкосновена моќ на економските актери кои би имале круцијална улога во економско-безбедносната сфера.[257] Динамиката на слободниот пазар создава и други несигурности како што е подривање на традициите и културите а со тоа ги доведуват во опасност и начелата на слободата, социјалната правда и безбедноста. Овие констатации не предупредуваат дека доколку економската глобализација не се трансформира во состојба која ќе биде во интерес на повеќето луѓе и општества и не се задоволително урамнотежи моќта помеѓу различните економски актери на меѓународната сцена таа се повеќе ќе се именува како *дехуманизирана експлоататорска глобализација.*

Оттука сметаме дека светската економска глобализација е окарактеризирана како арена на конкурентност каде што секој од актерите се обидува да го максимизира своето богатство и моќ, без адекватно да внимаваат за социјалните или еколошките проблеми кои ги оставаат зад себе.

### 5.3. Глобалната финансиска криза и безбедноста

Со "помош" на глобализацијата светскиот капиталистички систем стана "единствена религија кон која сите се асимилираат", принудувајќи ги луѓето да се приклучат кон филозофијата на потрошувачи и да бидат во потрага по профит и материјални добра. Растот, брзината и капиталот кои преставуваат фундаментални карактеристики на современата глобализација се успорија од страна на глобалната криза во првата деценија од 21 век. Кризата доведе до намалување на динамиката на глобализациските процеси а воедно и до пренасочување на нејзините текови кон други правци.

---

257 Исто, стр.211.

Имено, кризата која доби глобални димензии имаше економски, политички, социјални, безбедносни, демографски, културни, идеолошки и еколошки обележја. Затоа требаше да се пронајде "виновникот" за глобалната хаотична состојба. Како што вели *Џозеф Сшиглиц* „во економијата постои еден основен концепт познат како загадувачот плаќа, тоа е работа на поштеност но и на ефикасност, Вол Стрит *(Wall Street)* ја загади нашата економија со отровни хипотеки а сега треба да плати за чистење".[258]

Оттука, многумина сметаат дека меѓународната економска политика го направи светот непредвидливо и поопасно место за живеење. Благодарение на глобализацијата последиците допреа насекаде во светот, при што степенот на кризата не беше подеднаков за сите. Некои, во зависност од економската сила на земјата, ги направи победници, како на пример Кина и други азиски земји, додека други губитници - Исланд, Ирска, Обединетото кралство, САД, Грција, Шпанија и Португалија. Запазениот принцип на минимални трошоци - максимални ефекти, ("*минимакс*"), се претвори во борба за максимализација на профитот, (максимални трошоци - максимални штети -"*максимакс*"), што доведе до огромни глобални последици. Притоа таканаречениот "неомонополистички капитализам" многу нешта се разликува од класичниот капитализам на големите имиња поврзани за економската наука како што се *Адам Смиш*, *Давид Рикардо* и *Карл Маркс*.[259] Но враќање назад нема, затоа што системот не го дозволува тоа без разлика дали ќе се појават или не политички или економски компликации. Се проценува дека за една и пол година од почетокот на кризата, (2008 год.), вкупното богатство во светот се намалило за 45%,а бројот на милијардери за 30%. Овој податок посочува дека 30% од светското богатство се наоѓало во САД, исто толку во Западна Европа, останатите 30% во пацифичко-азискиот регион, а целиот преостанат свет, (Кина, Индија, Африка и Јужна Америка), располагале со преостанатите 10%.[260] Сепак колку и да е чудно не се случи најцрното сценарио кое го превидуваа редица

---

[258] Цит. во : Radun, V., „*Globalna ekonomska i ekoloska kriza i nuznost preosmisljavanja globalnog kapitalizma*", Klima(ks) Planete, Hesperia edu br.1 (2008):79-86.

[259] Фити Т., *Современиош капишализам*, Магазин 21 , Скопје, 1991, стр.15.

[260] "*Кризаша го ирейолови свешскошо богашсшво*", Дневник, четврток 19 март, 2009.

економисти и безбедносни аналитичари дека доколку се случи глобален економски колапс би дошло до редица трговски војни, распространување на национализмот, територијални поделби, мултиплицирани регионални конфликти и глобален беспоредок. Поради финансиските флуктуации и најразвиените земји се чувствуваа парализирано во политичката, социјалната и безбедносно-воената сфера, при што влошената внатрешна состојба на земјите се одрази врз нивната надворешна политика во повеќе аспекти.

Отсуството на соодветно решение за излез од финансиската криза доведе до немир и несигурност во општествата а несомнено даде и силен импулс за барање виновник во рамките на државата или "просјачење" меѓу државите за надминување на ваквата ситуација. Во сферата на економијата логично е рецесијата да доведе до бегање на капиталот од погодените држави. Но, зошто не побегна капиталот од најпогодената држава, креатор на финансиската криза САД? Иако тоа не се случи постои тенденција на глобална редистрибуција на економската моќ која се префрла од развиените земји кон земјите во развој, односно од „*West*" кон „*East*". Односно, како спасители од финансиската криза се појавија токму земјите во развој како Кина која ги врати во "живот" западните банки и финансиски институции. Само во 2008 година Кина акумулирала речиси 2 трилиони долари резерви во надворешна размена, надвор од вкупниот светски износ од 7.3 трилиони долари. Покрај, тоа Кина, заедно со Тајван, Индија, Јужна Кореја, Сингапур и Хонг Конг имаат придонесено за уште еден трилион долари.[261] Според податоците на ООН во 2007 година развиениот Север примил 857 милијарди долари помош од земјите во развој,[262] а во почетокот на финансиската криза (2008 год.), Соединетите Американски Држави побарале помош од арапските земји, (членки на ОПЕК) во вредност од стотици милијарди долари.

Ова укажува на одредени слабости на капиталистичките земји и нивниот систем, бидејќи е парадоксално помалку развиените земји да ги финансираат побогатите земји предводници на светскиот поредок. Покрај тоа, кризата се случи

[261] Global Strategic Assessment 2009:America's security role in a changing world,Institute for National Strategic Studies,National Defense University Press, 2009, p.7.
[262] Превземено од : Pudar M., *Svet bez gospodara*, Sluzbeni glasnik, 2010, str.228.

онаму каде се креираше и произведуваше западниот поредок, во срцето на капитализмот, Соединетите Американски Држави и Западна Европа, кои самите придонесоа за зголемување на недовербата во капиталистичкиот поредок. Односно, капиталот беше "ахиловата пета" на западниот систем за чие обновување е потребно приближно една деценија.

Затоа многумина иницираат потреба од преобликување на актуелниот капиталистички систем, меѓу кои е и нобеловецот за мир од 2007 година *Мухамед Јунус,* кој е за „социјален капитализам" и заговара основање социјален проект на капитализам без загуба и без профит. Меѓу другото последиците од светската економска криза најдоа свое место и во документите за национална безбедност на САД, каде што се истакнува потребата од реформирање на меѓународниот финансиски систем и адаптација на финансиските институции како ММФ, СБ и СТО кон новата реалност.[263]

---

[263] *National Security Strategy of United States of America*, March 2006; *National Security Strategy of United States of America*, May 2010.

# 6. СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Претходно истакнавме дека глобализацијата е процес кој истовремено вмрежува, спојува и хомогенизира, но и поларизира, загрозува и маргинализира одредени општествени структури. Таа ги промовира интересите на едните, а ги отфрла на другите општествени групи и заедници. Оттука се забележува дека современата глобализација носи јазови во повеќе облици и тоа меѓу: богатите и сиромашните, научно-технолошки развиените и неразвиените, високообразованите и необразованите, здравствено згрижените и оние без соодветна здравствена заштита (види *прилог бр.1- социјални аспекти на глобализацијата*). Овие разлики се секојдневие кои не постојат само помеѓу одредени земји туку и во рамките на нив. Се поставува прашањето да ли социјалните нееднаквости се ублажуваат или се повеќе се продлабочуваат и го водат светот кон социјална експлозија која ќе се одрази врз безбедноста и мирот?

## 6.1. Глобализацијата и светската сиромаштија

Денешната реторика на глобализацијата е заснована на познатото тројство на слободната трговија, демократија и слобода. Но, овој меѓусебен сооднос на зависност по се изгледа дека на некој начин го фрагментира светот изразено преку повеќе апстрактни поими како што се центар и периферија, Север и Југ, Запад и Исток или прв, втор, трети и четврти свет.

Оттука следи прашањето да ли начинот на кој се глобализираме доведува до тоа да има повеќе сиромаштија, или пак поголем дел од светската популација се специјализира да биде сиромашна?[264]

Некои економисти велат дека причините за тоа се наоѓаат во неприфаќањето на моделот на капиталистичкиот либерален систем и вредностите на либералната демократија, но и поради начинот како се спроведува

[264] Reinert E.S., *Globalna Ekonomija kako su bogati postali bogati i zasto siromasni postaju siromasniji*, Cigoja, Beograd, 2006, str.124.

глобализацијата. Други тоа го гледаат во недостигот на технолошки развој, иновациите и потребниот синергиски ефект, или пак во недозволувањето на сиромашните земји да го прават она што го правеле развиените за да станат богати. Едноставно кажано асиметричната трговија во светски рамки доведува сиромашните земји да бидат "специјализирани" сиромашни, а богатите земји се "специјализираат" да останат богати.

За илустрација на посоченото ќе направиме компарација на следниве податоци. Неоспорни се редицата на позитивни ефекти од глобализацијата во одредени сегменти и за определени подрачја. Таа донела огромни бенефити во намалувањето на бројот на неписмените луѓе на Југот од 60% во 1970 год. на 35% во 1994 година. Се бележи поголем пристап на светската популација до ресурсите за вода за пиење кои од 40% во 1990 год. се зголемил на 72% во 1997 година.[265] Во повеќе региони глобализациските процеси допринеле за намалување на категоријата на луѓе кои живеат со помалку од еден долар на ден, па така во земјите во развој оваа категорија се намалила од 31.6% во 1990 год. на 19.2% во 2004 год. или пак во земјите од југоисточна Азија каде што истата категорија се редуцирала од 20.8% во 1990 год. на 6.8%во 2004 год.[266] Но глобализацијата го зголемила и бројот на милионери и милијардери во светот. Имено, на средината од оваа декада имало 6.2 милиони милионери, од кои 85% потекнувале од западно индустријализираните земји, додека при крајот на декадата (2009 год.) нивниот број се зголемил на повеќе од 9 милиони, од кои 3 милиони поединци се од Азија, додека половина од вкупната бројка на милионери потекнувале од САД, Германија, Јапонија и Кина.[267]

Сепак, ако се погледне другата страна на глобализацијата, (негативната), таа не ветува многу. Според хронолошките текови јазот во 1820 год. меѓу петте најразвиени и петте најсиромашни земји изразен во проценти бил 3:1, во 1913 година

[265] Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str.290.
[266] Development and Globalization:Facts and Figures, United Nations, 2008, p.61.
[267] Maull W.H., *World Politics in Turbolence*, International Politics and Society, Friedrich-Ebert-Stiftung, IPG 1/ 2011, pp.11-25.

тој соодност бил 11:1, а во 1992 година изнесувал 72:1.[268] Односно кон крајот на 20 век односот сиромашни наспроти богати изнесувал 1:84 со тенденција таа разлика и понатаму да расте.[269] Притоа уделот на најбогатите 20 % од светското население во глобалниот доход пораснал од 70 на 90% во периодот од 1960 до 2000 година, додека уделот на најсиромашните 20% во истиот период се смалил од 2.3% на 1%.[270] Овој диспаритет во стандардот помеѓу богатите и сиромашните земји континуирано се зголемува, (види *прилог бр.2-глобализациски јаз*).

Во иднина, се почесто, ќе има примери за тоа дека некое милијардерско семејство ќе поседува богатство двапати поголемо од бруто домашниот производ на некоја земја, (на пример Бангладеш, држава во која живеат околу 130 милиони луѓе).[271] Или имотот на тројцата најбогати луѓе на светот Бил Гејтс, Ворен Бафет и Пол Ален во 1999 година изнесувал повеќе од годишниот бруто производ на сите од групата најмалку развиени земји кои заедно имале популација од 600 милиони луѓе.[272] Се констатира дека 497 милијардери имаат капитална вредност повеќе од 7% од светскиот БДП, додека послабо развиените земји со вкупна популација од 2.4 милијарди луѓе имаат вредност од 3.3% од светскиот БДП.[273]

Често во литературата кога се говори за почетокот на XXI век и градењето на новиот светски поредок најпрвин се споменуваат нападите од 2001 година во кои загинаа околу 3.000 луѓе, а многу помалку се споменуват податоци дека во истиот или секој нареден ден во континуитет некаде низ светот умираат 10 патти повеќе луѓе или околу 30.000 деца од болести и епидемии.[274]

Во сферата на образованието секој шести возрасен човек не знае да чита ниту да пишува. Околу 600 милиони жени и 300 милиони мажи се неписмени, од кои

---

[268] Garton E.T., *Slobodan Svet Slobodan Svet- Amerika, Evropa i iznenadujuca buducnost Zapada*, Samizdat B92, Beograd,2006, str.170.

[269] Pecujlic M., *Globalizacija dva lika sveta*, Gutenbergova galaksija, Beograd, 2005, str.118.

[270] Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije:Nova svjetskopoliticka ekonomija*, Skolska knjiga, Zagreb, 2004,str.50.

[271] Chossudovsky M., *The Globalization of Poverty and the New World Order* (Second Edition), Global Research, Center for Research on Globalizatiion, 2003, p.31.

[272] Garton E.T., *Slobodan Svet- Amerika, Evropa i iznenadujuca buducnost Zapada*, Samizdat B92, Beograd,2006, str. 169.

[273] Shah A.,*Poverty Facts and Stats*, достапно на :http://www.globalissues.org/article/26/poverty-facts-and-stats.

[274] Garton E.T., *Slobodan Svet - Amerika, Evropa i iznenadujuca buducnost Zapada*, Samizdat B92, Beograd, 2006, str.169.

дури 99% се наоѓаат во земјите во развој.[275] Земајќи ги предвид и останатите категории, повеќе од четири милијарди луѓе во светот немаат пристап до чиста вода, здравствена заштита, квалитетно образование и пристап до интернет.[276] Поради бројните недостатоци во задоволувањето на основните потреби, сиромашните земји ќе доцнат во напредокот и развојот и многу ќе заостануваат зад високоразвиените земји.

Според податоците на *Свешска банка* кои ги наведува *Сшиглиц*, во 1990год. имало 2 милијарди и 718 милиони луѓе кои живееле со потрошувачка помалку од 2 долари на ден, додека во 1998 год. бројот на луѓе во оваа категорија пораснал на 2 милијарди и 801 милион.[277] Според *Свешска банка* во 2005 год. имало 1.4 милијарди луѓе кои живеат на прагот на сиромаштија, (тоа е категоријата со 1.25 долари и помалку на ден), а повеќето од нив, (или 1.345 милијарди луѓе), биле од земјите во развој.[278] Севкупно земено речиси 3 милијарди луѓе ќе продолжат да живеат со помалку од два долара дневно.

Како последица од актуелната светска финансиска криза вкупната бројка на невработени луѓе во светот во 2009 год. изнесувала 212 милиони. Во споредба со минатото тоа покажува драстично зголемување. На пример во 1999 год. таа бројка изнесувала 175 милиони, а во 2007 год. биле 178 милиони невработени луѓе. Односно во споредба со 2007 год. во 2009 год., бројот на невработени луѓе во светот се зголемил за 34 милиони.[279] По се изгледа дека станува збор за појава на глобализирана или интернационализирана невработеност која ги зафати и развиените и неразвиените земји.

Исто така загрижувачки се податоците на *Организацијаша за исхрана и земјоделсшво*, (*FAO* - United Nations Food and Agriculture Organization), за бројот на гладни луѓе кој е во континуиран пораст почнувајќи од 1995-97 год. до 2009 год, и

---

[275] Risar Z.F., *Tacno u podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni*, Clio, Beograd,2008, str.127.

[276] Kanton Dz.,*Ekstremna buducnost:Najznacajnije tendencije koji ce promjeniti svet u narednih pet, deset i dvadeset godina*, Clio, Beograd,2009, str.370.

[277] Stiglic Dz., *Protivrecnosti globalizacije*,SBM-x, Beograd, 2002, str.263.

[278] *World Bank's Poverty Estimates Revised*, World Bank Development Indicators, 2008.

[279] Global Employment Trends, International Labour Organization, January 2010, p.9., достапно на: http://www.ilo.org/publns.

достигнал до една милијарда луѓе во светот. Иако во 2010 год. имало мало опаѓање на оваа категорија, сепак бројката од 925 милиони гладни луѓе или 13.1 % од светската популација е алармантна. Со други зборови секој седми човек на планевата бил гладен, а најголем дел од нив биле концентрирани во земјите во развој.[280]

Колку економската глобализација е поставена хиерархиски во однос на дистрибуција на добра и продукти покажуваат и следниве податоци. Силните демократски земји од Северна Америка, Европа и Азија имаат 24 % од светската популација а поседуваат 64% од светските добра. Остатокот од светот или 76% од популацијата поседуваат само 36% од светските добра. Во однос на бруто домашниот производ по глава на жител високоразвиените земји имаат над 19.000 долари на годишно ниво, додека остатокот од светот има само 3.500 долари по глава на жител.[281]

Оттука, заклучокот е дека земјите постануваат посиромашни поради начинот на кој глобализацијата се спроведува. По се изгледа дека е невозможна марксовата визија дека ќе дојде до револуција која ќе го сруши капиталистичкиот систем и ќе се појави ново општество, поправедно од денешното, во кое нема да постојат класи помеѓу богатите и сиромашните. Според него нема да постојат големи нееднаквости како што ги потенциравме погоре односно една мала група, (класа), да има монопол над економската и политичката власт и голема маса на луѓе кои имаат неповолна положба во општеството.[282] Со тоа секогаш постои можност за конфликт помеѓу оние што имаат и доминираат и оние што немаат и се маргинализирани. Во социологијата често се употребува поимот „*социјална ексклузија*" а се однесува на нееднаквоста и начинот на кој поединците можат да бидат исклучени од општествената заедница. Тука би можеле да ги потенцираме и облиците на ексклузија кои можат да се разгледуваат како причини за конфликт и

[280] 2011 World Hunger and Poverty Facts and Statistics, достапно на: http://www.worldhunger.org/articles/Learn/world%20hunger%20facts%202002.htm.

[281] Kugler, Richard L. *Policy Analysis in National Security Affairs: New Methods for a New Era*, National Defense University Press, Washington D.C. 2006, p.186-187; Global Strategic Assessment 2009:*America's security role in a changing world*, Institute for National Strategic Studies, National Defense University Press, 2009, p.8.

[282] Маркс К., *Капиталот*, (превод), Мисла, Скопје, 1975.

незадоволство а станува збор за економската, политичката и општествената ексклузија.[283]

Значи ли дека на неразвиените земји им е судено да бидат сиромашни? Или пак можеби глобализацијата е смислен процес кој е во функција да го одржува диспаритетот помеѓу богатите и сиромашните земји! Можеби, затоа што претходните податоци говорат дека сиромашните земји не можат да се пробијат низ бедемот на светскиот пазар кој е во корист на богатите земји. Оваа нерамноправност ќе придонесе околу 2 или 3 милијарди луѓе кои живеат во сиромашните земји да бидат маргинализирани од економската глобализација. Затоа се јавува потреба од алтернативна глобализација со хумано лице. Во тој контекст е предлогот на поранешниот канадски премиер *Лестер Пирсон* од 1969 година чија интенција била да се редуцира сиромаштијата на глобално ниво. Тој предложил најбогатите земји во светот да издвојуваат 0,7 % од БДП за странска помош што е околу 165 милијарди долари. Подоцна истиот предлог доаѓа и од страна на Генералното собрание на ООН познати како *Милениумски развојни цели*. Но, по триесетина години најбогатите земји едвај го достигнаа просекот од 0.22% од БПД, (помошта на САД паднала на 0.10%, а е земја која поседува 50% од светските богатства) со тенденција уште да се намалува.[284] Со Милениумските развојни цели при ООН лидерите на земјите се обврзаа дека ќе ги исполнат целите до 2015 година при што ќе придонесат за намалување за половина на населението кое живее со помалку од еден долар на ден, намалување на ширењето на ХИВ/СИДА, маларија а зголемување на универзално основно образование. Се очекува овие обиди на државите да имаат позитивен резултат, и покрај тоа што бројот на сиромашните луѓе во Суб Сахарска Африка се предвидува да се покачи на 336 милиони до 2015 година.[285]

---

[283] Gidens, E. *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007,str. 328.

[284] Garton E.T., *Slobodan Svet - Amerika, Evropa i iznenadujuca buducnost Zapada*, Samizdat B92, Beograd, 2006, str.173.

[285] Stiglitz J.E., Griffith-Jones S., *Growth with Responsibility in a Globalized World-Findings of the Shadow G-8*, Initiative for Policy Dialogye, Friedrich Ebert Stiftung No 31 May 2007 p.8. http://www.fes-lobalization.org; Кртис Д. и Тејлор П., „*Обединетите нации*" во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи,(превод)Табернакул, (2009) :312-329.

## 6.2. Глобализацијата, нееднаквостите и безбедноста

Социјалните “дефекти“ од процесите на глобализација во голема мера продолжуваат да продуцираат нееднаквости во светот и да го зголемуваат бројот на ризични категории, а се однесува на следниве:

- повеќе од 1.2 милијарди луѓе живеат со помалку од еден долар дневно;
- повеќе од 1.1 милијарди луѓе во светот, (најмногу во земјите во развој), немале пристап до вода, а речиси половина од популацијата во земјите во развој имале здравствени проблеми како резултат од дефицит на вода;[286]
- 80% од светската популација немаат адекватна социјална заштита;
- во 1990 год. просечниот американец бил 38 патти побогат од просечниот жител на Танзанија. До 2005 год. оваа бројка се зголемила за 61 патти;
- просечните примања во повеќе од 50 земји во развој се на пониско ниво сега отколку што биле во 1990 година;
- цените на производите се четири патти повисоки во земјите во развој отколку во земјите од Организацијата за економска соработка и развој;
- дете родено во Замбија има многу помали шанси да доживее триесет години отколку дете родено во Англија;
- африканските земји отплаќаат долгови од 40 милиони долари дневно.[287]
- 40 милиони луѓе во светот живеат со ХИВ/СИДА од кои 28 милиони се наоѓаат во Африка, (во 2004 год. имало 3 милиони починати) и секоја година има помеѓу 350-500 милиони случаи на маларија од кои над 80% од жртвите во светот се децата од Африка.[288]

---

[286] Shah A.,*Poverty Facts and Stats*, достапно на :http://www.globalissues.org/article/26/poverty-facts-and-stats.
[287] Превземено од: Џоунс В.Р. и Хобден С., „*Марксистичките теории за меѓународните односи*“,во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, (превод) Табернакул, (2009): 142-159.
[288] Shah A.,*Poverty Facts and Stats*, достапно на :http://www.globalissues.org/article/26/poverty-facts-and-stats.

Главните причини за сиромаштијата и нееднаквоста се поради тоа што повеќето неразвиени земји и региони немале воопшто бенефити од времето на индустриската ера, а уште помалку од информатичката ера. Доколку за момент застанеме во одбрана на глобализацијата, може да се констатира дека денешната хиерархија е повеќе продукт на минатото, отколку само на процесите на глобализацијата. Имено пред само два века повеќе од земјите биле слични едни на други во развојот, а денес со помош на индустријализацијата бенефитите се пренасочија во корист само на западните општества, а не и за останатите. Оние земји кои биле агрокултурни, а не ги почувствувале бенефитите од индустриската или информатичката ера, повторно се наоѓаат на старите патеки. Оттука, економската хиерархија се појавила многу порано пред на сцената да се појави глобализацијата. Односно таа ја модификувала хиерархијата а не е нејзиниот креатор.[289] Претходно изнесените индикатори покажаа дека глобализацијата во изминативе 20 години не придонела за подобрување на економско-социјалната состојба на поголемиот дел од популацијата во светот и заостанува во однос на глобализацијата во периодот од 1960 до 1980 година.

Според *Извештајот на ООН* за 1998 година, парадоксален е податокот кој покажува дека за базичните социјални потреби за сите земји во развој потребни се вкупно 40 милијарди долари и тоа за: снабдување на целата популација со вода и санитарии, покривање на трошоците за лечење на репродуктивноста на жените, обезбедување на основна здравствена заштита, храна и базично образование за сите на планетава. За споредба, оваа бројка изнесувала само 1/20 од тогашните светски трошоци за вооружување кои достигнале околу 800 милијарди долари.[290] Исто така граѓаните (поединец) на богатите држави трошат по десет долари за буџетот за одбрана наспроти еден долар за хуманитарна помош. Притоа вкупниот долг на 47-те најсиромашни и најзадолжени држави во светот изнесува 422 милијарди долари а финансиските средства кои се потребни на ООН за спречување на епидемијата на

[289] Kugler, Richard L. *Policy Analysis in National Security Affairs : New Methods for a New Era*, National Defense University Press, Washington D.C. 2006, p.188.
[290] Pecujlic M., *Globalizacija dva lika sveta*, Gutenbergova galaksija, Beograd, 2005, str.184.

СИДА во Африка изнесуваат 15 милијарди долари.[291] Односно едногодишните финансиски средства потребни за превенција од вирусот ХИВ/СИДА, се помалку од средствата за одбрана за три дена на светско ниво, кои во 2010 год. достигнале рекордни 1630 милијарди долари.[292]

Засега констатиравме редица нееднаквости кои во суштина се однесуваат на следново:

- постои комплетна структурна глобална нееднаквост по однос на региони, земји, луѓе, родови и друго;
- доминираат само високоразвиените земји, нивните елитни граѓани и компании, кои даваат насока и правец за движењето на глобализацијата, односно управуваат со глобализацијата;
- подредени земји и народи се целосно или делумно маргинализирани во повеќе области а најмногу се исклучени во делот за донесување одлуки за глобалните движења;
- изразена нееднаквост по однос на добивка и профит од процесите на глобализацијата;
- недостатокот во општа смисла ќе придонесе владите и нациите се повеќе да бидат егоистични и себични настојувајќи да приграбат за себе повеќе моќ, статус, територија, безбедност и здравствени услуги.

Се потврдува дека нееднаквоста е "малигна рана" на современата глобализација која континуирано се проширува и ги зафаќа поголемиот дел од земјите и народите во светот. Не постојат земји и народи кои се имуни на ефектите

---

[291] Steger M.B.,*Globalizacija*, Sahinpasic, Sarajevo, 2005, str.43; *A more secure world: Our shared responsibility*, United Nations, 2004 http://www.un.org/secureworld/report2pdf.

[292]Ачарја А., „*Човечка безбедност*", во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, (превод) Табернакул, (2009): 490-505. *SIPRI Yearbook 2011: Armaments, Disarmaments and International Security*, Stockholm International Peace Research Institute, pp.10-11, достапно на: http://www.sipri.org/yearbook/2011/files/SIPRIYB11summary.pdf.

од глобализацијата па затоа сметаме дека нееднаквостите во иднина се почесто ќе се разгледуваат како безбедносен проблем.

Оттука се запрашуваме да ли глобализацијата им се враќа како бумеранг на високоразвиените индустријализирани земји, која покрај бенефити им донесе и дезинтеграција на нивните општества во повеќе аспекти а кои можат да им се одразат на безбедноста?

Имено, нееднаквоста и сиромаштијата се дел од современата слика на глобализацијата кои се распространети и во богатите високоразвиени земји. Трендот на немири и насилства во развиените и глобализирани земји е резултат на диспаритетот помеѓу сиромашните и богатите класи кои живеат во разни делови-квартови од метрополитските градови како во Лондон, Франкфурт, Париз, Ротердам и др. На пример настаните во Лондон, (2011 год.), се последица од економската криза која го зафатила градот чии последици биле најчувствителни во сиромашните населби. Исто така во најбогатиот европски град Хамбург паралелно живеат најголемиот број на милионери и најголемиот број на невработени и луѓе зависни од социјалната помош.[293] Социјалните разлики се енормни и во САД и ЕУ. Во Соединетите Американски Држави 30 милиони луѓе се водат како гладни а диспаритетот помеѓу приходите на 1/5 најбогато и најсиромашно население пораснал од 18:1 во 1990 год на 24:1 во 2000 година.[294] Во 2009 год. во САД имало 14.3%, (или 43.6 милиони луѓе), од вкупната популација која живеела под прагот на сиромаштија, што е многу повеќе од нивото на сиромаштија од 2000 година кој изнесувал 11.3%.[295] Во развиените европски земји сиромаштијата во 2008 год., достигнала 17%, (или 80 милиони луѓе), од популацијата на ЕУ-27, што во споредба со минатите години покажува пораст на нивото на сиромаштија, при што, едно од

---

[293] Исто, стр. 326.

[294] Chossudovsky M.,*The Globalization of Poverty and the New World Order* (Second Edition), Global Research, Center for Research on Globalizatiion, 2003, p.42; Risar Z.F., *Tacno u podne*: *Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni*, Clio, Beograd, 2008, str.50.

[295] Poverty in the United States, West Coast Poverty Center, University of Washington, достапно на : http://depts. washington.edu/wcpc/povertyintheus.

пет деца во ЕУ било на прагот на сиромаштија.[296] Според податоците на *Меѓународната организација на трудот*, (International Labour Organization - ILO), за период од 2008 до 2009 год. најголемата стапка на невработеност е лоцирана во рамките на развиените економии и Европската унија, а според некои проценки за 2010 год. се смета дека кај членките на ЕУ стапката на невработеност достигнала до 10%, (исто толку изнесувал процентот на невработеност во САД во 2010 год.),[297] и е најмногу после завршувањето на Втората светска војна.[298] Оваа негативна тенденција е резултат на тоа што големите компании ги префрлиле своите производствени капацитети во земјите од третиот свет поради ефтината работна сила, при што биле принудени да ги затворат седиштата во матичните развиени земји. Како последица на тоа расте бројот на невработени луѓе во земјите од првиот свет.

Значи, социјалните разлики се застапени и во развиените и во неразвиените општества. Едноставно треба да се подготвиме за појава на уникатен процес на *глобализирана гетоизација* во земјите. Се мисли на посебни квартови, населби, кампови дури и "логори" во кои ќе престојуваат бедните, бегалците, мигрантите и други. Оваа појава која е резултат на економско-социјалните аспекти на глобализацијата ќе ги зафати некои земји повеќе а други помалку а условено од нивната економско-социјална моќ.

Малкумина веруваа дека земјите предводници на глобализацијата ќе бидат зафатени со настани кои лесно можат да ги дестабилизираат нивните општества. Принципите на кои се заснова современата глобализација допринесоа за нивна поголема ранливост. Имено, демократските процеси, отвореноста на општествата и слободата на капиталот се главните виновници за појавата на нови социјални групи со широки дивергентни интереси во политичките процеси. Неможноста да се

[296] Living conditions in 2008 - 17% of EU27 population at risk of poverty, Eurostat newsrelease 18 January 2010, достапно на: http://ec.europa.eu/eurostat

[297] Bureau of Labor Statistics, United States Department of Labor, достапно на: http://www.bls.gov/cps/lfcharacteristics.htm#unemp.

[298] Global Employment Trends, International Labour Organization,2010 p.9, http://www.ilo.org/publns ; "*Нова економска криза во Европа*", Дневник, 5 јануари 2010 год. За време на светската економска криза во 1979/80 година, невработеноста во развиените земји изнесувала повеќе од 32 милиони луѓе. Види во: Фити Т., *Современиот капитализам*, Магазин 21 , Скопје, 1991, стр.250.

интегрираат и задоволат барањата на овие социјални групи од страна на општествата, ќе резултира со појава на социјални конфликти.[299] Тоа се покажа со почетокот на финансиската криза која доведе до зголемување на интензитетот на политичкиот екстремизам и социјалната дисконекција во напредните западни општества.

Очигледно е дека социјалната поларизација како последица од глобализацијата, истовремено може да биде опасност и за нејзе. Веќе истакнавме дека сиромаштијата е главна закана која стои на патот на глобализацијата, при што бројни научни студии ја докажаа поврзаноста на сиромаштијата со судирите, организираниот криминал, конфликтите, војните и тероризмот. Денес сме сведоци на една поинаква револуција во сиромашните општества во Средниот Исток и Северна Африка. Тие земји немаат економски раст, се соочуваат со зголемена невработеност, милиони млади луѓе се исклучени од социјалните текови во општествата. Се поинтензивни ќе бидат ваквите случувања и потреби за радикални промени во општествата како резултат од социјалната димензија. Овие аномалии доведоа до социјални безредија и небезбедност поради социјалната нееднаквост и ексклузија.[300] Дека нееднаквоста и сиромаштијата се најголеми закани за глобалната безбедност го потврдува и податокот за природата и карактерот на изминатите конфликти. Имено, во период од 1970 год. до 2007 год., 80% од конфликтите се појавиле во оние земји во кои преовладувала над 60% млада невработена популација како и во земјите со низок доход по глава на жител.[301]

Досега не видовме значително движење на капиталот во насока од оние кои имаат кон земји и народи на кои тоа најмногу им значи и од што зависи нивниот опстанок. Тоа е реалност на денешното живеење, која се совпаѓа со искажувањето на *Адам Смит* во делото „*Богатство на нациите*“ кој напишал „никој не видел како

[299] Levy S. J., "*Contending Theories of International Conflict : A Levels – of – Analysis Approach*" in: Managing global chaos: sourses of and responses to international conflict, United States Institute of Peace Press, Washington D.C. (1996):3-19.

[300] Види во : Buttler, Friedrich, „*Globalization of the Community of Solidarity-The Feasibility of Basic Social Security in Poor and Emerging Countries*“,International Politics and Society, Friedrich Ebert Stiftung IPG 4 (2009):82-97.

[301] Zakaria F., *Why it's different this time?*TIME, February 28, 2011.

кучињата свесно и со намера разменуваат коска за нешто друго".[302] Во однос на капиталот, оваа изрека би ја промениле во смисла дека ретко е да се види како "куче подава коска на друго куче". Поинаку кажано, богатите земји не се согласуваат сиромашните земји да го прават она што тие го правеле со цел да бидат богати.[303] Во економско-социјална смисла глобализацијата е сеуште далеку од поговорката "плимата што надоаѓа ќе ги подигне сите пловила", бидејќи "плимата засега ги подигнува бродовите на само неколку земји".

Во тој контекст се изјавите и на поранешните претседатели на САД, *Џими Картер* кој вели „ако сме тотално needуцирани и живееме со еден долар на ден, бенефициите од глобализацијата никогаш не доаѓаат до нас"[304], додека, *Џ.Ф.Кенеди* велел „човекот во своите смртни раце држи моќ која може да ги укине сите форми на сиромаштија и да ги укине сите форми на живот, односно ако едно слободно општество не може да им помогне на сиромашните, тогаш не може ни да ги спаси богатите".[305] Може да констатираме дека во услови на современа глобализација, и по однос на оние кои ја предводат, сеуште нема адекватни решенија за тоа што понатаму и како да се справиме со глобалната сиромаштија. Глобализацијата мора да ги редуцира бројните аномалии во социо-економската сфера, кои можат да се видат на шема бр.3.

---

[302] Reinert E.S., *Globalna Ekonomija: Kako su bogati postali bogati i zasto siromasni postaju siromasniji*, Cigoja stampa, Beograd, 2006, str.23 i 25.
[303] Исто, стр.36.
[304] Jimmy Carter Library and Museum, достапно на :http://wwwjimmycarterlibrary.gov/library/.
[305] John F.Kenedy - presidential library and museum, достапно на :http://www.jfklibrary.org.

**Шема бр.3**




За да глобализацијата биде фукционална потребно е капиталот да се пренасочи т.е. редистрибуира во насока од „*West*" кон „*Rest*". Овој обид би придонел за поголемо задоволство кај многу општества а глобализацијата би била протолкувана како афирмативен процес. Затоа во "име" на нејзиниот напредок потребно е распространување на еднаквоста колку што е можно повеќе низ светот, со што би се придонело и за светскиот мир и безбедност.

### 6.3. Демографскиот пораст и сиромаштијата

Со децении наназад постоеле бројни прогнози за катаклизмичните последици поради неконтролираниот раст на популацијата. Во шеесетите години на минатиот век се проценило дека доколку не се спречи дотогашниот пораст на населението, популацијата на Земјата за 900 години би била бројка со 16 нули. Тоа би значело 100 луѓе на секој квадратен метар, вклучувајќи ја копнената и водената површина на Земјата. Кошмарните прогнози стануваат реалност ако се земе предвид дека за 10.000 години светската популација достигнала бројка од една милијарда луѓе, а

само за период од 130 години (1800-1930год.) тој број се дуплирал, додека пак во 20-от век оваа бројка се зголемила за три патти или приближно 6 милијарди луѓе.[306] На подолу прикажаната шема може да го видиме порастот на светската популација за различни временски периоди.

**Шема бр. 4**[307] - *Пораст на светската популација по временски периоди.*




Сообразно на податоците презентирани на шемата може да се констатира дека во 1999 година бројот на светската популација изнесувал 6 милијарди луѓе, односно за само 12 години се зголемил од 5 на 6 милијарди луѓе. За истиот временски период, (од 12 год.), светската популација е зголемена на 7 милијарди луѓе, а се очекува за 13 години да се покачи за уште една милијарда луѓе од кои како и досега 95% од нив ќе живеат во земјите во развој.[308] Прогнозите говорат дека кон крајот на 21 век бројот на светската популација ќе се движи во границите од 11 до 15 милијарди луѓе.

---

[306] Gidens, E. *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007,str.617.

[307] World population growth:Status in 2010 and prospects, express3/10 Novartis Foundation for Sustainable Development, July 2010.http://www.novartisfoundation.org

[308] Risar Z.F., *Тасно и podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni*, Clio, Beograd,2008, str.20; World population growth:Status in 2010 and prospects, express3/10 Novartis Foundation for Sustainable Development, July 2010.http://www.novartisfoundation.org

Оттука, демографската експлозија која продолжува нерамномерно да се распределува низ континентите, регионите и земјите ќе допринесе земјите во развој да бидат потенцијални жаришта на социјални немири, конфликти и револуции, затоа што нивните национални економии не ќе можат да го издржат товарот од население што секоја година рапидно ќе се зголемува а со се помалку храна и вода. Нарушениот однос помеѓу демографскиот раст и основните намирници за опстанок ќе доведе до сиромаштија,невработеност, глад и судири. Борбата за потрага по подобри услови за живеење ќе резултира со истиснување и елиминација на едните во корист на другите, затоа што денес неможат да се прехранат 7 милијарди луѓе. По се изгледа дека нема соодветен механизам за ограничување на порастот на населението. Најголемиот заговорник на демографската теорија *Малтус* ја посочил истата како основна причина за војни и конфликти, укажувајќи на тоа дека ќе биде нарушена рамнотежата помеѓу природниот пораст на населението и потребните средства за опстанок. Во тој контекст и класичните филозофи меѓу кои и *Платон,* во своето дело *Држава,* истакнал дека државата е присилена да ја проширува својата територија како би го нахранила своето население[309], додека *Аристотел* и *Сократ* посочиле дека доколку државата не сака да тргне во освојување, не смее да има повеќе од 10.000 луѓе.[310]

Покрај тоа, климатските промени носат непредвидлива иднина, што дополнително ќе ги искомплицира условите за живот. Овој проблем ќе доведе до масовни миграции од густо населените а сиромашни подрачја, кон богатите земји. [311]

Значи, нееднаквоста на глобализациските процеси е изразена и во овој сегмент, при што се очекува демографска експлозија во Африка, Среден Исток, Индија и Кина чија популација би се зголемила за двапатти до трипатти. На пример до 2025 година се очекува популацијата на Африка да се зголеми за 2.5 патти и ќе достигне до 1.5 милијарди луѓе, додека популацијата во Азија ќе се зголеми за 50% и

---

[309] Platon, *Drzava,* Zagreb, 1978,str.58.
[310] Превземено од: Vukadinovic R., *Medunarodni Politicki Odnosi*, Politicka kultura, Zagreb, 2004, str.199.
[311] Risar Z.F., *Tacno u podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni*, Clio, Beograd,2008, str.23.

ќе достигне 5 милијарди луѓе или повеќе од 60% од светската популација.[312] Но, овој демографски проблем не ги засега богатите развиени земји чиј економски и технолошки напредок во голема мера е контра демографскиот бум споредено со неразвиените земји во светот. Проблемот е уште посложен ако се има предвид порастот на популацијата во неразвиените земји и региони кои се оптоварени со етнички, социјални тензии и конфликти а поврзани со недостиг на храна, вода, и простор. Меѓу другото, демографскиот пораст ќе ги зголеми потребите за експлоатација на енергетски ресурси што додатно ќе го компликира економскиот развој и просперитетот во сиромашните средини.

Во контекст на искажаното произлегува дека ни претстои апокалипса, а *Алберт Ками* би рекол „дојде време да го спасуваме а не да го менуваме светот".[313] Демографската експлозија би била една од поголемите предизвици на 21 век која би ги разнишала "тектонските плочи" во политиката, економијата, безбедноста, културата, екологијата и сл. Поради тоа неопходно е двојно урамнотежување и надминување на дисбалансот на економско-социјалниот и демографскиот план. На пример, земјите и регионите со висок економски развој имаат недостаток на работна сила, (на пр. Западна Европа и Северна Америка), додека регионите со бројна популација имаат голема потреба од економско-социјален напредок, (на пр. Африка и делови од Азија). Со одржување на балансот помеѓу овие две категории, (економската и демографската), може да се превенираат идните турболенции. Со насочување на поволностите на економската глобализација од Север кон неразвиениот Југ би се стимулирале милијардите млади луѓе, со цел да се спречи идна криза предизвикана од бројната сиромашна популација сконцетрирана во критичните делови од светот како важен чинител за одржување на мирот и стабилноста.

[312] Стојановиќ С., *Глобализација и безбедносне перспективе света*, Воено издавачки завод, Београд, 2009, стр.122.
[313] Albert Camus Quotes, достапно на:http://www.brainyquote.com/quotes/a/albert_camus_3.html.

## 6.4. Поларизација меѓу Север и Југ

Од средината на минатиот век беа употребувани различни термини за класификација на земјите и светот како на пример, развиени и неразвиени, Север и Југ, центар, периферија и полупериферија и слично. Притоа претежно беа користени западните економски и социјални индикатори како мерила за степенот на развој.[314] Поделбата на земјите според овие категоризации зависеше од нивната развиеност, географска лоцираност и од учеството во меѓународните институции кои всушност ја детерминираа моќта на земјите во меѓународните случувања.[315]

Сегашната поделеност на Север и Југ, (види *прилог бр.2*), не е веќе според географски координати. Напротив, повеќе наликува на диференцијација во однос на моќ меѓу глобално богатите и глобално сиромашните и ги опишува нееднаквостите меѓу овие две категории. Поларизацијата Север - Југ всушност ја изразува социјалната хиерархија, која перманентно се зголемува. Вината се наоѓа во неолибералниот концепт кој придонесе економијата да има авторитетно и доминантно место во општествените процеси. Истиот концепт ја определуваше и хиерархиската структура и распределбата на моќ во глобалната средина. Со наметнувањето на неолибералната економска терапија врз послабите земји, тие не можеа ниту да парираат ниту пак да бидат во чекор со земјите од првиот свет, затоа се повеќе заостануваа и се најдоа на периферијата од светот.[316] Значи, економската глобализација продуцирала две категории на општества, едните отворени, кои се

---

[314] Општествата од првиот свет постојат од 18 век до ден денес и ги опфаќаат земјите од Западот, Јапонија, Австралија и Нов Зеланд, (капиталистичкиот свет). Општествата од вториот свет постоеле од почетокот на 20 век до раните 90-ти години на 20 век и ги вклучувале земјите од поранешниот Советски сојуз и некои други земји од Источна Европа каде што повеќето од нив со политичките и економските трансформации успееја да се најдат во друштво на групата земји од првиот свет. Општествата од третиот свет, (општества во развој), постојат од 18 век, (претежно како колонијални подрачја), до денес и ги вклучуваат земјите како Кина, Индија, и повеќето афрички и јужноамерикански земји. Терминот трет свет е првично употребен при крајот на 40-тите години на 20 век за означување на неутрален блок во Европа. Додека ново индустријализираните земји ги ставаме во четвртата категорија, тие постојат од 70-тите на 20 век до ден денес и ги опфаќа земјите како Јужна Кореја, Тајван, Сингапур, Бразил, Мексико и други кои достигнаа високо ниво на индустриски развој и продор на надворешните пазари. Превземено од: Gidens, E. *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007,str.45; Marchal G., *A Dictionary of Sociology*, Oxford University Press, 1998.

[315] King D. A., „*Culture, Globalization and the World-System: Contemporary Conditions for the Representation of Identity*, University of Minnesota Press, Minneapolis, 1997, pp. 8-9.

[316] Стојановиќ С., *Глобализација и безбедносне перспективе света*, Воено издавачки завод, Београд, 2009, стр.235.

карактеризираат со поголема социјална мобилност, толеранција и слободен проток на луѓе, услуги и идеи, а кои имаат демократско управување, и другите, затворени општества, кои се традиционални, хиерархиски поставени, социјално неактивни и автократски. Оваа класификација ги бележи разликите меѓу отворените општества кои се стационирани во центарот и затворените општества кои се лоцирани на периферијата од светот, обременети со беззаконие и терор.

Современата глобализација е свртена кон земјите од Северот кои имаат монопол над средствата за производство и капитал, контрола над светските финансиски институции, доминираат во информатичко-технолошкиот и научен развој и имаат апсолутна супериорност во воената сила. Но, тоа не значи дека земјите од Југот имаат помалку важна улога во светскиот капиталистички систем, напротив, тие се голем извор на ефтина работна сила и енергетски потенцијали од кои голема полза имаат земјите од северната хемисфера.

Во тој контекст *Валерштајн* смета дека ќе се појави судир помеѓу двете хемисфери, при што Југот има развиено три стратегии за борба против Северот, а тие се: (1)афирмација на потребата од радикални промени; (2) директна конфронтација и (3) трансфер на популација.[317] Првата стратегија се однесува на отфрлање на основните вредности на Западот и се што е поврзано со западната цивилизациска парадигма. Авторот укажува дека зголемувањето на бројот на традиционалистички движења ќе доведат до постојан и непредвидлив притисок на стабилноста и позицијата на Северот што ќе преставува постојана “главоболка“ за армиите од Северот. Втората стратегија, на директна конфронтација, се однесува на тоа што слабите земји од Југот ќе избегнуваат конфронтација со Северот. Односно, досега Северот настојувал да го провоцира Југот, обидувајќи се нешто да му наметне или да се спротивстави на она што го работат земјите од Југот. Сепак, во иднина се очекуваат промени во смисла што Југот ќе настојува да се конфронтира или да го провоцира Северот, посебно доколку некои земји, (на пр. Иран, Северна Кореја), од Југот стекнат моќ во воена смисла. Тоа многу нема да му се допадне на Западот и ќе искористи прилика воено да им се спротивстави. Третата стратегија се однесува

[317] Valerstin, I., *Opadanje Americke Moci*, CID Podgorica, 2004, str.261.

на тоа што земјите од Северот немаат доволен број на работоспособно население и неможат да ги задоволат потребите во своите општества.[318] Тие се соочуваат со демографско опаѓање и поради тоа неопходни им се имигранти и дополнителна демографска експанзија од земјите од Југот. Се очекува брановите на миграција од Југ кон Север да се одвиваат повеќе по илегален пат, при што Северот ќе биде преполн со луѓе кои немаат политички, економски и социјални права.[319] Тоа ќе доведе до нови политички тешкотии и напнатости помеѓу двете хемисфери. Патем, би се создале и сосема поинакви односи во рамките на Северот како резултат на доселената популација од Југот и би се создал таканаречен Југ во рамките на Северот. Оттука, се претпоставува дека модерниот западен начин на живеење на Северот ќе биде под закана од растечкиот популационен притисок од сиромашниот Југ.

Во минатото постоеле *кризи на периферијата,* (кои доминирале до почетокот на Првата светска војна) и *кризи во центарот,* (кои ја одбележаа Студената војна). Но денес се зборува за концептот на *комплексни кризи* кои се одликуваат со политички, социјални, воени и безбедносни елементи а чиј интензитет и тек се распространуваат многу лесно со помош на глобализациските процеси. Така што секоја криза во периферијата или центарот добива на значење во рамките на "глобалното село".[320] На почетокот на 21 век од вкупно 200 суверени држави во меѓународниот систем 3/4 припаѓале на периферијата кои се соочувале со бројни аномалии во развојот, во однос на авторитарното владеење, изолираност од слободниот пазар и др. Тогаш разбирливо е дека тие се закана за светскиот мир и безбедност а се повеќе би биле причина да се најдат на "мета за преобразување" во ново либерално руво.[321]

Во иднина релациите помеѓу центарот и периферијата и Северот и Југот ќе бидат во фокусот на политичко-безбедносните и економските случувања и ќе преставуваат

[318] Исто, стр.265.
[319] Исто, стр.266.
[320] Ружин Н., *НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија*, Фридрих Еберт, Скопје, 2005, стр.16.
[321] Mandelbaum M., *Ideje koje su osvoile svet,* Filip Visnjic, Beograd , 2004, str.80.

континуирана “иницијална каписла“ за глобалната небезбедност и нестабилност. Иако сценариото за глобален судир помеѓу нив засега е утопија, сепак истото се смета за наследник на идеолошката конфронтација помеѓу Западот - Истокот. Затоа е потребно земјите од Северот или центарот, да ги превземат политичките, економските, безбедносните и социјалните бремиња по однос на целиот свет, бидејќи нивните богатства и комфорен живот се должат на трансферот на капитална вредност од Југот т.е. периферијата.[322] Земјите вон централната зона се скептични во однос на тоа дека некогаш ќе успеат да го достигнат стандардот на богатите земји од Север. Обидот на земјите од Југот, преку иницијативите Г-77 и Г-24 да ги сменат работите немаа значајно влијание споредено со иницијативите на земјите од Северот како на пример Г-8. Неспоредливи се разликите помеѓу нив во повеќе аспекти.

Едно од централните прашања кое се поставува во овој дел е како да се привлечат земјите од периферијата кон центарот? Изгледа дека имплементирањето на неолибералните норми и вредности е еден од начините да се смали јазот помеѓу нив, иако тие не вродија со плод во одредени општества од периферијата. Но, како што глобализациските тенденции носат глобални промени така и земјите во центарот нема постојано да го задржат приматот, а центарот повремено ќе се ротира т.е. менува. Можеби моќта на одделни земји од периферирата ќе допринесе (дел од) периферијата да премине во центар и обратно, (дел од) центарот да се претопи во полупериферија, така што земјите од периферијата би можеле да бидат идното економско, политичко и безбедносно јадро. Тоа на некој начин како пример е “обеледено“ преку повикот за *Нов меѓународен економски поредок* од страна на земјите членки на Г-77 во 70-тите години на минатиот век со цел реформи во системот а заради намалување на нееднаквостите помеѓу центарот и периферијата. Се смета дека со тоа би се овозможило создавање на појаки држави и подеднаква распределба на бенефитите во корист на државите од периферијата.[323]

---

322 Исто, стр. 227.

323 Бузан Б., *Луѓе, држави и страв: Проблемот со националната безбедност во меѓународните односи* (превод), Академски печат, Скопје, 2010, стр.223.

Сепак современата глобализација функционира на тој начин што секогаш настојува да го задржи капиталистичкиот систем во центарот, а бавно и селективно да пристигне до периферијата. Многумина очекуваат тоа да се промени а глобализацијата да овозможи поголем проток на поволности кон земјите од периферијата. Тој чекор би придонел јадрото на светот донекаде да го сочинуваат подеднакво земјите од центарот и од периферијата.

### 6.5. Развиените *versus* неразвиените земји во контекст на глобализацијата

Носители на процесите на глобализација се високоразвиените богати земји. Оваа категорија на земји дели заеднички вредности на демократија, отворена трговија и силни безбедносни врски и ја сочинуваат земјите од Северна Америка, Западна и Централна Европа, неколку земји од Азија, Австралија и Нов Зеланд. Истите покажуваат високо ниво на интеграција, просперитет и соработка во сферата на политиката, економијата и безбедноста.[324] Најголемиот дел од нив се вклучени во регионални и меѓународни организации и тела преку кои успеваат да ја диктираат регионалната и светската политика. Затоа многумина за нив велат дека се *„глобализери"*, односно дејствуваат во интерес на остварување на проектот на глобализација од кој стекнуваат огромни бенефити.

Речиси сите статистички показатели (пред се економско - социјалните) одат во прилог на развиените земји, бидејќи 28 -те развиени земји со 15.5% од светско население, располагаат со 57.4% од бруто општествен производ и со над 80% во светската трговија. Односно, седумтте најразвиени земји располагаат со 45.8% од БОП и со над 50% од светската трговија.[325] Движењето на капиталот изразено преку странските директни инвестиции покажува дека околу 70% од инвестициите се насочени кон развиените земји, од кои најмногу кон земјите на ЕУ(34.6%) и САД

[324] Flanagan, Stephen et al. *Challenges of the Global Century: Report of the Project on Globalization and National Security*, Institute for National Strategic Studies, National Defense University,Washington D.C., 2001,p.14.

[325] Гоцевски Т., *„Унификацијата на политичките, економските и безбедносните системи, предизвик за мирот и безбедноста во услови на глобализација"*, во: Глобализацијата, мирот и безбедноста, МО за одбрана на РМ и Филозофски факултет, Скопје, (2008) :13-26.

(20.9%).[326] Глобализацијата создава свет на натпреварувачи кои се најмногу изразени помеѓу развиените земји од Северот, при што се смета дека тие не се толку хомогени како што изгледа во рамките на организациите како што се ЕУ, НАТО и Г-8. Меѓу нив има големи ривалства, посебно во сферата на економијата, (трговијата), во однос на територијалната борба за проширување на пазарите или доминација врз териториите богати со енергетски ресурси. Многу често нивната "борба" резултира со остри реакции и протекционистички мерки. Во повеќето случаи меѓусебните несогласувања се одразуваат врз останатите земји од светот. Меѓутоа нивните проблеми и несогласувања се минорни во споредба со тешкотиите што ги измачуваат неразвиените, сиромашни земји.

За разлика од првата група на земји, втората ја сочинуваат оние кои заостануваат во развојот во однос на развиените земји. Најголемиот дел од нив се сконцентрирани во сиромашните региони на Суб-Сахарска Африка, Средниот Исток, поголем дел од поранешниот Советски сојуз, земји од Источна Европа, голем дел од јужна Азија, неколку земји од Источна Азија и северниот дел од Латинска Америка. Без разлика што тие се неколку патти побројни од развиените земји, (128 земји во развој) и чинат 77.7% од светското население, располагаат само со 36% од бруто општествениот производ и со минимални 18% во светската трговија. Во нив е сконцентриран најголем дел од сиромашната популација во светот која изнесува 1.345 милијарди луѓе.[327] Диспаритетот помеѓу нив може да се види на табелата што следи.

---

[326] Исто, стр.21.

[327] 2011 World Hunger and Poverty Facts and Statistics, достапно на: http://www.worldhunger.org/articles/Learn/world%20hunger%20facts%202002.htm.

**Табела бр.2**[328] - *Удел на најбогатите и најсиромашните земји во глобалниот доход, трговија, финансии и комуникации*

| Категорија на земји | Удел во светскиот БДП (%) | Удел во извоз на стоки и услуги (%) | Удел во стран. дирек. инвести. (%) | Бр. на корисни. на Интернет (%) |
|---|---|---|---|---|
| **Најбогатите земји - 20%** | 86 | 82 | 68 | 93.3 |
| **Средно развиените земји - 60%** | 13 | 17 | 31 | 6.5 |
| **Најсиромашните земји - 20%** | 1 | 1 | 1 | 0.2 |
| **Вкупно** | 100 | 100 | 100 | 100 |

Процесите на трансформација и адаптација според стандардите на високоразвиените земји се тешко остварливи за неразвиените земји.[329] Социоекономските аномалии се тие кои овие земји ги прават лесно ранливи и подложни на редица безбедносни опасности, политички и културни тензии, насилства, конфликти и граѓански војни. Неразвиените земји се соочуваат со бројни безбедносни предизвици кои доаѓаат од внатре и претежно се однесуваат на социо-економските аспекти како што се : намалување на бруто домашниот производ, на инвестициите, пораст на невработеноста, демографскиот пораст, зголемување на трошоците за живеење, редуцирање на научно-технолошките и информатичките иновации и потенцијали, пораст на внатрешната и надворешната задолженост на државата, неконтролиран извоз на енергетски суровини и др.[330]

Глобализираниот свет во 21 век не е хомогено место, бидејќи сеуште постојат големи развојни диференцијации помеѓу регионите и земјите низ светот. Регионите на Северна Америка, и тоа Соединетите Американски Држави и Канада, Европа без земјите од Балканот, Азија (без Мјанмар, Северна Кореја и Источен Тимор), само неколку јужно американски земји (Бразил и Чиле) и две до три земји од целиот афрички континент се адаптирани на глобализацијата и имаат корист од нејзините ефекти. Глобализацијата гледана низ призма на релација развиени-

[328] Gidens, E. *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007,str.76.
[329] Flanagan, Stephen, et al. *Challenges of the Global Century: Report of the Project on Globalization and National Security*, Institute for National Strategic Studies, National Defense University,Washington D.C., 2001, p.14.
[330] Tatalovic S. et al., *Suvremene Sigurnosne Politike: Drzave i nacionalna sigurnost pocetkom 21 stoljeca*, Golden marketing- Tehnicka knjiga, Zagreb, 2008, str.181.

неразвиени, наликува на познатата *„стратегија на задржување“* (*policy of containment*).[331] Се работи за селективно дејствување на земји и региони при што останатите се задржуваат во “кафез“, оддалечувајќи ги од процесите кои им носат напредок. Ниту имплементацијата на западните основни кодекси во редица незападни општества не помогнаа да се намали јазот помеѓу развиените и неразвиените земји. Па така, неразвиените земји се повеќе се оддалечуваа од земјите од првиот свет, одејќи кон периферијата, а развиените земји во центарот на светот.[332]

Колку да процесите на глобализација ги поврзуваат, отвораат и го прават меѓузависен светот и создава услови за вклучување на други земји, сепак реалноста е поинаква. Очигледно е дека глобализациските процеси се одвиваат само во рамките за одредени региони и даваат предност на најмоќните држави, особено најдоминантните, предводниците на светскиот поредок, бидејќи располагаат со огромни материјални вредности што им даваат “за право“ да ги формулираат глобалните правила и новите односи. Нивната супериорност во политичката, економската, воената и технолошката области овозможува да ги присилуваат дури и казнуваат земјите кои не се раководат според нивните начела.[333] Значи, засега, *брзината, знаењето, вмреженоста, иновативноста и флексибилноста* се во прилог на развиените земји, а актуелниот светски систем ги наградува оние кои ги имаат овие карактеристики, и обратно. Оттука паролата “победникот зема се“ може да е погубно за оние што немаат или неможат.

Промовирањето на бројни стандарди и правила на однесување во глобалниот систем, тешко можат да се унифицираат или генерализираат и да важат за сите земји подеднакво. Тоа укажува на постоење на двојни аршини на глобализацијата и е само уште една потврда за планетарниот јаз помеѓу категориите развиени -

---

[331] Во времето на Студената војна САД користеле политички, економски, воени и дипломатски средства со цел да се спречи ширењето и влијанието на поранешниот Советски сојуз врз земјите од светот. Исто, стр.194.

[332] Galtung J., *Mirnim sredstvima do mira: Mir i sukob, razvoj i civilizacija*, NVO-Jugoistok XXI –Centar za Evro-balkansku saradnju, JP Sluzbeni glasnik, 2009, str.317-318.

[333] Vukadinovic. R., *Medunarodni Odnosi od Hladnog rata do Globalnog Poretka*, Agencija za komercijalnu delatnost, Zagreb, 2001, str.286.

неразвиени земји. Меѓу другото, тоа ја потврдува и констатацијата дека глобализацијата е само географски ограничен и нерамномерен процес, спротивен на глобалноста.

Сепак, врз динамиката на глобализацијата влијаат и развиените и неразвиените земји, и несомнено е дека и двете категории се зависни од светските процеси и взаемни односи, така што, доколку се исклучи една категорија на земји, би постоела можност од кочење на процесите на глобализација и појава на реверзибилен процес - деглобализација.

## 7. КУЛТУРНИТЕ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Од една страна, културната глобализацијата се поврзува со диверзификација и ослабување на одредени општества, развивање на нови нуклеуси - социјални арени од културни и социјални идентитети кои ги надминуваат дотогаш постоечките политички и културни граници, со разноликости и мултикултурности кои водат кон хаотизирање на светот.[334] Од друга, многумина ја поврзуваат со тенденциите за хибридизација, градење на универзално - космополитскиот пристап за човештвото како целина, создавањето на надтериторијални идентитети, (граѓани на светот), и оформување на поврзана и интегрирана глобалната култура која на определен начин ќе допринесе кон мир и стабилност, (види *прилог бр.1.- културни аспекти на глобализацијата*). Оттука, следи и прашањето дали глобализацијата придонесува народите да бидат повеќе слични едни на други или ги зголемува разликите?

Досега видовме долгорочна доминација на западната "културна индустрија" која преку Њујорк, Холивуд, Лондон и Милано а со помош на потрошувачкиот капитализам, се наметнаа еднобразни стандарди кои продонесоа за менување на светската разноликост и општествени односи.[335] Заслуга за тоа имаат процесите на глобализацијата кои овозможија ширење на западните вредности, (слобода, човекови права и демократија и пазарната економија), преку новите форми на интеракција, соработка, доверба, солидарност. Тука е и интернационализмот кој асоцира на интегративен процес создаден во новите околности како резултат од протокот на јазици, идеи и култури. Оттука се очекува културните бранувања да донесат брзи промени во општествата кои можат да бидат прифатени или отфрлени од заедницата.

Во таа смисла во оптек се две алтернативи, едната дека ќе надвладеат новите вредности над вродените локални култури, или другата, дека ќе се појават

[334] Eisenstadt S.N., *The Reconstitution of Collective Identities and Inter-Civilization Relations in the Age of Globalization,* Canadian Journal of Sociology; Winter 2007, p.114.
[335] Steger M.B.,*Globalizacija*, Sahinpasic, Sarajevo, 2005, str.70-71.

изобличени облици на ксенофобија, неонационализам и традиционализам.[336] Втората алтернатива ја кочи брзината на глобализацијата, и води кон фрагментацијата, регионализација, ресолидаризацијата и религиозен фундаментализам, што за многумина е последица од форсирањето на вредностите на западниот капиталистички свет.

Во услови на современата глобализација културата и културните промени кореспондираат со општествено - економскиот развој. Притоа, културните вредности на богатите западни земји драстично се разликуваат од оние на сиромашните земји. Односно, општествата со повисок доход се наоѓаат поблиску до секуларно рационалните вредности за разлика од оние со низок доход кои се поблиску до традиционалните вредности. Глобализацијата ги турка и развиените и неразвиените општества кон заеднички смер независно од нивното културно наследство.[337] Како што констатира *Инглехард*, вредносните приоритети на луѓето во развиените индустриски општества се праметуваат од материјалистички цели, (во кои се нагласува економската и физичката сигурност), кон постматеријалистички со нагласка на квалитетот на животот.[338] Оттука, теоретичарите на глобализацијата, постмодернизацијата ја разбираат како последица од експанзијата и влијанието на капиталот.

Имено, космополитската потрошувачка култура придонесе кон еден вид на културна синтеза, односно различните делови на светот на изгледаат послично едни на други во облекувањето, јазикот, уметноста, исхраната, медиумскиот интерес и др. Со тоа сообразно на императивите на економската глобализација се надоврзува распространувањето на мултикултурните пејзажи насекаде низ светот што може да помогне во подемот и афирмација на другите култури поразлични од западната, (на пр.азиската, индиската култури и сл.). Оттука, се очекува релативен пад на западната култура и вредностите а експанзија на другите незападни култури поради

---

[336] Waever O., Buzan B., Kelstrup M. and Lamaitre P., *Identity, Migration and The New Security Agenda in Europe*, Pinter Publishers Ltd, 1993.
[337] Inglehart R. i Welzel C. *Modernizacija Kulturna promjena i Demokracija: Slijed ljudskog razvitka*, Politicka kultura , Zagreb, 2007, str.68-69.
[338] Исто, стр.106.

тоа што глобализацијата поттикнува идентификување со други далечни народи а на сметка на домицилното.

Ривалството помеѓу силите на интеграција и дезинтеграција е вид на идеолошки конфликт помеѓу глобално ориентираните интегративни и универзални вредности, и партикуларните на одредени земји, групи и поединци. Тоа може да има ефекти врз безбедноста во позитивна или негативна смисла. Позитивната страна е примерот со европската интеграција, која овозможи ЕУ да се пласира како глобален економски и безбедносен актер. Негативната се однесува на тоа да ли да се прифатат или не надворешните вредности кои можат да ги поделат мислењата и да доведат до конфликтност помеѓу државата и општеството. Постојат општества кои имаат различна флексибилност кон апсорпцијата на другите култури. Можно е границата на толерантност да премине кон појава на агресивен неонационализам и затвореност. На пример, иако не во толку агресивна форма, Европа се жалеше од американската култура а пак американците се жалеа од процесот на европеизација во САД, иако во глобализираниот свет и двете култури, (американската и европската), треба да се гледаат како на сегменти од глобална интегрирана култура.

Постојат и оптимистички видувања. Некои земји во голема мера го прифатиле влијанието од другите земји преку јазикот[339], религијата, етничкиот идентитет или политичката традиција. На пример, влијанието и врските на Франција и Обединетото кралство кон нивните поранешни колонии со свои културни релации допринесоа за засилување и подобрување на соработката и во областа на економијата, политиката и воената сфера.[340] Ваков тип на културна глобализација може да донесе бенефит и просперитет за помалку развиените земји. Прифаќањето на друга култура не значи дека тие народи се асимилираат во рамките на нациите со "повисоката култура", ниту пак дека тие се потчинети на новата култура. Но, сепак денешните супер сили се обидуваат да го понудат својот модел кој треба да се

[339] Бројот на светски јазици во 1500 год. изнесувал 14.500, кои до 2000 година се намалиле на помалку од 7.000 видови на јазици. Иако лингвистите предвидуваат дека од 50% до 90 % од сегашните јазици ќе исчезнат до крајот на 21 век. Види во: Steger M.B., *Globalizacija*, Sahinpasic, Sarajevo, 2005, str.83.

[340] Viotti P.R.,and Kauppi M. V., *International Relations and World Politics, Security, Economy, Identity*, Fourth Edition, Pearson Education International, 2009, p.122.

прифати кај останатите земји од светот при што некои го прифаќаат, други го имитираат а кај трети се јавува омраза и отпор. Според тоа земјите како одговор на глобализацијата се дефинираат според тоа и во зависност кој модел го копирале, односно прифатиле или пак комбинирале. Помалку веројатно е дека некоја национална култура ќе може да противречи на транснационалната или космополитска култура, која се разбира како интегрирана култура и е нуспроизвод од ефектите на глобализацијата.

Имено, процесите на глобализација создадоа општества со нови културни ориентации и религии како резултат на комбинација на локалното со глобалното. Тоа го потврдуваат дијаспорите како на пример муслиманите, кинезите или индијците во САД или Европа, за кои не постојат општо прифатени правила за културна ориентација. За тоа придонесоа и информатичко-технолошкиот и научниот развој кои го трансформира културниот и социјалниот поредок, создавајќи идеја за заедничка иднина преку критериумите на слободата, право и прогрес. Всушност културолошките промени се последица од комбинацијата на неколку процеси. Најпрвин од динамиката и промените во меѓународниот систем, второ од идеолошките промени на западните општества, трето од процесите на демократизација и четврто од развојот и интензитетот на глобализациските процеси.[341] Тоа сè должи на економските аспекти на глобализацијата и слободата на капиталот кои продуцираа интензивни движења или миграции кои ја променија социјалната, економската и демографската слика во одредени општества. Овие тенденции доведоа до создавање на глобална културна хомогенизација и напуштање на традиционалните аспекти. За *Арџун Айадураи* глобализацијата придонела за “културни разбранувања“ изразени преку следниве глобални димензии и тоа: (1) *ейнойејзажийе* предизвикани од динамика на луѓето, (туристи, имигранти, бегалци, работници и сл.); (2) *йехнойејзажийе,* како производ од динамиката на старите и новите технологии, движењето на машините и компјутерите; (3) *финансискийе йејзажи,* продуцирани од зголемените текови на пари, стоки и услуги; (4) *медиумскийе йејзажи,* како последица од размената на

[341]Eisenstadt, S.N. *The Reconstitution of Collective Identities and Inter-Civilization Relations in the Age of Globalization,* Canadian Journal of Sociology; Winter 2007, p.117.

информации преку мас медиумите (телевизија, весници, музика, интернет) и (5) *идеопејзажите* кои се поврзани со тековите на различни идеологии кој содржат примеси на соодветната држава или кои доаѓаат надвор од нејзините рамки а имаат елементи на слобода, човекови права, демократија и слично.[342]

## 7.1. Од национализам до хибридизација - безбедносни аспекти

Културите се променлива категорија која се развива и менува. Свесно или не, понекогаш од нас зависи кои нешта сакаме да ги задржиме за себе а кои ќе ги менуваме. Динамичните промени не наведуваат да размислуваме често дијаметрално спротивно, слично како што се разидуваат економистите и антрополозите во поглед на глобализациските процеси. Едните се надеваат на интеграција на своите народи во светските економски текови и би жалеле доколку глобализацијата ги одмине. Другите пак тагуваат и посакуваат да ги одделат своите народи од тековите на глобализацијата.[343]

После настаните на 11 Септември 2001 год. културата доби поинакво значење и класификација, (да се определува според религија, заедница, нација, идентитет, локалност, цивилизација и сл.), кои носеа определени ризици и неизвесности по безбедноста. Особено, се покажа опасен потегот кога културата се сведе на ниво на религија. Тоа доведе до појава на бројни спротивставени страни при што секоја страна се обидуваше на свој начин да ја промовира својата религија. Во таа насока, глобализациските процеси овозможија некои етнитети со себе да ги понесат домашните божемства и ритуали, што дополнително создаде немир кај домицилното население поради распространувањето на религиозните обреди надвор од националните граници. Така некои[344] ја препознаа религијата како промотор на современата глобализацијата или пак за нејзино омаловажување, (на

---

[342] Ападураи А., во: Бек У., *Што е глобализација*?(превод),Тера Магика, Скопје,1997,стр.68; King D.A., *Culture, Globalization and the World-System: Contemporary Conditions for the Representation of Identity*, University of Minnesota Press, Minneapolis, 1997, pp.10-11.

[343] Bagvati J., *U odbranu globalizacije*, Sluzbeni glasnik, 2008, str.146.

[344] Се однесува на авторите Семјуел Хантингтон, Френсис Фукујама и Клаус Легеви.

пр. христијанството како прозападно ориентирана религија застана во одбрана на глобализацијата, а исламот како, незападна религија, која и наштетува на либералната глобализација).[345]

Ваквата религиозна стандардизација, односно разграничување пропагира еден алтернативен облик на глобализација т.е. хибридност која не поминува безконфликтно. Слично на изреката на *Геринг* „кога ќе го слушнам зборот култура се фаќам за пиштол“[346], така и оние кои сакаат да ја заштитат својата култура од фрагментација, глобализацијата за нив е “сатана“. Во тоа е проблемот. Во современите услови на глобализација културата не треба да се сфаќа како затвореност во себе, туку напротив, културата треба да се разбира како отвореност кон надвор, нешто како мултикултурно општество, што за многу земји кои ја негуваат традиционалната-националистичка политика преставува проблем во однос на тековите на глобализациските процеси. Имено, што економската димензија на глобализацијата не подржува национализам-патриотизам, туку борба за подобар живот, тоа условно преферира дисконекција со националното и превземање или асимилирање други идентитети и вредности од регионалниот или глобалниот простор.

Денес постои пракса културата да се употребува за надворешно политички цели, преку разни форми на интервенционизам кои можат да ги поткопат културните, економските и политичките аспекти на националните држави а како резултат на тоа да се појави национализмот. Национализмот може да се појави во слабите незападни земји кои не се подготвени или одбиваат да се приклучат во глобализациските текови. Во таа насока *Гиденс* се запрашува „како да се објаснат оние случаи во кои намерно се менуваат културните норми и однесувања“?[347] Секако некои култури повеќе преферираат еднобразност и индивидуализам додека други се повеќе за разноликост и остварување на заеднички потреби.

---

[345] Легеви К., *Глобализацията и нейните противници,*София 2007, стр.43.
[346] Превземен цит. од: *The Queen and I*, The Guardian, Saturday, 22 December, 2007, достапно на: http//www. guardian.co.uk/2007/dec/22/monarchy.television.
[347] Gidens, E., *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007, str.25.

Отворената економија и потрошувачката култура потпомогнати од новите технологии и комуникации ги поткопаа културните аспекти на националните држави. Трансферот на луѓе преку границите, миграциите, војните и конфликтите, економските влијанија, информатичко-комуникациската револуција допринесоа за културната разновидност.[348] Повеќето од земјите се ослободија од националистичките стеги кои се појавија како противтежа на создавањето на мултикултурни општества и разнобразности. Од друга страна, индустријализираните земји се повеќе се културно различни или мултикултурни како последица на културната мешавина создадена од процесите на глобализација. Оттука, секој на планева може да искуси по неколку идентитети како последица од мешањето на државните националности, микронационалности, регионални националности и нетериторијалните или транснационалните националности, бидејќи глобализацијата тежнее кон производство на хибриди.[349]

Поимот хибрид може да се толкува како збир или комбинација на повеќето националности. На пример едно семејство кое живее во Австралија, еден родител е Македонец, а другиот Канаѓанец, тие работат во американска фирма, богатството го депонираат во евра во банка од Сингапур со седиште во Швајцарија. На овој начин глобализацијата дозволува "бранување" на идентитетот, мешовити идентитети или префрлање од еден идентитет кон друг, соглед на околностите и случувањата (мас медиумите, интернетот и сл.).[350] Затоа се констатира односот суверенитет, територијалност, националност и статус на државјанство се помалку врзани едно за друго, и ќе преставува вистински предизвик за времето што доаѓа. Оттука се запрашуваме дали колективните идентитети или процесот на хибридизација сами по себе ќе продуцираат повеќе несигурност отколку стабилност? Дали "доктрината на мултикултурализмот" ќе доживее неуспех? Со цел да добиеме прецизни одговори на овие прашања, ќе ги елаборираме идеите и примерите за градење на мултикултурни општества.

---

[348] Исто, стр.27.
[349] Solte A.J., *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str.226.
[350] Исто, 251.

Мултикултурализмот се смета како еден вид политика на идентитетот која го нагласува степенот на културната разноликост базирана на раса, етницитет или јазик во современите општества. Неодамнешните одлуки и дискусии поврзани за носењето ферице или бурки во Обединетото кралство и Франција покажуваа дека мултикултурализмот поттикнува паралелни општества кои можат да ги ослабнат “националните корени“, поради што, домицилното население се противи на овие религиозни групи, (субкултурни групи), пред се заради безбедносни причини. Револт се појавува кај домицилното население и поради тоа што овие групи кои не припаѓаат на мнозинството можат да бидат изолирани бидејќи не прифаќаат да бидат асимилирани според вредностите на мнозинската култура. Превземањето на остри мерки од страна на лидерските земји на Европската унија, (Германија. Франција и В.Британија), против имигрантите - муслимани, посочува дека концептот на мултикултурно општество не успеeал во Европа. За оваа појава некои социолози велат дека преставува „*нов расизам*“ базиран не на биолошките разлики туку на културните разлики и вредности наметнати од мнозинската култура. Овој вид на расизам може да се доживее на различен начин кај одредени дискриминирани групи кои лесно можат да се “запалат“ и да предизвикат хаос и безредие.[351]

Денес некои велат дека постојат таканаречени „*транссветски нации*“ или „*детериторијални нации*“ или „*национализам на далечина*“, а често во реториката на политичарите се сретнуваат изјави од типот „ мојата земја постои насекаде каде што има нашинци“. Ова посочува за создавање на микро-нации или држава - нација по целата земјина топка, како што се тоа кинески кварт или мала Италија скоро во секоја земја.[352] Ова се должи исклучиво на културната отвореност а не затвореност. Иако глобалистите ставаат акцент на глорификација на мултиетничкото мултикултурно и хомогенизирано глобално општество, сепак стравуваат дека разновидноста на културните идентитети се во конфликтен однос. Во таа насока *Бек* вели дека „покрај толерантноста и диверзитетот расте и ксенофобијата, при што овие реакции не водат кон мултикултурно општество, туку кон тоа дека ние и модерните национални држави сме навлезени во турболенции на глобалното

[351] Исто, стр.267.
[352] Исто, стр.237.

општество", затоа неговата парола гласи „космополити од сите земји обединете се".[353] Авторот сигнализира на нова цивилизициска ориентација која ќе ги подобри односите помеѓу западните и незападните општества, религии и култури. Со тоа ќе се направи чекор напред каде што Западот нема да има монопол врз модерноста, бидејќи досегашниот културен хегемонизам на Западот и неговата намера за создавање на монокултура води кон потполна униформност и стандардизација на животните навики, а елиминација на другите поразлични верзии на животни стилови и губење на идентитетот.

Наметнување на западната цивилизација како универзална и обид за универзализација на својата историја како историја и за останатите народи води кон омраза и нетолерантност. Опасно изгледа формулата: *универзалност + развој + модернизација = губење на идентитетот, традицијата и навиките.* Оттука, екстремната претензија на Западот придонесува за судир со други поинакви цивилизации, посебно со оние како насилниот џихад, религиозниот фундаментализам, национализмот и ретрибализам на широките пространства кои жестоко се проследени со конфликти и војни.[354] Причините за спротивставеност помеѓу културите и народите се наоѓаат во одбивањето да се прифатат западните вредности, технологијата, интегрираниот пазар и другите модерности. Посебно, економскиот и индустрискиот развој се сметаат за главни виновници за опонентите на Западот, кои допринеле за тотално разорување на сопствените вредности и нивна замена со нови културни вредности увезени од други цивилизации. Во тој контекст судирот на културите ќе биде помеѓу оние кои ги контролираат технолошките иновации, информациите и тековите на финансискиот капитал или поинаку кажано предводниците на глобализацијата, со оние индивидуи, групи и заедници кои во глобализацијата гледаат закана за нивниот идентитет.[355] Овој судир на локалното-антиглобализациското со глобалниот космополитски поредок преставува главен проблем за проучување на културните аспекти на глобализацијата, затоа што глобалното асоцира на опасност од хомогенизација, а локалната поврзаност за

---

[353] Beck U., *Democracy beyond the nation-state*, Dissent; Winter 1999; 46,1, p.55.
[354] Pecujlic M., *Globalizacija dva lika sveta*, Gutenbergova galaksija, Beograd, 2005, str.141.
[355] Исто, стр.142.

одредено место и автентичност. Оттука постои веројатност светот да се соочи со еден судир, (поразличен од оној на Хантингтон), и тоа помеѓу *цивилизираниѿе и нецивилизираниѿе.* Вторите водени од таканаречената оска на злото (Ирак, Иран и С. Кореја, проширена со други земји како што се Куба, Венецуела, Либија и Сирија) а заостанати во сферата на модерноста, преставуваат главна закана за Западот.[356] Во тој контекст *Галѿунг* вели „секој кој се противи на западниот воен естаблишмент и воениот пристап кон мирот и безбедноста треба да разбере дека ова е борба која се одвива на ниво на длабока идеологија и длабока култура, на ниво на космологија".[357]

Оттука, сметаме дека глобалната култура е фрагментирана, плуралистичка и хибридна и не станува збор за светска култура. Терминот глобална култура се користи во смисла на глобализација на културата, односно интензивно поврзување и комуникација помеѓу различни култури, а во никој случај не станува збор за создавање единствена универзална или интегрирана култура.[358] Со тоа, глобално општество не значи територијално фиксирано, иако културната и социјалната разноврсност и разлики не значат дека не се поврзани за одредена локација или место. *Роланд Робердсон* во глобалистичките студии го употребува терминот *глокализација, (glocalisation* - позајмен од јапонскиот вокабулар во маркетингот), што за него преставува „глобална перспектива прилагодена на локалните услови". Или поинаку кажано, глобализацијата се одвива на некој локалитет, додека истовремено и самиот локалитет се формира во дискурсите на глобализацијата како специфично место. Овој термин, (глокализација), всушност го обединува односот на глобалното и локалното затоа што непрестано се продуцира и репродуцира хетерогеност во процесите на глобализацијата, додека паралелно се јавува хомогеност од аспект на диференцијација на локалитетите.[359] Значи, трендовите на глобализацијата можат да ги зајакнат процесите за постигнување на

---

[356] Мурден С., „*Кулѿураѿа во свеѿскиѿе рабоѿи*", во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи,(превод),Табернакул, (2009): 418-433.

[357] Galtung J., *Mirnim sredstvima do mira: Mir i sukob, razvoj i civilizacija*, NVO-Jugoistok XXI –Centar za Evro-balkansku saradnju, JP Sluzbeni glasnik,2009, str.317.

[358] Nes K., *Savremena Politicka Sociologija: Globalizacija, politika i moc*, JP Sluzbeni glasnik, Beograd, 2006, str.85.

[359] Исто, 101.

локална автономија и да ги зачуваат националниот идентитет и култура. Оттука, глобализацијата и локализмот или поконретно глобалната култура и локалната се два надополнувачки, меѓусебно поврзани и условувачки процеси. Нивниот однос најдобро го прикажува слоганот „мисли глобално, делувај локално“! (*Think Globally, Act Locally!*).

Затоа и *Фридман* посочува дека за време на Студената војна најчеста закана за вашето “маслиново дрво доаѓала од друго маслиново дрво“. Денес заканата за маслиновото дрво доаѓа од лексусот - од сите анонимни транснационални, хомогенизирачки, стандардизирани пазарни сили и технологии кои ја ослабуваат моќта на политичките заедници што ги користат овие технологии и пазари и имаат за цел да го зачуват своето маслиново дрво - сопствената култура и идентитет.[360] Овој автор предлага преку процесот на глокализација, или способност на една култура кога ќе наиде на друга култура да ги апсорбира само оние влијанија кои се поклопуваат и кои можат да ја збогатат сопствената култура без да се биде поразен, а да се одолее на оние различни и туѓи работи кои не можат соодветно да се вклопат во сопствената култура.[361]

Денес сме сведоци како деструктивниот потенцијал и енергија понесена од модерноста се манифестираат со агресивност и насилство од групи со различни антирационални ориентации. На пример џихадот, е нуспроизвод на модернизацијата и глобализацијата и затоа ќе биде дел од повеќето проблеми на глобализираното општество. Терористите кои ги извеле нападите во Лондон, Мадрид и Амстердам живееле во демократски модерни општества, но се чувствувале отуѓено и запоставено. Исто така, војните во Авганистан, Ирак, Чеченија и ужасните слики од Гвантанамо и Абу Граиб беа тригер за реакција на народите од муслиманскиот свет и нивната солидарност кон општествата, идентитетот и религијата на кои припаѓаат. Така, глобалните закани станаа локални, особено многу опасни за

---

[360]Авторот како пример на меѓусебната борба на лексусот и маслиновото дрво во *системот на глобализацијата* го истакнува пропаѓањето на референдумот во Норвешка во 1994 год. за приклучување кон ЕУ. Причината се наоѓала во тоа што норвежаните почувствувале дека со приклучувањето во ЕУ би можеле да го изгубат својот идентитет и начинот на живот. Види во:Фридман, Т., *Лексусот и маслиновото дрво*, (превод) Тера Магика, Скопје, 2003, стр. 45.

[361] Фридман, Т., *Лексусот и маслиновото дрво,* (превод) Тера Магика, Скопје, 2003, стр. 243.

мултикултурните општества.[362] Затоа би требало да се изнајде начин како овие критични маси да се вклопат и интегрираат во демократските општества.[363] Еден од можните начини е стекнување на материјална добивка која ветува дека оваа заедница на луѓе може да има поинаков пристап во сферата на религијата, при што е очекувано и прифаќање на западните вредности а напуштање на традиционалниот радикален ислам.

Се случуваат и други културни шокови во мултинационалните развиени општества кои се одразуваат на националната безбедност. Имено, крвавите настани во Норвешка, (островот Утоја и Осло), се последица од појавата на ксенофобија, национализам и антиисламизам, за што како виновници се сметаат западните идеи и вредности на демократијата кои создадоа модификувани мултикултурни општества. Исто така, кандидатот за влез во Белата куќа од 1990 год., *Патрик Букенен* се залагал за "*културна војна*" и изградба на непробојна челична ограда по должината на границата између САД и Мексико, наводно за да заштитат американските работници од "болестите на глобализацијата".[364]

Овие примери водат кон тезата на *Фукујама,* според кој, „судирот на култури"[365] е резултат од економските процеси на глобализацијата која има осцилациони движења, при што се очекува да се појават различни модификации кои ќе преставуваат комбинација од либерално економските и политичките вредности со традиционалните културни кодови. Останува да се види да ли взаемната меѓузависност постепено ќе ги менува поединечните и колективните идентитети или ќе придонесе за нивно зацврстување. Ова е една од најважните битки кои ќе ја засегнат глобалната безбедност и стабилност, но и силен мотив за одбегнување на апокалиптичната теза на „судир на цивилизации".

[362] Booth K., *Theory of World Security,* Cambrige University Press, New York , 2007, p.358.
[363] Fukujama F., *AMERIKA NA PREKRETNICI- Demokratija, moc i neokonzervativno zavestanje,* CID Podgorica, 2007, str.65.
[364] Solte A.J., *Globalizacija :kriticki uvod,* (drugo izdanje), CID, 2009, str.230.
[365] Fukujama F., *Sudar kultura:poverenje,drustvene vrline i stvaranje prosperiteta,* Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1997.

## 7.2. Глобализацијата меѓу универзалноста и партикуларизмот

Во многу нешта глобализацијата наликува на "*генетски општествен инженеринг*" поради нејзиното продирање и обликување на сите аспекти на животот под еден унифициран калап. Но, дали тоа е возможно? Замислете американски систем на уредување во африканска или индиска земја![366] Секоја земја мора да пронајде свој пат за дејствување и приклучување кон глобализацијата. Не може американскиот, јапонскиот или кинескиот модел да бидат имитирани или копирани насекаде по светот, затоа што нема да донесе исти резултати. Оттука, глобализацијата не би требало да биде стандардизација на животот. За некои земји тешко ќе биде да ги достигнат американските стандарди или капитал стандардите како во форма на "*Microsoft*" или "*NASA*". По се изгледа, некои ќе бидат со "постари модели" од овој, затоа што глобализацијата нема униформирано влијание така што не се сите земји подеднакво погодени од нејзините процеси или пак кризи. Но, не се исклучува имитација од одредени земји како што на пример „сиромашните и слаби земји на периферијата да ги "копираат" богатите и развиени земји од центарот",[367] иако напредокот кај многу од нив ќе зависи од нивната местоположба во хиерархијата на држави, улогата во глобалниот поредок, ресурсите со кои располага, од интегрираноста во светските економски текови, од вклученоста во регионалните и меѓународните организации и друго. Во едни земји глобалните процеси ќе влијаат многу повеќе, додека во други одлучувачко влијание ќе имаат националните или регионалните процеси. Глобализациските развојни процеси се случуваат независно од внатрешната динамика на општествата и имаат сопствена немилосрдна логика која неизбежно има влијание и врз внатрешните динамики.

Но, глобализацијата е феномен кој не допира насекаде и во ист обем. Таа не е универзализација затоа што зависи од многу детерминанти а најмногу од територијалната локација и општествениот статус. Имено постојат земји и народи кои воопшто не се допрени од процесите на глобализацијата. Регионите и

---

[366] Бжежински З. и Скокрофт Б., *Америка и светът*, София, 2010, стр.254.

[367] Meyer J.W. et al. in: Buzan B., From International to World Society?:English school theory and the social structure of globalization, Cambridge University Press, 2004, p.73.

населението на Северна Америка, Западна Европа и Источна Азија најдобро ги почувствувале ефектите од глобализацијата, иако и во нивни рамки некои делови се повеќе запоставени од останатите. Општо земено богатите луѓе низ целиот свет повеќе се вклучени во глобалните текови преку разни форми на транснационални односи, комуникации и движења, отколку сиромашните луѓе кои немаат телевизор,извршено телефонски разговор или никогаш не излегле од своето место на живеење.[368]

Барањето за универзализам е речиси залудна работа поради тоа што универзализмот не постои, ниту процесите на глобализацијата можат тоа да го постигнат. Имено, спомнавме дека е тешко и нереално земји со различни големина, местоположба, култура, религија, внатрешна политичка организација и структура, ресурси и можности, интегрирани или не во регионалните и меѓународните организации, да можат да бидат обединети според едни стандарди и во иста форма. Познато е дека системот на глобализацијата е поларизиран, (економски, политички, социјално), во кој посилните земји постојано ја наметнуваат својата волја и вредносни начела врз послабите кои не секогаш ги прифаќаат.[369] Нештата се подраматични кога западните универзални принципи се наметнуваат по пат на сила од страна на држави или меѓународни организации како ООН, НАТО и ЕУ. Оттука сметаме дека креирањето на универзален светски систем, ("систем во една боја"), кој ќе ги опфати сите аспекти на општественото живеење, од култура, религија, социјална еднаквост и друго е само утопија. Бидејќи колку повеќе со сила се наметнува универзализмот толку повеќе луѓето наоѓаат утеха во партикуларизмот кој преставува нивна последна одбрана од напливот на универзалноста.

Хипотетички земено се работи за премногу комплексна формула за спојување на сите елементи во целина, односно унификација на светот според еден калап. Тоа практично би значело обединување по следни основи: *политички* - заеднички устав, универзални човекови права и слободи, светска влада и заедничка надворешна политика, космополитски модел на демократија; *економски* - заедничка финансиска

[368] Gidens, E., *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007, str. 80.
[369] Valerstin, I., *Opadanje Americke Moci*, CID Podgorica, 2004, str.123.

политика со заедничка валута и заеднички банки; *воено* - заедничка безбедносна и одбранбена политика, создавање на една армија и команда, развивање на концепт на колективна безбедност и одбрана и *културно* - заеднички културен идентитет и државјанство -граѓанин на светот.[370] Како општи, основни вредности на кои може да се гради процесот на унификација можат да се земат предвид: демократијата, слободата и човековите права, владеење на правото, светскиот мир и безбедност, пазарната економија, слободното движење на капиталот, добрата и услугите и слободниот пазар на работна сила.[371] Покрај овие вредности унификацијата е невозможна без да се земат предвид глобалните ризици и опасности за кои постои висок степен на консензус од страна на државите, организациите и институциите и обединување на нивните капацитети за борба против заканите како тероризмот, климатските промени, организираниот криминал, пролиферација на ОМУ, меѓудржавните и регионалните конфликти и др. Ова е само предлог проект за постепено унифицирање на сите димензии во светот и тоа да се одвива по однос на региони и земји и по одделни проблеми и прашања, бидејќи сеуште не ни се познати, моделот, средствата, методите и институциите за унификација.[372] За очекување е дека овој процес на унификација нема да добие одобрување од држави, групи, организации и секое избрзано наметнување може да предизвика нови предизвици и опасности кои длабоко ќе се одразат врз глобалниот мир и безбедност. Тоа го предвидел и *Карл Полањи* кој смета дека општествените промени, спроведени пребрзо и во институционален вакум би можеле да доведат до политички првокации, авторитарни облици на контрола кои ќе ги уништат либералните вредности и слободи.[373] Затоа е потребна согласност и/или солидарност од сите земји и меѓународни организации и институции за проектот на унификација на светот.

---

[370] Galtung J., *Mirnim sredstvima do mira: Mir i sukob, razvoj i civilizacija*, NVO-Jugoistok XXI –Centar za Evro-balkansku saradnju, JP Sluzbeni glasnik,2009, str.98.

[371] Гоцевски Т., *Унификација на системите во услови на глобализација*, Филозофски факултет, Скопје, 2008, стр.15 и 68.

[372] Исто,стр.36.

[373] Polanji K., *Velika Transformacija: Politicka i ekonomska ishodista naseg vremena*, Filip Visnjic, Beograd, 2003.

Значи не постои формула која може да ја замени денешната разноликост во светот со универзализмот. Врската на глобализацијата со универзалноста изгледа сосема бледо односно компромитирачка, бидејќи универзализацијата има поврзаност повеќе со поставување на човековите права и слободи, културата и демократијата. Спротивно на тоа глобализацијата е појава која претежно се базира на информатичко-технолошките аспекти, правилата на пазарот и слободната трговија и се користи како механизам за ширење на *хегемонистички универзализам* со помош на финансиските и економските текови. Оттука колку што универзалноста ќе води кон хомогенизација на светот исто толку ќе придонесе и за негово фрагментирање. Обично се вели „поразлични сме а различноста е врлина“! Затоа се повеќе ќе преовладуваат партикуларизми во смисла на класа, раса, јазик, етницитет, традиција, религија, подготвени да пркосат на универзализмот.

## 7.3. Космополитизам и глобализацијата

Порастот на степенот на заемната поврзаност, ранливост на луѓето и општествата, мотивира создавање на идеја која ќе тежнее кон заедничка рамка на норми, одговорности и регулативи. Преку интернационализација на нормите, (по однос на хуманитаризмот, воените интервенции, човековите права, контролата на вооружувањето, државјанството, трговијата), се регулираат т.е. контролираат државите и другите меѓународни актери, а меѓу другото, води и кон зголемена хомогеност во светските случувања. Всушност, во основа, се работи на таква идеја за космополитизам чиј стремеж е насочен кон целото човештво а не кон поединци, групи или класи, при што во фокусот на оваа идеја се заедничките вредности на сите луѓе и на колективно решавање на проблемите важни за опстанокот на човештвото.

Космополитските идеи и теории се многу стари, уште од времето на античка Грција,[374] кои до денес ја задржале истата содржина. Интенцијата е укинување на

[374] Космополитските теории потекнуваат од времето на *Диоген* кој полемизирал против разликување на Хелените и варварите во смисла на „ние“ и „другите“. Но, исто така, да не ги заборавиме и мислењата и на другите познати филозофи како *Ниче*, (кој настојувал Европа да се отвори, и велел

разликите помеѓу „ние“ и „они“ или „ние“ и „другите“, т.е. елиминирање на разликата помеѓу националното и интернационалното.[375] За остварување на овој концепт многу придонела информатичко-комуникациската технологија која овозможила преминување на географските граници и произведување на култури без ограничување, со свој придонес во преобликување на локалниот културен простор. На тој начин се шират локалните хоризонти, животни стилови и се внесуваат културни промени, па така, со помош на глобализацијата се зајакна космополитскиот идентитет и чувството за припадност кон светот. Во таа смисла глобализацијата по природа треба да биде плуралистична а не наметнување на еден тип на светска заедница, свест или култура. Меѓу другото, треба да се избегнува селекција и поделба на “мали“ и “големи“ култури, “супериорни“ и “инфериорни“ народи или на “господари“ и “робови“.

Космополитизмот подразбира статус на подеднаква вредност за сите, односно, секој човек е „граѓанин на светот“ и има одредени должности кон светската заедница, тежнее кон укинување на нерамноправноста и придржување кон правилата и принципите кои треба да бидат споделени универзално. Односно, не треба да има маргинализирани луѓе, групи и земји кои помалку ќе учествуваат во глобалните процеси.[376] Според *Бек* космополитизмот е поглед кој е поврзан и со тоа како се постапува со малцинствата, странците, почитување на човековите права со нагласеност на улогата на државите и владите во тој контекст. Космополитизмот ги спојува културно различните и преставува следната голема идеја која ги заменува истрошените идеи на национализам, комунизам, социјализам и неолиберализам и идеја која е од универзален интерес на сите, а се очекува новата меѓузависност да го

времето на малата политика е поминато а време е за голема политика), *Кант,* (неговата космополитска идеја се базирала на размислување за себе како член вклучен во друштвото на граѓани на светот врз основа на право на државјанство) и *Маркс,* (предвидувал дека капиталот се глобализира и ги надминува националните граници и политика и доаѓа до сестран промет и меѓусебна зависност на нациите). Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije:Nova svjetskopoliticka ekonomija*, Skolska knjiga, Zagreb, 2004, str.19.

[375] Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije:Nova svjetskopoliticka ekonomija*, Skolska knjiga, Zagreb, 2004, str.19 и 64.

[376] Хелд Д., „*Космополитизам: Идеи, реалност и недостатоци*“ во : Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување,(превод), Академски печат, Скопје, (2010) :350-371.

штити човештвото од повторно навлегување во конфликти и варварство.[377] Космополитизмот како одговор на глобализацијата ја зајакнува сеопштата меѓузависност, понекогаш делува и како превентивна стратегија а контра религиозниот и етничкиот фундаментализам, но успева и да се справи со проблемите на сиромаштијата, неразвиеноста и територијалната исклученост.[378] Во таа слисла глобализацијата партиципира во градењето на космополитската идеја, придонесувајќи за придвижување на периферијата од светот кон неговиот центар и обратно, создавајќи нови можности за културите, вредностите и друго, во периферијата.[379]

Едно од суштинските прашања кога се говори за космополитизмот е да ли тој води кон пацифизам? Несомнено космополитизмот е идеја која води повеќе кон слобода и транснационалност, но постојат сомнежи дека таа ќе успее да ги застапува сите земји и народи подеднакво, односно се очекува едни да бидат вклучени повеќе во глобалните процеси од други. Поради тоа идејата за космополитизација треба да се држи "под будно око", затоа што истата може да продуцира мешавина од глобални, антиглобализациски, антиконзумериски и антимодернистички и националистички движења и отпори кои лесно можат да прераснат во нови светски кризи, катастрофи и етнички фрагментации а со тоа да ги втурне во "војна на сите против сите". Покрај тоа што приврзаниците на космополитизмот ја поздравуваат глобализацијата, сепак се свесни за негативните ефекти кои таа може да ги продуцира.

Во основа, оваа идеја има хуманитарен карактер, со тоа што покажува дека нема да постојат изолирани земји и народи, односно е добар начин како да се споделат одговорностите на глобален план. Затоа се инсистира на институционализација на космополитските принципи во новите регионални и глобални институции, кои ќе се стремат кон решавање на проблемите поврзани со

---

[377]Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije:Nova svjetskopoliticka ekonomija*, Skolska knjiga, Zagreb, 2004, str.16.

[378] Исто, стр.141.

[379] Вотерс М., *Глобализација*, (превод), Институт за демократија, солидарност и отвореното општество, Скопје, 2003, стр.220.

сиромаштијата, нееднаквоста, загадување на животната средина, финансиската нестабилност и условите за трговија и пазар, намалување на долговите на земјите од Југот, но и поголема застапеност на останатите земји во меѓународните организации и институции. На овој начин доаѓаме до остварливо решение, доколку се примени космополитската регулативна рамка, и се принудат земјите да плаќаат според тоа какви последици (штети) оставаат врз човештвото или таканаречен "данок на светот", (на пр. во зависност од нивната потрошувачка на енергија, трошоците за одбрана, обртот на финансиските пазари, загадување на животната средина, причинители на економска криза итн).

Постојат извесни дилеми околу постигнување на космополитските заложби и цели во контекст на регионалните и меѓународните организации и тела. Показателите говорат за бројни пропусти, неусогласеност и едностраност на космополитските заложби во организаците како што се ООН, НАТО, ММФ. Тоа е пред се поради финансиската зависност на овие организации од развиените земји, во повеќе случаи одлуките се донесуваат пристрасно, иако се однесува на прашања од светски интерес како што се зачувување на животната средина, финансиска помош за сиромашните земји, превенција при загрозување на мирот и безбедноста и сл.[380] Покрај тоа различните облици на транснационализација и космополитизација на правата ќе допринесат државите да се чувствуваат неподготвено за космополитиските идеи, бидејќи постои можност да бидат загрозени како од внатре така и од надвор. Ова дава поинаква слика за просторот, времето, политиката, вредностите, конфликтите, правата и должностите, при што целосно се редефинира позицијата на моќ во глобалниот простор. Секако во прв план треба да се концептуализира односот меѓу политиката и економијата а потоа да се тестира космополитскиот модел кој вклучува слобода, правда, социјална сигурност и еколошка грижа. Максиомата на космополитската реална политика гласи „нашата политика е толку национална и успешна колку што е повеќе космополитска". Но се запрашуваме дали е возможна, бидејќи „националната политика без космополитско гледиште е слепа, а космополитското гледиште без национално државната

---

[380] Хелд Д., „*Космополитизам: Идеи, реалност и недостатоци*" во : Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување,(превод), Академски печат, Скопје, 2010, стр.364.

политика е празно".[381] Оттука е и конфузијата, која не принудува повторно да го поставиме прашање да ли промената од национален кон космополитски поглед ќе биде безопасно или пак ќе предизвика нови опасности и безбедносни дилеми?

Во таа насока *Бек* посочува на редефинирање на моќта во глобалната ера, истакнувајќи ја важноста на економските аспекти кои ја определуваат моќта на државите. За него детериторијалноста е последица од транснационалната трговија и активности во дигиталната сфера, а правилата на игра во светската политика често се сведуваат на тековите на глобалниот капитал кој е некаде локализиран а во исто време и е империјален.[382] Тоа значи дека економијата е таа која најмногу може да придонесе за остварување на космополитските заложби без да остави последици врз мирот и стабилноста. Истакнувајќи ја економската димензија авторот доаѓа до заклучок дека космополитизмот во оваа смисла е остварлив, но само во рамките на одделни развиени региони како што се Европа и Северна Америка, а неговата имплементација на глобално ниво сеуште е утопија и вон временска идеја.

### 7.4. Миграциите и глобализацијата

Појавата на миграциите е стара колку и човековата историја. Причините за миграции биле многубројни. Некои од нив беа своеволни а други заради принуда. Како во минатото така и денес резултатот од миграциите е постојано менување на демографската слика на земјите и регионите во светот. Одговорност за оваа појава се наоѓаат во процесите на глобализација кои во голема мера придонесоа за слободно движење на луѓето, капиталот, трговијата и услугите, при што финансиските пазари се покажаа како најглобализирани, што не важи и за пазарите

[381]Превземен цитат од : Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije:Nova svjetskopoliticka ekonomija,* Skolska knjiga, Zagreb, 2004,str.161.
[382] Beck U.,*Redefining power in the global age: Eight theses,* Dissent, Fall 2001,p.83.

на трудот. Нерамномерната распределба и распространетост на економските аспекти на глобализацијата доведе до појава на миграциони движења.[383]

Меѓународната миграција денес се смета како една од крупните последици на глобализацијата. Напредокот во комуникациите и транспортот, стимулирани од економијата и социјалната нееднаквост во светот, донесе многу луѓе да ги поминат сопствените национални граници заради подобра иднина за себе и сопственото семејство.

По однос на миграциите, гледано низ призма на глобализацијата, едни констатираат дека таа придонесува до зближување, остварување на подобар животен стандард, градење на нов идентитет и голема слобода во изборот. Кај другите се појавува скептичност дека глобализацијата овозможува само слободно движење на капиталот, трговија и трансакциите а е нееднаков процес кога се во прашање движењето на луѓето и слободата во изборот, како елемент на индивуалните човекови права. Но, пред да видиме каде се наоѓат слабостите на современата глобализација поврзана за миграциите ќе дадеме краток осврт на нивната генеза.

Миграционите движења низ историјата ќе ги проследиме низ неколку периоди. Првиот експанзиски период е за време од 1500 - 1850 година, кога голем број на трговци префрлиле 9.5 милиони робови од Африка во Америка. Понатаму, 52 милиони Европјани мигрирале во Америка помеѓу 1820 и 1932 година, од кои 32 милиони се населиле во САД и дополнителни 3.2 милиони мигрирале во Австралија и Нов Зеланд. Во академските кругови се коментира дека извозот на луѓе е најзначајната димензија за искачувањето на Западот помеѓу 16 и 20 век.[384]
Миграциите за време на вториот и трет бран на глобализација значително се зголемиле посебно во последните декади на 20 век. Бројот на меѓународните миграции пораснал од 76 милиони во 1960 на 82 милиони во 1970 година, една деценија потоа бројот бил 100 милиони, а во 1990 година бројот на мигрантите се зголемил на 154 милиони, за да во 2000 година достигне кулминација во однос на

---

[383] Вотерс М., *Глобализација*, (превод), Институт за демократија, солидарност и цивилно општество, Скопје, 2003, стр.148.
[384] Huntington S., *Sukob Civilizacija i preustroj svjetskog poretka*, Izvori, Zagreb, 1996, str.246.

сите миграции на 20 век во вкупна бројка од 175 милиони луѓе.[385] Како што глобализациските процеси биле поинтензивни така и миграциите имале поголем обем.Така, во 2005 год. меѓународната миграција достигнала 191 милион луѓе, од кои 115 милиони живееле во развиените земји, додека 75 милиони од нив живееле во земјите во развој. Овој податок покажува дека миграциите од типот од "Југ кон Југ" се исто толку бројни колку и оние од "Југ кон Север".[386]

Ефектите од меѓународната миграција можат да се толкуваат од повеќе аспекти. Од една страна, тие овозможуваат на сиромашните луѓе и нивните семејства од помалку развиените земји да се префрлат да живеат и работат во високоразвиените земји, што непосредно влијае врз покачување на нивниот стандард на живеење. Исто така им возможува на мигрантите да го покачат стандардот во нивните матични земји, преку испраќање на големи финансиски средства, имплементирање на знаење, вештини и др.[387] Другите позитивни страни на миграциите се поврзани со тоа што им се овозможува на мигрантите да добијат повисок степен на образование и подобри здравствени услуги. Освен овие аспекти постојат и други неекономски фактори кои се поврзани со политичките и безбедносните причини, односно поради диктаторства, присила, етнички чистења, геноцид, граѓански војни и конфликти. Ваквите миграции можеме да ги окарактеризираме како присилни миграции а мигрантите како бегалци, што беше зачестено за време на 90-тите години од минатиот век.

Негативните ефекти се изразуваат на неколку начини. Првиот ефект се однесува на тоа што популацијата на земјите од третиот свет се поинтензивно го напуштаат своето родно огниште и заминуваат во земјите од првиот свет а тоа лошо влијае врз социоекономската состојба и напредокот на послабите општества. Од друга страна развиените земји настојуваат да го ограничат влезот на мигранти

[385] World Economic and Social Survey , United Nations, New York, 2004.

[386] Development and Globalization:Facts and Figures, United Nations, 2008,p.60.

[387] На пример имигрантите кои живеат во земјите членки на ЕУ во 2006 год., дома испратиле сума од 19 милијарди евра. Од ЕУ се одлеале средства двојно повеќе, отколку што пристигнале средства од други држави. Најмногу се префрлени средства од Шпанија околу 5.6 милијарди евра, потоа од Велика Британија 4.7 милијарди евра, Италија 3.2 милијарди, Германија со 2 милијарди и Франција со 1.4 милијарди евра. Според податоците на Народна банка на РМ македонските мигранти од целиот свет годишно во нашата земја испраќаат една милијарда долари на своите семејства.

во нивните земји без оглед на тоа што во иднина се повеќе земји од Западот ќе имаат недостиг на човечки потенцијал (на пр. на Европа и се потребни годишно 1.6 милиони странци да ја зачува сопствената демографска рамнотежа, а досега речиси 85% од порастот на вкупната популација во Унијата доаѓал од меѓународните миграции). Сепак тешко ќе биде да го остварат тој просек за влез на мигранти со цел нивното општество да функционира нормално и да остварува напредок.[388]

Но, во одредени земји или региони отворено се поставува прашањето дали миграциите им носат развој или стагнација, стабилност или пропаст?

Денес некои миграциите ги сметаат за еден од глобалните проблеми. Имено, интензитетот на светската економија, зголемената мобилност на капиталот, инвестициите и трговските услуги ги принудија луѓето да бараат работа и подобри услови за живот во било кој дел од светот. Но, економските текови наметнаа еден нов момент. Имено, со цел да се намали преместувањето на работниците таму каде што е работата, ги преместија компаниите и претпријатијата онаму каде што се наоѓа работната сила. Со тоа се намалува ризикот за појава на одредени политички импликации за земјата матрица на компаниите.[389] Во таа насока многумина миграциите ги опишуваат низ четири различни модели и тоа: *класичниот модел на миграција* кој се однесува на земјите како САД, Канада, Австралија, кои се развиле како иселенички држави, *колонијалниот модел* кој го применуваат Франција, В.Британија, при што ги фаворизираат иселениците од поранешните колонии, третиот е *модел на работник на привремена работа во странство* применет од Германија, Швајцарија и други европски земји каде што имаат потреба од работна сила а имигрантите и покрај долгиот престој немаат право на државјанство и четвртиот модел е *илегален модел,* кога имигрантите успеваат извесен период да живеат илегално на туѓа територија.[390] Тука би ги додале и воените интервенции, вооружените конфликти и граѓанските војни кои како во минатото така и сега придонесуваат за пораст на миграциите и бегалците во светот. На пример

---

[388] Pudar M., *Svet bez gospodara*, Sluzbeni glasnik, 2010, str.71-72.
[389] Недялкова А., Бауман З. и Филипов Д., *Глобализъм, Регионализъм и Антиглобализъм*, Албатрос, София, 2005, стр.97.
[390] Gidens E., *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007, str. 274.

интервенциите врз Авганистан, Ирак и другите бројни конфликти на афричкиот континент придонесоа бројот на бегалците од 21,8 милиони луѓе во 2001 год. да порасне на 31.7 милиони во 2007 година.[391]

Сметаме дека глобализацијата не смее да го ограничува движењето на луѓето и нивните идеи. Градење на глобален светски поредок значи дека веќе живееме во свет без граници и лимитирања. Ова го потврдува и позната Паскалова изрека која вели „навистина живееме во чуден круг чиј центар е секаде а периферија никаде".[392] Миграциите доведоа до создавање на нови структури и развој на меѓународните односи во светот. Можеме да ги сметаме како важен дел од глобализацијата која довела до промени во политиката, економија и културата на националната и меѓународната сцена. Во повеќе земји миграцијата придонела за културна разноликост и помогнала во обликувањето на демографските, економските и општествените промени. На пример, американскиот напредок е резултат на протокот на имигранти со интелектуални способности од Европа во текот на минатиот век но и денес.[393] Моментално нивниот развој се должи на "кинеските американци" или "индиските американци".[394] За таа цел е потребно усогласување на политиките на поранешните и сегашните граѓани со редица права и обврски[395] кои ќе можат да се интегрираат во пошироката заедница, доколку се определат кој ќе биде нивниот центар за живеење - матичната или новата држава.

---

[391] Стојановиќ С., *Глобализација и безбедносне перспективе света*, Воено издавачки завод, Београд, 2009, стр.130.

[392] Цит. во: Baumann Z., *„Turisti i Vagabundi"*, *Globalization, The Human Consequences*, Columbia University Press, 1998.

[393] Постојано е во пораст бројот на странски студенти кои престојуваат на американските универзитети кои после завршување на студиите остануваат во оваа земја. Во 1990 год., во САД дури 62% на докторатите од обласа на инженерските науки се дадени на студентите од странство, додека 54% од докторатите од областа на економијата поттекнуваат од странските земји.

[394] Бжежински З. и Скокрофт Б., *Америка и светът*, София, 2010, стр.161. Бројот на американската популација со азијатско потекло пораснала од 1.5 милиони во 1970 год. на 12 милиони во 2000 година.Повеќе од 20 милиони мексиканци пристигнале преку Рио Гранде и заедно со уште 15 милиони мигранти од другите делови на Латинска Америка ја сочинуваат групата на американци со хиспанско потекло.Извор: Garton Es. T., *Slobodan Svet - Amerika, Evropa i iznenadujuca buducnost Zapada*, Samizdat B92, Beograd, 2006, str.109.

[395] Како една од можните обврски е оданочување на граѓаните кои живеат во странство. На пример со оданочување на индиските граѓани кои живеат во САД ќе се зголемат индиските државни приходи.Ако се земе предвид дека тие се околу 0.1% од вкупната американска популација, нивниот вкупен доход изнесува приближно 10% од националниот доход на Индија. Извор: Bagvati Jagdis, *U odbranu globalizacije*, Sluzbeni glasnik, 2008.

Иако во услови на глобализација граѓанството треба да биде легална работа а не етничка, расна, религиска или национална работа, сепак миграциите во многу западни земји придонеле за преиспитување на националниот идентитет и статусот на државјанство. Мигрантите се наоѓаат пред избор да ли да ја апсорбираат новата култура или да направат компромис при што ќе ја задржат својата култура но и ќе се приклонат кон нормите и правилата наметнати од земјата домаќин. Постои и друга алтернатива во која имигрантите се затвораaат самите себе во некаква гето заедница задржувајќи го сопствениот идентитет и одбивајќи да прифатат дел од домицилната култура.[396] Ова не треба да не загрижува затоа што низ историјата речиси и не постои создавање на нации и култури без влијание на космополитските спојувања, односно нема држава, (посебно во западниот свет), чија форма и структура не е оформена без поранешните или тековните имиграции.[397]

Денес е тренд недостатокот на популација, (работна сила), во развиените земји да се компензира со абсорбирање и асимилирање на нови имигранти од земјите од Третиот свет. На пример ваков е случајот со ЕУ и нејзиниот однос кон муслиманските - афрички земји, иако постои опасност миграциите од афричките земји да создадат поголема јазична, религиска и културна разновидност со што би го нарушиле цивилизациските аспект на Европа. Или пак односот на Унијата кон новите земји членки и земјите кандидати за членство, која со отворање на границите за влез на овие земји, овозможува проток на ефтина работна сила во ЕУ.[398]

Се појавуваат и други атрактивни дестинации поразлични од традиционалните миграциони движења во Западна Европа, Северна Америка и Австралија во кои не постојат ограничувања како во западните земји. Такви дестинации се арапските земји - производители на нафта и новоиндустријализираните земји од Југоисточна Азија кои се повеќе имаат потреба од работна сила. Се прогнозира дека во иднина, земјите богати со стратегиски-природни ресурси, постојано ќе бидат цел на

[396] Waever O., Buzan B., Kelstrup M. and Lamaitre P., *Identity, Migration and The New Security Agenda in Europe*, Pinter Publishers Ltd, 1993, p.71.
[397] Исто,стр.72.
[398] Rawi Abdelal and Adam Segal, *Has Globalization Passed Its Peak?*, Foreign Affairs Vol.86 No.1, 2007, p.108.

миграционите движења а со тоа ќе се овозможи префрлување на тежиштето и динамиката на глобализацијата од Запад кон Исток или од Север кон Југ. Тоа многу ќе придонесе за одредени региони да имаат поголемо значење во меѓународните односи а воедно и ќе се намали разликата помеѓу развиените и неразвиените региони и земји во светот.

### 7.4.1. Безбедносни импликации од миграциите

Некои движења можат да оставаат последици на меѓународната сцена. Актуелни се оние со религиозна и фундаменталистичка содржина кои можат да влијаат и да предизвикаат одредени дејства во странските држави. Нивната ефективност е резултат на редица фактори меѓу кои се меѓународните миграции а непосредно се поврзани со глобализацијата. Тројството безбедност, миграции и глобализација се во тесна врска со појавата на конфликтите, гладот, сиромаштијата, климатските промени, животниот стандард, економски кризи, политички репресии, кои присилно или не, придонеле за трансфер на голем број на луѓе насекаде низ светот.[399]

Затоа националните политики и меѓународните миграции секогаш се наоѓаат во средината на конфронтирањата и тоа помеѓу ниското ниво на фертилитет, почитување на човековите права, потреба за ефтина работна сила а од друга страна невработеноста, социјалните прашања, културни промени, ксенофобијата, трговијата со луѓе и националната безбедност. Од година во година оваа конфликтност е се поизразена на ниво на држави и региони.

Но, постои конрадикторност по ова прашање. Од една страна, високо развиените земји ги притискаат владите на земјите во развој со намера да ја намалат

[399] Според податоците на *УНХЦР* во светот има околу 13 и 18 милиони принудни бегалци кои се борат за преживување надвор од своите родни места. Повеќето од нив се последица на граѓанските војни и внатрешните вооружени конфликти. Од нив 6 милиони се во Азија, додека во Африка ги има помеѓу 7 и 8 милиони бегалци. Превземено од: Недялкова А., Бауман З. и Филипов Д., *Глобализъм, Регионализъм и Антиглобализъм*, Албатрос, София, 2005, стр.99.

или спречат миграцијата, при што ги разгоруваат страстите и создаваат тензии помеѓу земјата домакин и матичната земја. Од друга страна, во ера на глобализацијата, многу земји набрзина станаа мултиетнички благодарение на отворената либерална миграциона политика, која за некои земји се покажа како многу опасен потфат. Тоа го потврдуваат етничките тензии и конфликти како резултат на запоставеност во општествата или неисполнување на одредени права а придонесоа за несигурност пред се во мултиетничките држави навестувајќи дека можат да бидат мета на фрагментација.

Паралелно со ова се зголемија ксенофобијата и национализмот во развиените земји кои се реакција од "кражба на работните места" и загрозување на националната безбедност од страна на мигрантите. Ваквите обвинувања секогаш имаат верижна реакција. На пример, германците се жалат од пољаците, пољаците од украинците, американците од мексиканците и речиси цела Западна Европа се жали од балканците и африканците. Често, во високоразвиените земји, мигрантите или странските малцинства се земаа како причина за појава на небезбедност, загрозување на начинот на живеење и нарушување на државната благосостојба. Па затоа се барало од државата да интервенира преку нејзините механизми за "чистење", со цел да се ослободи од "вишокот на непожелни граѓани".[400] Некои држави уште од оддамна ги имаат спуштено бариерите за влез на мигранти или бегалци, како на пример Обединетото Кралство, Германија, Франција и други високоразвиени земји од Северот.

Парадоксот е во тоа што за време на Студената војна развиените земји ги обвинуваа комунистичките влади затоа што не им дозволуваа на своите граѓани да мигрираат, а денес кога веќе не постои комунизмот, миграцијата ја спречуваат земјите кои најмногу критикуваа за ваквиот однос и веќе длабоко ги имаат воспоставно либералните обележја за слободен проток на луѓе и услуги. Како последица од притисокот на мигрантите во некои европски земји[401] се формираа политички

---

[400] Cirn M., *Upravljanje sa one strane nacionalne drzave*, Filip Visnjic, Beograd, 2003.

[401] Европската унија во 1997 година превзела иницијатива позната како - „*Операција Алба*" чија намера била да интервенира како последица од напливот на косовските бегалци. Види во: Davis K.J.

националистички движења чии погледи беа насочени кон заштита од врановите на мигрантите. Такви на пример се Националниот фронт во Франција, Националната алијанса во Италија, Партија за слобода во Австрија и Народната партија во Швајцарија.[402]

Овие констатации се контра аргументи кои не одат во прилог на современата глобализација, и кои пркосат на слободата на движење на луѓе, добра и капитал. На овој начин се доведува во прашање иднината на глобализацијата, бидејќи сè се сведува во корист само на политиката на развиените земји.

Ова говори за една поинаква слика како високоразвиените земји ги имаат либерализирано само протокот на трговијата и инвестициите, а не и тековите на миграциите. Постојат и случаи кога мигрантите можат да бидат искористени од некои земји како "политичко оружје" за реализација на нивните цели. Одредени земји ја поттикнуваат миграцијата со цел да влијаат врз своите поранешни територии, што понекогаш може да биде тригер за превентивна воена интервенција и слично. Или поттикнување на емиграција со цел да се постигне културна хомогеност или доминантност на една етничка заедница над друга, колонизација на просторите надвор од националните граници или дестабилизација на соседна држава. На пример, неколку патти ова го правела Русија за заштита на своите малцинства населени во поранешните советски републики, или пак "подвигот" на претседателот на Венецуела *Хуго Чавез* кој им се закани на европските земји дека ќе престане да им испорачува нафта, доколку не ја променат политиката кон милионите латиноамерикански имигранти.[403] Ваквата ситуација, во услови кога

---

and Sweeney J.M., *Strategic Paradigms 2025: U.S. Security Planning for a New Era*, Institute for Foreign Policy Analysis, Brassey's 1999, p.31.

[402] Davis K.J. and Sweeney J.M., *Strategic Paradigms 2025: U.S. Security Planning for a New Era*, Institute for Foreign Policy Analysis, Brassey's 1999 p.31. Овие национални движења се насочени против имигрантите на нивна територија, нивните кампањи се ксенофобични, антиевропски и антиемигрантски, но сепак можат да бидат и контра продуктивни за овие земји. На пример доколку австријците би сакале да го задржат нивото на животен стандард, би требало во наредните децении да го зголеми бројот на имигранти за трипати, или четирипатти со цел да има доволен број на работна сила која ќе може да обезбеди пензии за австриското население. Превземено од: Valerstin I., *Opadanje Americke Moci*, CID Podgorica, 2004, str.90.

[403] "*Поради европската политика за имигрантите, Чавез ќе ја сопре нафтата*", Утрински весник 21-22 јуни, 2008, стр.16.

цената на енергетските ресурси е во пораст, би можело да создаде дополнителни тешкотии за земјите кои применуваат остри мерки кон имигрантите.

Исто така, мигрантите се земаат предвид секогаш кога има манифестација на насилство, нарушување на јавниот ред и мир, терористички активности и конфликти кои се сметаат за увезени во земјата домаќин. Некои земји одат дотаму што си се поигруваат и со религиозната и културната разноликост, па сметаат дека е погрешно мешање на различни култури. Таков пример преставува состојбата во Соединетите Американски Држави каде што на почетокот на 21 век околу 32 милиони луѓе,(или 11.5% од вкупната популација), престојувале во САД а биле родени во странство, додека секоја година во земјата влегувале околу 30 милиони посетители, (студенти, туристи, бизнисмени).[404]

Овие бројки покажуваат дека многу земји се лесно ранливи од надворешни влијанија т.е. од тековите на миграциите кои можат да предизвикаат економско-социјални тензии во општествата, поради судирот на различни вредности и начини на живеење кои не поминуваат безконфликтно.

[404] Nye J., *Which Globalization Will Survive?*, The Korea Times, April 13, 2009, достапно на: http://belfercenter.ksg.harvard.edu/publication/18963/which_globalization_will_survive.html

# 8. ЕКОЛОШКИТЕ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Глобализацијата ја наруши рамнотежата, помеѓу економско-технолошкиот развој и животната средина. Глобализацијата изразена преку капиталот доведе до дехуманизација и експлотација, а со тоа глобалната демонизирачка економија стана глобален еколошки безбедносен проблем. Затоа се почесто се присутни дебати поврзани за животната средина а се поголем е бројот на меѓународни политички иницијативи поврзани за еколошките проблеми. Одредени аналитичари сугерираат дека промените во животната околина се алармантни и преставуваат значајни идни безбедносни закани. Оттука и нивната зачестеност на глобалните безбедносни агенди.

Проблемите со еколошката безбедност, од кои наистакнати се климатските промени, допрва ќе бидат опасност за националната безбедност, напредокот и мирот. Оттука случувањата со животната средина придонесоа за редефинирање и на концептите за безбедност. Сушите, поплавите, температурната инверзија, земјотреси, цунами, се гледаат како голема закана за безбедноста на државите, бидејќи истите придонесуваат за редуцирање на основните намирници за живеење, пораст на болестите, присилни миграции а се зголемува и опасноста од конфликти и судири во критичните региони.[405]

Меѓу другото, глобализацијата влијаеше и врз тековите на енергетските потенцијали кои се новиот предизвик за стратегиските геополитички планери. Имено процесите на глобализација резултираат со голема асиметричност во релациите меѓу клучните енергетски актери. Развивањето на нови релации меѓу произведувачите и консумерите, продавачите и купувачите во иднина можат да предизвикаат безбедносни турболенции и други импликации.

Оттука еколошката безбедност во современите услови на глобализација ќе ја разгледаме низ три важни сегменти, (види *прилог бр.1- еколошки аспекти на глобализацијата*)и тоа:

---

[405] Dalby S., „*Security and Ecology in the age of Globalization*"ECSP Report Issue 8 (2002):95-108.

- климатските промени како безбедносна закана;
- експлотација на природни ресурси и недостаток на основни енергетски потенцијали и
- појава на *„еко - војни“* или војни за ресурси, (како последица од претходните два сегменти).

Констатиравме дека економските аспекти на глобализацијата се нехумани и неправедни најмногу спрема неразвиените земји и земјите во развој. Посебно за оние милиони луѓе кои живеат во сушните суптропски, пренаселени и економски сиромашни области. За нив климатските промени преставуваат опасност за политичката, економската и општествената стабилност. Тоа се поткрепува и со фактот дека климатските промени од 1950 година се позачестени и поинтензивни, (бројот на ураганите и циклоните се дуплирал, а бројот на сушите и поплавите се зголемил за четири пати), чии последици најмногу ги почувствувале сиромашните и неразвиени земји, (десетте најголеми природни катастрофи во 2007 год. со најголем број на жртви се случиле токму во сиромашните земји).[406] Притоа, најголемите загадувачи на природната околина се високоразвиените глобализирани земји.

Последиците од климатските промени ги засега поголемиот дел од светската популација. Имено, со подигање на нивото на морињата и океаните се очекува да бидат загрозени 48 милиони луѓе во Европа, 55 милиони во Африка, 28 милиони во Јужна Америка, 25 милиони во С. Америка, 3 милиони во Австралија и Нов Зеланд и 6 милиони луѓе во малите островски земји.[407] Покрај подигање на нивото на морињата, тука се и појавата на другите штетни влијанија како претворање на плодното тло во пустинско во регионите на подсахарска Африка, Среден Исток и Јужна Азија, ширење на заразни болести, со порастот на температурите се

---

[406] *“Klimatske promene najvise ce osjetiti siromasne zemlje“*, Svijet, 12 prosinca, 2007.

[407] Muskara L., *„Kako se menja (ili ne menja) karta sveta“*, Klima(ks) Planete, Hesperia edu br.1 (2008):59-72.

очекува пораст на бројот на оболени од маларија за 50 до 80 милиони годишно и други штетни појави поврзани за овие еколошки промени.[408]

Взаемната зависност и поврзаност помеѓу земјите и народите придонесуваат промените во еден дел на светот да влијаат врз опстанокот и условите за живот на остатокот од планетата, (на пример поплавувањето на оризовите полиња во Кина се одразува врз недостатокот на храна за децата во Африка). Се очекува климатските промени да ги влошат постоечките проблеми поврзани со сиромаштијата, социјалните тензии, деградација на животната средина и слабите политички институции а ќе предизвикаат и масовни миграции и создавање тло за дејствување на радикалните групи и појава на конфликти и војни.[409] Како последица од климатските промени многу земји ќе превземат унилатерални акции со цел да обезбедат ресурси, територии и да остварат други интереси поврзани за нивниот опстанок.

## 8.1. Климатските промени и глобалната безбедност

Според податоците изнесени во тајниот извештај на Пентагон се смета дека климатските промени можат да ги дестабилизираат геополитичките состојби, да доведат дури и до судири и војни доколку има ограничувања во снабдувањата како што се: (1) недостаток на храна, поради намаленото глобално земјоделско производство; (2) смалување на достапноста и квалитетот на вода за пиење во главните области и (3) пореметувања во снабдувањето со енергија. Овие тенденции би го зафатиле целиот свет со тоа што ќе се воспостават две главни стратегии за напад и одбрана. Едните ќе се фокусираат на подигање на утврдувања околу земјите за одбрана на своите залихи, додека другите би тргнале во војни за храна, вода и енергија. Со тоа, овој нов вид на закана, ќе ги измени приоритетите и целите на земјите во концептот за безбедност и одбрана.[410] Тоа се повеќе се нагласува и во

[408] Gidens E., *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007,str. 637.
[409] National Security Implications of Global Climate Change to 2030, National Intelligence Council, 2008.
[410]Schwartz, Peter and Randall D., *Doug An Abrupt Climate Change Scenario and Its Implications for United States National Security*, October, 2003.

документите за национална безбедност и одбрана, бидејќи проблемите со животната средина, климатските промени и енергетската зависност, стануваат предизвик и закана за националната и меѓународната безбедност и одбрана. Во таа насока предложен е нацрт закон од сенаторите на САД, во кој стои дека се дава одобрение разузнавачките служби да ги проценат ризиците кои ги носат климатските промени во земјите и регионите важни за воените интереси на САД, но и за влијанието на климатските промени на идните воени операции.[411] Поради климатските промени се очекува милијарди луѓе да имаат проблеми со храната и вода што ќе доведе до глобална катастрофа и појава на бројни жаришта на конфликти и војни, така што идните војни ќе бидат војни за опстанок.[412]

Климатските промени ќе предизвикат сериозни социјални глобални импликации а се очекува драстично да се зголемува бројот на луѓе кои ќе страдаат од глад, суши, поплави и болести. *Светската здравствена организација* проценила дека во 2004 год., како последица од климатските промени, смртноста изнесувала 150.000 луѓе годишно.[413]

Останува светот да се преуреди според економските и еколошките стандарди, со тоа што ќе се произведе доволно енергија така што богатите не би се чувствувале сиромашни, а сиромашните би се чувствувале богато, без последици по животната средина. Оваа идеја во овој свет е речиси "невозможна мисија", иако за решавање на круцијалниот светски проблем - глобалното затоплување, потребно е помалку од 1% од светскиот БДП а придобивките ќе бидат колку глобални толку и локални.[414] Ако се направи компарација помеѓу трошоците за одбрана и трошоците за справување со климатските промени за 2010 год. низ призма на земјата која се смета за најголем загадувач - Соединетите Американски Држави, односот е 690 милијарди долари наспроти 78.6 милијарди или 9:1, за разлика од минатото, (2008 год.), кога

---

[411]Global Climate Change Security Oversight Act, Congressional Record, 28.3 2007, http://www.fas.org /irp/congress/2007-cr/s1018.html.
[412] Исто.
[413] Abbott C.,Rogers P. and Sloboda J., *Global Responses to Global Threats: Sustainable security for the 21-st Century,* Oxford Research Group, June 2006,p.8.
[414] Risar Z.F., *Tacno u podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni,* Clio, Beograd, 2008, str.192.

односот меѓу трошоците за одбрана *versus* климатските промени изнесувал 88:1. Намалувањето на јазот помеѓу овие две категории (од 88:1 на 9:1) е потврда дека САД почнале да инвестираат повеќе средства за превенција од климатските промени бидејќи тоа преставува една од поголемите глобални безбедносни закани.[415] Во тој контекст, нобеловецот *Ал Гор,* ги повикува сите нации од светот да се мобилизирааат и обединат против климатските катастрофи укажувајќи дека итноста за решавање на овој проблем е слична како кога нациите се мобилизираат во случај на војна.[416] Климатските промени ќе доведат до загрозување на животните услови на поголем дел од светската популација и дефицит на ресурси поради кои ќе се појават редица социјални потреси, насилни миграции, насилства и конфликти.

Но, некои проблеми полесно се решаваат од други, а за некои држави пак не постојат лимити, затоа и се однесуваат како господари на планетава. На пример Соединетите Американски Држави, со 5% од светската популација, емитува 25% гасови кои го создаваат ефектот на стаклена градина. Кина учествува со 14% во емисиите и има преку 22% од светската популација. Триесет и пет најнеразвиени земји учествуваат заедно со помалку од 1% во емисиите на јаглероден диоксид а се со повеќе од 10% од населението во светот.[417] Или по глава на жител, секој европјанин емитува седум тона јаглероден диоксид, секој американец повеќе од дваесет тони а секој кинез емитува по три и пол тони.[418] Во однос на потрошувачката помеѓу богатите и сиромашните, се истакнува дека најбогатите 20% од светската популација трошат 86% за лични потреби а 20% од најсиромашната популација троши само 1,3% за своите потреби. Односно, најбогатите 10% од светската популација троши 58% од вкупната енергија.[419]

---

[415] *Military vs.Climate Security,* Foreign policy in focus,Institute for policy studies, august, 2009, p.4.
[416] Исто, стр.9.
[417] Воглер Џ., *„Еколошки прашања"* во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, (превод),Табернакул, (2009): 350-368.
[418] Mini, F. „ *Kontrola vremenskih prilika:poceo je globalni klimatski rat*", Klima(ks) Planete, Hesperia edu br.1 (2008):19-31.
[419] Gidens E., *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007,str. 627.

Оттука, според протоколот од Кјото[420] државите се поделени во три категории. Првата се најразвиените земји кои испуштаат најголеми количини на гасови, (Западна Европа, САД, Канада, Австралија, Нов Зеланд и Јапонија), и треба да превземат најголем товар за намалување на квотите. Втората категорија се земјите кои се во фаза на транзиција (Источна Европа и Русија), а одговорни се за значајна количина на испуштање на гасови и последната категорија ја сочинуваат земјите во развој, (како Кина, Индија, Бразил), на кои не се однесуваат квотите за намалување на штетни гасови и во кои живее повеќе од 1/3 од светската популација.[421] Соглед на загадувањата секоја земја треба да биде во состојба да плаќа онолку колку е нето емисијата на гасови.Тоа значи дека богатите земји ќе плаќаат многу повеќе со тоа што ќе бидат приморани да ја редуцираат емисијата на штетни гасови, иако сеуште ниту една земја не се нашла под санкции од страна на меѓународните авторитети.

Се стравува дека технолошкиот напредок на големите сили, (САД, Русија и Кина), може да доведе до манипулации со климата за свои стратешки цели, и со тоа да создадат ново борбено средство за идни воени интервенции и еко - војни. Вакво сценарио постои и е разработено во далечната 1996 год., од воздухопловните сили на САД, во студијата под наслов: *Климата како мултипликација на моќ: поседување на временските прилики во 2025 година (Owning the Weather 2025).*[422] Како ќе се одвива научно-технолошко-информатичкиот прогрес и за каква цел ќе биде применет тешко е да се предвиди. Затоа употребата на термините глобална војна за ресурси или климатска или еколошка војна немаат само фигуративно значење. Тие содржат примеси од комбинација на природни, економски, идеолошки, технолошки, психолошки и воени детерминанти со намена за сопствени политички, финансиски и хегемонистички цели на воено надмоќните држави, наспроти

[420]Со потпишувањето на протоколот од Кјото во 1997 год. е направен првиот чекор во ограничувањето на емисиите на стакленички гасови, бидејќи за прв пат се специфицирани правните обврски. Согласно со овој протокол (кој стапи на сила во 2005 год.) развиените земји имаат специфични обврски во првиот период (2008-2012) да ги намалат вкупните емисии на стакленички гасови за најмалку 5% во споредба со мисиите од 1990 год. Договорените цели се разликуваат помеѓу развиените земји (САД се обврзале да ги намалат емисиите за 7%, ЕУ за 8%, Јапонија и Канада за 6%). Достапно на : http//www.unfccc.org.mk.

[421] Muskara L., „*Kako se menja (ili ne menja) karta sveta*“, Klima(ks) Planete, Hesperia edu br.1 (2008):59-72.

[422]Види во: Karacolo L., „*Liturgija ekstremnog vremena*“, Klima(ks) Planete, Hesperia edu br.1 (2008):7-17.

глобалните интереси. На пример Советите и Американците водеа климатски војни во шеесетите, Кинезите денес, а утре можеби Индијците или некои други.

Оттука, перцепциите не водат кон тоа дека допрва ќе ја гледаме темната слика која ќе се создава поради климатските услови и експлотацијата на природни ресурси при што се очекува тие да донесат промени во геополитичката сфера, фрагментација на планетарно ниво, при што, најверојатно идната карта на светот нема да ја задржи сегашната форма и содржина.

### 8.2. Природните ресурси и глобалната безбедност

Гледано низ призма на еколошките аспекти, постои една нерамномерност меѓу стратегиски суровини и енергија, работна сила, транспорт и лоцираност на пазарите. Ако пазарите и побарувачката се стационирани на Западот, а енергетските ресурси и работната сила се наоѓаат на спротивната страна, во неразвиените и недемократизирани земји, тогаш едните ќе бидат "приморани" да дојдат кај другите или обратно. Затоа сметаме дека територијалноста е сеуште важен фактор кој ќе ја определува енергетската политика на земјите и регионите во современите услови. Покрај тоа демографскиот пораст на светската популација, допринесе за галопирачка побарувачка за ресурси и енергенси од сите видови а со тоа и причините за конфликти се зголемија. Врската меѓу ресурсите и можноста за конфликти и (не)безбедност влијаеше врз порастот и концентрација на воена сила во местата и регионите каде се наоѓаат најголемите светски наоѓалишта на енергенси. Оттука, земјите кои поседуваат енергетски потенцијали се третираат како важен геополитички и геоекономски приоритет, а воената сила ќе служи како средство за заштита на изворите богати со природни ресурси како и за заштита на националните економски интереси.[423]

Снабдувањето со енергетски потенцијали од други земји е доста ризична работа но е ризично и за оние кои имаат пристап до изворите на енергија но, и за

[423] Стојановиќ С., *Глобализација и безбедносне перспективе света*, Воено издавачки завод, Београд, 2009, стр.179.

оние што немаат што може да доведе до политички, економски и општествени флуктуации и потреси. Затоа безбедноста во областа на енергетиката ќе биде еден од круцијалните проблеми во 21 век.

Оттука, *„еко војни“ или „војни за ресурси“* се почесто се присутни во светската терминологија кога се посочува на меѓусебната поврзаност на концептите на животната средина и безбедноста. Меѓузависноста на глобалната економија, изразената преку побарувачка и консумеризам ќе се одрази врз животната средина, а може да има и импликации во безбедносната сфера. Оттука, и се разгледува еколошката безбедност во контекст на војните за ресурси.[424] Уште поодамна, во доцните 90-ти години на 20 век, НАТО експертите укажуваа на животната средина како тригер фактор за конфликт, но и како важен причинител на социјални промени.[425] Всушност се истакнуваше корелацијата меѓу насилството и контролата над скапоцените ресурси во земјите на Југот, (на пример војните за контрола на дрвните капацитети во Бурма, дијамантите во Сиера Леоне, или нафтените полиња на Средниот Исток). Овие војни можат да се дефинираат како *“нови војни“*, кои кореспондираат со последиците од глобализацијата, во делот на нееднаквоста предизвикана од слободата на пазарот и трговијата.

Економијата во светот е сеуште зависна од производите и ресурсите со кои располагаат помалку развиените и сиромашни земји. Во тој контекст *Фридман* ја објаснува петрополитиката на тој начин што вели „цената на нафтата и патеката на слободата секогаш се движат во спротивна насока во земјите богати со нафтени ресурси“, слично на она што го прават *Владимир Путин* во Русија и *Хуго Чавез* во Венуцуела.[426] Притоа, од десетте земји со најголеми резерви на нафта во светот, осум од нив, (Саудиска Арабија, Иран, Ирак, Кувајт, ОАЕ, Венецуела, Либија, Нигерија) биле или сеуште се со автократски режим.[427]

---

[424] Dalby S., „*Security and Ecology in the age of Globalization*“ , ECSP Report Issue 8 (2002):95-108.
[425] Исто.
[426] Цитат во: Show, Donald M., *National Security for a New Era:Globalization and Geopolitics After Iraq*, Third Edition, Pearson Longman, 2008, p.126.
[427] *OPEC Share of World Crude Oil Reserves 2009*, Organization of the Petroleum Exporting Countries, достапно на :http://www.opec.org/opec_web/en/data_graphs/330.htm.

Военото присуство во регионите богати со нафтени резерви, како што е Средниот Исток, за одредени земји ќе преставува постојан предизвик за физички да се освојат истите поради недостиг на националните енергетски потенцијали. Оваа парадигма е потврдена со доктрината на поранешниот американски претседател *Џими Картер* од 80-тите години на 20 век за кој присуството во Персискиот залив поради нафтените резерви е витален американски интерес.[428] Тоа го потврдува и фактичкото присуство на американски вооружени сили во тој регион веќе две децении, почнувајќи од првата заливска војна во 1991 до денес. Исто така во *Стратегија за национална безбедност* на САД е потенцирано значењето на енергетската безбедност и дека многу земји, (меѓу кои и САД), се зависни од увозот на нафта која се наоѓа во нестабилните делови од светот, така што е неопходна соработката со земјите богати со природни ресурси.[429] Но, САД ја искажува слободата и за глобална акција и стратешки пристап до важните енергетски региони со цел да ги исполнат националните безбедносни и економски потреби.[430]

Улогата на САД во енергетската сфера е евидентна и е изразена преку истакнување на сопствените нафтени компании, кои имаат можност да ја одредуваат цената на нафтата на глобално ниво и успеваат да ги контролираат стратешките светски резерви на нафта. Тие настојуваат да изградат силни заеднички врски или по пат на сила ќе се обидат да воспостават контрола над земјите богати со резерви на нафта и природен гас, меѓу кои се Саудиска Арабија, Ирак, Обединетите арапски емирати, Кувајт и Иран, (кои заеднички поседуваат 2/3 од вкупните светски резерви на нафта). Со ова се потенцира дека благосостојбата дома, (во развиените земји) многу зависи од стабилноста на клучните региони богати со нафтени резерви и природен гас лоцирани во сиромашните делови од светот.[431] Можеби е претерано ако се каже

---

[428] Во текот на 70-тите години на минатиот век безбедноста на нафтата го одредувала новиот пристап и размислување во воената сфера на САД а придонела и до радикални промени во позиционирањето на вооружените сили. Имено, во тој период, поради ресурсите со нафта американската централна команда (CENTCOM) превземала одговорност за Персискиот залив и поширокото опкружување. Види во: Show, Donald M., *National Security for a New Era:Globalization and Geopolitics After Iraq*, Third Edition, Pearson Longman, 2008, p.394.

[429] National Security Strategy of United States of America, March 2006.

[430] National Defense Strategy of United States of America, June 2008

[431] Клер Т.М., *Войни за ресурси*, Захарий Стоянов, София, 2003, стр.69.

дека во наредните декади скоро цел свет ќе зависи од басените со нафта лоцирани во Средниот Исток а кој сеуште преставува најнестабилниот регион во светот.

Всушност од овие енергетски потенцијали зависи безбедносната и економската состојба на повеќе развиени земји од Првиот свет. Но, ситуацијата би била уште поризична доколку натпреварот за достапност на природни ресурси ги влоши односите меѓу високоразвиените земји, а со тоа да се зголеми опасноста од појава на војни и конфликти чии последици ќе се почувствуваат најмногу во земјите богати со ресурси.[432] Според рускиот амбасадор во НАТО, *Дмитри Рогозин*, војната во Либија ја посочува како крајна фаза од експанзијата на НАТО кон Исток и почеток на нова кампања за освојување на традиционалните муслимански земји од Југот богати со нафта. Односно Либија е првата земја во регионот што се соочи со, како што тој ја нарекува, „*новата крстоносна војна*".[433] Или со други зборови тоа е војна за нафта предводена од западната коалиција. Во модерната ера на глобализацијата, со порастот на потрошувачката на енергија, ќе расте и моќта на земјите кои располагаат со енергетски ресурси. Притоа, енергетските и суровински потреби на западните земји ќе оставaт негативни еколошки и економски последици врз посиромашните земји.

Во иднина се повеќе големите земји како САД[434], Индија и Кина ќе имаат потреба од поголеми количини на нафтени деривати кои ќе бидат приморани да ги увезуваат од други земји. Посебно тоа важи за Индија и Кина каде што економскиот пораст ќе ги зголеми и побарувачката за ресурси. Но, доколку продолжат со темпото на трошење на ресурси како што тоа го прави САД тогаш нема да ни бидат

[432] После заминувањето на американските трупи од Ирак, состојбата во земјата стана критична и несигурна поради ривалствата меѓу западните, (*Shell, British Petroleum, ExxonMobil*) и источните (*Lukoil, China National Petroleum Corporation*) нафтени компании. Извор: *Western oil firms remain as US exits Iraq*, viewed 8 January 2012, <:http://www.globalresearch.ca/index.php?context=va&aid=28543>.

[433] Утрински Весник, „*Тоа беше војна за нафта*", 3-4 септември, 2011, стр.13.

[434] Годишните потреби на Министерството за одбрана на САД, (Пентагон), изнесуваат 300.000 барели нафта што е за три до четири патти повеќе од севкупните федерални, државни и локални владини возила на САД. Како последица од воената интервенција на САД врз Ирак цената на нафтата од 25 долари по барел во 2003 год. пораснала на 147 долари по барел во 2008 година а поради зголемената цена на нафтата се случија редица непожелни настани кои ги потресија сиромашните земји од Африка и Азија. Извор: *Military vs.Climate* Security, Foreign policy in focus,Institute for policy studies, august, 2009, p.29.

доволни ниту две планети како Земјата.[435] Се предвидува дека најмногу енергија ќе им биде потребно на земјите во развој, околу 2/3 од вкупната светска енергија, бидејќи повеќе не ќе сакаат да живеат на работ на сиромаштијата и ќе се стремат кон живот сличен на западниот свет.

Поради тоа, потребни се разни иницијативи, слични на концептот *„Заедничко наследство на човештвото"*, лансиран во касните 60-ти години на 20 век со намера да се исклучи државно или приватно присвојување на природни извори и ресурси а за општо добро на сите и за заштита на животната средина.[436] Всушност, изразот *„заеднички глобални ресурси"*, се однесува на оние области и ресурси кои не се под ничија суверена надлежност односно не се во ничија сопственост. Тука припаѓат отворените мориња и океанското дно, Антарктикот и вселената кои сите заеднички имаат еколошка димензија а не се само ресурси за експлоатација.[437] На пример, во минатото Русија настојуваше да постави национални знамиња на дното на Северното море, со цел да присвои територија богата со нафтени ресурси, или пак кога Турција се закани дека ќе испрати военопоморски сили во источниот дел на Средоземното море доколку Република Кипар започне испитувања за природен гас во водите кои не се под нивна јурисдикција.[438]

Меѓу другото, се очекува регионите и земјите кои имаат недостиг на водени потенцијали да се соочат со судири и конфликти. Проблемите со вода би ги погодиле земјите како Пакистан, Индија, Кина, Тајланд во кои и онака се чувствува напнатост во нивните меѓусебни односи. Регионите на Блискиот и Среден Исток порастот на населението и зголемената потрошувачка ќе бидат важен фактор за националната и регионалната безбедност. Во овие региони водата ќе влијае на рамнотежата на силите помеѓу Сирија, Израел, Либан, Ирак и Турција.[439] За

---

[435] Karacolo L., „*Liturgija ekstremnog vremena*", Klima(ks) Planete, Hesperia edu br.1 (2008):7-17.

[436] Превземо од: Held D., *Demokratija i globalni poredak: Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini*, Filip Visnjic, Beograd, 1997, str.109.

[437] Воглер Џ., „*Еколошки прашања*" во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, (превод),Табернакул, (2009): 350-368.

[438] Утрински Весник, „Турција воено му се закани на Кипар", 3-4 септември, 2011, стр.14.

[439] Во 1974 година Ирак се заканил дека ќе ја бомбардира браната al-Thawra на реката Еуфрат во Сирија поради недостаток на вода за пиење и наводнување. Исто така браната Ататурк во Турција е една од најголемите снабдувачи со вода и хидроелектрична енергија во тој регион, а од чија потреба имаат и Сирија и Ирак, кои не се согласуваат меѓу себе, бидејќи браната била во корист само на

регионот на Северна Африка општо е познато дека минималните резерви на вода за пиење и големиот пораст на населението ќе предизвика конфликти меѓу групите или државите за басените богати со вода.[440] Оттука, се претпоставува дека бројот на земјите во регионите на Средниот Исток и Северна Африка кои имаат проблеми со вода за пиење ќе порасне од 11, (1990 год.), на 18 земји во 2025 година. Најголем проблем би преставувал басенот од над 200 реки кои спојуваат и делат мноштво народи и земји и околу кои би се воделе идните судири и војни за вода за пиење, за наводнување и сообраќај.Такви на пример се реките Дунав кој тече низ дванаесет држави, Нил низ девет и Амазон низ седум држави. Проблемот е во тоа што во овие региони, популацијата е во постојан пораст, особено во државите околу басенот на реката Нил чија бројност во 2020 година ќе изнесува над 400 милиони луѓе.[441] Недостигот на вода е силно поврзано со сиромаштијата, здравствените проблеми и бројната популација.

Се повеќе ќе се зголемува интензитетот на можноста за појава на војни за ресурси кои веќе се актуелни две децении. Паралелно со овој тренд, кои го предводат големите земји, ќе биде создаден и новиот светски поредок базиран на енергија и ресурси, односно поредок на оние кои имаат пристап до енергија и оние кои немаат.[442] Во таа насока се очекува да порасне опасноста од внатрешни конфликти поврзани со природните ресурси особено онаму каде што глобализацијата поставила линија на разграничување или таканаречена "глобализациона дупка" меѓу победниците и поразените, односно меѓу сиромашните и богатите. Се очекуваат внатрешни борби или граѓански војни за контрола над определени ресурси, конфликти околу одредена територија, за некои оспорувани гранични или исклучителна економска зона, военопоморски спор за важен воден пат или борба за

Турција. Во средината на 90-тите години на 20 век, Турција се заканила со рестрикција на вода за Сирија, бидејќи ги поддржувала куртските бунтовници кои оперирале на територијата на јужна Турција. Овие примери покажуваат колку државите се зависни од водените потенцијали на другите земји. Извор: Viotti P.R., and Kauppi M. V.,*International Relations and World Politics, Security, Economy, Identity*, Fourth Edition, Pearson Education International, 2009, p.380.

[440] Muskara L., „*Kako se menja (ili ne menja) karta sveta*", Klima(ks) Planete, Hesperia edu br.1 2008, str.68.

[441] Risar Z.F., *Tacno u podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni*, Clio, Beograd,2008, str.109.

[442] Kanton Dz.,*Ekstremna buducnost:Najznacajnije tendencije koji ce promjeniti svet u narednih pet, deset i dvadeset godina*, Clio, Beograd,2009,str.49.

контрола над региони богати со ресурси како што беа случувањата во ДР Конго, (поранешен Заир каде што неколку внатрешни групи се натпреваруваа за контрола над полињата богати со злато, мед и уран) и Сиера Леоне, (појава на конфликти помеѓу групите за дијаманти).[443]

Оттука, сметаме дека растечката глобализација во голема мера допринела за пораст на интензитетот на натпреварот за ресурси. Со зголемување на бројот на индустријализирани земји побарувачката за стратегиски и за основни суровини ќе биде се поизразена. Но, како што ќе се зголемува цената на ресурсите и суровините на глобалните пазари, така се повеќе земји, сепаратисти или други групи ќе се стремат за контролирање на истите а за поголем профит. Покрај тоа, се поголем е бројот на транснационалните коорпорации, предводени од западните земји, кои набавуваат ресурси и од најоддалечените и неразвиени конфликтни региони.[444] Поради тоа се очекуваат редица геополитички импликации поврзани за природните ресурси, при што земјите кои се најголеми произведувачи и извозници на ресурси можат да стекнат огромни финансиски приходи и на тој начин да ја зголемат својата моќ и да играат клучна улога на меѓународната сцена.

Во овој дел од истражувањето се обидовме да ги поврзиме енергетската безбедност и глобализацијата, претпоставувајќи дека во иднина енергетската, економската и националната безбедност ќе бидат меѓусебно силно вмрежани. Имено, според податоците на *Меѓународнаша агенција за енергија,* (International Energy Agency), глобалните енергетски потреби ќе продолжат да се зголемуваат во наредните 25 години, при што до 2030 година светските апетити за енергија, за разлика од денес, ќе пораснат до 55%. Со порастот на светската популација ќе се зголемува и побарувачката на енергија за 2.9% годишно, почнувајќи од 2003 до 2030 година.[445] Поради тоа современата економска глобализација ќе остави консеквенци врз животната средина а како резултат на тоа безбедноста ќе се сведе на ниво на "петрополитиката" или на некои други ресурси од кои ќе зависи опстанокот на човештвото.

---

[443] Клер Т.М., *Войни за ресурси,* Захарий Стоянов, София, 2003, стр.30-31.
[444] Исто, стр. 226.
[445] World Energy Prospects and Challenges, World Energy Outlook, International Energy Agency, 2005.

# 9. ИНФОРМАТИЧКО-ТЕХНОЛОШКИТЕ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Глобализацијата во голема мера ја рашири информатичко-технолошката моќ насекаде по светот. Овие аспекти на глобализацијата ја потврдуваат нејзината доминација како интегрирачки процес при што ги обединува сите во една, (*World Wide Web*), мрежа и во еден виртуелен простор кој води кон елиминација на пространството, придонесува за взаемно вклучување и мешање на локалното со глобалното, (види *прилог бр.1 - информатичко - технолошки аспекти на глобализацијата*). Информатичко-технолошката димензија е најзаслужна за укинувањето на географската и социјалната оддалеченост и намалување на просторот и времето. Модерните комуникациски технологии се сметаат за важен чинител на глобализацијата, кои често се означуваат и како сегмент на културната глобализација. Сегашниот симбол на глобализацијата кој ја определува нејзината перспектива е во форма на софистицирана технологијата, компјутеризација, дигитализација, интернет, генетска технологија, сателитски комуникации и нано технологии. Нејзиното мерило - брзината на комуникациите, пазарите и иновациите, допринесоа за информатичка револуција која за кратко време ги надмина локалните и традиционалните предрасуди. Знаењето, идеите и информационата инвентивност станаа новите економски вредности и двигатели од кои зависи иднината на компаниите, земјите и светот.

## 9.1. Ефектите од технологијата врз глобализацијата

Стабилноста на глобалниот поредок ќе зависи од актерите кои имаат хегемонија врз модерната технологија. Моќта на современата информатичка-комуникациска технологија и мас медиуми се покажаа како супериорно "оружје" и инструмент за начинот на модерното организирање и координација на активностите во повеќе аспекти.[446] Тие придонесоа за создавањето на „*глобалното село*", а луѓето

[446] Gidens E., *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007, str. 449.

од целиот свет можат да ги следат настаните, заеднички да учествуваат, дејствуваат и да ги споделуваат содржините. Меѓу другото, технолошката револуција се спротивстави на затвореноста и маргинализираноста на народите и земјите од политички, економски, општествен и друг аспект.

Влијанието на информатичко-технолошките достигнувања врз глобализацијата се разгледува низ следново :

- технологијата придонесе за подобрување на капацитетите и за пораст на производството на добра и услуги;
- ги зголеми интелектуалните активности и придонесе за распространување на знаењето во глобални рамки;
- технолошките аспекти придонесоа за промена и трансформација на општествата и заедниците. Исто така, иновациите позитивно влијаеа врз животите на луѓето насекаде низ светот, ја подобрија хуманата димензија и одиграа круцијална улога во глобалните промени во повеќе сфери и
- ги зголемија транснационалните активности, и овозможија побрзо глобализирање на сите општествени сфери.

Врз основа на претходно изнесеното, сметаме дека информатичко-технолошките аспекти во голема мера работат во интерес на остварување на глобализацијата. Оваа, таканаречена, информациона епоха доведе до крупни промени во светот. *Мартин Волф* напоменува дека чинењето на еден триминутен разговор помеѓу Њујорк и Лондон во 1930 год. изразена во современи цени паднало од 250 долари на само неколку центи, а преку интернет повикот е речиси бесплатен. Притоа бројот на корисници на мобилни телефони од 700 милиони во 2000 год. се зголемил на повеќе од милијарда во 2004 година. Бројот на корисници на интернет услугите во 1986 година изнесувал 5.000, а на почеток на 21 век достигнал бројка од

над 100 милиони, додека во 2004 год. на „*on line*" врска биле вклучени 934 милиони луѓе во светот.[447]

Како и во останатите сегменти така и во овој дел, глобализацијата нема допрено подеднакво на сите простори. Промените и присутноста е најизразена кај поразвиените западни општества, а многу помалку кај посиромашните и помалку развиените општества. На пример во 2000 год. само 4% од афричката популација имала мобилни телефони во споредба со 50% од европската. Или, само во Токио во 1996 година имало повеќе телефони отколку во цела Африка. Исто така во 2000 година подсахарска Африка броела нешто помалку од 3 милиони корисници на интернет, додека во САД имало 154 милиони корисници.[448] За нееднаквата дистрибуција говорат и податоците за Интернет сообраќајот помеѓу САД и Европа кој е сто патти поголем отколку со Африка а триесет патти поголем од Латинска Америка.[449]

Од претходниве факти може да се констатира дека научно-технолошко-информатичките средства се наоѓаат во рацете на развиените општества од Западот кои стануваат се посилни и поспособни, додека слабите земји се сеуште инфериорни и заостануваат во однос на земјите од првиот свет. Голема одговорност за диспаритетот носат развиените земји кои со децении константно попречуваат сиромашните земји да развијат индустриски потенцијали со кои ќе можат да постигнат напредок и развој. Од друга страна, постои таканаречена селекција на земјите и регионите врз основа на различни трговски договори. На пример, поделеноста на Африка, кај што одделни региони имаат поголем приоритет од останатите, во зависност од тоа да ли припаѓаат во зоните на интереси на САД и ЕУ. Оваа политика на (не) случаен избор, преку форсирање, (индустријализирање), на едни земји и народи, (во рамките на помал регион), а запоставување,

---

[447] Кога бил преставен еден мобилен оператор во Унгарија еден 80 годишен старец со насолзени очи рекол „ова го чекав цел мој живот, се плашев дека ќе умрам пред да имам шанса да и се јавам на мојата ќерка од сопствен телефон". Превземено од : Martin Wolf, *"Will the Nation- State Survive Globalization?"* Foreign Affairs, 80, 1 2001, p.182; Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str. 102-103.

[448] Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str. 327.

[449] Risar Z.F., *Tacno u podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni*, Clio, Beograd,2008, str.136.

(деиндустријализирање), на останатите земји ги специјализираа едните да бидат посиромашни од другите.[450] Затоа глобализацијата низ призма на информатичко-технолошките аспекти може да има негативни - разорни ефекти врз помалите и неразвиени земји од Третиот свет.

Работите уште повеќе ќе се комплицираат кога неразвиените општества, поделени по разни политички, социјални, религиозни и верски основи, ќе се судрат со западната модерност. Ова ќе биде најголем предизвик во модерното доба. Особено предизвикувачки ќе биде кога влијателните интернационални мас медиумски мрежи ќе одлучуваат за идентитетот, културата и другите вредности на одделни општества. Меѓу другото, глобализацијата придонесе современите информатички системи и технологии да бидат достапни и за недржавните актери, како што се терористи, криминални организации, антиглобализациски движења, хакери, кои непосредно ја загрозуваат националната и глобалната безбедност и стабилност. Оттука се поставува и прашањето да ли новите видови на технологии ќе придонесат за развој на непредвидлива и опасна иднина?

## 9.2. Информатичко-технолошките достигнувања во функција на безбедноста и мирот

Пред десеттина година изгледаше футуристички и нереално дека глобалните информации и комуникациски технологии можат да доведат до промени и револуции во општествата. Денес нештата се поинакви. Достигнувањата во информатичко-технолошките аспекти на глобализацијата доведоа до суштински промени и во концептите за безбедност. Пристапот до интернетот ги отвори вратите на земјите кон глобалниот аудиториум. Но, таквата отвореност кон светот за многу земји, наместо шанса преставуваше закана за државноста и безбедноста. Поради тоа, повеќето од нив забранија интернет пристап и социјални мрежи на национално ниво, додека пак други, маргинализирани дисидентски групи, се

[450] Reinert E.S., *Globalna Ekonomija: Kako su bogati postali bogati i zasto siromasni postaju siromasniji*, Cigoja stampa, Beograd, 2006, str.34.

обидуваа да влијаат врз политичките одлуки, но и да воспостават контакт со отворените општества, во кои јавното мислење е клучен фактор за донесување политички одлуки, но и за радикални промени.[451]

Информатичко-технолошкиот пристап им овозможи на одделни неразвиени земји да се спротивстават на авторитативните режими отворајќи ги патиштата за демократија и прогрес. Оваа тенденција беше најистакната во регионите на Северна Африка и Средниот Исток, каде што информатичко-технолошките средства, (преку *интернетот и социјалните мрежи*), беа силно оружје на послабите да се организираат и водат револуции кои можат да им донесат подобри времиња. Тие им овозможија на изолираните маси да се ослободат од стегите и длабоките чувства на немоќ и незадоволство, а воедно беа и круцијален потенцијал за суштински промени.

Со стеснување на просторот и времето и со отворање на границите глобализацијата допринесе за поголема еднаквост и рамноправност на земјите во информатичко-технолошката сфера. Всушност, со се поизразената пролиферација на технолошки капацитети, во иднина, нема да постои уникатна земја која ќе доминира и предначи со своите иновации и технологии пред останатите. Напротив, ќе се зголеми бројот на земјите кои ќе имаат пристап до научно-технолошките капацитети, со што ќе се намали јазот помеѓу високоразвиените индустриски земји и земјите во развој. Ова е една од позитивните страни на глобализацијата, која со достапност до новите информатички достигнувања создава можности за развој и просперитет на послабите општества.

Иако импликациите од информатичката револуција се непредвидливи и нејасни, сепак тие се многу корисни и од нив се очекува да го дефинираат идниот правец на меѓународните односи. Технологијата и системите за комуникации се од витално значење за организацискиот и општествениот развој на земјите и истите ги трансформираа нивните политички, економски и безбедносни системи. Исто така ја прекинуваат традиционалната врска со физичката средина и социјалната состојба,

[451] Davis K.J. and Sweeney J.M., *Strategic Paradigms 2025: U.S. Security Planning for a New Era*, Institute for Foreign Policy Analysis, Brassey's, 1999, p.16.

така што создаваат нови состојби и заедници.[452] Во денешни услови комуникациските средства имаат плуралистичко влијание, можат да стимулираат нови форми на културен идентитет и да тежнеат кон создавање на граѓани на светот, космополитски заедници и групи што преставуваат адут на современата културна глобализација. Како моќно оружје, новите технологии можат да бидат употребени истовремено за провокација, но и за спречување на конфликти и структурни социјални промени. Но, сепак, најважно од се е како технолошките и научните потенцијали да се насочат кон редуцирање на нивото на сиромаштија и да тежнеат кон мирот, напредокот и благостојбата. Засега тие помогнале во повеќе аспекти и понатаму можат да придонесат за: намалување на изолацијата, зголемување на степенот на образование и знаење, подобрување на здравствените услуги и придонес во медицината, управување со животната средина и откривање на загрозените региони, обновлива алтернативна енергија и еколошки чиста технологија, поврзаност на компаниите и пазарите на земјите во развој со оние на богатите земји и слично. На овој начин тие можат  успешно да ја редуцираат сиромаштијата која во 21 век е едно од клучните настојувања.

[452] Held D., *Demokratija i globalni poredak: Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini*, Filip Visnjic, Beograd, 1997, str.149-150.

# 10. ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА, БЕЗБЕДНОСТА И МИРОТ

Тешко и мошне сложено е децидно да се одговори на прашањата да ли глобализацијата поттикнува благосостојба и просперитет или хаос и неред, стабилност или несигурност, развој или беда, мир или војна? Од безбедносна перспектива за некои таа преставува закана додека за други можност за просперитет и развој. Комплексноста произлегува оттаму што во изминатиов период многу малку внимание се посветуваше на релациите и односот помеѓу глобализацијата и безбедноста. Но, настаните од 11 септември 2001 година тоа го променија и придонесоа за поддетално скенирање и анализи на односот глобализација - безбедност низ призма на неколку аспекти: улогата на државата, на меѓународните организации и институции, транснационалните ризици и опасности и воената компонента во функција на глобалната (не)безбедност и одбрана.

Пред дваесеттина години перцепцијата за безбедноста беше поинаква и беше фокусирана кон проблемите околу балансот на силите, алијансите, трката во вооружување, можна конфронтација помеѓу супер силите, борба за територии и сл. Конфликтот меѓу Истокот и Западот беше во рамките на традиционалната безбедносна дилема каде што територијата и популацијата беа најважни сегменти за државната сила а во голема мера војната беше предмет на расправи во смисла на стимулирање на општествените трансформации. Сега нештата се поинакви, силите на промени произлегуваат од динамиката на современата глобализацијата. Со трансформација на просторот, суверенитетот и намалување на државната моќ таа се покажа како главен промотор на општествените промени.

Порозноста на државните граници беше искористена од различни групи, и терористички организации кои промовираа нови транснационални форми на безбедносни закани. Паралелно со тоа произлегоа и новите форми на закани и опасности како што се меѓународниот тероризам, нуклеарната пролиферација, распад на државите, етнонационализмот, религискиот фундаментализам,

климатските промени, сиромаштија и пандемични болести. Меѓу другото, религиозните и културните идеологии се повеќе се интензивираа, додека глобалниот финансиски систем е небалансиран и непредвидлив, а меѓународните институции слаби и неуспешни во решавање на светските безбедносни проблеми.[453] Поради тоа, современата глобализација го доби епитетот на опасна и непредвидлива појава која придонесе за префрлување на безбедноста од воената во невоената сфера и нејзино инкорпорирање во социјално-политичките и економските сегменти. Затоа, на почетокот од овој милениум политиките на државите и организациите, во надворешната, економско-социјалната и безбедносно-воената сфери, се пресекуваат во контекст на промените предизвикани од процесите на глобализацијата и се анализираат во склоп на националната и глобалната безбедност.

Во контекст на погоре спомнатово овој дел од трудот, тргнуваме од следнава платформа: (1) националната и глобалната безбедност се поврзани меѓу себе; (2) загрозувањата се транснационални; (3) безбедноста на земјата не започнува од границата на државата туку длабоко во склоп на меѓународната заедница; (4) детериторизацијата предизвика интернационализација на безбедноста; (5) традиционалниот концепт на национална безбедност е надополнет со другите содржини (човекова безбедност, еколошка безбедност, енергетска безбедност, економска безбедност и др.); (6) пораст на приватната безбедносна индустрија;[454] (7) глобалната безбедност повеќе се конкретизира во облик на регионалната

---

[453] Weber, Steven, et al.“*How Globalization Went Bad*“, Foreign Policy January/February 2007.

[454] Станува збор за процес на приватизација на безбедноста кој се однесува на најмување на приватни извршители од страна на државните структури во однос на обезбедување на внатрешната безбедност и на партиципацијата во меѓународните воени ангажмани. Приватните воени и безбедносни компании, нудат различни услуги од воени совети и обука, воена поддршка, борбени дејствија, набавка на оружје и логистичка поддршка, собирање на разузнавачки информации и др. Некои од компаниите имаат и пошироки активности, кои опфаќаат реконструкција (обновување), односно постконфликтно градење на општеството, учествуваат во справување со природните непогоди, епидемии и сл. Се претпоставува дека тие се ангажирани во повеќе конфликтни зони и учествуваат во обуката на повеќе од 42 армии во светот. Превземено од: Ванковска Б., *Меѓународна безбедност: критички пристап*, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр.95 и 101; Klein N., *The Shock Doctrine the rise of disaster capitalism*, Metropolitan Books Henry Holt and Company, LLC, New York, 2007, p.381.

безбедност преку економските, политичките и културните врски; (8) модернистичкиот концепт на безбедност ќе се разгледува повеќе на релација држава против граѓани и недржавни актери и обратно а се редуцира и односот на држава против држава и (9) (не) безбедноста како последица од глобализацијата се разгледува од повеќе аспекти и области и тоа воен, економски, еколошки, културен, социјален и здравствен.[455]

## 10.1. Безбедносни импликации од процесите на глобализација

Безбедносните импликации предизвикани од процесите на глобализацијата се "сместени" во следниве четири сегменти и тоа:

- глобализацијата ќе ја редуцира улогата на државата наспроти недржавните актери;
- глобализацијата влијае врз балансот на моќ помеѓу државите, преферирајќи едни повеќе од други;
- глобализацијата генерира нови форми и облици на конфликти, судири и насилство и ги зголемува причините за појава на небезбедност и [456]
- глобализацијата е причинител за појавата на новите безбедносни закани и ризици на транснационално ниво.

Според многумина логиката на безбедноста изградена врз темелите на националната држава создаде редица насилства и судири во меѓународниот систем и остави малку простор за реализација на концептот на траен мир на национално,

---

[455] Бузан, Б., *Луѓе, држави и страв: Проблемот со националната безбедност во меѓународните односи.* (превод), Академски печат, Скопје, 2010; Гризолд А., Копач Е., „*Менување на природата на современата безбедност: Некои нови предизвици и реакции*" Глобализацијата, мирот и безбедноста, Министерство за одбрана на РМ и Филозофски факултет, Скопје, (2008): 33-50; Бејлис Џ., „*Меѓународна и глобална безбедност*", Глобализацијата на светската политика: вовед во меѓународните односи,(превод) Табернакул, (2009): 226-241.

[456] Kirshner J., *Globalization, American Power, and International Security*, Polical Science Quarterly Volume123 No.3 2008, p.364.

регионално и глобално ниво. Оттука може да се забележи тенденцијата за дистанцирање на националните безбедносни аспекти во склоп и во функција на глобалните безбедносни потреби.

Но, тоа не значи дека трката во вооружување, конфликтите и војни помеѓу државите се исчезнати. Напротив тие се надополнети со нови аспекти како резултат на транснационалните динамики. Безбедноста во таа насока ќе ја детерминира односот на традиционалниот - државниот, (во кој ривалствата помеѓу државите ќе добијат на интензитет), со наднационалниот аспект, (присутноста на моќни недржавни актери без суверенитет кои ја пополнија празнината меѓу државите и делуваат како "слободни стрелци"). Оттука, и произлегува неизвесноста која е продукт од современите сили на глобализацијата а како резултат на тоа, мирот и безбедноста ќе бидат определени токму од интеракцијата на политичките, економските, социјалните и културните аспекти. На тој начин процесите на глобализација ќе придонесат одредени опасности и проблеми да се редуцираат за разлика од други кои ќе бидат во пораст. Ова пред се сé должи на дејствувањето на одделни сили каде што некои од нив ќе тежнеат кон локализирање наспроти глобализирање, кон стабилност наспроти беспоредок и хаос, интеграција наспроти фрагментација. Затоа и концептот на безбедност доби на значење речиси во сите аспекти и димензии кои глобализацијата ги зафаќа. Овој широк дијапазон започнува од традиционалното значење на безбедноста, (способност за одбрана), па се до современите сфаќања за истата а поврзани со опстанокот, сиромаштијата, нееднаквоста, пандемиите, енергијата, климатските промени, културата, информатичката технологија, економскиот развој, финансиските кризи и сл. Исто така, ова значи дека било кој аспект, (политички, економски, социјален, воен, еколошки), не функционира во изолирана форма, туку дека се поврзани меѓусебно и имаат заеднички интеракции. Претходните констатации ни говорат дека се работи за мултидимензионален приод кон концептот на безбедност во современите услови на глобализација. Оттука и се разгледуваат економската, социеталната, воената или еколошката безбедност како посебни сегменти од општиот пристап за структуирање и определување на безбедноста.

Значи, мутацијата на безбедносните проблеми се резултат од динамиката на вмрежаните процеси на глобализацијата кои придонесоа фокусот на безбедносната политика да се префрли од меѓудржавно, на транснационално и внатредржавно ниво. Поради тоа безбедносната дилема добива поинаква слика поврзана со егзистенцијална, заедничка меѓузависност.[457] Во тој контекст *Бузан* вели „безбедносниот комплекс се однесува на релативниот интензитет на безбедносните врски каде што група на држави кај кои клучните безбедносни перцепции и грижи се толку меѓусебно поврзани што нивните национални безбедносни проблеми не можат да се анализираат без да се разгледуваат заедно".[458] Нив ги поврзуваат географски, економски, културни или стратегиски аспекти кои на меѓународно ниво меѓусебно се преклопуваат или вкрстуваат. Односно, не случајно, моќта произлегува од оние земји кои делуваат заедно, а не од оние изолирани кои по дефиниција се немоќни и слаби. Овој автор посочува дека безбедносната логика или делува во рамките на регионот или самиот регион преставува актер во безбедносните односи во светот.

Некои автори релацијата на глобализацијата со безбедноста ја разгледуваат преку анализа на три различни нивоа, и тоа : системска безбедност, или меѓународниот систем како безбедносен провајдер, државно ниво и социеталната безбедност. *Системската безбедност* се однесува на меѓународниот систем кој во суштина треба да гарантира повеќе безбедност и сигурност за луѓето и државите. Се смета дека сите посакуваат да живеат и да бидат дел од безбеден и стабилен светски поредок кој ќе овозможи повеќе активности како трговија, инвестиции и туризам, а ќе ги редуцира или елиминира заканите од војна или од некој друг вид на закани. Но, во денешно време, системската безбедност за државите се сведува на тоа во кој регион, дел од светскиот систем се наоѓаат и со кои безбедносни

[457] Maull W.H., *World Politics in Turbolence*, International Politics and Society, Friedrich-Ebert-Stiftung, IPG 1/ 2011, pp.11-25.
[458] Превземен цит. од: Waever O., Buzan B., Kelstrup M. and Lamaitre P., *Identity, Migration and The New Security Agenda in Europe*, Pinter Publishers Ltd, 1993.p.19.

предизвици се соочуваат, па оттаму произлегува и дилемата да ли системската безбедност за нив е добра или лоша.[459]

Второто ниво ја преставува *безбедноста на државата* како дел од меѓународниот систем и е важна пред се за опстанокот на државата, а чија безбедност ја детерминираат различни закани кои паралелно доаѓаат од внатрешноста и надворешноста на земјата.

*Социеталната безбедност* се однесува на физичката безбедност на луѓето, односно на нивната персонална и социјална димензија во смисла на она што тие треба да го заштитат, (на пример семејство, заедница, просперитет, начин на живеење и др). Оваа безбедност подразбира дека луѓето не посакуваат само да бидат заштитени од евентуална војна или терористички акти туку и да се сигурни од можност колапс на економскиот или политичкиот систем, од граѓанска војна, еколошка катастрофа и сл.[460] Истите во денешни услови на современите процеси на глобализација придонесуваат многу повеќе за појава на социетална небезбедност отколку во минатото.

Како резултат од промените, се појавуваат различни пристапи, иницијативи и концепти за остварување на безбедноста. На пример во Извештајот на поранешниот Генерален секретар на ООН од 2004 год. се употребува терминот *сеопфатна колективна безбедност* а се однесува на тоа дека заканите не познаваат граници и дека тие денес за разлика од порано, се взаемно поврзани така што заканата за еден е закана за сите, без разлика дали станува збор за слаби или силни земји. Овој концепт на безбедност упатува кон интегрирање на сите актери на меѓународната сцена, со цел полесно да се соочат со глобалните закани по меѓународната безбедност и мир. Тоа подразбира вклучување и на други методи, (претежно економско-социјални), во јакнење на безбедноста.[461] Кај Северно-атланската алијанса се сретнува терминот *кооперативна безбедност* под што се подразбира градење на безбедност преку партнерство и соработка помеѓу земјите и

[459] Morgan,P.M., *International Security: problems and solutions*,CQ Press, 2006, Washington D.C., p.7.
[460] Исто, стр. 8.
[461] *A more secure world: Our shared responsibility*, United Nations, 2004, p.14, достапно на: http://www.un.org/secureworld/report2pdf.

меѓународните организации кои преку заедничко делување ќе придонесат за унапредување на меѓународната безбедност и стабилност.[462] Овие концепти меѓусебно се надополнуваат и зајакнуваат а со тоа генерално, влијаат врз зачувување на мирот и безбедноста во светот.

Концептот на безбедност за едни земји, може да преставува закана и небезбедност за другите држави на светот. Во тој контекст е актуелен терминот *конкурентска безбедност* кој се однесува на перманентниот натпревар меѓу државите кои се борат да остварат поголем степен на безбедност за себе во однос на останатите. Во современите процеси на глобализација натпреварувачкиот дух е последица од динамиката на пазарите и недостатокот на енергетски ресурси, кој лесно може да прерасне во жесток натпревар помеѓу високоразвиените земји или помеѓу развиените земји и земјите во развој. Постои веројатност дека екстремната конкуренција, движење на капиталот и слободната трговија, можат да доведат до дисбаланс помеѓу многубројните актери а со тоа и до небезбедност и нарушување на мирот и стабилноста во повеќе региони од светот.

Во контекст на претходното, адмиралот *Артур Цебровски,* вели дека современата глобализација придонесе за надминување на стариот концепт на безбедност = одбрана, кон концепт на „*трансакциона спроведлива стратегија*", што значи предвидување на безбедносните проблеми и превземање на превентивни акции. Тој посочува дека дисконекцијата е еден опасен сигнал и е индикатор на кој министерствата за одбрана ќе трошат многу од своето време. Всушност онаму каде што постои поврзаност на нациите и луѓето низ призма на развојот и порастот таму глобализацијата функционира, и спротивно, нефункционалниот јаз на глобализацијата се наоѓа онаму каде едни нации се одвоени од другите.[463]

Оттука сметаме дека глобализацијата не дава гаранција дека ќе надвладеат мирот, слободата, просперитетот и демократијата. Со економската, социјалната и

---

[462] *Active Engagement, Modern Defence*, Strategic Concept for the Defence and Security of the Members of the North Atlantic Treaty Organisation, Lisbon, November 2010, достапно на :http://www.nato.int/strategic-concept/index.html

[463]Види во: Dave R., "*Militarism and U.S. Trade Policy*" Foreign Policy in Focus December 2006. http://www.fpif.org/articles/militarism_and_us_trade_policy

технолошката интеграција, паралелно следат силите на антагонизмот, национализмот, културниот диверзитет, економската нееднаквост.[464] Затоа сеуште се присутни дилемите да ли и колку современата глобализација допринесе за зголемување на степенот на глобалната безбедност?

После терористичките нападите од 2001 година меѓународната безбедност доби поинаква, главно непредвидлива димензија. Се разнишаа видувањата дека светот навлегува во период на мир и стабилност, бидејќи глобалната безбедносна ситуација одеше кон полошо отколку предходно. Зголемениот број на терористички напади во изминатава деценија низ целиот свет, (Лондон, Мадрид, Москва, Беслан, Мумбаи и др.), беа резултат на незадоволство од неправда, нееднаквост или социјална исклученост и маргинализираност. Притоа принципите на вилсоновата доктрина за демократија, колективна безбедност и самоопределување се заменија со глобалната војна против тероризмот, која доби етикета на војна на Западот против Исламот, или демократскиот свет против недемократскиот. Тоа автоматски водеше кон омраза и угнетеност на вториот од страна на првиот свет, а позицијата на западните земји, (како САД и Велика Британија), беше поистоветувана со глобализацијата како западен проект.[465] Со тоа на глобализацијата и се "залепи" етикета со негативна содржина и дека се однесува на западно развиените земји. Оттука, на некој начин, сите аспекти на глобализација, (економските, технолошките, воените, политичките, еколошките, социјалните, како и културните, релиозните и демографските), стануваат дел од безбедносните императиви. За многумина глобализацијата создаде дополнителни безбедносни грижи и е тригер за нови безбедносни проблеми кои ќе ги принуди земјите и меѓународни организации да превземат активности во форма на интервенции.[466] Оттука постои веројатност светот да се соочи со нова верзија на

---

[464]Hoffman S., *Clash of Globalizations*, Foreign Affairs Vol.81 No.4 July/August 2002.

[465]После нападите на 11 септември 2001 год. и војните во Авганистан и Ирак чувствата на земјите од муслиманскиот свет спрема САД беа крајно негативни, на пример во Јордан бројката изнесувала 93% од населението, во Пакистан 61%, во Мароко 68% и во Турција 63%. Pew Research Center for the People and the Press, „*A Year After the Iraq War*",16 march 2004.

[466] Frost E., „*Globalization and National Security: A Strategic Agenda*" во: The Global Century: Globalization and National Security, Institute for National Strategic Studies, National Defense University,Washington D.C., (2001): :35-74.

судири на различни глобализациски процеси, или "судир на глобализации", што подразбира судир меѓу спротивставените глобализации на западниот модернизам и реакциите против него.[467]

Како што расте бројот на индивидуалци и групи кои стануваат глобални играчи и делуваат самостојно надвор од државните рамки, така небезбедноста и ранливоста ќе бидат во постојан пораст. Овие нови недржавни актери се срж на глобалната небезбедност, затоа што неконтролирано управуваат со процесите на дестабилизација, ја ослабнуваат кохезијата на глобалното општество и ги истакнуваат сопствените макијавелистички ставови, презирајќи ја меѓународната институционална легитимност.[468] Поради тоа, гледано од перспектива на сила, безбедноста во 21 век наликува на онаа "кога единствено оружје во рака ви е чеканот, тогаш сите работи наликуваат на шајка".

## 10.2. Безбедносни придобивки од процесите на глобализација

Повеќето проучувачи на меѓународните односи не ја критикуваат и не ја препознаваат глобализацијата по нејзините негативни консеквенци, туку како процеси кои продуцираат редица бенефити кои се во прилог на мирот и безбедноста. Притоа, во литературата се спомнувани и елаборирани темите од сферата на демократијата, економијата и слободната трговија и нивното влијание врз меѓународните односи и мирот.[469] Оттука, следат неколку темелни објаснувања зошто процесите на глобализација се сметаат за *sine qua non,* (без кои не може), со цел да се постигне стабилен, просперитетен и безбеден свет:

*Прво* - економската глобализација преку слободата на трговијата води кон просперитет, економски развој и благосостојба кои непосредно се поврзани со безбедноста и стабилноста;

[467] Hoffman S., *Clash of Globalizations*, Foreign Affairs Vol.81 No.4 July/August 2002.
[468] Попович Т. Г., *Криза глобализације и/или глобализација кризе*, Бесједа, Бања Лука, 2003,стр.48-49.
[469] Weede E., *The Diffusion of Prosperity and Peace by Globalization*, The Independent Review, Vol.IX, No.2, Fall (2004): 165-186.

*Второ* - меѓузависноста помеѓу земјите и народите во повеќе сфери ги намалува побудите за насилство и конфликти, бидејќи ги принудува кон споделување и градење на заеднички вредности;

*Трето* - глобализацијата придонесува за појава на нови актери на глобалната сцена, и на тој начин го промовира мултиполарниот светски поредок и овозможува превземање на мултилатерални активности за справување со глобалните проблеми. Покрај тоа, се создаваат можности за формирање на различни алијанси, регионални партнерства, и иницијативи преку кои земјите заеднички ги решаваат суштинските проблеми во своја корист и

*Четврто* - глобализацијата придонесува за создавање на можности од типот *глобално општество* и *граѓанин на светот*, преку кои се овозможува зближување и воспоставување на силни врски меѓу поединците, институциите и народите. На тој начин се создава глобална структура во која можат сите народи и земји да партиципираат подеднакво.

Оттука, се очекува дека транснационалното ниво на соработка ќе донесе позитивни резултати, бидејќи националната безбедност повеќе не е само национална туку се повеќе глобалните алијанси имаат за цел да ја заштитуваат меѓународната безбедност а не само националната.[470] Притоа, националната безбедност ја добива формата на *транснационална кооперативност*, бидејќи зависи од соработката и споделувањето на обврските во повеќе сфери како што се организираниот криминал, имиграциите, па се до проблемите поврзани со глобалното затоплување. Со други зборови, значи дека, внатрешната, економската, безбедносната или одбранбената политика на Пакистан и Русија можат да бидат важни за внатрешната безбедносна и надворешна политика на САД и Франција.[471] Поради тоа се почесто ќе бидеме сведоци како граѓани на една држава одлучуваат за судбината на граѓаните од друга земја во повеќе области. На пример граѓаните на САД плаќаат давачки за учество на американската армија во воени операции далеку од нивната територија, или пак случувањата во еврозоната каде што

[470] Beck U., *The Fight for a cosmopolitan future*, New Statesman Nov 5, 2001, p.34.
[471] Исто.

економската задолженост на Грција ќе ја санкционираат граѓаните на Германија. Поради тоа (не) безбедноста во 21 век ќе се доживува или перципира на поинаков начин а во зависност од приоритетите и во кој општествен контекст се појавува. На пример, граѓаните на ДР Конго не ги засегаат опасностите од климатските промени, како што граѓаните на САД не се загрижени за болестите во Африка. Тоа значи дека различни народи имаат поинаков поглед кон заканите. Исто така, жителите на Руанда и САД, различно ги почувствувале и доживеале опасностите, едните геноцидот, а другите терористичките напади од 11 септември.

Без разлика за која земја или народ станува збор и со кои закани и опасности се соочуваат, сепак глобализациските процеси претендираат кон универзализација и хомогеност на општествата и солидарност помеѓу народите без разлика на далечината. Опстанокот на некои држави и народи ќе зависи од синтезата на воннационалните ангажмани и соработка на различни меѓународни актери, а тоа значи дека се повеќе безбедноста на една држава ќе се остварува на сметка на други држави и субјекти.[472] Притоа државите ќе бидат "присилени" се почесто да ги "жртвуваат" своите легитимни национални интереси за сметка на други држави и народи, што е спротивно од класичниот концепт на национална безбедност од времето на Студената војна.

Иако во минатото се говореше за идеи од типот на светска влада или космополитски држави кои ќе промовираат повеќе еднаквост, хуманост и почитување на човековите права насекаде низ светот, сега е многу поверојатно тие да се реализираат на поинаков начин.[473] Постои можност светската безбедност да се гради низ призма на концептот на светска заедница поттикнато од глобализациските процеси. Тоа значи дека безбедносниот мозаик ќе го дополнуваат редица постмодерни институции кои ќе се засноваат на кооперативност, меѓуповрзаност и транспарентност (на пример Судот за човекови права во Стразбур, Меѓународниот кривичен суд, понатаму институции кои вршат економски надзор, Меѓународниот монетарен фонд, Светска банка, Организацијата за

---

[472] Tatalovic S. et al. *Suvremene Sigurnosne Politike: Drzave i nacionalna sigurnost pocetkom 21 stoljeca,* Golden marketing- Tehnicka knjiga, Zagreb, 2008, str.9.
[473] Booth K., *Theory of World Security,* Cambrige University Press, New York , 2007, p.148.

економска соработка и развој, како и Меѓународната агенција за атомска енергија која има пристап до нуклеарните капацитети на било која земја во светот).

### 10.3. Глобалните закани и безбедноста

Не постои земја или регион во светот кои се имуни на современите ризици и опасности. Заканите по мирот и стабилноста денес варираат по форма и интензитет на манифестирање, од судирите на Блискиот Исток до напнатоста помеѓу силите во Азија, етничките и политичките судири и здравствени проблеми во Африка, терористичките напади на Ал Каеда на САД и земјите од Западна Европа, пролиферација на оружје за масовно уништување, финансиски кризи, компјутерски вируси и глобални климатски промени. Притоа се воочува дека небезбедноста е предизвикана од економските и еколошките закани, прашањата поврзани за човековите права и слободи, загрозување на националните култури и идентитети, разни форми на нееднаквости и недостатоци.

Постојат различни перцепции за безбедноста помеѓу развиените земји и земјите во развој. За високоразвиените земји небезбедноста доаѓа надвор од националните граници, додека за земјите во развој небезбедноста произлегува од домашниот "атар". Без разлика дали заканите произлегуваат од „*in*" или „*out*" од државите, тие се импликација од нееднаквиот третман на процесите на глобализацијата. Оттука ќе ја прикажеме класификацијата на глобалните закани за 21 век според видувањата на меѓународните организации и на оксфордската експертска група. Секоја од организациите има свој пристап, па затоа за две различни организации една иста закана има поинаква позиција на соодветната листа. На табелата број 3 можат да се видат глобалните закани според приоритети и кои се сметаат за тригер-фактори за нарушување на глобалната стабилност.

**Табела бр.3.**[474]**-** *Видови на закани*

| Ред. бр. | Оксфордска истражувачка група | ООН | НАТО | ЕУ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Климатските промени | Економски и социјални закани (сиромаштија, болести и деградација на животната средина) | Регионални конфликти и кризи | Тероризам |
| 2. | Борба за ресурси | Меѓудржавните конфликти | Ширење на оружје за масовно уништување и неговата испорака | Пролиферација на оружје за масовно уништување |
| 3. | Маргинализација на мнозинството од светската популација | Внатрешни конфликти вклучувајќи цивилна војна , геноциди и сл. | Меѓународниот тероризам | Регионални конфликти и кризи |
| 4. | Глобална милитаризација | Нуклеарни,радиоактивни хемиски и биолошки оружја | Кибер нападите и други технолошки трендови | Распаѓање на држави |
| 5. | | Тероризам | Енергетска небезбедност / ограничување на ресурси | Организиран криминал |
| 6. | | Транснационален организиран криминал | | |
| | | | | |

Од табелата може да се забележи дека и покрај различниот пристап и рангираност на заканите, сепак генерално тие зе взаемно поврзани и неможат да се разгледуваат посебно една од друга, (на пр.тероризмот да се разгледува надвор од проблемите поврзани со сиромаштијата или вооружените конфликти). Без разлика што овој приказ е разработен од страна на богатите високоразвиени западни земји, заканите се опасност и за останатите земји од светот, (на пр.тероризмот не се појавува само во распаднатите земји, или климатските промени не ги погодуваат само богатите земји и обратно).

[474]Abbott C.,Rogers P. and Sloboda J., *Global Responses to Global Threats: Sustainable security for the 21-st Century*, Oxford Research Group, June 2006, p.4., достапно на : http://www.oxfordresearchgroup.org .uk/sites/default/files/globalthreats.pdf.; *A more secure world: Our shared responsibility*, United Nations, 2004, p.2., достапно на : http://www.un.org/secureworld/report2pdf.;*Active Engagement, Modern Defence*, Strategic Concept for the Defence and Security of the Members of the North Atlantic Treaty Organisation, Lisbon, November 2010, достапно на :http://www.nato.int/strategic-concept/index.html; *A Secure Europe in a Better World*, European Security Strategy, Brussels, December 2003.

Денес актуелни се заканите кои ги продуцираат недржавните субјекти а дел од нив се поврзани и именувани за најголема закана на западната цивилизација, а со тоа и на самите процеси на глобализацијата. Се проценува дека со намалувањето на улогата на државата се повеќе ќе се зголемува бројот на недржавните актери кои ќе имаат поголемо влијание во "зоните на хаосот", и ќе имаат моќ и сила слично како државите. Оттука се почесто ќе има случаи кога ќе се спротивставуваат различни индивудуалци и групи против државите, а се помалку ќе има судири на релација држава против држава. Ова значи дека безбедносните концепти треба од корен да се менуваат затоа што новите актери на сцената се недржавни субјекти.[475] Меѓу недржавните актери се појавуваат и невладините организации, (на пример *Amnesty International* и *Greenpeace*), кои имаат моќ и влијание да го стимулираат јавното мислење за прашања поврзани за националната и меѓународната безбедност. Оттука е мислењето дека недржавните субјекти, (индивидуалци, групи, организации), преку различни форми на притисоци и закани, (од воена, полувоена или невоена природа), по државите и вооружените сили, придонесоа за насочување на современиот концепт на безбедност кон организации од ваков тип, а кои воедно се новите непријатели на државите во современите услови на глобализација.[476]

Оваа комплексност на варијации и листа на актери кои слободно делуваат, можат да соберат доволно ресурси со кои можат да ја предизвикат државата и да го доведат во прашање нејзиниот легитимитет. Затоа се барат различни пристапи и преместување на ресурси за справување со различните закани во концептот на современата безбедност, бидејќи, во денешни услови, националната и наднационалната безбедност се загрозени од страна на субдржавни чинители и организации кои полека го намалуваат државниот монопол на моќ и сила.

Поради траекторијата по која се движат заканите потешко е да се разграничат или одделат таканаречените "меки" закани кои ги застапуваат неолибералите, (климатските промени, болестите, природните катастрофи, економската

---

[475] Fukujama F., *AMERIKA NA PREKRETNICI - Demokratija, moc i neokonzervativno zavestanje,* CID Podgorica, 2007, str.60.

[476] Show, Donald M., *National Security for a New Era:Globalization and Geopolitics After Iraq*, Third Edition, Pearson Longman, 2008, p.174.

благосостојба, проблемите со сиромаштијата, ширење на идеи и култури како средство во надворешната политика) од “тврдите“, поврзани за високата политика чии застапници се претежно неореалистите, (заканите и опасностите по националната и меѓународната безбедност, воените интервенции, пролиферација на оружјето за масовно уништување и др.). На пример “меките“ теми - проблемите со животната средина можат да преминат во “тврди“, бидејќи штетите од климатските промени можат за неколку пати да ги надминат штетите направени од некоја војна или конфликт. Последиците од цунамито во Азија, земјотресите на Хаити и цунамито кое предизвика нуклеарна катастрофа во Јапонија беа со поголеми по последиците од некој вооружен конфликт или војна.

Исто така, пандемијата на болестите како ХИВ/СИДА, маларија и туберколоза преставуваат голема опасност и се третираат како закана за националната и глобалната безбедност. Глобализацијата придонесе тие да се прошират и појават во сите делови од светот. Меѓу нив, најзагрижувачки е вирусот СИДА претежно застапен во Африка, понатаму болестите од поновото време САРС , птичјиот грип (H5N1), свинскиот грип и други. Секако изолацијата на делови или цела Африка поради пандемија на болести, не е решение, бидејќи би предизвикало геополитички и геоекономски консеквенци по светската политика.[477] Но, бројот на заболени со СИДА е во пораст и широко распространет на територијата и на Кина и Индија, (земји со најбројна популација во светот), со што дополнително оставиле импликации по националната и глобалната безбедност. Загрижува податокот дека на почетокот на 21 век, 95 % од заболените луѓе од СИДА се наоѓале во земјите во развој.[478] Оттука овој проблем, во контекст на безбедноста, не е помалку важен од тероризмот или воените операции што е воочливо соглед на тоа што им се дава посебно место во документите за национална безбедност.

---

[477] Исто, стр.405.

[478] Нана К.Поку, *„Глобални пандемии: ХИВ/СИДА“*, во: Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување,(превод),Академски печат, Скопје, (2010) :125-143; Risar Z.F., *Tacno u podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni*, Clio, Beograd,2008, str.131. Парадоксално е тоа што во неразвиените и земјите во развој цената на лековите потребни за терапија на СИДА е неколку патти повисока отколку во богатите земји. Вознемирувачки е податокот што десет од тринаесет најчесто употребувани лекови се поскапи во Танзанија отколку во Канада. Односно, на еден жител на Танзанија му се потребни 215 работни дена за да ги купи овие лекови, додека жител на Канада треба да работи само осум дена.

Глобализацијата меѓу другото се смета и за причинител на тероризмот, бидејќи продуцира редица економски и социјални нееднаквости за најголем дел од светската популација, но и за разни облици на експлоатација на земјите и дискриминација на народите.[479] Во таа смисла, тероризмот се јавува како екстремен израз на незадоволство, отпор поради состојбата во која се наоѓаат одделни земји или региони од светот а како главен виновник за ова се посочуваат развиените западни земји. Поради нивниот игнорантен однос на проблемите со кои се соочуваат поголем број од земјите во светот, глобализацијата навлекува на себе се повеќе радикални групи и индивидуи кои се противат на нејзината сегашна форма која служи еднострано, во интерес само на богатите земји. Затоа многумина стравуваат дека ќе дојде до глобализирање на тероризмот како еден вид на казна спрема земјите кои ја произведуваат глобалната нееднаквост и асиметрија. Притоа, сакајќи или не, ќе ги вовлече и останатите земји кои воопшто не се виновни ниту пак придонеле за да бидат цел на терористички акти. Тоа го потврдува и зголемениот број на макро терористички напади во последната деценија (2001-2011) кој достигнал до 2400 што е двапатти повеќе од бројот на терористички напади за периодот од 1991 до 2001 год, додека бројот на повредени или загинати луѓе од терористички акти се зголемил од 7.000 во 1995 год. на повеќе од 25.000 жртви во 2006 година.[480]

Оваа сложеност допринесе за растегливост на заканите од една до друга крајност, односно да започне, на пример, од Ал Каеда па да стигне до воени интервенции во држави како Авганистан и Ирак, а на крај да заврши како регионален безбедносен проблем. Заканите кои ги елабориравме посочуваат на силна врска со процесите на глобализација, бидејќи тие имаат планетарни димензии и големи последици по нашата заедничка иднина. Нивното одбегнување и нерешавање ќе создаде големи компликации во односите помеѓу државите и меѓу

---

[479] Micovic V., *Globalizacija i novi svetski poredak*, Cigoja stampa, Beograd, 2001, str.164.

[480] Во Ирак состојбата под водство на Садам Хусеин била прилично подобра, отколку по воената интервенција на САД. Стапката на смртност пред инвазијата изнесувала од 5.5 на 1.000 во текот на една година, за разлика во периодот после инвазијата кога таа бројка изнесувала повеќе од двојно или 13.3 на 1.000 жители годишно. Извор: Ачарја А., „*Човечка безбедност*", во: Глобализацијата на светската политика: вовед во меѓународните односи, (превод), Табернакул, (2009): 490-505; *Terrorism Risk in the Post-9/11 Era*: A 10 - Year Retrospective, RMS, 2011, p.4.

организациите и институциите. Затоа е потребна поинаква класификација на заканите по однос на последиците и тоа: *првата* категорија да се однесува на последиците кои ги надминуваат територијата и физичките ограничувања, кои ги споделуваме и се именувани како општо добро за сите; *втората* се однесува на економско-социјалните проблеми чие решавање е од општ интерес и се од хуман карактер и *третата* категорија се однесува на законските одредби кои треба да се усогласат на глобално ниво со цел да се стават под контрола "слободните стрелци".[481]

Затоа новата безбедносна агенда мора да биде флексибилна и конструктивна во однос на актуелните случувања. Притоа, треба да се земат предвид традиционално - воените и современо - невоените средства за справување со заканите, затоа што безбедноста е променлива варијабла и тешко се повлекува линија на раздвојување меѓу заканите и опасностите.

### 10.4. Глобализацијата и глобалното ризично општество

Глобализацијата паралелно продуцира можности и кризи, поради тоа што е непридвидлива и контрадикторна појава чии последици се асиметрични по однос на луѓе, држави и региони. Како незавршен и пред се несовршен процес предизвикува низа промени кои можеме да ги ставиме во категоријата на ризици. Бидејќи безбедноста се соочува со длабока трансформација тежиштето се префрла од заканите кон ризиците, а тоа води кон поинаква перцепција на безбедноста.[482] Комплексноста произлегува од тоа што современите ризици во многу аспекти се разликуваат од поранешните по тоа што се непредвидливи и тешко се одредуваат нивните причини, потекло и ефектите кои можат да ги предизвикаат.Тие доаѓаат без предупредување, имаат свое темпо, (не чекаат), немаат одреден тајминг или локација. Оттука се смета дека концептот на глобална безбедност е во тесна

[481] Risar Z.F., *Tacno u podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni*, Clio, Beograd, 2008, str.86.

[482] Георгиева Л., „*Безбедносни импликации на глобализацијата: Конфликтите и превенцијата како норма на безбедносната политика*", Глобализацијата, мирот и безбедноста, Министерство за одбрана на РМ и Филозофски факултет, Скопје, (2008): 65-81.

поврзаност со концептот на светско - глобално општество.[483] Овие концепти придонесуваат за поопширно разгледување на безбедносните аспекти на глобализацијата кои се поврзани со новите околности од кои произлегуваат модифицираните закани што лесно можат да доведат до глобален хаос и безредие. Во тој контекст *Гиденс* вели дека денес се соочуваме со различни типови на „*произведени ризици*", кои се продукт на човековото знаење, активност и технологија. Такви се на пример еколошките, (на пр. глобалното загревање), економските, (консумеризмот, хиперпродукцијата, експлоатација на природни ресурси) и здравствените ризици, (на пр.генетски модификувана храна, болести-кравјо лудило, птичји и свински грип и сл.).[484] Истиот автор тврди дека животот во информатичката доба доведува до пораст на *општествената рефлексивност* поим кој се однесува на тоа да мораме непрестано да мислиме на околностите во кои се одвива нашиот живот.[485] Бидејќи не постојат конкретни одговори за причините и последиците од вакви непредвидливи ризици се смета дека тие допринесуваат за создавање на *глобалното ризично општество.*

Имено, теоријата на ризично општество ја застапувал германскиот социолог *Улрих Бек* уште во минатиот век, според кој оваа теорија не се ограничува само на ризиците по животната средина и здравјето, туку опфаќа редица на меѓусебно поврзани промени во современиот општествен живот како што се изразената несигурност на работните места, опаѓање на влијанието на традициите и обичаите врз самоидентитетот и други. Како напредува или еволуира научно-технолошкиот прогрес така побргу се раѓаат новите облици на ризици на кои мораме во континуитет да се прилагодуваме во контекст на промените. Она што не загрижува е мислењето на *Бек* дека теоријата на ризично општество и нејзините ризици не се ниту просторно ниту временски или општествено ограничени. Односно современите

[483] Гризолд А., Копач Е., „*Менување на природата на современата безбедност: Некои нови предизвици и реакции*" Глобализацијата, мирот и безбедноста, Министерство за одбрана на РМ и Филозофски факултет, Скопје, (2008): 33-50.
[484] Gidens, E., *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007, str. 72.
[485] Исто, стр.699.

ризици не се селективни, напротив ги погодуваат сите земји и општествени класи и имаат глобални последици а не само лична или национална консеквенца.[486]

Како најзначаен невоен ризик на почетокот на 21 век би го издвоиле експанзијата на нееднаквоста во повеќе аспекти која се смета дека е резултат од процесите на глобализацијата. Односно, нерамномерна т.е. нееднаква развојна траекторија, континуирано го произведува и зголемува најсериозниот и најопасен ризик на денешницата - нееднаквоста. Оттука, глобализацијата разгледувана преку географската експанзија, меѓузависноста и вмреженоста на финансиските пазари, порастот на транснационалните компании, информатичката и комуникациска технологија, порастот на моќ на недржавните учесници, придонесува за пораст на ризиците кои водат кон нестабилност. Тие се: глобализираната сиромаштија, невработеноста, непостојан работен однос, нееднаквоста, ексклузија во и меѓу земјите и нивна поврзаност со појава на конфликти и безбедносни ризици, осиромашување на природните ресурси, серии на финансиски кризи, напливот на имигранти, уништување на животната средина, тензијата помеѓу капитализмот и политичката слобода, пазарот и демократијата и појавата на мултиплицирани транснационални конфликти.

Може да се констатира дека глобализацијата е двигател и креатор на новите модификувани ризици кои со сигурност ќе оставaт длабоки безбедности последици за целото човештво.[487] Ако на ова ги надоврзиме и другите случувања и активности на транснационалните организации, меѓународните проблеми, закани и настани, со сигурност можеме да кажеме дека глобализацијата промовира *глобално ризично општество*. Според *Бек* старото индустриско општество исчезнува и на негово место доаѓа модерното ризично општество, а со тоа ќе се манифестираат и новите облици на закани и опасности. Односно дека глобалните закани се тие кои го создаваат глобалното општество.[488] Овој автор не мисли дека светот денес е поризичен од порано, туку дека природата на ризикот е модификувана и ризикот

---

486 Бек У., *Што е глобализација?,* (превод), Тера Магика, 1997.
487 Beck U.,*Redefining power in the global age: Eight theses,* Dissent, Fall 2001, p.85.
488 Бек У., *Што е глобализација?,* (превод), Тера Магика, 1997, стр.50.

потекнува од големата неизвесност како резултат од еволуирањето на општествениот и научно-технолошкиот развој.

Од погоре изнесеното може да заклучиме дека безбедносната политика се соочува со редица ризици и опасности кои се продуцирани од страна на современите глобализациски процеси. Само во изминатава деценија се соочивме со три глобални кризи кои предизвикаа радикални промени на меѓународен план а тие беа :

1. терористичките напади врз САД на 11 септември 2001 година предизвикаа масовен воен поход, (сеуште актуелен), придонесоа за револуција во воено-технолошките достигнувања и поголемо присуство на воената моќ во меѓународните случувања;

2. покачување на цената на нафтата и храната го достигнаа врвот во 2008 година и тоа беше главна причина за глобалната нестабилност. Цената на нафтата достигна до 147 долари по барел и беше важен причинител за економското заостанување и навлегување во длабока глобална рецесија. Зголемената цена на енергенсите предизвика пораст на цената на храната и останатите продукти со што сериозно ги дестабилизираше сиромашните земји од Африка до Азија. Некои од погодените земји завршија со граѓански војни;

3. глобалната финансиска криза која започна во 2008 година, остави длабоки траги врз глобалната економско-социјална состојба. Поради последиците од рецесијата светот сеуште се наоѓа во фаза на закрепнување а како нејзин резултат е рапиден пораст на невработеноста, нестабилност на пазарите и трговијата, губење на имотите, презадолженост на луѓето, претпријатијата, банките и државите, општа нестабилност на финансискиот сектор и зголемен ризик од нестабилност и немири во општествата.[489]

Тука се и другите бројни ерупции и шокови од политички, економски, религиозен и културен карактер кои се поврзани со ефектите на глобализацијата, и се одразија

[489] Evans Alex et al.*Confronting the Long Crisis of Globalization:Risk, Resilience and International Order*, Managing Global Insecurity, Brookings CIC, 2010, p.9.

врз нивото на безбедност. Постои страв дека можеме да се најдеме во „*состојба на организирана неодговорност*“. За да се избегне истата потребно е зголемено ниво на грижа за заедничка судбина на пример, со зајакнување на космополитските идеи како алтернатива за решавање на глобалните и/или глобализациските проблеми. Затоа пожелно е формирање на *ad hoc* групи кои ќе пристапат кон решавање на ризик по ризик, здружувајќи ги земјите преку соодветните агенции или недржавни актери, за да пристапат кон решавање на проблемите сообразно на утврден приоритет. Потоа, формирање на *полуперманентни алијанси* како интересни групи, контакт групи и слично преку кои би се соединувале оние земји кои споделуваат исти или слични интереси во одделни области. Третата платформа се таканаречени *архитектонски решенија* кои ја институционализираат соработката помеѓу земјите. На пример тие можат да се базираат и на регионално ниво како ЕУ, АСЕАН, или во склоп на мултилатералната структура како што се СТО, Советот за безбедност при ООН, Меѓународната агенција за атомска енергија и сл.[490] На тој начин можат да се пребродат големите кризи, кои досега светот ги плаќаше по многу висока цена.

### 10.5. Глобализацијата и безбедноста во 21 век

Застапниците на глобализацијата - *хиперглобалистите,* очекуваат светот да стане посигурно место за живеење како резултат од нејзините ефекти. Нивните размислувања се дека државите ќе ги решаваат своите конфликти со помош на невоени средства поради економската соработка помеѓу нив. Со овие тези не се согласуваат опонентите - *скептиците,* според кои неолибералната глобализација има бројни пропусти и продуцира глобални нееднаквости кои имаат реперкусии по глобалната безбедност и стабилност, така што визијата за вечен мир е многу далеку од сегашната реалност.[491]

---

[490] Исто, стр.37.

[491] Bilgin P., Morton A.D., *Rethinking State Failure:The political economy of security,*in: State Failure Revisited I: Globalization and Security and Neighborhood effects,INEF Report 87, Institute for Development and Peace, 2007, pp.12-13.

Новата ера на глобализација речиси е повеќе небезбедна од минатата глобализација, иако тешко се поставуваат критериумите за тоа дали новиот општествен систем е понапреден од претходниот.[492] Сепак мерилата за прогресивност на еден систем, каде што се земаат предвид економските индикатори кои се мерило за ефикасен развој и го истакнуваат капацитетот на производствените сили, потоа политичките индикатори, кои покажуваат дали има поголем напредок во остварување на човековите права и слободи и третиот показател за тоа колку општествениот систем овозможува во целост поттикнување на поголем степен на општествено-економска еднаквост, односно придонесува за смалување на класните разлики, се тие кои овозможуваат извесна компарација.[493] Оттука, може и да се извлече констатацијата да ли поранешните системи биле подобри и понапредни од сегашниот светски капиталистички систем?

Но, глобализацијата е процес, еден вид на меѓународен систем кој ја обликува домашната политика и надворешните односи на земјите. Системот на глобализација, (позајмена фраза од *Томас Фридман*), резултира со серија на невидени кумулативни и значајни трендови кои доаѓаат брановито. Според *Фридман* глобализацијата е меѓународен систем кој е дојден на местото на Студената војна, нешто како систематска транзиција од стара кон нова ера. Кога би направиле компарација на системот на Студената војна со системот на глобализацијата може да се констатира следново. Системот на Студената војна наликувал на статичен систем со соодветна структура и одредени правила на кои се придржувале супер силите и ретко се случувало некоја од нив да премине во другата сфера на влијание, односно надвор од нејзиното подрачје. Се работи за простор кој бил поделен на три сфери комунистичка, капиталистичка и неутрална во кои секоја од земјите била дел од нив. Идеолошкиот судир на комунизмот и капитализмот создавал затегнатост, напнатост, неспокојство и можност од нуклеарно уништување, и речиси бил невозможен протокот на луѓе и услуги од Исток кон Запад. Но, системот на глобализацијата не е статичен, туку динамичен процес со

[492] Ikenberry J.G., *How Secure is Globalization'sFuture?* Foreign Affairs may/june 2000.
[493]Попович В. М.,*Тоталитарни системи*, Плато, Београд, 1997, стр.86.

постојан развој и брзина, кој вклучува невидена интеграција во сите сфери.[494] Покрај тоа, нема ограничена сфера на влијание или пак да е подделен на одредени сфери, напротив, тој е распостранет насекаде низ светот. Секоја земја е зафатена во мрежата на глобализацијата. За разлика од системот на Студената војна кој бил поставен околу нации-држави и балансиран меѓу две супер сили, системот на глобализација има покомплексна структура и изграден е врз три рамнотежи кои се преклопуваат и влијаат една врз друга. Првата е традиционалната рамнотежа меѓу нации-држави, втората е меѓу нации-држави и глобалните пазари, а третата рамнотежа се однесува на балансот меѓу нации-држави и супер моќните групи и индивидуи.[495]

Во таа смисла *Карл Шмиш* вели „Студената војна беше свет на пријатели и непријатели, а светот на глобализацијата има тенденција да ги претвори сите пријатели и непријатели во натпреварувачи". Бидејќи за време на Студената војна имало добро познат непријател, денешната ера на глобализација внесува немир поради стравот од наглата промена на непријателот кој не може да се види, предвиди и варира од една крајност до друга, а чија сила е со различна форма (економска, технолошка, информатичка и сл.). Со други зборови, системот на глобализацијата произведува нееднакви шанси, затоа го поистоветуваме со ситуацијата која некои ја нарекуваат „*наушономија*", а се однесува на нееднаквото производство и распределба на животни шанси, каде што се нарушува или ограничува политичката партиципација.[496]

Таа се одликува со хиерархиска поставеност и нерамномерност. Хиерархијата произлегува од политичката и економската структура на глобализацијата каде доминираат земјите од западната хемисфера. Нерамномерноста е производ од економската и политичката глобализација чии последици се нееднакви за класите, половите, народите и регионите. Таа ги погодува и развиените и неразвиените земји, но секако полоша е состојбата за земјите кои се на дното на хиерахиската

[494] Фридман Т., *Лексусош и маслиновошо дрво*, Тера Магика, Скопје, 2003, стр.20-21.
[495] Исто, стр.25.
[496] Held D., *Demokratija i globalni poredak: Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini*, Filip Visnjic, Beograd, 1997, str.202.

поставеност и се најмногу изложени на последиците на нерамномерноста[497] Поради тоа сметаме дека системот на глобализацијата е далеку од состојба на рамнотежа и постепено навлегува во фаза на системска транзиција која може да донесе периоди на хаос и безпоредок. Секако ефектите се различни, по однос на поширокиот систем - макро ниво, (светскиот систем) и за потесниот субсистем - микро ниво, (индивидуа или група). Повеќето од аргументите се наклонети кон глобализацијата на макро ниво поради слободната трговија во кои земјите се дел од глобалната економија и имаат различен удел, (во зависност од капацитетите и моќта на земјата) во системот на глобализацијата. Тоа резултира со поширок ентузијазам кај некои земји поради бенефитите од глобализациските процеси, додека, ефектите се негативни кога макро аспектите влијаат на микро системското ниво. Па така, микро нивото го опфаќа влијанието на глобализацијата врз индивидуалците и групите во рамките на општествата, за кои, последиците од глобализацијата се далеку од оптимистички.[498]

Ова покажува една поинаква слика. Всушност, системот на глобализацијата ја добива моќта во зависност од неговите компоненти. Секоја држава, организација или регион имаат одредено значење, секако некои со поголемо а други со помало значење и улога. Но, никој не може надвор од рамките на системот, односно не може да ја има истата моќ како кога е дел од системот, како што не можат Северна Кореја, Ирак, Либија или Сирија да бидат изолирани од глобалниот систем. Затоа функционирањето на глобализацискиот систем ќе зависи од она што се случува во неговите рамки, почнувајќи од можниот судир на цивилизации или хомогенизација на цивилизациите, еколошките катастрофи, од динамиката на слободниот пазар и отпорот против него, од улогата на државните и недржавните актери, од интеграција и дезинтеграција и друго.[499] Иако се очекува системот на глобализација да биде попречуван од разни религиозни, културни, политички и индустриско-технолошки дисконтинуитети кои секогаш ќе го делат светот на две спротивставени

---

[497] Исто, стр.102-103.
[498] Show, Donald M., *National Security for a New Era:Globalization and Geopolitics After Iraq*, Third Edition, Pearson Longman, 2008, p.148.
[499] Фридман Т., *Лексусот и маслиновото дрво*, Тера Магика, Скопје, 2003, стр.13.

страни, поради различната распределба на моќ меѓу учесниците во глобализацискиот систем.

Оттука се повеќе ќе се интензивира безбедносната димензија во меѓународните односи, без да се поставaт некакви ограничувања. Сметаме дека трансформацијата на безбедноста во 21 век ќе се темели на се поизразената меѓузависност помеѓу актерите а тоа ќе придонесе за префрлување на тежиштето од глобализацијата и националната безбедност кон глобализираната безбедност. Во тој поглед глобализацијата ја опфаќа идејата дека моќта се повеќе ќе се организира од далечина, односно моќта во глобални рамки ќе се практикува низ трансрегионална, транснационална или трансконтинентална основа.[500] Затоа се поставува прашањето како да се трансформира или вклопи "внатрешното" со "надворешното", без да се појават "црни дупки" кои ќе остават последици по националната и глобалната безбедност?[501]

Според истражувањата, воочивме дека системот на глобализацијата е фрагментиран, бирократски и нестабилен. Државите постепено ја губат моќта во одлучувањето, меѓународните институции покажуваат бројни слабости во управувањето, но опаѓа и нивната способност да гарантираат колективна безбедност. Меѓу другото, се зголемува и нивото на ескалација во сферата на финансиските пазари, односно финансиската криза ги интензивира тензиите и нестабилностите во многу регии. На повидок се трговски конфликти, економски национализам и можно враќање на антагонистичките регионални блокови, при што се почесто информатичко-технолошкиот напредок се користи на штета на поединците, државите и организациите.

Сметаме дека економската глобализација, која ги "окупира и потчини" останатите глобализациски аспекти, придонесе судбината на светот да зависи исклучиво од пазарите и слободата на трговијата, маргинализирајќи ги останатите

---

[500] Мекгру Е., „*Глобализацијата и светската политика*",во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи,(превод),Табернакул, (2009):14-33.

[501] Bilgin P., Morton A.D. *Rethinking State Failure:The political economy of security*,in: State Failure Revisited I: Globalization and Security and Neighborhood effects,INEF Report 87, Institute for Development and Peace, 2007, p.18.

вредности како мирот, безбедноста, разноликоста, толеранцијата и човековите слободи и права. Но, од друга страна пак глобализацијата придонесе за длабока трансформација во меѓународните безбедносни односи, меѓу земјите, како и регионалните и меѓународните организации и институции. Динамиката на глобализацијата ги примора државите и организациите да пристапат кон новите промени, а кои преставуваа дополнителен проблем за тоа како да се одржи чекорот со глобалните случувања. Притоа некои од земјите пристапија и кон нови стратегиски определби, одбранбени приоритети, ангажмани, дури и кон промена на националните интереси. Оттука, сметаме дека проектот на глобализацијата е половично неуспешен експеримент, затоа глобалната ера на *Алброу, (The Global Age),* има повеќе "морбидни симптоми", чиј третман речиси е безнадежен. Немоќта да се справиме со нив ќе доведе до опасни турболенции на *Розенау (Turbulence in world politics)* насекаде и во сите сфери, кои сите ќе не втурнат во забеганиот свет на *Гиденс (Runaway world)* и појава на страв дека сме дел од глобалното ризично општество на *Бек (Global Risk Society).*[502]

## 10.6. Воената моќ во услови на современата глобализација

Процесите на глобализацијата го добија приматот во регулирање на светските случувања. Контроверзите и ривалствата од времето на Студената војна, оставија антагонизми кои водеа кон редица војни и конфликти насекаде во светот. Периодите исполнети со осцилации на мир и војна укажаа дека на процесите на глобализацијата и на војната како општествена појава, не треба да се гледа како на посебни издвоени прашања. Двојните стандарди што ги промовира глобализацијата, остава можност од појава на нови конфронтирања помеѓу „силата", „правата" и „интересите" на државите и на меѓународните организации, со помали изгледи за пронаоѓање на заедничко миролјубиво решение помеѓу актерите.

[502] Booth K., *Theory of World Security,* Cambrige University Press, New York , 2007, p.400.

Периодот на пост студената војна не донесе посакувана стабилност и мир, напротив, доведе до пораст на глобалниот милитаризам, на редица вооружени конфликти и граѓански војни и експанзија на воениот интервенционизам под закрилата на ООН, НАТО и развиените западни земји. Така, 90-тите години на минатиот век беа исполнети со засилена улога на вооружените сили, кои дадоа нов печат на времето што доаѓаше, почнувајќи со првата заливска војна, судирите на Балканот и Блискиот Исток, па се до војните во Авганистан, Ирак и Либија. Овие настани промовираа една "нова" глобализација базирана на воените примеси. За разлика од останатите познати аспекти на глобализацијата, воената глобализација преставува нов сегмент. За многумина, воената компонентна во 21 век ќе биде се повеќе изразена и истата ќе ги забрза или успори процесите на промени.

Воената глобализација како еден од современите модели на истата, се одликува со глобална трговија на оружје, пролиферација на оружје за масовно уништување, порастот и значењето на транснационалните воени коорпорации, појава на транснационалниот тероризам и дискурсот на глобалната небезбедност. Овие компоненти укажуваат дека се создава нов глобален воен поредок со што и моделот на воената глобализација ќе биде главно вон контрола и дофат на националните државни заедници и наднационалните механизми за контрола.[503] Тоа значи дека глобализираната воена сила и моќ ќе ја превземат улогата на промотор на современата репресивна глобализација, бидејќи постепено, но видливо, доаѓа до глобализација на воената сила и проширување на воените организации од регионален и глобален карактер. Во тој контекст, односот меѓу глобализацијата и војната, ќе го разгледаме низ неколку аспекти а кои се потенцијална опасност за светскиот мир и безбедност. Тие се:

- причините за војна низ призма на ефектите од глобализацијата ;
- трката во вооружување, односно појава на глобализирана милитаризација и

[503] Мекгру Е., „*Глобализацијата и светската политика*",во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи,(превод),Табернакул, (2009): 14-33.

- геополитички импликации и поделба на светот во „*зони на мир*“ и „*зони на војна*“.

Едно од суштинските прашања во овој дел е: на кој начин процесите на глобализацијата индуцираат војни или причини за војна и како тие стануваат глобализирани?

Иако навидум се работи за едноставно прашање, сепак, потрагата по прецизни одговори е навистина комплицирано. Имено, големите разлики во економската развиеност, сфаќањата за демократијата, човековите права и слободи и културата, укажуваат дека е невозможно да се унифицираат земјите и народите, без притоа да се наруши глобалниот мир и стабилност. Економските аспекти на глобализацијата кои се и најизразени во однос на другите доведоа до рапидно богатење на помал број земји и народи од северната хемисфера и “глобализирана сиромаштија” кај повеќето земји во светот. Јазот помеѓу богатите и сиромашните доведе до социјална поларизација, глобална дезинтеграција и интернационализација на невработеноста.[504] Поради тоа, причините за војна во услови на современата глобализација можат да бидат од различна природа помногубројни се и поизразени од минатото и да варираат од миграција, еколошката деградација на животната средина, етнонационализам, па се до социјални разлики, економската нееднаквост и др. Во една таква комплексност, на глобализацијата се гледа како “пироман“ во држави и кај оние народи кои не сакаат да се адаптираат и не се подготвени за модернизација, информациона ера, неолиберализам и слободна трговија. Оттука, постојат видувања дека глобализацијата го прави светот да изгледа нестабилно, неизвесно и опасно место за живеење.

Процесите на глобализација го забрзаа темпото на воениот напредок. Но, покрај тоа, појавата на асиметрични и други невоени закани и опасности ги мултиплицираа воено - безбедносните проблеми, а стравот од нив доведе до тоа некои земји да превземаат превентивни војни во оние држави кои сеуште ги немаат прифатено западните вредности. Па така, на тој начин, наместо да се редуцираат

---

[504] Chossudovsky M., *The Globalization of Poverty and the New World Order*, (second edition), Global Research, Center for Research on Globalization, 2003.

заканите и опасностите дојде до воспоставување на *New World Military Disorder,* (Нов светски воен безпоредок).

Оттука, може да се констатира дека во услови на современата глобализација, причините за војни се мултиплицираа. Според *Фукујама,* како главни причини за војни, ги наведува нафтата, емиграцијата и новиот светски поредок,[505] при што третата причина ќе биде многу позначајна затоа што опфаќа доста широк спектар на активности за отпочнување на воени дејства. *Хантингтон* говори за стравот од асимилирање на сопствениот идентитет и јазик со глобалните културни вредности, па така некои народи и земји тоа ќе се обидат да го надоместат преку насилства, етнички чистења, геноцид и војни со цел да ги истакнат сопствените културни вредности над останатите и во основа ќе биде потенцијална причина за „судир на цивилизации".[506] Од друга страна *Бауман* говори за два типа на војни. Едните ги нарекува „глобализирани војни" а другите, „војни породени од глобализацијата". За првиот тип на војни авторот истакнува дека ќе се водат во името на постулираните меѓународни односи кои во практиката се претставени и создадени *ad hoc* и зависни од регионалните коалиции и заинтересираните партнери. Односно, наведува дека отсуството на авторитет во меѓународните политички институции е причина за изведување на воени операции проследени преку правилото на дејствување познат како „законот на посилниот". Притоа, некои земји ги покажуваат „сопствените мускули" и слобода на дејствување во име на одбрана на меѓународниот поредок. Како што вели *Бауман,* целта на глобализираните војни -е отстранување на пречките од патот кои го попречуваат реализирањето на неолибералниот модел, односно денес се започнува војна заради отворање на досега затворените територии за глобално движење на капиталот, пари и стоки.[507] Вториот тип на војни според него се познати како војни „породени од глобализацијата". За нив вели дека процесите на глобализација ги рушат постоечките граници на другите народи, ја елиминираат нивната моќ, а придобивките се насочуваат кон земјите предводници на овие војни. Поради тоа, глобализацијата предизвикува незадоволство и

---

[505] Fukuyama F., *The End of History and the Last Man*, Penguin Books,1992.
[506] Huntington S., *Sukob Civilizacija i preustroj svjetskog poretka*, Izvori, Zagreb,1996.
[507] Бауман З., „*Воините в ерата на глобализациата*", Социологически проблеми 1-2, (2001): 5-25.

несигурност проследени со судири и војни кај повеќето земји, кои не ги прифаќаат глобализациските трендови. Оттука, тој ги определува меѓуетничките војни, геноцидот и појавата на терористички акти, како војни породени од глобализацијата.

Во тој контекст како пример можат да се земат случувањата во Босна, Чеченија, Сомалија, Руанда, Косово, Авганистан, Ирак и Либија, каде што разните идеолошки, етнички, религиски и територијални разделувања беа во судир со новите современи процеси на космополитизам, и мултикултурни вредности, почитување на правата на малцинствата и идентитетите. Овие војни се последица на конфронтирањата помеѓу "вклучените" и "исклучените" од глобализациските процеси, токму во периодот во кој глобализацијата имаше се поголем налет и интензитет. Оттука е интересен начинот на кој глобализацијата ја преобликува безбедноста и донесува промени во безбедносно-воените агенди на државите и меѓународните организации и институции.[508]

Оттука и *Артур Цебровски* смета дека доколку земјите не се адаптираат на тековите на глобализацијата ќе се соочат со можноста да бидат дел од глобализацискиот јаз, а меѓународните авторитети ќе се обидат да ги притиснат или уште повеќе да ја влошат нивната ситуација поради неприфаќање на дел од обврските кои се наметнати од новиот поредок. Тоа го потврдуваат и воените интервенции на САД и НАТО кои во периодот од 1990 до 2011 година интервенирале во оние земји кои биле дел од глобализацискиот јаз. Затоа овој автор констатира „доколку се борите против или ја пропуштате глобализацијата, тогаш сте проблем на западните земји како САД".[509] За *Катерина Одора* „глобализацијата преставува нова фаза на војната која никогаш не завршува", односно посочува на глобализацијата како форма на *„војна со низок интензитет"* (Low Intensity Warfare - LIW). Нејзините ставови се однесуваат на тоа дека глобализацијата преку економските структурни програми ја "регулира" состојбата

---

[508] Бејлис Џ., *„Меѓународна и глобална безбедност"*во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи,(превод),Табернакул, (2009): 226-241.

[509] Види во: Dave Ranney "*Militarism and U.S. Trade Policy*" Foreign Policy in Focus December 2006. http://www.fpif.org/articles/militarism_and_us_trade_policy

во сиромашните и задолжени земји и овозможува тие да бидат "жртви" на глобализацијата т.е. "терен" за војна со низок интензитет.[510] Во сличен контекст *Стенли Хофман* потенцира дека војните во изминативе две декади се должат на судирот помеѓу фрагментацијата на државите, (распад на државниот систем) и прогресот на економската, културната и политичката интеграција т.е на главните аспекти на глобализацијата.[511]

Можноста од појава на планетарен воен интервенционизам се зголемува, што води повеќе кон опасност од трајна милитаризација и хаотизација на меѓународните односи, отколку кон траен мир.[512] Последиците од таквите "воени авантури", без поставување лимити или ограничување на просторот, можат да индуцираат нови форми на ривалство помеѓу нациите, државите и регионите.

Многумина ги препознаваат меѓународните организации, (на пр. НАТО), како механизам за одбрана на процесите на глобализацијата на територии и во земји чии вредности се спротивни од западните.[513] Односно, дека овие организации се инструмент на сила и преставуваат симбол на „*WEST*", при што во изминативе две децении својата сила ја демонстрираа во земјите од „*REST*". Западните земји се вклучени многу почесто во војни и конфликти отколку земјите во развој или неразвиените земји, чии ангажман во мултинационалните структури се спроведуваше низ геслото „ако не сте со нас, тогаш сте против нас".

Покрај тоа, западните земји се почесто се селективни во изборот во која војна или конфликт ќе се вклучат. Загрижувачки е тоа што приоритетна "мета" се оние земји кои располагаат со енергетски потенцијал, постојат услови за отвореност кон западните пазари и полесен пристап на транснационалните коорпорации до капацитетите на овие земји. На пример, високо индустријализираните земји и нивните коалиции воопшто не влегоа во Руанда, во Босна тоа го направија

---

510 Odora, Catherine „*In the Seas with the Sharks:Experiencing Globalization- An African Perspective*" in:Utne B.and Garbo G., Globalization on Whose Terms?, Report No.5,University of Oslo, (1999):234-260.

511 Hoffman S., *Clash of Globalizations*, Foreign Affairs Vol.81 No.4, July/August 2002.

512 Стојановиќ С., *Глобализација и безбедносне перспективе света*, Воено издавачки завод, Београд, 2009, стр.190.

513 Vukadinovic. R., *Medunarodni Odnosi od Hladnog rata do Globalnog Poretka*, Agencija za komercijalnu delatnost, Zagreb, 2001, str.350.

задоцнето, додека пак многу брзо интервенираа во Косово а сеуште бавно дејствуваат во Дарфур!

Но, интересно е дека во отсуството на надворешен непријател, голем проблем на вооружените сили ќе преставува да ја пронајдат својата нова улога, сообразно на околностите и промените. Притоа, низ призма на глобалната војна против тероризмот, се појавуваат неколку контрадикторности кои би можеле да доведат до глобализирана милитаризација и до дестабилизација поради следново :

- во услови на современата глобализација лесно се наоѓаат нов/и "недефиниран/и непријател/и", па макар и да се измислат;
- не се знае почетокот и крајот на војната или вооружените конфликти;
- нема конкретно дефинирана територија - „војната е таму каде што се и непријателите", (може да зафати и цел регион);
- заканите се мултиплицирани и варираат од една до друга крајност.

*Дојч* и *Синѓер* сметаат дека како што системот се движи од биполарен кон мултиполарен треба да се очекува намалување на појавата од војни, затоа што блоковскиот систем ја ограничувал слободата на државите во поглед на партиципацијата во сојузи или организации со други актери на светскиот систем.[514] Покрај тоа, вооружените сили денес имаат нови задачи во склоп со глобалните превирања. Нивната најважна мисија ќе биде осигурување и воспоставување цивилно - општествен демократски поредок на туѓи територии. Односно, вооружените сили ќе го бранат слободниот, демократски и светско граѓански, (космополитски), поредок на тлото на други држави. Во глобализациска смисла, овие сили со транснационален карактер ќе немаат национална лојалност, туку ќе бидат мултинационално организирани, нешто како *„космополитска армија"*, а кодексот за одбрана на човековите права ќе биде нивна основна и трајна мисија.[515]

---

[514] Deutsch, Karl W. and Singer J.David, *Multipolar Power Systems and International Stability*, World Politics, XVI, April, 1964, p.390.
[515] Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije*:Nova svjetskopoliticka ekonomija, Skolska knjiga, Zagreb, 2004, str.109.

Ова и не е толку лоша идеја доколку преовладува солидарноста на човечките суштества било каде во светот и доколку има хуманитарен и морален карактер, без разлика да ли се оддалечени илјадници километри и чии идентитет за нас е непознат. Но сепак, во крајна линија, во модерната доба улогата на воената сила и моќ ќе биде подредена или во функција на економската глобализација и на информатичко-технолошкиот напредок, иако при самиот почеток на 21 век воено репресивната димензија на глобализацијата беше изразена преку разни интервенции, превентивни војни, хуманитарни и мировни операции и антитерористички ангажмани. Притоа, на некој начин се потврдува дека современата глобализација нема механизам за спречување на војни и вооружени конфликти кои од крајот на Студената војна, секоја година ги има во просек околу 30.[516] Причината е во тоа што глобализацијата не може да ги нивелира разликите во светот, поради разнобразноста на земјите и народите, кои имаат сопствени специфични модели и кои во многу нешта се спротивставуваат еден на друг. Затоа судирот меѓу спротивставените геополитики, различните амбиции, стратегии, идеологии и интереси кои се стремат за нови територијални походи, а кои беа очигледни во војните во Персискиот залив, војните на Балканот, Блискоисточниот конфликт и други, ја разградија глобализационата тенденција за хармонизиран развој на целата планета.[517]

### 10.6.1. Глобализација и милитаризација

Терористичките напади врз САД од 2001 година придонесоа траекторијата на воената индустрија да оди по нагорна линија. Притоа, воените организации имаа потреба и интерес да ги преформулираат својата големина, буџет, поддршката и престижот. Овие промени беа тригер за фаворизирање на воената продажба, (како еден вид форма на трговија), која допринесе за намалување на степенот на глобална

[516] Vukadinovic. R., *Medunarodni Odnosi od Hladnog rata do Globalnog Poretka*, Agencija za komercijalnu delatnost, Zagreb, 2001, str.397.
[517] Недялкова А., Бауман З. и Филипов Д., *Глобализъм, Регионализъм и Антиглобализъм*, Албатрос, София, 2005, стр.132.

безбедност, а зголемување на бројот на вооружени конфликти и појава на превентивни војни.[518] Присутната неизвесност од мултиплицираните закани се гледа како причина и потреба за зголемување на националните воени капацитети. Од друга страна, бидејќи бенефициите од глобализацијата беа наменети само за мал број на земји, кај останатите, таа нееднаквост беше главна причина за фрустрација, која беше "лечена" со зголемено издвојување на финансиски средства за воена технологија и опрема. Ваквите светски процеси незадоволните причините ги препознаа во глобализацијата, која за нив преставуваше закана за мирот и стабилноста.

Глобализациските процеси доведоа до забрзана индустријализација и модернизација, го промовираа западното влијание како производители и глобални дистрибутери на воена моќ, но и како центри на воена сила. Со помош на воената димензија овие земји успееја да ги "канабализираат", милитаризираат меѓународните односи. Познатата изрека на *Мао Це Тунг* дека „политичката моќ доаѓа од цевката на пушката", денес, во услови на глобализација не е само политичката моќ, туку и економската и културната се стекнуваат со помош на воените примеси. Оттука, глобализацијата не најави крај на милитаризацијата, туку, период на ремилитаризација така што на државите и меѓународните воени организации им даде досега невидена разорна воена моќ и софистицираност манифестирани во сателити, контролата на банкарските сметки, хакерство, роботиката и микро технологии, беспилотните летала и интерконтиненталните ракети.

Во изминатиот дведецениски период постоеше западната проминенција во воената сфера која го формираше врвот на воената хиерархија. Очигледно е дека постои нова трка во вооружување која е наметната од западните земји, бидејќи во изминативе 10 години, (2001-2010), постои тренд на зголемување на трошоците за одбрана. Притоа, најголеми се издатоците на САД кои за една деценија ги

[518] John Feffer, *Globalization & Militarization*, Foreign Policy in Focus, Vol.7, No1, February 2002; Jack S.Levy "*Contending Theories of International Conflict : A Levels – of – Analysis Approach*" in: Managing global chaos: sourses of and responses to international conflict, United States Institute of Peace Press, Washington D.C. (1996): 3-19.

зголемија трошоците за воените потреби од 379 милијарди во 2001 год. на 698 милијарди долари во 2010 год. или зголемување на трошоците за одбрана за 81%. За истиот период трошоците за одбрана на земјите од целиот свет, (вклучувајќи ги и САД) пораснале за 50%.[519] Тоа може да се види од следново во табелата.

**Табела бр.4.**[520] - *Приказ на трошоците за одбрана на САД и останатите земји од светот*

| Година | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Во % од 2001-10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| САД | 379 | 425 | 484 | 528 | 553 | 562 | 576 | 619 | 669 | 698 | *81* |
| Останатите земји од светот | 665 | 682 | 693 | 715 | 741 | 772 | 805 | 838 | 880 | 932 | *32* |
| **Вкупно** | **1044** | **1107** | **1177** | **1243** | **1294** | **1334** | **1381** | **1457** | **1549** | **1630** | ***50*** |

Покрај тоа, од водечките 100 компании во светот за производство на оружје, дури 78 потекнуваат од САД (45) и Западна Европа (33) т.е потекнуваат од најдемократските земји во светот на кои отпаѓа 91.7 % од вкупната трговија со оружје. Парадоксално е што ниту една од овие 100 компании не потекнува од Латинска Америка или Африка. Според податоците на *СИПРИ* за 2009 год. овие 100 компании оствариле продажба од 400.7 милијарди долари што е за 59% повеќе од 2002 година.[521] Според истражувањата на *Институтот за меѓународен мир* воочлив е уделот на високоразвиените земји во светско-воените превирања. Од вкупната воена потрошувачка во светот која изнесувала 1630 милијарди долари за 2010 година, најголемиот дел им припаѓа на САД (698) или 43%, потоа следат Кина со (119), Обединетото кралство (59.6), Франција (59.3), Русија (58,7), Јапонија (54.5) милијарди долари и итн.[522]

---

[519] *Background paper on SIPRI military expenditure data, 2010*, Stockholm International Peace Research Institute, достапно на: http://www.sipri.org./backgroundpaper/2010/; SIPRI Yearbook 2011:Armaments, Disarmaments and International Security, Stockholm International Peace Research Institute, достапно на: http://www.sipri.org/yearbook/2011/files/SIPRIYB11summary.pdf.

[520] *Background paper on SIPRI military expenditure data, 2010*, Stockholm International Peace Research Institute, достапно на: http://www.sipri.org./backgroundpaper/2010/

[521] SIPRI Yearbook 2011:Armaments, Disarmaments and International Security, Stockholm International Peace Research Institute, pp.10-11, достапно на: http://www.sipri.org/yearbook/2011/files/SIPRIYB11summary.pdf.

[522] *Background paper on SIPRI military expenditure data, 2010*, Stockholm International Peace Research Institute, достапно на: http://www.sipri.org./backgroundpaper/2010/

Значи, како што се глобализира светската трговија преку слободниот пристап до пазарите, така се глобализира и тргувањето со вооружување и опрема. Најголем удел во тоа имаат високоразвиените земји кои се поддржувачи на процесите на глобализацијата и често се појавуваат на глобалниот пазар како понудувачи или извозници на оружје. На спротивната страна се земјите од Третиот свет, претежно зависни од високо технолошките воени иновации на развиените држави.[523] Во тој контекст на глобализацијата се гледа и како на средство кое служи за пласирање на западните воени производи во земјите и регионите во развој.

Доколку овој тренд продолжи и понатаму со ваква динамика, по се изгледа, дека ќе има реперкусии врз безбедноста и стабилноста, кои најверојатно ќе ги ослаби демократските процеси и може да предизвика ескалација на нова трка во вооружување. Глобализираната милитаризација ќе остави безбедносни импликации за периодот што допрва доаѓа, бидејќи некои земји ја истакнаа желбата и волјата да ги промовираат своите воени достигнувања во слабите и неразвиени земји, кои често се критикувани од страна на високоразвиените за непочитување на човековите права, насилства, поддршка на тероризмот или за ниско ниво на демократизација.[524] Се чини дека од сите видови на меѓународна соработка помеѓу развиените и неразвиените земји, воената е таа која понекогаш преставува првична фаза за отворање на пазарот и воспоставување демократија со репресивни средства. Покрај тоа, глобализацијата придонесе за создавање на воена (не) рамнотежа и појава на нови центри на моќ, кои ќе предизвикат нови безбедносни импликации. Дури и кога сме зафатени со глобална економска рецесија и кога националните

---

[523] Richard F.Grimmett, CRS Report for Congress; Conventional Arms Transfers to Developing Nations, 1999-2006, September 26, 2007.

[524] Еден од виталните интереси на САД е поврзан за ширење на американските вредности преку надворешната политика. Оваа цел може да се оствари преку позитивен притисок врз останатите земји да ги прифатат човековите права, демократијата, забраната за ширење на нуклеарното оружје и др. Ваквата политика на САД која го поддржува униполаризмот ги наградува оние земји кои ја поддржуваат оваа визија на светски поредок, со бенефиции за пристап до американскиот пазар, финансиска или воена помош. Види во: Plevnik J., *Iza globalizacije*, Golden marketing, Zagreb, 2003, str.98.

економии се движат кон банкротство, трендот на глобализираната милитаризација не запира, напротив оди по нагорна линија.[525]

### 10.6.2. Глобализацијата, војните и конфликтите

Современата форма на глобализацијата паралелно разделува и обединува, глобализира и локализира, хомогенизира и хетерогенизира а тоа придонесува глобалната безбедност постојано да се наоѓа под притисок на разни радикални идеологии и нови моќни технологии кои го катапултираа светот во период на постојан конфликт, односно доведоа до нова ера на бескрајна војна.[526]

Несомнено глобализација генерира многу противречја и разновидни форми на кризи од економски, политички, безбедносни, социјални и еколошки карактер. Тоа ја зголемува веројатноста од појава на војни и конфликти од глобални размери. Оттука се претпоставува дека глобализациониот конфликт би се појавил на три рамништа и тоа: (1) конфликт меѓу транснационалните коорпорации; (2) конфликт меѓу водечките индустријализирани држави или региони, (САД, ЕУ, Јапонија,) и (3) конфликт меѓу развиените и неразвиените земји или Север против Југ.[527] Би додале и тоа дека постои можност од појава на конфликт на четврто рамниште и тоа меѓу ставовите на глобалистите, (преставниците на *Давос*) и антиглобалистите, (преставниците на *Порто Алегре*), околу тоа каков вид на светски систем треба да се воспостави.[528] Како што може да се забележи, првиот и четвртиот конфликти не се географски лоцирани и не преставуваат меѓудржавни конфликти туку се меѓу групи, слоеви, движења кои ги има насекаде низ светот. Затоа денес конфликтите се определуваат според една поширока основа од претходните периоди, па оттука

---

[525] Viotti P.R., Kauppi M.V., *International Relations and World Politics: Security, Economy, Identity* (third edition), Pearson education, New Jersey, 2007, p.241.

[526] *„A decade after the 9/11 attacks Americans live in an era of endless war“*, The Washington Post with Foreign Policy, 01.09.2011. http://www.washingtonpost.com/world/national-security/ a -decade –after- the- 911- attacks-americans- live- in- an- era- of- endless- war/2011/09/01_story.html.(10.09.2011)

[527] Недялкова А., Бауман З. и Филипов Д., *Глобализъм, Регионализъм и Антиглобализъм*, Албатрос, София, 2005, стр.196.

[528] Valerstin, I., *Opadanje Americke Moci*, CID Podgorica, 2004, str.253.

најчесто во литературата се сретнуваат следниве видови на конфликти : регионални, конфликти за ресурси, иредентистички и сепаратистички конфликти, етнички и религиозни конфликти, револуционерни и продемократски конфликти.[529]

Во научните кругови не се присутни само овие класификации. Имено, *Браун* посочува на неколку варијабли - фактори, кои се тригер за појава на конфликтите, поврзани се со ефектите од глобализацијата а се однесува на :

(1) *сШрукШурални факШори,* (слаби држави, внатрешно - државно безбедносни проблеми);

(2) *йолиШички факШори,* (дискриминаторски институции, ексклузивистичка национална идеологија, политика на елитите);

(3) *економско-социјални факШори,* (дискриминаторен економски систем, економска неразвиеност) и

(4) *кулШурни/йерцейШивни факШори,* (културна дискриминација, проблематична заемна историја на групите).[530]

Во многу нешта современите процеси на глобализација поттикнуваат ривалства помеѓу државите, групите и организациите во сферата на трговијата, инвестициите и иновациите. Сообразно на тоа, се зголемуваат и потребите за енергетски ресурси, при што, повторно во фокусот се прашањата поврзани со територијалните пратензии или на нерешени гранични прашања од кои лесно произлегуваат конфликтни ситуации и судири. Исто така, се поголемата вмреженост на различно ниво и во одделни области ќе влијае на политичката и економската стабилност во светот. Бидејќи бенефитите од глобализацијата нема да бидат универзални, ниту пак рамномерно ќе се распределат, нестабилноста и

---

[529] Георгиева Л., *Творење на мироШ: МироШ безбедносШа и конфликШиШе йо СШуденаШа војна*, Филозофски факултет, Скопје, 2007, стр.131.
[530] Превземено од: Ванковка Б., *Меѓународна безбедносШ: криШички йрисШай*, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр.111.

зголемената економска нееднаквост ќе ја определуваат состојбата на мирот и (не) безбедноста во светот.

Поради тоа, многу земји и региони ќе бидат отсечени и ќе се соочуваат со подлабока економска стагнација, политичка нестабилност и културно отуѓување при што се очекува тие да доведат до насилство и различни облици на екстремизам и вооружени конфликти.[531] Нобеловецот *Стиглиц* во однос на тоа истакнува дека доминантниот тек на глобализацијата не нуди прифатлива безбедносна перспектива на светот, запрашувајќи се притоа зошто глобализацијата како сила која донела толку добра, станала толку конзервативна?[532] Авторот укажува на тоа дека ризикот од војна помеѓу развиените е многу мал, но меѓународната заедница ќе се соочува со судири широм светот од релативно мали внатрешни побуни до регионални војни помеѓу државите. Потрагата по материјални, остварување на стратегиски интереси, ќе ги зголеми причините за конфликти меѓу различните актери, иако засега не постојат силни докази за директната корелација помеѓу економијата, трговијата и ризикот од вооружени конфликти. Напротив посилни се аргументите за позитивната страна на глобализацискиот систем кој може да биде наклонет кон превенција на конфликти. Имено, со интензивирање на економската и информатичката интеграција, растечката способност на поврзување и зближување на народите и нациите и зголемување на меѓузависноста, создава силна мрежа на ограничувања на државите и другите актери за конфликт или војна. Едноставно кажано како да глобализацијата делумно ја контролира состојбата во светот кога на дневен ред се прашањата поврзани со мирот и војната.

Оттука ќе се обидеме да дадеме релевантни одговори на прашањето: да ли процесите на глобализација имаа придонес во превенирање на конфликти и војни или уште повеќе придонесуваат за нивно зголемување?

Во време на глобализационата ера одредени податоци поврзани со социеталните, (цивилните, етничките) и меѓудржавните конфликти и војни

[531] Global Trends 2015: A Dialogue About the Future with Nongovernment Experts, NIC, 2000.
[532] Stiglic Dz., *Protivrecnosti globalizacije*, SBM-x, Beograd, 2002, str.18.

покажуваат дека тие се во опаѓање. Имено, постигнувајќи ја магнитудата во средината на 80-тите години на 20-от век, од тогаш, вооружените конфликти се редуцирале за повеќе од 60% до крајот на 2009 година, што покажува дека бројот на конфликтите се на пониско ниво од она во почетокот на 60-тите години на минатиот век. Според други податоци за периодот од 1946 до 2008 година се случиле околу 320 одделни "епизоди" на поголеми вооружени конфликти во 162 земји, додека во изминативе 25 години, една половина од земјите, (81 од 162 земји) имале искуство со некој вид на вооружен конфликт.[533]

Во периодот после Студената војна, глобализацијата зема полет. Таа е проследена со пораст на глобални ангажмани како што се воени и хуманитарни интервенции, чување и градење на мирот, медијации, набљудување на избори, потоа, ангажмани на невладини организации, и други видови на надворешна асистенција. Па така, според индикаторите на „*Global Report 2009*", истакнати преку четири димензии: безбедност, управување со земјата, економскиот и социјалниот развој, се илустрира дека во споредба со минатото (1995) во сите димензии постои напредок и подобрување на состојбата во поголем процент. Притоа се издвојува регионот на немуслиманска Африка, (го сочинуваат 33 земји), кој има највисока стапка на стагнација и распаѓање и преставува најголема опасност за стабилноста и безбедноста во регионот и пошироко. Вториот критичен регион е со муслиманските земји, (со околу 42 држави), во кој и покрај напредокот во споредба со минатото, сепак се присутни сериозни тензии поради нафтените ресурси и автократскиот поредок.[534]

За разлика од овие региони, Северноатланскиот во кој се земјите со највисок степен на развој во светот, преставува пример за интегрираност и стабилност, па оттука појавата за конфликти во рамките на овие општества, е речиси минимизирана или елиминирана. Тоа се должи на начинот на управување, (демократско) и на нивото на развој како клучни компоненти кои придонесуваат за

[533] Marshall M., and Cole B.,*Global Report 2009: Conflict, Governance, and State Fragility*, Center for Systemic Peace,2009, p.4.
[534] Исто.

избегнување на конфликтите во развиените земји. Наспроти тоа, сиромашните и неразвиените земји во кои е забележително отсуството на овие димензии, ги прави лесно подложни на вооружени конфликти.[535]

Тоа е потврдено и од страна на ООН, во чиј *Индекс на човеков развој*[536] е прикажан односот меѓу човековиот развој наспроти вооружените конфликти. Притоа е констатирано дека само 2.9% од државите со високо ниво на човеков развој имале искуство со конфликти за период од 10 години (1998-2007), за разлика од државите рангирани на среден степен (30.6%) и низок степен (54.5%) на човеков развој кои многу повеќе биле подложни на вооружени конфликти. Компарацијата може да се види на шемата бр.5.

**Шема бр.5**[537] - *Споредба меѓу државите со висок, среден и низок степен на човеков развој и подложноста на вооружени конфликти за период 1998-2007*




[535] Global Report on Conflict, Governance and State Fragility 2007: Gauging System Performance and Fragility in the Globalization Era, Foreign Policy Bulletin, Winter 2007, p.4.
[536] Human Development Report 2007/2008,UNDP. Достапно на: http://hdr.undp.org/en/reports/global/hdr2007-8/
[537] Armed Conflicts Report, *Human Development and Armed Conflicts 1998-2007*, Human Development Report 2007/2008 and Project Ploughshares ACR Data. Достапно на :http://www.ploughshares.ca/content/armed-conflicts-report.

Во сличен контекст се и анализите презентирани во публикацијата „*Peace and Conflict*" за 2010 година, каде се посочуваат петте ризични фактори кои продуцираат нестабилност и појава на вооружени конфликти, а се однесуваат на: институционалната конзистентност на поредокот, (политички системи - демократски или автократски - *политички домен*), отвореност кон меѓународната трговија, (*економски домен*), морталитетна стапка на децата, (*социо-економски домен*), степен на милитизираност на земјата, (*безбедносен домен*) и близина до соседна земја зафатена со вооружен конфликт (*безбедносен домен*).[538]

Според *Conflict Barometer* се посочува дека само во 2010 година се забележени 363 конфликти, (од кои 6 се војни и 22 жестоки кризи, 126 кризи, 100 манифестни и 109 латентни конфликти), што е за нијанса помалку во споредба со 2009 година каде што имало вкупно 368 конфликти. Слично како и во изминатите години причините за појава на конфликтите најчесто се наоѓаат во обидот да се промени политичкиот и економскиот систем во државата, (117 случаи), конфликти за ресурси, (80 случаи) и градење на националната моќ, (во 75 случаи).[539] Севкупно земено, секоја година почнувајќи од 2001 до 2010 год., (освен во 2007 год.), конфликтите поврзани со владеењето и политичкиот систем го надминувале бројот на конфликтите за територија. Во текот на целата декада, само два конфликта од вкупниот број на вооружени конфликти биле меѓу држави. Тоа покажува дека причините за конфликти се лоцирани во слабостите на самото општество.[540] Во табелата подолу може да се види хронолошкиот тек на поголемите вооружени конфликти во различни региони.

[538] Hewitt, Joseph, et al. *Peace and Conflict 2010,* Center for International Development and Conflict Management, University of Maryland, 2010, p.3.

[539] Conflict Barometer 2010, Heidelberg Institute for International Conflict Research, University of Heidelberg,2010, p.2-3. Достапно на: http://www.hiik.de/en/conflictbarometer/pdf/2010

[540] SIPRI Yearbook 2011: Armaments, Disarmaments and International Security, Stockholm International Peace Research Institute. Достапно на: http://www.sipri.org/yearbook/2011/files/SIPRIYB11summary.pdf.

**Табела бр.5** - *Регионална дистрибуција и број на поголеми вооружени конфликти за период 2000-2010год.*

| Регион | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Африка | 9 | 8 | 7 | 6 | 6 | 3 | 3 | 1 | 3 | 4 | 4 |
| Америка | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Азија | 7 | 7 | 7 | 7 | 6 | 7 | 7 | 6 | 7 | 7 | 5 |
| Европа | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | / | / | / |
| С.Исток | 4 | 3 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| **Вкупно** | **23** | **22** | **20** | **20** | **19** | **17** | **17** | **14** | **16** | **17** | **15** |

Извор: Harbon L. and Wallensteen P., Appendix 2A. *Patterns of major armed conflicts, 1999-2008,* in: SIPRI Yearbook 2009 : достапно на: http://www.sipri.org/yearbook/2009/02/02A; Themner L. and Wallensteen P., *Patterns of major armed conflicts 2001-10* in: SIPRI Yearbook 2011: Armaments, Disarmaments and International Security, Stockholm International Peace Research Institute, достапно на: http://www.sipri.org/yearbook/2011/files/SIPRIYB11summary.pdf

Всушност ова е приказ за поделеноста на глобалниот систем. Некои автори, (*Холсти, Сингер и Вилдавски*) оваа диференцираност која е резултат од ефектите на глобализацијата ја категоризираат по однос на зони. Па така според нив светот е поделен на зони на мирот, воени зони и невоени зони.[541] *Зоните на мирот* ги опфаќаат високоразвиените западни земји во кои конфликтите и војните се незамислива категорија, особено не во меѓусебните односи, затоа што имаат имплементирано заеднички норми и вредности и висок степен на економска-трговска меѓуповрзаност. Овие земји од северната хемисфера, предводници на глобализацијата, имаат монопол над современите процеси на производство, контрола над светските финансиски институции и доминираат во воената сфера. Типичен пример за зона на мирот е Европската унија.

*Воените зони* ги зафаќаат слабите држави од Третиот свет или поточно неиндустријализираните земји кои имаат редица внатрешни недостатоци во однос на легитимитетот и ефикасноста, во кои нема внатрешна контрола и поредок, обременети се со сиромаштија, невработеност, хаос, немири и социјални, етнички и верски судири, што прави тие да бидат жаришта на вооружени конфликти. Овие земји и региони се претвораат во трајни *„зони на немир и хаос"*.

Третата категорија се *невоените зони* кои делат некои од особините на слабите држави меѓу кои се воените интервенции и кризи, постои трка во вооружување, но

[541] Holsti,K.J., *The State, war and the state of war*, University Press, Cambridge,1996.

сепак се дистанцирани од војни и конфликти меѓу државите.[542] Имено од 1945 год. до денес над 90% од војните и вооружените конфликти се одвивале токму во земјите во развој лоцирани на јужната хемисфера.[543]

Оваа категоризација ги идентификува и релациите помеѓу слабите и силните држави, т.е. помеѓу развиените и неразвиените држави. Како индикатори за ваквата распределба се земени предвид демократијата, економскиот развој и мирот кои засега одат во прилог на земјите од првиот свет, (зоните на мирот). Авторите *Сингер* и *Вилдавски* пишуваат дека „*зоните на стабилност*", (Западна Европа, САД и Канада, Австралија и Нов Зеланд, Јужна Америка и Јапонија кои чинат 15% од светското население) и „*зоните на криза*", (кои сочинуваат 85% од населението во светот), стануваат дел од реалноста и случувањата во меѓународните односи а истите ќе придонесат за нов вид на поделби.Тие сметаат дека се појавуваат подрачја на стабилност и просперитет и подрачја во кои владеат немири, конфликти, глад и сиромаштија. Така што "големата зона на мир" ќе расте и зајакнува на сметка на "*зоната на немир*", односно неразвиените општества се повеќе ќе преставуваат слика за иднината. Тоа преставува едно црно сценарио доколку силите на глобализацијата не направат потег кој ќе доведе до баланс меѓу развиените и неразвиените општества во меѓународните односи.[544] Притоа, политичките, економските и културните детерминанти се главна причина за ваквата долгорочна нееднаква распределба помеѓу регионите во светот. Меѓународните организации, (ООН, ЕУ, НАТО), малку придонесоа за подобрување на состојбата меѓу зоните на мирот и зоните на немир, а уште помалку беа гаранти за мирот и стабилноста во односите помеѓу развиените и неразвиените општества. Оттука може да се говори за состојба на *status quo* кога се расправа за старо-новите глобални безбедносни случувања, затоа што светот поделен на две или три целини (зони) има потреба од исто толку безбедносни политики и начини на размислувања кои во денешниве сложени околности тешко се остваруваат.

---

[542] Исто, стр.183.
[543] Risar Z.F., *Tacno u podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni*, Clio, Beograd,2008, str.121.
[544] Singer M. and Wildawsky A., во: Vukadinovic. R., *Medunarodni Odnosi od Hladnog rata do Globalnog Poretka*, Agencija za komercijalnu delatnost, Zagreb, 2001, str.237,402.

Засега, взаемната зависност, меѓуповрзаноста и отвореноста на границите не придонесоа за намалување на конфликтниот синдром кој се јавува онаму каде што постои висок степен на сиромаштија и беда, слаба економска поврзаност со глобалниот систем, висок степен на невработеност, отсуство на поредок и висок степен на милитаризираност. Напротив, поврзаноста и отвореноста помеѓу земјите во ризичните региони помогна социо-економската катастрофа од една земја да се прошири во соседните држави. Со тоа, се повеќе се зголемија изгледите нестабилните региони од светот длабоко да навлезат во хаосот и беспоредок што со сигурност ќе се одрази на глобалната безбедносна состојба. Тоа наговестува дека меѓународните безбедносни авторитети, за долг временски период, ќе останат во критичните деловите од светот со цел да превенираат колапс на општествата.

Оттука, сметаме дека глобализацијата е причинител за редица конфликти кои се поврзани со проблемите на идентитетите, културата, сиромаштијата и ресурсите, при што конфликтите како бумеранг можат да се вратат и да влијаат врз динамиката на процесите на глобализацијата. Овој взаемен однос се рефлектира на степенот на безбедност во и надвор од националните граници и ги зголемува формите кои придонесуваат за поголема несигурност во меѓународните односи.[545] Сепак постојат можности тековите на глобализацијата да донесат "ново руво" преку различни политички, економски, информатичко-технолошки и општествени промени со кои ќе можат да се закрепнат послабите земји и региони.

Со отворање на интеграционите можности за континуиран развој се чини дека воените зони можат да се придвижат кон зоните на мирот и стабилноста, односно зголемувањето на зоните на мирот да оди на "штета" на намалување на зоните на немирот. Оваа визија е остварлива, но само доколку воената димензија на глобализацијата, изразена преку глобалната милитаризација, се пренасочи кон пацифистичката и хуманата димензија на глобализацијата.

[545] Георгиева Л., „*Безбедносни импликации на глобализацијата: Конфликтите и превенцијата како норма на безбедносната политика*" Глобализацијата, мирот и безбедноста, Министерство за одбрана на РМ и Филозофски факултет, Скопје, (2008): 65-81.

## 10.7. Глобализацијата и мирот

Со проширување и забрзување на меѓузависноста во меѓународните односи, истовремено се редефинираа старите теории но се градеше и нова мисла за концептите на мирот и безбедноста. Како што е познато, меѓу нив најзастапена е (нео)реалистичката теорија во која се нагласуваше улогата на суверената држава, зачувување на *status quo* состојбата а мирот и правдата не се вредности за кои треба да се жртвува безбедноста и стабилноста на меѓународниот поредок. Единствените вредности, според оваа парадигма, е стабилноста и безбедноста при што во доменот на високата политика се безбедносно-воените прашања а на ниската, економските, еколошките и прашањата за човековите права. Наспроти реалистичките ставови, за неолибералните застапници, мирот и правдата се вистинските вредности кои се предуслов за стабилност и безбедност на светскиот поредок. Покрај овие познати теории за меѓународните односи, се појави релативно нова теорија позната како алтернативна критичка теорија, чии преставници, соочени со неправедната распределба на моќ вниманието го насочија кон решавање на проблемите поврзани со сиромаштијата, нееднаквоста, гладот, неправдата и еколошката нерамнотежа. Односно, опфатени се сите области на човековата дејност, од политичка до економска, социјална и еколошка, а се непосредно поврзани со глобализацијата.[546]

Системот на рамнотежа на силите не стекна доверба и не донесе сигурност на државите и народите, напротив, се појавија стоттина крвави меѓудржавни и регионални конфликти, воени интервенции, граѓански војни и побуни, што придонесе светот да биде посложен, небезбеден и помалку предвидлив во времињата што доаѓаат.

Соолгед на тоа дека глобализацијата предизвикува фрустрација и незадоволство кај обесправените народи, појавата на тензии ќе бидат изразени повеќе во земјите со слаб или стагнирачки раст а со тоа и антиглобализациските и антизападните

[546] Simic D., *Svetska politika, Medudrzavni i medunarodni poredak, Svetska politika, Globalni odnosi*, Fakultet politickih nauka i Cigoja stampa, Beograd, 2009.

движења ќе добијат на интензитет, што ќе бидат и најголемата закана за мирот и стабилноста во регионите кои се под просечното ниво на развој.[547]

Оттука, произлегува суштинскиот проблем на релацијата глобализацијата и мирот, односно, што кога таа нема да ги продуцира очекуваните резултати во многу региони низ светот, проследено со појава на редица незадоволства и конфликти. Во тој контекст еден од еминентните проучувачи на мирот *Галшунг* визиите за мирот за 21 век ги гледа преку тријаголникот: *дијагноза-прогноза - шерапија,* и како што вели тој, треба да се трага по причините, условите и контекстите во различни сфери на природата, човекот, општеството, светот, времето и културата. Според него трансдисциплинарниот спектар ја опишува сложеноста и проблематичноста при истражувањето на мирот во практични услови.[548] Секој кус и ограничен пристап не ќе може да даде целосна слика за проучување на мирот особено во современите и динамични глобализациски процеси. Во таа смисла тој разликува четири облици на моќ: културна, економска, воена и политичка како и четири видови на насилство а соглед на тоа и четири видови на мир. За него директното насилство произлегува од структурата на политичките одлуки и економските трансакции, а под нив се крие културата која некои постапки ги легитимизира а други делегитимизира.[549] Тој смета дека од културата преку политиката и од економијата кон војската, а не обратно, е насоката која води кон директно насилство.[550] Но, сепак постојат дилеми по однос на ова видување, бидејќи четирите димензии кои ги споменува *Галшунг,* (политичката, економската, културната и воената), паралелно водат кон зачувување на мирот но и кон појава на насилство, поларизација, фрагментација и маргинализација во глобални рамки. Од друга страна, тоа се поткрепува и со видувањата на *Ханшингшон* кој потенцира дека мирот во иднина ќе зависи од одговорот на прашањето „кои сме", бидејќи светот и понатаму останува поделен на „ТИЕ" и „НИЕ", што укажува на културната димензија како тригер за

---

[547] Kugler, Richard L., *Policy Analysis in National Security Affairs: New Methods for a New Era,* National Defense University Press, Washington D.C., 2006, p.191.
[548] Galtung J., *Mirnim sredstvima do mira: Mir i sukob, razvoj i civilizacija,* NVO-Jugoistok XXI – Centar za Evro-balkansku saradnju, JP Sluzbeni glasnik, 2009, str.13.
[549] Исто,стр.15.
[550] Исто, стр.16.

(не)стабилност и отсуство на мир. Спротивно од ова е концептот на светска заедница, според кој, со постмодерната интеграција на идентитетот се оди кон траен мир т.е. кон кантоновиот вечен мир, (нешто слично на она што е ЕУ, која поради нејзиниот придонес за мирот и помирувањето, демократијата и човековите права се стекна со нобелова награда за мир за 2012 година).

Оттука, се запрашуваме: да ли современата глобализацијата води кон мир или постепено ја губи конекцијата со мирот?[551] Трагањето по вистински одговори за односот на глобализацијата и мирот е комплексно а резултатите лесно можат да бидат компромитирани, бидејќи мирот го поткопуваат разни сили кои се поврзани со ефектите на глобализацијата а се однесуваат на сиромаштијата, економијата, енергијата, демографијата, климата, трговијата, културата и религијата.[552] Сите овие модификувани, “модерни“, непријатели на мирот го спорат напредокот во светот.

Широко употребуваниот класичен концепт за безбедност во национални и меѓународни рамки остави мал простор за промоција на другите суштински пристапи поврзани со правда, слобода и мир. Покрај безбедноста и проблемите со мирот и војната, се појавија и нови поинакви концепти кои се испреплетуваат со социјалната држава, заштита на животната средина и правата на човекот. Оттука современиот свет навлегува во нова фаза на процеси кои носат редица предизвици, неизвесности и доста конфликтни ситуации. Затоа на дневниот ред во меѓународните односи, покрај националните интереси и балансот на силите се најдоа темите поврзани за зачувување на светскиот мир и благосостојбата. За многумина глобализациските процеси со намера да го обединат светот ќе доведат до мир, слично на изреката на *Менције* кој вели „мирот ќе настапи тогаш кога светот

[551] Експертите кои го проучуваат односот на глобализацијата со мирот, немаат прецизен научен одговор на ова прашање, бидејќи сметаат дека главната цел на глобализацијата е поврзана со економските аспекти, односно со профитот а не со мирот. Затоа кога станува збор за истражување на глобализацијата и мирот, првенствено се тргнува од економската глобализација и нејзините последици врз мирот, а помалку од влијанието на останатите аспекти на глобализацијата врз мирот.

[552] Kanton Dz.,*Ekstremna buducnost:Najznacajnije tendencije koji ce promjeniti svet u narednih pet, deset i dvadeset godina*, Clio, Beograd,2009, str.284.

ќе се обедини, односно светот ќе ги обедини оние кои не уживаат во убивање“.[553] Имено, се забележува дека светот станува се повеќе поврзан и меѓузависен , па така би требало мирот да биде помалку делива категорија, т.е. “мир за едни да значи мир за сите“. Во тој контекст ќе презентираме одделни ставови кои се споменуваат во светската литература а се непосредно поврзани за мирот. Се работи за следниве :

- пораст на бројот на демократизирани земји во светот, (демократскиот модел има успешна улога во промоција на мирот и разрешување на конфликтите);
- пораст на економската меѓузависност, (взаемно зависните земји во сферата на економија ги намалува побудите за војни и конфликти) и пораст на животниот стандард;
- пораст на бројот на меѓународни институции и организации, (истите овозможуваат поголема контрола, посредување при појава на конфликти и превентивно делување во случај на загрозување на мирот);
- пораст и влијание на меѓународните норми против насилството, (како на пример за воени злосторства и геноциди) и
- пораст на нивото на образование и пристап до иновации, (како интернет и друга технологија).

Од погоре изнесеното може да констатираме дека, во некои аспекти помалку а во други повеќе, трендовите на глобализацијата помогнале во редукција на насилството и конфликтите. Тоа го потврдува и *Центарот за човечка безбедност*, во чиј извештај се констатира пад од 40% на вооружените судири во светот по 1991 година, намалување за 80% на бројот на геноциди од 1988 до 2001 година, пад од 70% на бројот на меѓународни кризи помеѓу 1981 и 2001 година, намалување за 45% на бројот на бегалци помеѓу 1992 и 2003 година и пад од 98% на просечниот број на смртни случаи во борба на годишно ниво.[554]

---

[553] Fung-Ju Lan, *Istorija kineske filozofije*, Nolit, Beograd,1992.

[554] Ачарја А., *„Човечка безбедност“*, во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, (превод), Табернакул, (2009): 490-505.

Доколку овој предизвик меѓу глобализацијата и мирот го сведеме на ниво на земји, тогаш можеме да воочиме дека сепак најглобализираните западни земји се тие кои се наоѓаат на врвот на пирамидата во промоција на мирот во светски рамки. Тоа може да се види подолу во табелата каде што се земени предвид податоците на *Global Peace Index* за одреден временски период и каде што се опфатени 23 индикатори, (на пр.трошоците за одбрана, односите со соседите, почитување на човековите права, нивото на демократија и др.)

**Табела бр.6** - *Најмиролубивиӣе и најконфликӣниӣе земји во свеӣоӣ за ӣериод од 2007-2011 ӣод.*

| Земја | Редослед 2011 | 2010 | 2009 | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|
| Нов Зеланд | 2 | 1 | 1 | 4 | 2 |
| Исланд | 1 | 2 | 4 | 1 | / |
| Јапонија | 3 | 3 | 7 | 5 | 5 |
| Австрија | 6 | 4 | 5 | 10 | 10 |
| Норвешка | 9 | 5 | 2 | 3 | 1 |
| Ирска | 11 | 6 | 12 | 6 | 4 |
| Данска | 4 | 7 | 2 | 2 | 3 |
| Луксембург | / | 8 | 13 | 9 | / |
| Финска | 7 | 9 | 9 | 8 | 6 |
| Шведска | 13 | 10 | 6 | 13 | 7 |
| ДР Конго | 148 | 140 | 139 | 128 | / |
| Чад | 141 | 141 | 138 | 135 | / |
| Грузија | 134 | 142 | 134 | / | / |
| Русија | 147 | 143 | 136 | 131 | 118 |
| Израел | 145 | 144 | 141 | 136 | 119 |
| Пакистан | 146 | 145 | 137 | 127 | 115 |
| Судан | 151 | 146 | 140 | 138 | 120 |
| Авганистан | 150 | 147 | 143 | 137 | / |
| Сомалија | 153 | 148 | 142 | 139 | / |
| Ирак | 152 | 149 | 144 | 140 | 121 |

Извор: Global Peace Index,Institute for Economics & Peace

Од табелата е воочливо мало опаѓање на миролубивоста кај земјите односно севкупно нивото на мир се намалило кај 62% од прикажаните 149 земји. Очигледни се варијации од година во година кај одредени земји а се должат на промените кои настанале во земјата или соседството. Истиот извор проценува дека монетарната

вредност на мирот за период од 2006 до 2009 год. изнесувал, односно светот имал заштедено 28.2 трилиони долари од примирја или прекин на насилствата.[555]

Но, ако се погледне подлабоко во минатото ќе се дојде до поинакви сознанија. Се смета дека во 3.000 годишната човекова историја само 300 години, (или 10% од тоа време), поминале во мир, без вооружени конфликти и војни.[556] Односно, според *Меѓународниот Институт за проучување на мирот,* во човековата историја забележани се 14.568 војни во кои животот го загубиле 3.7 милијарди луѓе.[557] Од друга страна пак, по завршување на Втората светска војна, не е поминат ниту еден ден без војна,[558] а во истиот период, во војни и во насилни судири, се убиени околу 50 до 51 милиони луѓе, така што оваа тенденцијата која води кон пораст на нивото на насилство не запира.[559] Значи ли тоа дека потребата за војна и насилство се вградени во темелите на западната цивилизација, односно во култот на актуелните промотори на современата глобализација?

Делумно точна е тезата дека демократиите не војуваат бидејќи демократијата поттикнува иновации, иновациите поттикнуваат напредок, а напредокот овозможува отворени слободни општества кои се спротивставуваат на теророт и војните. Оваа релација најдобро се прикажува со формулата *I+C+D=P2* (*Innovation + Capitalism + Democracy = Prosperity and Peace*).[560] Оваа формула ќе ја образложиме во понатамошниот дел од истражувањето.

Но, медалот има и друга страна која се противи на тезата дека демократските земји се мирољубиви, тие се демократски дома и во односите помеѓу себе, но воинствени надвор, (пред се со авторитарните земји). Постојат податоци кои укажуваат дека после Втората светска војна земјите кои најчесто учествувале во војни и воени

---

[555] Global Peace Index:how does each country compare?,Institute for Economics & Peace, 2011, http://www.guardian.co.uk/news/datablog/2011/jan/17/global-peace-index

[556] Pavlovic V., *Drustveni pokreti i promene*, Sluzbeni glasnik i Zavod za udzbenike, Beograd, 2009, str.199.

[557] Превземено од: Vidojevic Z., *Demokratija na zalasku:Autoritarno-totalitarna pretnja*, Sluzbeni glasnik, 2010, str.109.

[558] Kigli C.V., i Vitkof J.R., *Svetska politika, trend i transformacije*, Centar za studije jugoistocne Evrope, Fakultet politickih nauka, Diplomatska akademija, Beograd, 2004, str.578, 581.

[559] Исто,стр.581.

[560] Формулата значи: Иновации + Капитализам + Демократија = Просперитет и Мир. Види во: Kanton Dz.,*Ekstremna budućnost:Najznacajnije tendencije koji ce promjeniti svet u narednih pet, deset i dvadeset godina*, Clio, Beograd, 2009, str.81.

дејства биле токму западните, (САД, Обединетото кралство, Франција и др.), застапници на демократијата, слободата и човековите права. Дури и најголем број на земји кои учествувале во воени коалиции предводени од меѓународни организации, (како НАТО), биле токму демократските земји.[561] Тоа не принудува да ја преформулираме тезата дека колку повеќе земјите се демократски и економски моќни толку повеќе се воинствени, но надвор од националните граници, и не помеѓу демократските земји.

### 10.8. Ефектите од глобализацијата врз мирот

Вниманието во овој дел од трудот ќе го насочиме кон одредени теории кои ги прикажуваат позитивните и негативните консеквенци од глобализацијата врз мирот. Притоа, најистакнати се економските аспекти на глобализацијата кои честопатти се поврзуваат со мирот и благосостојбата, додека многу малку внимание се посветува на останатите области на глобализацијата и нивното влијание врз мирот.

Во тој контекст сметаме дека мирот во услови на современата глобализација ќе се остварува низ три радикално различни концепти, а тие се :

1) мир преку отвореност, транснационална соработка и интеграција;
2) мир наметнат со присила и
3) остварување на мирот низ призма на политичка, економска, воена, културна, идеолошка и религиска спротивставеност и напнатост, (меѓу демократските и недемократските земји, капиталистичките наспроти антикапиталистичките земји, Север - Југ и Исток -Запад).

Потенцираме дека најмногу актуелни се оние мислења и теории кои се градат врз база на пазарната економија и слободната трговија, односно градење и

[561] Galtung J., *Mirnim sredstvima do mira: Mir i sukob, razvoj i civilizacija*, NVO-Jugoistok XXI – Centar za Evro-balkansku saradnju, JP Sluzbeni glasnik, 2009, str.79.

чување на мирот преку економската глобализација. Едни се согласуваат дека економската меѓузависност и слободата на пазарот се единствениот пат кој води кон мир и просперитет, додека други велат дека конкурентноста меѓу земјите и меѓу регионите ќе доведе до конфликти и судири. Тоа го потврдува и податокот дека земјите членки на *Организацијата за економска соработка и развој* (OECD) никогаш не војувале помеѓу себе дури од 1945 година или воопшто немало вооружени конфликти помеѓу високоразвиените земји од Северот. Всушност, тоа се размислувањата на либералите кои сметаат дека отворената и слободна економија води кон повисоко ниво на економски развој и непосредно продонесуваат за мирот и промоцијата на демократските вредности. Како индикатори кои се поврзани за економскиот развој, мирот и безбедноста се земени предвид: бруто домашниот производ, странските инвестиции, невработеноста, економскиот раст, почитување на човековите права, религиозните и етнички права и слободи. Тие засега се на многу високо ниво во земјите од Првиот свет, отколку во останатите земји. Затоа последиците од процесите на глобализацијата, развиените земји ги решаваат исклучиво по пат на кооперација а не низ конфронтација што им носи огромна предност во однос на неразвиените земји. За таа цел ќе прикажеме два модели, (либералниот и структуралниот), кои пред се сè поврзани за економската глобализација и нејзиното влијание врз мирот.

**Шема бр.6**[562]**-** *Либерален модел*




Корелацијата на глобализацијата со мирот, се јавува така што во новонастанатите услови се појавуваат нови актери на меѓународната сцена од кои

[562] Hegre H. et al., *Globalization and Internal Conflict* in: Schneider G.et al. *Globalization and Armed Conflict*, Rowman &Littlefield Publishers, Inc.,USA, 2003, pp.251-275.

произлегуваат разни иницијативи за супранационално управување, што овозможува поголема контрола над државите и организациите во повеќе аспекти. Оттука конекцијата на глобализацијата со мирот ја гледаме во неколку сегменти, а тие се:

- глобализацијата преку ширењето на капиталот ја зголемува глобалната меѓузависност и поврзаност меѓу земјите;
- супранационалното управување ја зголемува можноста за поголема контрола над државите во вооружувањето, пролиферацијата на оружје, трговија со оружје, тестирање и разместување на нуклеарни боеви глави и решавање на конфликтите;[563]
- зголемениот број на институции, тела, организации, (недржавни актери), придонесуваат за воспоставување на мирот и стабилноста во светот;
- се повеќе се зголемува улогата и подобруваат капацитетите на мултинационалните меѓународни сили за делување при појава на конфликти и кризи на далечни растојанија.

За разлика од претходната теза на либералите, структуралистите кои вообичаено се нарекуваат антиглобалисти, констатираат дека трговијата и странските инвестиции се форма на капиталистичка експлоатација на земјите во развој и трансфер на профитот во империјалните центри. Тие сметаат дека процесите на економската глобализација, кои имаат нееднаквата трговска размена и распределба, промовираат сиромаштија, нееднаквост, социјални немири и конфликти во рамките на земјите во развој. Според нив, доколку продолжи и понатаму оваа диспропорција во економијата, тогаш не може да се донесе мир и развој во неразвиените или конфликтните зони како што се Авганистан, Сиера Леоне, Колумбија, ДР Конго, Сомалија и др.(*види шема бр.7*).

Неоспорена е тезата за причинско-последичниот однос меѓу економскиот развој и зачувувањето на мирот, односно нарушувањето на мирот и безбедноста се поврзани

---

[563] Solte A.J., *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str.312.

токму со регионите и земјите во кои живее повеќе од половината од светското население а кои имаат ниско ниво на економска развиеност и низок доход по глава на жител.[564]

**Шема бр.7**[565]- *Структурален ( антиглобалистички) модел*




Во тој контекст ќе ги проследиме негативните ефекти од глобализацијата врз мирот а се однесуваат на следново :

- процесите на глобализацијата продуцираат редица на нееднаквости, притоа создаваат категории на победници и поразени, превилегирани и угнетени ;
- се поизразено е мешањето на земјите од Северот во внатрешните работи на земјите од Југот;
- се повеќе растат трошоците за одбрана при што се појавува процес на глобална милитаризација а во пораст се и глобалните пазари на оружје и воена технологија;
- информатичко-технолошкиот и комуникациски напредок во голема мера доведоа до поголема напнатост и несигурност во светот;
- зголемената нееднаквост, финансиска нестабилност и кризи, доведоа до миграциони движења насекаде низ светот, при што ја влошија социоекономската и безбедносната состојба во повеќе земји и региони и
- незадоволството од глобализацијата продуцира нови облици на насилство и терор а во пораст се и недржавните групи кои ја застапуваат ултранационалистичката, расистичката, религиозната и друг вид на радикална политика.

[564] Гоцевски Т., *Економскиот развој и мирот*, Филозофски факултет, Скопје, 2011,стр.16.
[565] Hegre H. et al., *Globalization and Internal Conflict* in: Schneider G.et al. *Globalization and Armed Conflict*, Rowman &Littlefield Publishers, Inc.,USA, 2003, p.255.

За некои редуцирањето на негативните консеквенци од глобализацијата е залудно, затоа што мирот асоцира на апстрактна именка, а во некои земји дури и го маргинализираат мирот или го толкуваат само во поединечни ситуации од кои би имале политички, економски и воени интереси.[566] Парадоксално е тоа што светското општество треба да се раководи според вредностите застапени во Повелбата на ООН, меѓу кои се зачувување на меѓународниот мир и безбедност, државната сувереност, самоопределувањето, недискриминацијата, ненасилството и други вредности кои се продукт на развиените, моќните и глобализираните земји а кои се помалку се придржуваат до нив. По се изгледа дека определбите во Повелбата се наменети за другите земји и народи, а не за земјите од Првиот свет.

Прашањата за мирот и безбедноста гледани преку улогата на ООН и на другите меѓународни организации имаат доста осетлив карактер, а понекогаш содржат и контрадикторност. Имено, после завршувањето на Студената војна се проширија агендите за мир и безбедност а набрзина се зголемија активностите поврзани за превентивна дипломатија, миротворење, одржување и чување на мирот и постконфликтно градење на мирот, со цел да се спречат етничките и религиозните судири, граѓанските војни, војните за територии и природни ресурси. Дека состојбата во светот во изминативе години била хаотична и нестабилна ја потврдуваат следниве податоци:

- само во 2010 година се спроведени 52 мултилатерални мировни операции на 32 локации во светот. Од нив 20 операции биле под ингеренции на ООН, 12 операции под Европската унија, 3 под НАТО, 7 под ОБСЕ, 6 под ингеренции на *ad hoc* коалиции, додека останатите мировни операции им припаѓале на други организации;[567]

[566] На почетокот на 2011 год., Преставничкиот дом на Соединетите Американски Држави изгласал укинување на сите фондови наменети за *Институтот за мир*, формиран од страна на Конгресот на САД, бидејќи за конгресмените зборот мир на името на овој Институт им преставувал трн во око. Извор: „*A decade after the 9/11 attacks americans live in an era of endless war*", The Washington Post with Foreign Policy, 01.09.2011. http://www.washingtonpost.com/world/national-security/ a -decade –after- the- 911- attacks- americans- live- in- an- era- of- endless- war/2011/09/01_story.html.(10.09.2011)

[567] SIPRI Yearbook 2011:Armaments, Disarmaments and International Security, Stockholm International Peace Research Institute, pp.6 -7. Достапно на: http://www.sipri.org/yearbook/2011/files/SIPRIYB11summary.pdf.

- од 2000 до 2010 год. постојано расте бројот на мировниците под ингеренции на ООН,[568] а вклучувајќи ги и останатите меѓународни регионални организации - НАТО, Африканска унија, Европската унија, ОБСЕ, бројот на чуварите на мирот за период од една година (од 2009 до 2010 год.) се зголемил за 32%.[569] За истиот период, бројот на трупите на НАТО се зголемил за 57%. Од вкупните 260.000 мировници, најголем број од нив им припаѓале на НАТО, (со 140.000 персонал) и ООН, (со над 100.000 персонал );[570]
- одобрениот буџет на ООН за период од две години (2012-2013) изнесува 5.15 милијарди долари што е помалку од 0.5% од светските трошоци за одбрана и воени операции.[571] Од друга страна, програмите на ООН, (економските, хуманитарните, социјалните и др.), наменети за помош на најсиромашните земји во светот имаат вредност од 10.5 милијарди долари на годишно ниво, а операциите на ООН за една година за чување на мирот изнесуваат околу 5 милијарди долари.[572]

Во изминатите две децении, најрелевантните меѓународни организации мисиите за чување и одржување на мирот ги реализирале претежно во земјите и регионите од јужната хемисфера, како што се Босна и Херцеговина, Косово, Авганистан, Ирак, Судан, ДР Конго, Грузија, Сомалија, Чад, Либија и др. Тоа се земји обременети со висок степен на сиромаштија а се наоѓаат на дното во светската хиерархија. Тоа ја покажува реалната состојба во светот, односно колку овие земји заостануваат зад другите држави во развојот, при што воопшто не можат да ги почувствуваат бенефитите од економската глобализација. Затоа се и лесно ранливи одвнатре, бидејќи постои спротивставеност меѓу групите или заедниците, голема нетрпеливост и опасност од фрагментација на општествата по разни основи што ги

---

[568] Annual Review of Global Peace Operations, 2011, Center on International Cooperation, Lynne Rienner, 2011,p.5.

[569] Исто, стр.4.

[570] SIPRI Yearbook 2011 Armaments, Disarmaments and International Security, Stockholm International Peace Research Institute, p.7.

[571] Организацијата на обединетите нации (ООН) имала помал буџет дури и од њујоршкото противпожарно одделение и помалку материјални можности од градот Стокхолм. Превземено од: Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009; "*Ban welcomes approval of UN budget for next two years*", достапно на: http://www.un.org/apps/ news/story.asp.

[572] UN Financial Crisis, Global Policy Forum (accessed February 25, 2007)

прави да бидат потенцијална мета или предмет на расправа за воени интервенции, превенција или чување на мирот од страна на меѓународните авторитети.

## 10.9. Глобализацијата и неконекцијата со мирот

Глобализацијата неможе "преку ноќ" да донесе благосостојба и мир во земјите кои имаат редица недостатоци. Но, сепак, земјите имаат можност да се прилагодат кон оној модел што го применуваат поголемиот број од земји во светот. Притоа, се појавува дилемата колку и дали можат да се имплементираат либералните норми и вредности во земјите кои воопшто немале либерална традиција и искуство? Да ли примената на либералниот модел ќе резултира со успех во неразвиените општества и дали ќе им донесе мир?

Засега овој модел донел многу позитивни резултати, иако во светот постојат земји со автократски режими кои сепак имаат солиден економски развој а мирот кај нив воопшто не бил компромитиран. Постојат и спротивни примери, кога во одредени високоразвиени западни земји, слободата во нивните општества придонела за загрозување на мирот. Оттука, сметаме дека неолибералниот проект на кој се базира денешната глобализација сеуште е незавршен процес, бидејќи конфликтите, несигурноста, војните, насилствата и геноцидите се актуелни теми во многу делови од светот. "Вината" треба да се бара во неолибералните принципи за кои не можеме со сигурност да потврдиме дека водат кон остварување на мирот.

Затоа логички е да се побара одговор на прашањето: како да се променат одделни глобализациски процеси со цел да не наштетат на мирот, безбедноста и просперитетот? Средствата за оваа цел можат да варираат од економски, политички, општествени дури и крајно радикални, воените. Засега анализите покажуваат дека односите во трговијата придонесуваат за мирот и стабилноста. Вмрежаноста и меѓузависноста помеѓу земјите во економијата прават тие да се чувствуваат побезбедно а војната и конфликтите да се сè повеќе незамисливи во меѓусебните релации. Навистина, во последниве дваесеттина години бројот на вооружените

конфликти помеѓу државите е намален, зголемен е бројот на демократизираните земји во светот, па може со одредена доза на опрез да се констатира дека процесите на глобализација во многу нешта придонеле светот да биде побезбедно место за живеење. Оттука логиката на процесите на глобализација е тие да водат кон интеграција и обединување кои непосредно се поврзани за мирот, слободата и просперитетот. Но, постојат и други размислувања и показатели кои не се совпаѓаат со тезата дека меѓународната трговска размена е најдобар "противотров" за војната и конфликтите, бидејќи тоа оди во прилог само на одредени земји и остава редица консеквенци кои продуцираат победници и поразени. Сметаме дека стабилизирачките ефекти од економската глобализација се предимензионирани и нереални , бидејќи таа е производ од и за богатите земји и народи. Нејзините главни аспекти поврзани со остварувањето на поголем профит, создавање на нови пазари и креирање мрежа на меѓузависност се контрадикторни со политиката за промовирање и зачувување на светскиот мир по пат на воена сила или милитаризација на меѓународните односи.

Всушност, актуелните мировни мисии се резултат на противречностите на капиталистичкиот систем кој се манифестира со нестабилност и нееднаква дистрибуција на поволности. Фиксирањето на економијата само за одредени региони и земји, создава сфери и зони на влијанија на периферијата кои не се во корист на глобализирање на светот а тоа води кон поголемо незадоволство. Имено, географската лоцираност на мировните и хуманитарните мисии се токму во земјите на периферијата од светот, кои се на дното во развојот, кои воопшто не кореспондираат со вредностите на западниот неолиберален поредок и се заобиколени од бенефитите на капиталистичкиот систем.[573]

Доминантната, економска глобализација, ги детерминира останатите сфери на општествено живеење, па и ефектите врз мирот. Од изборот на општествата да ли да се затворат или отворат кон економската глобализација се определува нивната улога и судбина во глобализираниот свет. Затоа глобализацијата истовремено се смета за закана и можност. Потребите за развој и напредок ги

---

[573] Мајкл Пју, „*Одржување на миро̄т и безбедноста̄*" во :Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување,Академски печат, Скопје, (2010) : 240-267.

принудува општествата на соработка а таа е возможна само преку нивната отвореност кон останатите субјекти на меѓународната сцена. Но, отвореноста на земјите значи редуцирање на нивната моќ и влијание, лимитирање на нивната улога во социјалната и физичката заштита а се соочуваат и со губење или изледување на националниот идентитет. Овие верижни реакции ги зголемуваат изгледите за фрагментација на општествата, појава на нестабилност и други форми на насилство поврзани со културата, идентитетот и религијата. Спомнатово може да се види на шема бр.8.

**Шема бр.8** - *Ефектите од процесите на глобализацијата врз отворените и затворените општества.*

***а) Отворени општества*** ***б) Затворени општества***



**а) Отворени општества**

- Слободен проток на стока, услуги и капитал
- Зголемени можности за економски развој
- Висок степен на соработка со земјите од светот
- Повисока стапка на глобализираност
- Порозност на националните граници
- Полесен пристап за мигранти
- Појава на ксенофобични и националистички групи

**б) Затворени општества**

- Ограничен проток на стока, улуги и капитал
- Намалени можности за економски развој
- Низок степен на соработка со земјите од светот
- Ниска стапка на глобализираност
- Помала порозност на националните граници
- Ограничен пристап за мигранти и туристи
- Намален јаз меѓу богатите и сиромашните

| | |
|---|---|
| ▪ Зголемена социјална поларизација | ▪ Ранливост од модификувани закани |
| ▪ Поголема ранливост од модифицирани закани (болести, организиран криминал, разурнување на традиционалните вредности) | ▪ Ранливост од терористички напади<br>▪ Намалена можност од појава на антисистемски движења |
| ▪ Зголемена ранливост од терористички напади | ▪ Зголемена е улогата на државата |
| ▪ Укинување на концептот на национална безбедност | ▪ Важност на концептот на национална безбедност |
| ▪ Губење на националниот идентитет | ▪ Зајакнување на националниот идентитет |
| ▪ Намалена улога на државата | |
| ▪ Појава на антисистемски и антиглобализациски движења | |

Во двете категории мирот има релативно значење затоа што во отворените општества заканите повеќе доаѓаат од надвор, додека во затворените општества ранливоста произлегува од внатре. Сметаме дека покрај тоа што глобализацијата им носи поволности на отворените општества, (развиените земји), таа во одреден степен и им штети во повеќе аспекти. Најголем виновник за тоа е економската глобализација која настојува да создаде светски пазар и се обидува да ги либерализира, (отвори), сите општества за слободна трговија. Притоа, патеките на движењето на капиталот и слободната трговија ги формулираат т.е. модификуваат концептите на мирот и безбедноста во национални и наднационални рамки. Претходниве констатации сугерираат дека во иднина мирот ќе биде подреден на современата глобализација, така што “мировната траекторија“ ќе осцилира во контекст на ефектите од процесите на глобализацијата.

Тоа значи дека процесите на глобализацијата лесно можат да наштетат на земјите, иако е конфузно да се објасни и процени кој вид на општества опасноста ќе биде поголема. Имено, не може да се отфрли или потврди дека глобализираните, (отворените општества), земји се помалку или повеќе ранливи од терористички напади отколку неглобализираните, (затворените општества), земји. Постојат примери кои покажуваат дека и двете категории на општества се загрозени од овој вид на закана. На пример, високоглобализираните земји, (Австрија, Шведска,

Швајцарија, Сингапур, Ирска и Белгија), воопшто не биле цел на терористички напади, но исто така и слабо глобализираните земји, (С.Кореја, Венецуела, Иран и Саудиска Арабија), не биле мета на терористички акти. Сметаме дека, во интерес на економскиот развој, земјите ќе бидат принудени да соработуваат и да се отвораат кон светот, а тоа покрај економскиот развој, паралелно ќе им донесе и зголемена ранливост. Иако и кај двете категории на општества е зголемена веројатноста од фрагментација, во отворените општества таа ќе се создава како резултат на се поголемите слободи и права на граѓаните и организациите, но, и како последица од економската глобализација и отвореноста кон светот. Додека во затворените општества фрагментацијата ќе се појавува поради недостаток на елементарните човекови слободи и права и влошените услови за живот, а незадоволство од тоа може да се манифестира преку дезинтеграција на општествата.

Констатираме дека сите аспекти на глобализацијата имаат пропусти. Иако редоследот започнува со флуктуациите создадени од економската глобализација кои се рефлектираат на културната глобализација а како производ од овие глобализации се појавуваат аномалии врз политичката глобализација од чии консеквенци тешко се стабилизира и воспоставува глобален мировен поредок. Да не ја заборавиме воената димензија на глобализацијата која секогаш настапува кога некои од претходните три аспекти, (економските, културните и политичките), на глобализацијата се “чувствуваат“ загрозено.

Дури и помалку влијателните аспекти на глобализацијата можат да нанесат “длабоки рани“ врз мирот и стабилноста. Сведоци сме како минимални потреси предизвикуваат максимални консеквенци. За таа цел е потребно да се земат предвид сите компоненти на современата глобализација од екологија до технолошките аспекти како потенцијални индикатори за загрозување на мирот и просперитетот. Следната шема тоа сликовито го покажува.

**Шема бр.9** - *Индикатори кои го определуваат мирот*




Поставувањето на знак еднаквост меѓу глобализацијата и мирот е ризична и опасна опција, но сепак треба да се води сметка дека мирот се поврзува со оној модел на уредување кој генерира повеќе еднаквост, благосостојба и безбедност.[574] Односно, треба да се пронајде моделот кој ќе биде во функција да превенира криза. Ако моделот се имплементира преку процес на мирна трансформација односно промена, глобализацијата може да ја добие хуманата димензија. Во спротивно може

[574] Види во: Ванковска Б., *Меѓународна безбедност: критички пристап*, Филозофски факултет, Скопје, 2011.

да настанат системски пореметувања кои ќе ја нарушат глобалната рамнотежа и ќе се одразат врз мирот и стабилноста.

Во таа насока мирот т.е. концептот за мир во услови на современата глобализација треба да се сфати како "*еволутивна променлива категорија*"[575], а тоа значи перманентно "созревање" на концептот во рамките на меѓународните односи.

## 10.10. Видови на глобализација, мирот и стабилноста

Во стручната литература освен теории за глобализација се сретнуваат и видови на глобализации. Всушност тоа е една поинаква класификација и пристап кон глобализацијата од досега кажаното. Впрочем, станува збор за разни видови на глобализации, конкурентски една на друга а тие се следниве: неореалистичка, неомарксистичка, ултралиберална, етатистичко - конзервативна, социјал-демократска глобализација, американска, азијатска, исламизирана.[576] Секоја од овие глобализации произведува автентична моќ во глобалниот простор која преставува противсила на останатите глобализации. Со мешањето на различни моќи кои имаат различни сили на делување, се остава можност натпреварот помеѓу нив да прерасне во "*судир на глобализации*", како резултат од спротивставеноста на една моќ против друга . Накратко ќе посочиме дел од нив и како нивниот различен пристап кон глобализацијата можат да бидат потенцијална опасност за мирот и стабилноста.

Застапниците на *(нео)реалистичката глобализација* ги посочуваат територијата и националната држава како централни актери во светските збиднувања, загрижени дека неурамнотежената и нееднаква глобализација може да донесе нови безбедносни предизвици и закани во иднина. Според овие застапници глобализацијата би можела да биде објаснета како еден вид на стратегија во борба за моќ и доминација на најголемите и најсилни држави во светската политика како

---

[575] Георгиева Л., *Творење на мирот: Мирот безбедноста и конфликтите по Студената војна*, Филозофски факултет, Скопје, 2007, стр.116.

[576] Недялкова А., Бауман З. и Филипов Д., *Глобализъм, Регионализъм и Антиглобализъм*, Албатрос, София, 2005, стр.9.

што САД, Кина, Русија, Јапонија, Франција и В.Британија кои се обидуваат да ја зајакнат својата позиција во глобалната распределба на моќ. Овие земји се натпреваруваат помеѓу себе во потрага за моќ, располагаат со глобални воени способности, ја промовираат својата монета како глобално парично средство и ги наведуваат сите кон јакнење на нивниот домашен капитал.[577]

За застаниците на *(нео)марксистичката теорија,* глобализацијата не преставува ништо ново туку само е последна-највисока фаза во развојот на меѓународниот капиталистички систем. Истите велат дека глобализацијата е западен феномен кој е продолжение на меѓународниот капитализам кој придонесе за продлабочување на јазот меѓу јадрото, полупериферијата и периферијата.[578]

Во сличен контекст на неореалистичките видувања е пристапот на застапниците на *етатистичко-конзервативната глобализација* чија визија е за свет во кој ќе опстојуваат националните држави, традициии, идентитет и интереси. Притоа државите ќе ги задржат своите позиции на меѓународната сцена и нема да бидат поместувани од транснационалните структури и организации,[579] бидејќи според оваа визија глобализацијата не е објективен процес туку дело на одредени политики и сили опасни за општествата. Поради тоа, државата мора да зајакне со цел да може да се спротивстави на меѓународната конкуренција но и на опасностите кои ги носат глобализациските тенденции од тероризам, еколошки опасности до пролиферација на оружје за масовно уништување. Оваа идеолошка реакција е последица на оние кои најмногу се погодени од модерноста, културните промени и прогресот и во упорното отфрлање на се што е старо. Нивната главна цел е ограничување на штетите од модерноста и што е можно повеќе одложување на промените.[580]

Визијата на таканаречената *социјалдемократската глобализација* е насочена кон повеќе социјално регулирана глобализација, која ќе биде контролирана со помош на меѓународните организации и институции за да се

---

[577] Solte A.J., *Globalizacija :kriticki uvod,* (drugo izdanje), CID, 2009, str.127.
[578] Смит С. et al., *Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи,* (превод) Табернакул, 2009, стр.7.
[579] Исто, стр.30.
[580] Valerstajn, I., *Posle liberalizma,* JP Sluzbeni Glasnik, Beograd, 2005, str.67.

намалат штетите од негативните аспекти на глобализацијата. Меѓутоа оваа глобализација е помалку остварлива бидејќи се потребни нови правила и инструменти преку кои ќе се реформираат меѓународните тела, институции и транснационални коорпорации со цел да бидат повеќе ефикасни во новонастанатите промени.

*Ултралибералната глобализација* е модел кој содејствува со клучните интереси на транснационалните компании, при што бришењето на државните граници преставува значајна улога за делувањето на космополитско ниво. Со оваа глобализација се поткрепува тезата за формирање на еден свет преку стимулација на денационализацијата, поголема меѓународна соработка и градење свет со мултиполарни обележја со нагласена улога на другите многубројните актери на меѓународната сцена. Фокусот пред се е насочен кон индивидуата која има неотуѓиви права. Застапниците на оваа глобализација веруваат дека таа е позитивна сила и сите држави ќе имаат полза од нејзе и затоа не треба да се залагаат против глобализацијата ниту пак да ја забават. Според застапниците на истата, во суштината на овој модел се наоѓа иднината на глобализацијата а се однесува на слободата и слободниот пазар.

Евидентно е дека меѓу нив постојат разидувања во пристапот, односно станува збор за различни тенденции од кои може да произлезе судир на границите на разделување. Всушност во глобалниот простор ќе се сретнат различни видови на взаемно испреплетени тенденции, кои ќе се спротивставуваат и натпреваруваат меѓу себе со различни идеологии и концепти. Имено, "судирот на глобализации" е опасно сценарио онаму каде што ќе се поклопат моќта и интересите на државите, на транснационалните компании, меѓународните организации, движења, групи и индивидуи од кои едните ги подржуваат глобализациските процеси, додека другите ги оспоруваат.

Оттука, постои веројатност светскиот мир да биде загрозен како резултат на тоа што секоја од страните ќе се обидува да ја промовира глобализацијата на "автентичен" начин и во своја полза. Особено, се очекуваат реперкусии врз мирот од судирот меѓу "старите" и "новите" предводници на глобализацијата.

# 11. АЛТЕРНАТИВНА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

Местото на идеолошкиот конфликт од минатото го завзема множество од други проблеми расеани насекаде низ светот. Истите предизвикаа големи промени на политички, економски и безбедносен план. Притоа, светот е глобално политички активен, доминантната позиција на Западот се намалува, а центарот на глобалните сили почнува да се поместува кон Исток. Глобализацијата е токму најзначајната причина која доведе до промени во светската политика и економија. Со поместување на светот кон геоекономските случувања доведе до економски пораст на неколку источноазиски земји од кои се очекува да наметнат нов сет на политичка динамика, распределба на моќ и дистрибуција на сила на регионално и глобално ниво.

Многумина сметаат дека идниот меѓународен систем нема да биде доминантно капиталистички, туку ќе биде систем кој ќе успее да ги одстрани сите зла кој ги содржи капитализмот.[581] Тоа подразбира и создавање на нов проект на глобализација, со нови правила и институции за управување на национално, регионално и глобално рамниште, кој ќе работи повеќе во функција на луѓето, отколку за профитот. Овој похуман однос би се базирал на *етика,* (помалку кршење на човековите права и слободи), *еднаквост,* (намалување на разликите во развојот и сиромаштијата во државите и помеѓу нив), *еколошка одржливост,* (помалку експлоатација и последици врз животната средина) и други.[582] Имено станува збор за една поинаква глобализација, која можеме да ја именуваме како *алтернативна глобализација* која ќе биде похумана, поправедна, солидарна, подемократска и рамноправна во однос на сегашната. Нејзината цел ќе биде да ги елиминира експлоатацијата, маргинализацијата и фрагментацијата во сите општествени форми. Секако тоа нема да биде едноставно, бидејќи секој регион од светот е обременет со замрсени конфликтни проблеми кои се дел од глобалниот гордиев јазол.

581 Klein N., *The Shock Doctrine the rise of disaster capitalism*, Metropolitan Books Henry Holt and Company, LLC, New York, 2007, p.179.
582 Pecujlic M., *Globalizacija dva lika sveta*, Gutenbergova galaksija, Beograd, 2005, str.172.

Притоа, како што вели *Шолте,* прашањето е „дали само да се преуреди ентериерот или да се започне со поставување на темели за нова зграда"? Радикалистите се стремат кон менување (реконструкција) на сегашниот меѓународен систем, односно бараат алтернативен систем, што за некои и не е добра варијанта, бидејќи може да води во обратен правец од глобализацијата.[583]

## 11.1. Стагнација во одвивањето на глобализацијата

Процесите на глобализацијата се премногу моќни за да бидат запрени. Незамисливо е тие да бидат целосно стопирани, иако одредени настани, случувања и процеси можат да влијаат врз нивната динамика. Во тој контекст *Роланд Робертсон* истакнува дека процесот на глобализацијата е невозможно да се сопре, но е можно да се успори, а неговата кочница е процесот на глокализација, преку кој се спречува потполен хомогенизациски ефект на глобализацијата.[584] Станува збор за комбинација на глобалното и локалното, со можност судир помеѓу универзалното и партикуларното. Покрај глокализацијата, како закана за процесите на глобализацијата, можат да бидат и други поинакви настани кои имаат глобални размери а тие се : регионален конфликт или светска војна, економски кризи и финансиски рецесии, глобализираната сиромаштија, климатските промени и природните еколошки катастрофи, (урагани, цунамија, земјотреси), пандемии (СИДА, САРС, свински грип), употреба на оружјето за масовно уништување, терористички напади, нуклеарни несреќи, (Чернобил, Фукушима), научно-технолошките и информатички достигнувања, (антиракетен штит, вселенска технологија, беспилотни летала, сајбер тероризам, хакерство) и сл. Поради последиците од овие опасности многу земји можат да превземат рестриктивни мерки и активности во самоодбрана кои вклучуваат разни протекционистички политики и контроли на тековите на капиталот, добрата, услугите, луѓето и

---

[583] Шолте Ј.А., „*Управување со глобалните финансии*", во: Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување, (превод), Академски печат, Скопје, (2010) :216-239.
[584] Интервју со Роланд Робертсон, достапно на :http://www.biznis.ba/index.php? option=com_ content & task =view &id=4626&itemid=55, 22.10.2008.

технологиите. На тој начин можат да го спречат економскиот раст и да влијаат врз динамиката на глобализацијата, но и да ги дестабилизираат нејзините процеси.[585]

Според повеќе аналитичари глобализацијата го достигнала максимумот и навлегува во фаза на успорување, иако тоа не важи за сите нејзини аспекти. Се очекува да следи период во кој економската глобализација ќе стагнира, слично на финансиските кризи во минатиот век. Ова констатација не оди во прилог на оние кои мислат дека глобализацијата преставува следната фаза во еволуцијата на светскиот капитализам, која е окарактеризирана со порастот на производството и финансиите кои ги трансцедираат националните држави и се поставуваат фундаментите на новите супранационални политички институции.[586] Поради тоа, некои сметаат дека запирањето на глобализацијата е вонвременска идеја, при што, критикувајќи ја, *Томас Фридман* вели „забавете го светот за да можам да се симнам", односно, како одговор на ова некои земји во развој се со паролата „забавете го светот за да можеме да се качиме".[587]

## 11.2. Антиглобализациски движења

Појавата на нови модерни движења, правци и организации со револуционен карактер се одговор на незадоволството од процесите на глобализацијата. Истите вклучуваат луѓе, групи и организации со различни гледишта и идеологии, од различни возрасти и националности. Освен од економската глобализација нивното незадоволство е изразено и против останатите негативни консеквенци од глобализацијата. На пример, незадоволството се однесува и на нетранспарентноста на демократските процеси при создавањето на системот на глобално управување, "вестернизацијата" на светот и можноста од губење на националниот идентитет. Најизразени и најрадикални се оние антиглобализациски движења насочени против меѓународните институции и неформалните групи (Меѓународниот монетарен

[585] Mapping the Global Future 2020, National Intelligence Council, December, 2004,p.30.
[586] Robinson I.W., *The chimera of democracy and development*, Contexts, Spring 2008, pp.74.
[587] Цит. во : Richard D.McCormick *10 myths about globalization: Modern civilization - through trade - to all*, Vital Speeches of the Day; Nov 15, 2000; 67, 3.

фонд, Светска банка, Светска трговска организација, Г-8 и Светскиот економски форум), кои работат во интерес на економската глобализација и ја промовираат неолибералната идеологија.[588]

Протестите кои беа во Сиетл, Џенова, Вашингтон, Прага, Њујорк, Сиднеј преставуваа настани каде што незадоволните ја препознаа глобализацијата како форма на "канибализам", која ги уништува правата на луѓето и работниците, малите компании, одредени култури и ја загадува целата планета. Како секое движење и овие имаа свои гесла преку кои ги истакнуваа револтот и "содржината" на толпата.[589] Се бара алтернативен начин како да се намали "социјалниот негативизам" од коорпоративната глобализација, при што никој на планетава не треба да биде маргинализиран од актуелните проблеми кои не засегаат сите. Во основа, овие движења можеме да ги класифицираме во две групи. Првата група се оние кои јавно и отворено протестираат против глобализацијата, а другата ја сочинуваат движењата кои делуваат внатре во системот. Па оттука, првите се сметаат за надворешна закана, а вторите за внатрешна закана за глобализацијата.

Постои и една поинаква класификација на антиглобалистички табори. Па така првиот табор се именува како *партикуларистички протекционизам,* со застапници кои ја обвинуваат глобализација за повеќето политички, економски и културни проблеми кои ги засегаат нивните земји или региони. Тие ги осудуваат слободната трговија, глобалните инвеститори и мултинационалните коорпорации, сметајќи дека тие придонеле за опаѓање на животниот стандард и за уништување на сопствената култура. Овие протекционисти се обврзуваат дека ќе го штитат

---

588 *Aspekti globalizacije sa pregledom osnovnih pojmova*, Beogradska otvorena skola i Dosije, Beograd, 2003, str.147.

589 На пример демонстрантите во Сиетл и Џенова носеа пароли од типот "Ова е демократија" (This *is democracy!),* "Вие сте Г-8, ние сме 6.000.000.000" ( *Voi G8, noi 6.000.000.000*). Види во: Легеви К., *Глобализацията и нейните противници*, Агата, София, 2007, стр.180; На собирот со назив "Возможен е друг свет" (*Um outro mundo é possivel*) во Порто Алегре учествувале околу 100.000 луѓе од 130 земји чија намера била да покажат дека глобализацијата "не работи како што треба".Овие демонстрации имаат постојан континуитет и се со се поголема масовност. Тоа го потврдија и последните настани во Оукленд (САД-2011год.) каде што илјадници демонстранти се противеа на алчноста на коорпорациите. Активистите констатирале дека системот е наклонет кон коорпорациите и најбогатите 1% од населението во земјата. Затоа овие протести имаа називи „*окупирај го Волстрит*" или „*ние сме 99%*" (*We are the 99%* ), и беа со антикапиталистичка реторика. Извор: „*Антикапиталистичките демонстрации не запираат*", Утрински весник, 3 Ноември, 2011.

традиционалниот начин на живеење од "надворешните елементи - доселеници" кои се резултат од процесите на глобализацијата.[590] Застапниците на партикуларистичкиот протекционизам се бројни националистички партии во Австрија, Германија, Франција и други националистички организации и групи во Америка како *John Birsch Society, Christian Coalition, Liberty Lobby* и некои патриотски воени движења кои ја обвинуваат глобализацијата за повеќето фундаментални проблеми во нивните општества.

Вториот табор познат како *универзалистички протекционизам,* базира врз идејата за воспоставување на рамноправни односи меѓу Северот и Југот. Во него се вклучени редица невладини организации и мрежи кои се борат за зачувување на животната средина, човековите права и слободи, правата на жените и слично. Овие застапници повикуваат на "глобализација одоздола" а во корист на обесправените и сиромашните, како и изградба на нов меѓународен поредок кој ќе ги прераспредели богатствата рамномерно. Нивните идеали се еднаквост и социјална правда за сите на планетата, а не само за своите граѓани.[591] Организации од ваков тип се *Third World Network, International Forum on Globalization*[592] и др.

Паралелно со одржувањето на *Светскиот економски форум,*[593] (СЕФ) во Давос, секоја година се одвива и контра или антидавос форум во Бразил познат како „*Светски социјален форум*" - (ССФ), кој е од поинаква природа и се залага за доброто на човекот и подобро општество. Намерата на ССФ е да ги обедини движењата од Северот и Југот во едно, со што ќе ја зголеми ефективноста на глобалната сцена. Затоа овој социјален форум ги застапува движењата на Северот и Југот, што не е случај со форумот во Давос кој претежно работи во интерес на високоразвиените земји од северната хемисфера.

---

[590] Steger M.B., Globalizacija, Sahinpasic, Sarajevo, 2005, str.112.

[591] Исто, стр.113.

[592] *International Forum on Globalization* е глобален сојуз на активисти, стручњаци, економисти, истражувачи, писатели основан со цел да поттикне универзалистичко протекционистички одговор на глобализмот преку заедничко делување.

[593] Тродневниот економски форум во Давос привлекува околу 3.000 учесници со трошкови од околу 10.000 долари по учесник. Годишната претплата за членство во СЕФ чини околу 12.000 долари и побарува фирмата да има капитална основа или годишен промет од најмалку милијарда долари. Превземено од: Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009.

Зачудува фактот што движењата и протестите не се појавуваа во неразвиените сиромашни општества, туку во високоразвиените западни општества, односно на територијата на Западна Европа и Северна Америка. Односно тие претежно се раширени низ земјите од развиениот Север, отколку во останатите држави. Значи ли тоа дека жителите на високоразвиените земји имаат поголеми потешкотии, проблеми и неправди од глобализацијата во споредба со жителите на сиромашните земји? По се изгледа дека станува збор за космополитска свест и сочувство за глобалните проблеми со чие решавање би се придонело за подобрување на општата состојба на живеење низ целиот свет. Притоа не треба да се заборави дека во развиените земји степенот на слобода и остварување на човековите права се издигнати на повисок стадиум, отколку во неразвиените. Оттука, заради дообјаснување на работите ќе се повикаме на видувањата на дел од креаторите на антиглобализациските движења.

Како иницијатори на антиглобализмот се појавуваат различни личности како на пример филозофот *Пјер Бурдио*, потоа главен уредник на списанието Ле Монде Дипломатик *Игнасио Рамоне*, основачот на неколку антиглобализациски организации *Жозе Бове* кој повикува на бојкот против американските коорпорации, производи и услуги, германскиот политичар *Хорст Малер* кој е за тоа економијата да служи на интересите и потребите на општеството, а не на банда од финансиски шпекуланти. Понатаму мексиканецот *Маркос* кој го преставува радикалното крило на антиглобализациските движења и има "армија" од 70.000 луѓе чија цел е да го заштити мексиканскиот народ од американскиот капитализам.[594] Едно од најпознатите здруженија кое е критички настроено против глобализацијата е *Attac* – *„Здружение за оданочување на финансиски трансакции во корист на граѓаните"*, *(Association pour une Taxation des Transaction financiéres pour l'Aide aux Citoyens)*, основано во Франција во 1998 година со активности во преку 50 земји низ светот.[595] Здружението е познато како постмодерно или постматеријалистичко во кое се вклучени активисти со најразлични ориентации - екологисти, феминисти,

---

[594] Недялкова А., Бауман З. и Филипов Д., *Глобализъм, Регионализъм и Антиглобализъм*, Албатрос, София, 2005, стр. 218-220.

[595] Легеви К., *Глобализацията и нейните противници*, Агата, София, 2007, стр.10.

антиглобалисти, неонационалисти, антикапиталисти, анархисти, активисти кои ги промовираат своите локални, регионални и етнички автономии и политики на идентитетот, се до оние кои се против американскиот хегемонизам и против доминацијата на транснационалните коорпорации.[596] Повеќето од нив артикулираат со глобални права, преку глобалните маркети, глобални мрежи а размислуваат и делуваат во глобалните услови чија цел е да го поттикнат глобално внимание и да привлечат приврзаници од целиот свет.[597] Покрај тоа нивните барања не ги упатуваат само до националните влади, туку и до меѓународните организации, институции, форуми а со цел да допрат до светската јавност.

Всушност се работи за концептот на *глобално цивилно општество* кое опфаќа различни актери, движења, иницијативи и форуми, во кои учествуваат бројни недржавни актери кои можат да донесат нов бран на промени, но лесно можат и да предизвикаат безбедносни импликации во глобални рамки. Овој бран кој доаѓа "одоздола" и е нов предизвик за глобалната политика кој ги глобализира масите во форма на глобално цивилно општество. Истовремено се користат глобализациските процеси за постигнување глобални ефекти, но и ѝ пркосат на динамиката и развојот на глобализацијата.

Со опаѓањето на глобализацијата, се зголемува негативното јавно мислење и скептицизмот против истата. Односно, како што се создава суштинската врска меѓу глобализацијата и капитализмот, така се поголем ќе биде бројот на незадоволни од капиталистичкиот систем, со зголемен број на антиглобалистите. Притоа антикапитализмот за брзо време ќе премине во антиглобализам.[598] Штетно би било доколку зад маската на глобализацијата, нејзините противници преминат во националистички или ксенофобични движења кои се залагаат за зачувување на националниот идентитет и суверенитет или пак се втурнат во движења со религиска или фундаменталистичка идеологија. Не може ни да се замисли што ли би можело да се случи доколку во случај на светска економска рецесија се додадат "искри" од

[596] Eisenstadt S.N., *The Reconstitution of Collective Identities and Inter-Civilization Relations in the Age of Globalization*, Canadian Journal of Sociology; Winter 2007, p.121.
[597] Beck U., *The Fight for a cosmopolitan future*, New Statesman Nov 5, 2001, p.33.
[598] Bagvati Jagdis, *U odbranu globalizacije*, Sluzbeni glasnik, 2008, str.38.

таков фундаменталистички радикален карактер! Или пак развиените земји кои ги застапуваат либералните ставови да се претворат во земји со ксенофобични гледишта. Тогаш постои веројатност богатите земји да ги затворат границите или да ги подигнат бедемите за влез на стоки, услуги и имигранти од надвор. Со тој чин би можело антиглобализациските ставови да се прошират во антиимигрантски или некои слични, со сериозни последици врз мирот и стабилноста.[599]

Ваквиот диверзитет меѓу активистите, опоненти на глобализацијата, понекогаш ја отежнуваат анализата за движењето како целина, односно не може да се изгради покохерентна формулација на движењата. Но, може да се потврди дека антиглобализмот преставува едно од најголемите социјални движења кое како современа моќна форма ги заплашува владите и меѓународните организации во 21 век. Во иднина се почесто ќе преовладуваат оние антиглобалистички движења кои покрај незадоволството од економските аспекти на глобализацијата ќе се свртат и кон проблемите поврзани со војната и мирот. Слично како што беа незадоволствата на милиони луѓе против атомските бомби, против војната во Виетнам, па се до оние со понов датум, протестите против војната во Ирак, каде што учествувале од пет до триесет милиони демонстранти во околу 60 земји низ светот.[600] Исто така, една од важните цели на веќе спомнатиот *Светскиот социјален форум,* е помагање во интерес на мирот и отфрлање на милитаризмот со помош на демократско решавање на конфликтите, поддршка на интеграциите и мултилатерализмот.[601]

Како и да е, започнува ново исцртување на "демаркационата линија" која ќе ги дели глобалистите од антиглобалистите, затоа што се смета дека сегашната глобализација е униполарна, американскоцентрична и помалку демократична. Исто така глобализацијата не може да ја исполни прогресивната функција, при што ќе ја изгуби социјалната база и ќе предизвика огромен дефицит во повеќе подрачја.

[599] Исто, стр. 41.
[600] Мировно движење во Холандија ги повика граѓаните за секоја од новите 572 ракети на НАТО стационирани на нивна територија да одбијат од данокот по цент и да го префрлат во *Фондот за мировен данок* ( *Peace Tax Fund*). Исто така приврзаници и симпатизери на мировно движење од Франција повикуваа да се задржи по три центи во знак на протест против планот за модернизација на француските нуклеарни сили. Види во: Pavlovic V., *Drustveni pokreti i promene*, Sluzbeni glasnik i Zavod za udzbenike, Beograd, 2009, str.223.
[601] Легеви К., *Глобализацията и нейните противници*, Агата, София, 2007, стр.174.

Затоа како првична реакција на проблемите кои таа ги создаде, се новите социјални движења и отпори кои ги демонстрираат разни противници на глобализацијата со контроверзни ориентации, како што се комунисти, фашисти, феминисти, еколози, свештеници, бискупи, хомосексуалци, исламски фундаменталисти и сл. Случајно или не, ненамерно или тенденциозно сите се против глобализацијата, чие мото е исто како кај глобалната војна против тероризмот а гласи „или сте со нас или сте против нас".

Засега, овие антиглобализациски тенденции, немаат моќ да го срушат системот на глобализацијата дури и онаму каде што се најсилни и најизразени. Но, можат да прераснат во движечка сила која ќе донесе реформи или резистентност, со што ќе ја променат насоката на глобализацијата. Нивната отпорност или во крајни граници нивните револуционерни особини се најмногу истакнати токму внатре во срцето на глобализацискиот систем.[602] Во тој поглед не може да размислуваме како Маргарет Тачер дека „нема алтернатива" - *TINA (There Is No Alternative)*[603], односно дека не постои замена за капиталистичкиот либерален систем. Напротив, антиглобалистите го застапуваат принципот *TATA (There Are Thousands Alternatives)*, односно дека „постојат илјадници алтернативи" кои би можеле да бидат замена за сегашниот светски систем.

## 11.3. Управување со глобализацијата

По падот на берлинскиот ѕид ризиците и опасностите беа во континуиран пораст кои постојано ја предизвикуваа глобалната безбедност. Онаму каде што се појавуваа глобалните проблеми растеше и потребата за глобална колективна акција, а со тоа глобалното менаџирање и решавање на постоечките проблеми беа од суштинско значење. Односно се наметна потребата од воведување на "ред и правила" преку кои успешно ќе се менаџираат проблемите во светот.

[602] Исто, стр.107.
[603] *(TINA - There Is No Alternative)* - „Не постои алтернатива"; *(TATA - There Are Thousands Alternatives)* - „Постојат илјадници алтернативи".

Во основа, фокусот на вниманието е насочен кон проблемите за чие решавање се создадени соодветни меѓународни организации кои управуваат со истите. На пример во сферата на глобалната безбедност и мирот задолжена е Организацијата на обединетите нации, за глобалната економска стабилност и финансии задолжени се институциите ММФ, СТО, Светска банка и Организација за економска соработка и развој,[604] а Светската здравствена организација одговорна е за глобалните здравствени проблеми и итн.

Постојат неколку различни видувања поврзани за начинот на кој меѓународните институции ќе ја управуваат глобализацијата. Така *институционалистите,* (или неолибералните гледишта), потенцираат дека меѓународните институции можат да управуваат со глобализацијата за да обезбедат полиберална економија и со тоа полза ќе имаат и силните и слабите земји, бидејќи глобализацијата резултира со широкораспространети придобивки од светската економија. За разлика од нив *неореалистите* сметаат дека меѓународните институции и организации ќе управуваат со глобализацијата според интересите на доминантните и моќни земји.Тоа значи дека организациите како ММФ, Светска банка, СТО, Г-8 и ЕУ можат да управуваат со глобализацијата, но во интерес на нивните најмоќни земји членки. Од друга страна *конструктивистите* сметаат дека променливите шеми на интеракција ќе се одразат врз институционалните одговори на глобализацијата. За нив глобализацијата не е процес кој е под влијание на државите и кој е управуван од нив, напротив, вклучени се и другите актери. Според конструктивистите управувањето со глобализацијата е обликувано од сет на интереси, верувања и вредности за тоа како треба да функционира светот.[605]

Глобализацијата со помош на концептот на меѓузависност ја зголеми потребата од координирана глобална акција во функција на општо добро. Затоа улогата на глобалните институции е да оневозможат ширење, односно да ги ограничат проблемите, (на пр. економски кризи, локални конфликти и војни, сиромаштија, болести, деградација на животна средина), со цел да не ги вовлечат и

---

[604] Stiglic Dz., *Protivrecnosti globalizacije*, SBM-x, Beograd, 2002, str.233.

[605] Вудс, Н., „*Меѓународната политичка економија во доба на глобализација*" во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи,(превод),Табернакул, (2009) :242-260.

другите земји и народи со што би можеле тие да прераснат во регионална или глобална криза.

Кога е во прашање развивање на глобализацијата провејуваат две сценарија. Првото, помалку опасно, се однесува на "криза на глобализацијата", која може да се надмине и чии консеквенци не се толку кобни. Но, доколку навлеземе во второто сценарио кое значи "глобализација на кризата", тогаш се неизбежни катастрофалните последици за целото човештво.[606] Имено и за двете сценарија е потребно менаџирање на глобализацијата и неопходен е мултилатерален пристап. За жал, глобалното управување за некои земји е само реторика или утопија, бидејќи либералното управување на светскиот поредок е опасен подвиг посебно во зоната која е надвор од „зоната на мирот", односно периферијата. Постои вознемиреност овој хипокритичен поглед да ја втурне планетата во хаос и безредија.[607]

Германскиот филозоф *Хабермас* истакнува дека глобалното управување значи обликување на локалните стратегии спрема потребите на планетата и на ниво на планетата, а постојат бројни препреки кои не можат лесно да се надминат. Како едно од можните решенија авторот предлага градење мрежа околу поединечен глобален проблем каде што се зголемени изгледите луѓето да се обединат околу заедничкиот интерес.[608] Во таа насока и *Стиглиц* посочува кон „најфундаменталната промена која е потребна да глобализацијата проработи на начинот на кој треба, а тоа е промена во функцијата на управување", при што најсуштински би биле промените во меѓународните економски институции ММФ, Светска банка и СТО.[609] Исто така, улогата на државите членки на групата осум (Г-8), во кој живее 4/5 од населението во светот можат да пронајдат модел кој ќе влијае на процесите на глобализацијата. Но, овие институции се од времето на

---

[606] Попович Т. Г., *Криза глобализације и/или глобализација кризе*, Бесједа, Бања Лука, 2003, стр.166.

[607] Мекгру Е., *„Либерален интернационализам*: Меѓу реализмот и космополитизмот" во: Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување, (превод), Академски печат, Скопје, (2010) :305-331.

[608] Цит. во: Risar Z.F., *Tacno u podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni*, Clio, Beograd,2008, str.224.

[609] Stiglic Dz., *Protivrecnosti globalizacije*, SBM-x, Beograd, 2002, str.236.

Студената војна, а сега се бараат поинакви институции кои ќе бидат во тек со реалниот свет а тоа значи пофлексибилни, поодговорни и превентивни кон светските проблеми. Постои дилема кога тие треба да реагираат брзо и одлучно а кога координирано и заедно. На пример после цунамито на азиското крајбрежје побрзо реагираше американската флота отколку меѓународните организации и институции.[610] Слично беше и со ситуацијата во Либија кога "први дотрчаа" француските вооружени сили наспроти Северноатланската алијанса. Тоа значи за да се одржи глобализацијата потребна е стабилна структура на моќ што во моментот ја нема во ниту една земја во светот, освен во САД. Тоа и не е толку лошо, доколку има за цел спречување на насилства и страдања.

Сепак треба да се избегне глобализацијата да има обележја на некоја земја, односно треба да се намали влијанието и доминацијата на одредени земји. Значи ли дека се наоѓаме во "слепа улица" кога треба да се пронајде некоја комбинација од обединување на силите? Некој ќе мора да го покаже патот и да ги мобилизира останатите, затоа што глобалното управување зависи од можностите и капацитети на најмоќните земји кои ја определуваат архитектурата на светскиот поредок. Тука се вклучени и филантропите како Бил Гејтс, Џорџ Сорос и други моќни личности и приватни организации кои имаат се поистакната улога и придонесуваат за намалување на последиците од глобализацијата. Многумина ќе речат дека станува збор за приватно управување со глобализацијата од страна на овие субјекти, сепак тие помогнаа многу повеќе во решавање на глобалните проблеми, отколку што тоа се очекуваше од одделни меѓународни организации и држави.[611] Затоа сите учесници во решавањето на глобалните проблеми треба строго да се придржуваат на универзалните вредности и да размислуваат космополитски, а не да бидат под влијание на некои потесни интереси.

---

[610] Бжежински З. и Скокрофт Б., *Америка и свет̄ът̄*, София, 2010, стр.40.

[611] Фондацијата на Бил и Мелинда Гејтс донирала многу повеќе средства за програмите за здравствена заштита во Африка отколку што Светската здравствена организација добила помош и средства од страна на државите. Превземено од :Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str.216.

Тешко е да се постигне усогласеност меѓу бројните актери кои имаат различна моќ и влијание. Секој од нив со свои интереси и цели создаваат слика за светот, затоа што глобалната сцена е пренатрупана со наднационални заедници и мултинационални коорпорации, регионални и глобални организации, агенции и хуманитарни групи. Ситуацијата уште е покомплексна кога оваа мултипликација на актери треба да управува со светот во региони зафатени со конфликти, граѓански војни, криминал и фрагментираност. Тогаш управувањето е со задоцнета реакција или пак сосема оневозможено. Во таа смисла *Розенау* вели „глобалното ниво е преполно со учесници, големи и мали, формални и неформални, економски и социјални, политички и културни, агресивни и мирољубиви, либерални и авторитативни, кои создаваат висок степен на комплексност во системот на глобалното управување, при што понекогаш соработуваат, но почесто се натпреваруваат меѓу себе“.[612]

Поради, тоа институционалната архитектура на глобално управување, која е доста структурно испреплетена, би требала да содржи најнапред политичка координација од локално до глобално ниво и да биде одобрена од државите, наддржавните, (ООН, ММФ, Светска банка), регионалните, (ЕУ, АСЕАН, МЕРКОСУР) транснационалните, (граѓанско општество, бизнис мрежи, коорпорации и итн.) невладини организации, (Amnesty International), локални или поддржавни, (здруженија на граѓани, градски власти и итн.), како и од елитни групи и поединци (Бил Гејтс, Џорџ Сорос).[613] Секако не се исклучуваат и оние коалиции од помали земји или од земји со средна големина кои предлагаат бројни иницијативи од безбедносно, културно и економско значење за светот. На пример, коалиции од таков вид се *New Agenda Coalition – NAC,* (чии членки се земји со средна големина кои настојуваат земјите кои поседуваат нуклеарни потенцијали истиот да го елиминираат), слична иницијатива е и *Global zero*[614]*,* (започната во Парис во 2008 год. каде што бројни експерти настојуваат заеднички да работат на планот за целосна елиминација на

---

[612]Розенау Н. Џ., „*Управување со новиот глобален поредок*“ во: Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување, (превод), Академски печат, Скопје, (2010) :78-97.
[613] Solte A.J., *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009.
[614]Neuneck, Gotz „*Globalizing Nuclear Zero: Is a World without Nuclear Weapon's Really Attainable?*“, International Politics and Society, Friedrich Ebert Stiftung IPG 4 (2009) :46-64.

нуклеарното оружје до 2030 година) и *Alliance of Civilizations – AOC,* (оформена во 2005 год. од владите на Шпанија и Турција под покровителство на ООН со намера да се истражат корените на поларизацијата меѓу општествата и културите, но и да препорачат практични програми за акција со цел да се промовира соработката меѓу различните култури).[615]

Некои од надлежностите во управувањето се преклопуваат и одвиваат во различни правци. Неформални, од „долу нагоре", (масовна јавност, невладини организации) и формални, од „горе надолу", (влади, транснационални коорпорации). Поради различната моќ, ресурси и овластување на учесниците, едни ќе имаат поголеми права и можности да учествуваат во донесување на одлуките, а други ќе мора да ги почитуваат донесените одлуки. Оттука може да произлезе и дефицит во демократското управување, бидејќи одредени земји и народи нема да бидат рамноправно преставувани во постоечките институции. Уште покомплексно е прашањето чии норми и принципи ќе бидат општо прифатени и ќе имаат универзално значење, на западните земји, на источните земји или на земјите од третиот свет? Досега видовме само еднонасочено движење, односно сите правила и интереси беа наметнати во насока од Запад кон Третиот свет а не и обратно.

Во тој контекст *Хелд* предлага три теста кои ќе помогнат да се филтрираат проблемите кои се на различни нивоа на управување. Првиот тест се однесува на „екстензивност", и испитува во кој обем е погодено населението на една територија од некој проблем. Вториот е тест на „интензитет",кој проценува во која мера проблемот погодува одредена група или народ и до кој степен националните, регионалните и глобалните законодавни мерки се оправдани. Додека со помош на третиот тест на „проценување", се испитува кој од националните, регионалните или глобалните иницијативи се неопходни и адекватни при решавање на проблемот.[616] Ова најдобро можеме да го објасneme преку примерот со сиромаштијата во

[615]Bayar F.,The *Alliance of civilizations initiative in globalization era: Concept,prospects and proposals*, Perceptions: Journal of International Affairs, SAM, Volume XI Number 3-4, Autumn-Winter 2006;The Alliance of Civilizations http://www.unaoc.org/content/view/62/80/lang,english/

[616] Held D., *Demokratija i globalni poredak: Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini*, Filip Visnjic, Beograd, 1997, str.274-275.

Африка. Првиот тест посочува колку земји, или народи се зафатени од сиромаштија (на пр. 10 земји или 30 милиони луѓе), вториот тест покажува колку од овие земји или народи се критични, односно колку од нив живеат на прагот на сиромаштија, (на пр. помалку од 1 долар на ден) и со третиот тест се констатира кои иницијативи се потребни, (на пр. отпишување на долговите на овие земји од страна на ММФ и Светска банка или хуманитарна помош во храна и лекови од страна на ООН, приватни фондации и асоцијации на фармацевтски производители).

Оттука сметаме дека управувањето со глобализацијата треба да содржи внатрешни и меѓународни компоненти со чија синергија може да се придонесе за поголем бенефит од глобализацијата. Само така, внатрешните и меѓународните активности, ќе ги зголемат шансите за успех на сиромашните и неразвиени земји. Тоа значи дека управувањето со глобализацијата треба да добие меѓународен консензус, без разлика дали станува збор за мали или големи земји и со каква моќ располагаат. Исто така, има потреба и од создавање на слични организации како ООН во чии рамки се "вгнездени" сеопфатни аранжмани од програми, органи, агенции и организации кои имаат заеднички, но и специфични одделни задачи и цели.

На овој начин ќе се намалат дилемите за глобализацијата, а притоа таа ќе добие похуман лик, и ќе биде поправедна и функционална, иако сеуште ќе има поделеност меѓу групите на оние кои управуваат, и на оние кои се управувани и на останати кои се неутрални. Според *Багвати* управувањето со глобализацијата значи водење грижа за брзината со која глобализацијата мора да се спроведе, затоа повеќе се преферира „оптимална отколку максимална брзина на глобализација".[617] Тоа не значи дека најдобрата брзина е и најголемата брзина, во смисла дека не секогаш најголемата динамика на глобализацијата носи солидни резултати.

Во основа, сложено е да се направи да функционира идната глобализација, пред се заради тоа што во светот постои прикриен натпревар меѓу три типа на режими и тоа: (1) *автократски економии,* (Русија и Кина); (2) *исламски традиционални*

[617] Bagvati Jagdis, *U odbranu globalizacije*, Sluzbeni glasnik, 2008, str.51.

*држави,* (Иран и Саудиска Арабија) и (3) *либералните демократии,* (САД и земјите од ЕУ).[618] Овие групирања несомнено имаат меѓународен ривалитет, но сепак тие споделуваат одредени заеднички вредности. Оттука, едно мошне креативно, но и соломонско решение, е глобализацијата да содржи примеси од различни структури кои меѓусебно се поклопуваат. Таа би се базирала на заеднички политички и економски принципи како во западната хемисфера, комбинација на принципи од безбедноста како што се во северноатлантската област и североисточна Азија и градење економски врски како што се релациите меѓу земјите во југоисточна Азија.[619] Единствено што недостасува се компоненти од афричкиот континент, но затоа сите комбинирани елементи кои ќе ја сочинуваат новата структура на глобализација ќе бидат во функција на решавање на грижите на најзагрозениот континент на светот. Слично на визиите на *Кенеди* за освојување на месечината, на *Реган* за уривање на берлинскиот ѕид, сонот на *Мартин Л.Кинг* за рамноправност на расите и *Гандиевото* движење за ненасилно ослободување. Сите имале различни цели но со јасна заедничка визија дека може таква иднина да се оствари и светот да биде подобро место за живеење.[620] Засега незадоволството од нејзините ефекти е оправдано, бидејќи за повеќе милијарди луѓе таа воопшто не функционираше, посебно за сиромашните кои се чувствуваат немоќно и неможат да и се спротивстават. Но, и покрај се таа може да се реформира и да служи како сила која ќе ги редуцира негативните консеквенци, да ги апсорбира кризите и шоковите, да се реорганизира и структуира на тој начин што ќе донесе нови позитивни ефекти од кои ќе бидат задоволни сите "патници на бродот". За таа цел се потребни сили кои ќе бидат на располагање, (од држави, организации, поединци и сл.), кои ќе имаат хуманитарна и мировна мисија, со способност да превенираат криза и да не бранат од евентуална "ерупција" на глобалниот систем. Оттука и предлог, идеја, за формирање на *флексибилна глобализација*[621] како нов вид на доктрина која ќе има

---

618 Global Strategic Assessment 2009:*America's security role in a changing world,* Institute for National Strategic Studies, National Defense University Press, 2009, p.44.

619 Kissinger H., *Diplomacy,* Simon & Schuster, New York, 1994, p.835.

620 Kanton Dz.,*Ekstremna buducnost:Najznacajnije tendencije koji ce promjeniti svet u narednih pet, deset i dvadeset godina,* Clio, Beograd,2009, str.27.

621 Evans Alex et al.*Confronting the Long Crisis of Globalization:Risk, Resilience and International Order,* Managing Global Insecurity, Brookings CIC, 2010, p.7.

за цел менаџирање на транснационалните ризици а во насока на подобрување на меѓународната соработка посебно во услови на глобална нестабилност и конфликтност. На тој начин постапно ќе се трансформираат одделни мислења за глобализацијата како општо зло, кон глобализацијата со хуман и стабилен процес. Но за овие промени е потребен "еволуционен процес", а не само еден "револуционен чин".

## 11.4. Кон похумана глобализација

Многумина се сложуваат дека современата глобализација има потреба од реформи и реконструирање. Еве како некои ја замислуваат "справедливата глобализација", и што таа би требало да содржи:

- борба со сиромаштијата, отпишување на долговите на најсиромашните земји или таканаречен "Маршалов план" за земјите од Југот;
- развивање на стратегија за трајна заштита на животната средина, вклучувајќи социјално договорена либерализација на трговијата, одржлив развој и преминување на алтернативни извори на енергија, ограничувања при користење на природните ресурси;
- реформи на економско-финансиската структура, пред се воведување на построги механизми за контрола на банките и движењето на капиталот;
- социјално оформување на светската трговија - тоа значи елиминирање на трговските пречки пред се за земјите во развој и неразвиените, подобрување или воведување на универзални стандарди за социјалните и човековите права, зголемување на капацитетите на меѓународните организации како на пример на Меѓународната организација за трудот (ILO);
- забавување на либерализацијата за пазари и услуги, и воведување на правила за конкуренција, со посредство на државата;

- правно обрзување на транснационалните коорпорации и други претпријатија преку поставување етички кодекс и социјално инвестиционен ред;
- демократизација на процесите на глобализација преку слободата, еднаквоста, почитување на човековите права, создавање услови за учество на сите граѓани според нивните можности за дејствување;[622]
- зголемување на учество на разни специјализирани недржавни и невладини организации кои имаат разработено концепти и иницијативи за глобално дејствување во економско-социјалната сфера, во заштита на човековите права и малцинства, заштитата на правата на работниците и мигрантите, половата рамноправност и друго;
- потреба од создавање на нови видови на ефикасни меѓународни организации или совети за економско-социјална безбедност слични на Организацијата на обединетите нации, односно на Советот за безбедност при ООН и
- унапредување на супрадржавните механизми и капацитети за решавање и превенција на конфликти.

Преку овие трансформациони процеси може да се елиминира фрагментација на светот на привилегирани - богатиот Север и обесправени - сиромашниот Југ. Глобализацијата во аква форма ќе може да создава нов светски, праведен поредок.

Со појавата на светската финансиска криза произлегоа и неколку предлог концепти од страна на повеќе земји, (Велика Британија, Кина, Франција и Русија)[623]

---

[622] Легеви К., *Глобализацията и нейните противници*, Агата, София, 2007, стр.212-213.

[623] Владата на В.Британија на Самитот Г-20 во Вашингтон се стремела кон постигнување консензус за создавање на нов меѓународен финансиски систем и осовремување на договорот од Бретон Вудс. Извор: Време бр.1518, 12.11.2008; Додека францускиот претседател *Никола Саркози* на Светскиот економски форум во Давос ја истакнал потребата за редефинирање и повторно осмислување на капитализмот и на глобализацијата.Тој посочил дека економската рецесија што следувала „не била само глобална криза, туку криза на глобализацијата и во глобализацијата". Дневник 29 јануари 2010. За разлика од нив поранешниот претседател на Русија, *Владимир Путин* на истиот економски форум го повикал светот да избегне изолационизам и економска себичност во борбата против глобалната рецесија. Извор: Kapital бр.484, февруари 2009, стр.17; Додека руските политиколози предложиле изградба на нов модел на глобализација, кој ќе овозможи поголема можност за развој не само за големите држави туку и за помалите држави. "*Руски политиколози: Глобализација и модернизација за све*", Нова српска политичка мисао, 2 септембар 2010.

за создавање на ново глобално општество и постигнување консензус за бројни суштински проблеми од глобално значење, важни за иднината на светот. Некои од нив се во насока на преформулирање на капитализмот, преиспитување на неговата структура и институции со што и глобализацијата ќе ја надмине кризата и ќе добие поинаква слика. Во тој контекст поранешниот советски лидер *Михаил Горбачов* повикува на уривање на сите ѕидови кои го делат светот, споменувајќи го пред се ѕидот што ги дели индустриските земји и земјите во развој кои повеќе не сакаат да заостануваат зад богатите држави. Исто така ги споменува и ѕидовите меѓу оние кои ги предизвикуваат климатските промени и оние кои трпат последици од промената на климата, како и за ѕидот што постои меѓу оние кои бараат глобална акција и политичките лидери кои опонираат.[624] После падот на берлинскиот ѕид очигледно е дека капитализмот не донесе бенефиции за повеќето народи, туку доведе до поголемо разочарување и создавање на нови бројни ѕидови кои повеќе го раздвојуваат светот отколку го обединат. Оттука е скептицизмот за опстанокот и функционирањето на сегашниот капиталистички систем т.е. на економската глобализација.

Значи, треба повеќе да се работи на економско-социјалните аспекти, посебно во распределбата на богатствата и нееднаквоста. Оваа цел потешко е остварлива, отколку остварување на политичките или некои од другите аспекти на глобализацијата, бидејќи не постои начин сите земји и народи истовремено да се развијат и збогатат.[625]

Оттука намерите се идната глобализација да биде што помалку материјалистичка и склона кон богатства и комфор, бидејќи материјалните вредности создаваат сурова и конкурентска борба на "сите против сите". Тешко е да се процени колку и на кој начин различните економски, политички, социјални, безбедносни и технолошки процеси можат да влијаат врз иднината на светот. Сметаме дека глобализацијата ќе се најде во "вкрстен оган" меѓу универзализмот и локализмот, меѓу национализацијата и интернационализацијата, интеграцијата и

---

[624] Gorbachev M., *Tear down this wall!And save the planet*, The Times, 9 November 2009, достапно на: http://www.thetimes.co.uk/tto/public/sitesearch.do?querystring=mikhail+gorbachev+&p.
[625] Valerstajn I., *Posle liberalizma*, JP Sluzbeni Glasnik, Beograd, 2005, str.139.

фрагментацијата. Посебно треба да се избегнат тенденциите од наметнување на универзален концепт на глобализацијата без разлика дали ќе биде со неолиберални, социјадемократски, социјалистички, или екоцентрични бои. Најприфатливо решение е да се задржат разновидните концепти и автономни политики и истите што е можно да се држат подалеку од униформирана рамка за сите.[626]

Исто така, треба да се внимава при формулацијата на глобализацијата и нејзината стратегија на трансформација, затоа што таа нема да биде трајна, туку само привремен почеток на нешто ново. Премногу експериментирања можат да доведат до неуспешна и непосакувана трансформација на општествата од кои може да произлезат нови насилства и судири, а состојбата да биде многу полоша од постоечката. Затоа, според *Шолти,* современата глобализацијата може да донесе подобри резултати доколку се направи промена на политичкиот курс на неолиберализмот со мешавина од амбициозниот реформизам и внимателниот трансформизам.[627] Според него, за да глобализацијата излезе на прав пат кон развој на општествата и демократијата потребно е следново : *прво*, генерална политичка стратегија; *второ,* подигање на човековата безбедност; *трето*, подигање на социјалната еднаквост и *четврто,* зголемување на нивото на демократија. На тој начин сите ќе се чувствуваат задоволни и никој нема да биде "ниту роб, ниту господар".

## 11.5. Предводници на глобализацијата

### 11.5.1. Соединетите Американски Држави и глобализацијата

Процесот на обликување на глобалниот поредок и самата глобализација асоцира и се поврзува со американизација на светот. Иако во принцип глобализациските процеси не треба да се развиваат по вољата на некого, сепак врз основа на монополот во повеќе сфери, САД ги прави да бидат креатори и круцијален фактор на современата форма на глобализација. Засега тие се единствената сила која ги предводи глобалните промени, а глобализациските

[626] Solte A.J., *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str.381.
[627] Исто ,стр.8.

процеси ги користат за своја промоција и застапување на националните интереси во глобални рамки. Тие се лидер на светскиот капиталистички систем и земја која управува со политиката на меѓународните организации и институции. Со 5% од светската популација тие главно одлучуваат и донесуваат одлуки за останатите 95% од населението во светот. "Диктатот" на ова "малцинство" врз светското мнозинство создава револт и незадоволство кај останатите земји и често се поврзува со негативната страна на глобализацијата. За неприкосновената позиција на САД, *Џорџ Сорос* вели „другите земји мора да се прилагодуваат на стратегијата на САД , или САД се во положба да бираат стратегија на која другите земји ќе се прилагодуваат, во голема мера ние повеќе отколку некои други можеме да одлучиме каков би требало да изгледа светот".[628] Тој напоменува дека не може ништо да се направи без САД „нивната надмоќ е поголема отколку било кога, а кога ќе ја спојат својата економска и воена моќ Соединетите Американски Држави се без сомневање хегемон во денешно време".[629] Нешто како *Imperium Americana.*

Во изминатите децении тие настојуваа американскиот либерализам применет во домицилните услови да го пресликаат во меѓународните односи, во меѓународната слободна трговија, делот на индустријализација на заостанатите подрачја, во намалување на сиромаштијата, интензивирање на културните контакти помеѓу нациите и друго.[630] Во промоција на својата надворешна политика, во голем број на случаеви беа користени и воените средства. Одредени податоци покажуваат дека тие значителен дел од функционирањето го минале низ војни. Така на пример пред 20 век поминале 15% од времето во војни, пред втората половина на 20 век околу 22%, додека од почетокот на новиот милениум, (2001 год.) тие се непрекинато во војна. Или вкупно од своето постоење до денес поминале 10% во војна.[631] Притоа, поголемиот дел од земјите во светот едноставно се приклучиле кон либералната воена политика чие мото гласи „прилагоди се или умри", или „ако не сте со нас,

[628] Soros G., *O Globalizaciji*, Samizdat B92, Beograd, 2003, str.95.
[629] Исто, стр.94.
[630] Hantington S., *Vojnik i Drzava: teorija i politika civilno-vojnih odnosa*, Fakultet politickih nauka, Diplomatska akademija, Beograd, 2004, str.158.
[631] Фридман, Дж., *Следвашиҭе сҭо години Геоҭолиҭическа ҭрогноза за XXI век,* София: НСМ Медиа, 2009, стр.52.

тогаш сте против нас". По многу нешта САД се сметаат себеси за земја промотор на глобализацијата.

Постојат редица примери кои покажуваат како САД во минатото се обидувале да ја осигурат својата физичка и економска безбедност. Тоа го правеле на начин што ги контролирале тековите на меѓународниот трговски систем а со своите воени капацитети блокирале било која земја во светот која се попречила на тој пат. Само во периодот помеѓу 1992 и 1996 година тие вовеле трговски санкции против 35 земји заради постигнување на надворешно-политички цели, а се однесувало на повеќе од две милијарди луѓе во светот.[632]

После настаните од 11 септември речиси во сите документи од областа на безбедноста и одбраната го истакнуваат значењето на процесите на глобализацијата и можните последици од истите. Во тој контекст тие предупредуваат на безбедносните предизвици и ризици кои се поврзани со глобализацијата а се однесуваат на *физичките притисоци* - демографијата, ресурсите, енергијата, климатските промени и животната средина, комбинирани со брзите социјални, културни, технолошки и геополитички промени кои создаваат се поголема неизвесност.[633] Низ призма на американскиот поглед, глобализацијата при креирањето на новите можности, создава и мрежа на меѓусебно поврзани слабости и ризици кои уште повеќе ги распространува, ја зголемува осетливоста на кризи и шокови и генерира повеќе неизвесност во однос на нивната брзина и ефект.

Оттука сметаме дека глобализацијата била и сеуште е инструмент преку кој се наметнува се поголема зависност на незападните делови од светот од Западот, во чиј центар се наоѓа моќта на Соединетите Американски Држави. Затоа многумина посочуваат дека САД длабоко влијаеле врз тековите и обликот на глобализацијата, иако нивниот престиж за доминација во никој случај не значи дека тие ја предизвикале или создале самата глобализација. Но, нивната моќ во глобалниот систем им дозволува да си овозможат самоодбрана на туѓа територија и неограничена дозвола за „лов на терористи" во било која земја во светот, без

[632] Vidojevic Z., *Kuda vodi globalizacija*, Filip Visnjic, Beograd, 2005, str.187.
[633] National Defense Strategy of United States of America, June 2008.

притоа да размислат да ли кршат некакви права, демократски вредности или слободи. Во тој контекст *Томас Фридман* вели „скриената рака на пазарите никогаш нема да работи без скриената тупаница".[634] Со милитаризацијата на меѓународните односи успееја да бидат присутни во нови подрачја и да поставт нови граници на влијание. Тоа го потврдуваат податоците поврзани со распространетоста на 250 000 американски војници во 120 земји низ светот и воените бази во странство чија бројка достигнува до 1000.[635] Нивна цел е да обезбедат простор за спроведување на политичката и економската глобализација и со тоа да овозможат градење на нов светски поредок според американски модел, но и да ги обезбедат и заштитат тековите на глобализацијата и стекнатите позиции во сите делови од светот. Со непосредното воено присуство и хегемонска положба тие го осигуруваат и трасираат патот по кој ќе се движи современата глобализација а како девиденда на тоа, глобализацијата е прифаќање на американските обележја како светски стандард според кои сите земји треба да се раководат. Оттука, нивната воена сила има улога да тежи кон пренесување и имплементација на американскиот дух во планетарни размери и остварување на нивната - американска глобализација.

Се поставува прашањето колку најмоќната сила со голем буџетски и трговски дефицит може да го одржува својот одбранбен буџет од над 700 милијарди долари а истовремено да придонесува за мирот и стабилноста преку унилатерално дејствување?[636]

Одржувањето на хегемонијата бара сериозна финансиска поткрепа, што не можат да си ја дозволат останатите претенденти за наследник на сегашниот хегемон. Посебно е тешко да се следи патот по кој се движат САД во изминативе неколку години, а тоа е промовирање на лидерство по пат на изолационизам проследено со слобода и слободна трговија, отворен пазар преку протекционизам.[637] Меѓу другото не секогаш воените средства се најдобра опција за одржување на моќ во

---

[634] Цитат во: Vidojevic Z., *Kuda vodi globalizacija*, Filip Visnjic, Beograd, 2005, str.77.
[635] Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009, str.70; Vine D., *Too many overseas bases*, Foreign Policy in Focus, February 25, 2009.Достапно на : http: //www.fpif.org/articles/too_many_overseas_bases
[636] Garton Es. T., *Slobodan Svet: Amerika, Evropa i iznenadujuca buducnost Zapada*, Samizdat B92, Beograd, 2006, str.136.
[637] National Security Strategy of United States of America, March 2006.

меѓународните односи, бидејќи некои земји кандидати за наследник на САД се повеќе се фокусираат на економските аспекти отколку на воените. Притоа ја користат глобализацијата за истакнување на своите можности на меѓународен план. Во основа, премногу е ризично, (иако можеби исплатливо), да се субординира економската политика во однос на безбедносно-воената што на сегашната супер сила длабоко и се одрази врз внатрешната состојба и на нејзината надворешна позиција во светот. Тоа е потврда дека еднострaниот интернационализам Ђ унилатерализам, не оди во контекст со глобализацијата и е контрапродуктивен за транснационалната демократија и прогрес. Оттука се очекува да следи период во кој ќе се промовираат други земји со лидерски капацитети за поинакви пристапи од досега видените, чие мото би било да се учествува, (да се промовира слободата, демократијата и просперитетот), без да се употреби воената сила во решавање на глобалните проблеми.

### 11.5.2. Европската унија и глобализацијата

Европската унија со промоција на средствата на пристап на таканаречената мека моќ, (*soft power*), успеа да стекне меѓународен кредибилитет и да ја зајакне својата меѓународна позиција. Со развиена и разгранета економска платформа, трговска поврзаност и интегрираност се стремеше да биде силен конкурент на глобалната сцена. Засега таа е најразвиениот облик на регионална интеграција на политички и економски план која обединува 27 земји членки со преку 500 милиони жители кои остваруваат вкупно производство од околу 1/4 од светскиот бруто производ. Тенденција на ЕУ е насочена кон географско проширување овозможувајќи да израсне во конкуретска сила на глобалната сцена. Покрај тоа, се покажа мошне успешна во создавањето на заедничка надворешна и безбедносна политика и градење на европски безбедносен и одбранбен идентитет кои “кулминираа“ со објавувањето на *Европската безбедносна стратегија.* ЕУ гледа на безбедноста во глобалистичка смисла или како што се нагласува „во ерата на глобализацијата и далечните закани можат да бидат исто толку опасни како тие што се близу“, поради што Унијата е подготвена да го „дели товарот и одговорноста

за глобалната безбедност и градење на подобар свет“.[638] Видувањата на членките на Унијата се дека безбедноста е предуслов за развој и од тој аспект заканите кои се појавуваат во новото време треба да се анулираат преку учество во мисии онаму каде што се појавува опасноста. Во свет на глобалните закани, ЕУ решенијата ги гледа преку создавање на меѓународен поредок кој ќе се базира на *ефективен мултилатерализам*, односно безбедноста и просперитетот на Унијата е поврзана со останатите меѓународни организации како што се Обединетите нации, НАТО, светски финансиски организации и регионални организации како АСЕАН, Меркосур и Африканската унија. Оттука ЕУ повикува на синергетски приоди користејќи ги политичките, економските, дипломатските, трговските, воените и полициските инструменти.[639]

Пристапот на ЕУ кон глобализацијата е фокусиран на неколку суштински работи и тоа: на мултилатерален светски поредок, институционализација на меѓународната политика со учество на бројни актери и мултилатерализам во дејствувањето при решавање на глобалните проблеми. Како глобален играч таа обезбедува 37% од буџетот на ООН, учествува/ла, (од 2003 год. до денес), во преку 20-тина воени и полициски мисии на сите континенти и располага со буџет за одбрана од околу 200 милијарди евра.[640] Оттука, таа гради сопствен кредибилен имиџ преку глобалната интервенционистичка способност а со тоа ја превзема одговорноста за глобалната безбедност и одбрана и придонесува кон воените аспекти на глобализацијата. Исто така, процесите на глобализација овозможија Унијата да ги интернационализира сопствените норми и практики кои им беа наметнати во домашната политика на новите земји членки и земјите кандидати за влез во ЕУ. Оттука, таа е типичен пример за тоа како интересите, нормите и прогресот се пренесуваат во насока од западните земји кон земјите во развој, т.е. од развиените кон неразвиените земји, а никогаш обратно. Во тој контекст глобализацијата преку процесот на регионализација стекнува позитивна слика,

---

[638] *A Secure Europe in a Better World*, European Security Strategy, Brussels, December, 2003.
[639] Исто.
[640] *Overview of the missions and operations of the European Union*, November 2011, достапно на: http://www.consilium.europa.eu/eeas/security-defence/eu-operations?lang=en

бидејќи може да придонесе за намалување на јазот помеѓу развиените и неразвиените земји.

### 11.5.3. Земјите во развој и глобализацијата

Во изминативе години американската глобализација се соочи со конкуренција која произлезе од азискиот регион. Станува збор за промоторите како што се Кина, Индија и Русија, држави кои сеуште не се навлезени во групата на развиени земји, а се движечка сила на светската економија на која и даваат свој белег и динамики. Со континуираниот развој овие земји завземаат се поголем удел на глобалната сцена, а притоа ја намалуваат доминацијата и улогата на САД. Присутноста на кинеските стоки и индијската филмска продукција на глобално ниво наметнуваат свои специфики и културни притисоци врз земјите од останатите делови од светот. Меѓу другото, огромните демографски капацитети (2.5 милијарди жители на Кина и Индија), можат да доведат до промена на етничката карта на светот, а тоа лесно да се рефлектира врз меѓународната политика. По се изгледа дека идната глобализација ќе го добие азијатското лице директно соочувајќи се со американската т.е. западната глобализација.[641] Во поткрепа на тоа се и следниве податоци.

Имено, статистичките податоци покажуваат дека Кина и Индија се земји кои имале голем напредок во изминативе две децении. Благодарение на нивниот брз раст драстично се намалил процентот на сиромашна популација. Во изминативе дваесет и пет години кинеската економија остварила просечен годишен раст од 10%, додека Индија во истиот период остварила економски раст помеѓу 5 и 6 % на годишно ниво. Поради тоа сиромаштијата во Кина се намалила од 28% (околу 250 милиони луѓе) во 1978 год. на 9% во 1998 год., односно на 3.6% (или 35.9 милиони луѓе) во 2009 год.[642] Според Светска банка доколку се исклучи Кина, процентот на

---

[641] Недялкова А., Бауман З. и Филипов Д., *Глобализъм, Регионализъм и Антиглобализъм*, Албатрос, София, 2005, стр. 21.

[642] China News and Report 2010 *Keynote Speech at the International Conference of Asian Political Parties on Poverty Alleviation*, достапно на :http//www.china.org.cn/report/2010-08/13/content_20706314.html

сиромаштија на светско ниво би се намалил на само 10%.[643] Во Индија процентот на сиромаштија се намалувал поспоро во однос на Кина. Според податоците на Светска банка процентот на сиромаштија во Индија се намалил од 51.3% во 1990год. на 41.6% во 2005год.[644]

Гледано во пошироки рамки во Африка и Азија во 70-тите години на минатиот век, 11% од сиромашните луѓе живееле во Африка, додека 76% од нив во Азија, за да во 1998 година бидат 66% сиромашни во Африка, а во Азија тоа изнесувало само 15%.[645] Генерално, во изминативе дваесетина години во Азија повеќе од една милијарда луѓе се "спасиле" од дофатот на сиромаштијата. Покрај тоа, Кина моментално располага со најголемите девизни резерви во светот а според некои проценки има околу 106 милијардери и 345.000 милионери што ја прави втора земја во светот, (после САД), по бројот на милијардери, а кинеските богаташи поседуваат 20,6 % од вкупното богатство на Азија.[646] Во 2008 год. во Кина се регистрирани околу 85 милиони приватни фирми за разлика од пред 20 години кога немало ниту една.[647] До 2008 год. вложувањата на странски капитал во Кина изнесувале 780 милијарди долари кои придонеле за раст од околу 40% од бруто производот и ја прави втора земја во светот по бројот на странски директни инвестиции.[648] Или, севкупно земено таа е втора економска сила во светот. Овие податоци говорат дека динамиката на глобализациските процеси помогнале одредени земји во развој да постигнат економскиот раст со што е намален степенот на сиромаштија во овие земји. Затоа денес развиените земји од Западот ја гледаат Кина како "земја спасител" од која се очекува да ги спаси "давениците" од глобалната финансиска рецесија и да ги врати повторно во живот, (да им го исплати долгот). На пример Кина поради глобалната криза има финансирано долг на САД од околу 925 милијарди долари.[649] Моментално таа е најголемиот странски кредитор

---

[643] *World Bank's Poverty Estimates Revised*, World Bank Development Indicators, 2008.
[644] Ghosh J.,*Poverty reduction in China and India: Policy implications of recent trends*, Economic & Social Affairs No.92 January 2010.
[645] Bagvati Jagdis, *U odbranu globalizacije*, Sluzbeni glasnik, 2008, str.89-90.
[646] Vidojevic Z., *Demokratija na zalasku:Autoritarno-totalitarna pretnja*, Sluzbeni glasnik, 2010, str.183.
[647] Исто.
[648] Pudar M., *Svet bez gospodara*, Sluzbeni glasnik, 2010, str.158.
[649] Исто, стр.228.

на САД и земја која има најголеми девизни резерви во долари. Оттука внатрешните економски или политички флуктуации во некоја од овие земји би можеле длабоко да се одразат на нивните меѓусебни односи.

Покрај тоа, што е втора економска сила во светот, таа се почесто ја интензивира улогата и во останатите сфери како безбедноста, (како членка на Советот за безбедност при ООН, и како нуклеарна сила), енергијата, климатските промени и сл. Затоа сегашната глобализација голем број на кинези ја пречекуваат со ширум отворени раце, наспроти некои земји кои силно се противат и во неа гледаат опасност. Со тоа земјите во развој како Кина, Русија и Индија го ставија печатот на лицето на економската глобализација и ја пронајдоа “западната ахилова пета“, (слабоста на капиталот), а на капиталистичките земји им посочија дека повеќе немаат монопол над глобалната економија.

Меѓу останатото, овие земји уживаат голем меѓународен углед и истите споделуваат многу заеднички интереси кои го загрозуваат западното водство. Уште на почетокот на 21 век нивната меѓусебна соработка се покажа како многу темелна за решавање на бројните глобални проблеми, а пред се во делот на заложбите за мултиполарен свет, демократизација на меѓународните односи и зачувување на разноликоста на светот. Секоја од земјите се покажа како стожер во некоја важна област. На пример Кина како огромен пазар на потрошувачи и ефтина работна сила, Русија како суровинска база и огромен извор на природни ресурси и други енергетски потенцијали а Индија како светски сервис систем и извозник на научни потенцијали и инженери.[650] Сите показатели одат во нивна полза затоа што кај нив се наоѓа популацијата, производството, парите, енергијата и научниот потенцијал, доволно за да владеат со светот. Ова се титаните на 21 век кои направија препород во меѓународните односи бидејќи успееја да ја поместат границата од безбедносно-воената моќ, (како нуклеарни сили, а Кина и Русија и како членки на Советот за безбедност при ООН), кон економско-финансиската и научно-технолошката моќ. Се очекува прогресот на овие земји да ја дадат насоката и формата на новата глобализација која веќе започнува да се пренасочува од Запад кон Исток.

---

[650] Исто, стр.35.

## 11.6. Нова архитектура на глобализацијата

Процесите на глобализација го зголемија интензитетот во меѓународните односи и придонесоа за преместување на тежиштето и моќта едно на друго место, создавајќи можности одредени земји да најдат свое "место под сонцето" и да бидат важен елемент во новата меѓународна структура. Со пренасочување на влијанието, глобализацијата создаде услови некои земји да добијат статус на "*open land*",[651] (отворена земја), за влез на "капацитетите" на современата глобализација. Со вклучување на нови актери на меѓународната сцена, глобализацијата овозможи нивелирање на постоечките односи меѓу државите.

Гледано од тој аспект, глобализациските процеси придонесоа за намалување на улогата на западните земји во глобалните случувања и префрлување на "тежината" и одговорноста кон незападните. Досега, глобализацијата воопшто не беше неутрална појава, ја препознававме по западниот облик "*Made in the USA*". Но, не засекогаш таа ќе ги има боите на Западот, бидејќи иднината на глобализацијата не е фиксирана само за едни земји, народ и организации, туку се појавуваат други актери кои наметнуваат нови правила на игра спротивни на западните. На пример такви се земјите од групата *БРИК*[652], (Бразил, Русија, Индија и Кина), Јужна Кореја, Јапонија и Индонезија. Како што постепено растат и созреваат новите сили во политичко - економските, информатичко - технолошките и безбедносно - воените аспекти на глобализацијата, таа постепено и ќе добива нови "бои", особини и форма. Западот повеќе не е водечка производствена, финансиска, ниту демографска сила, а станува и дискутабилна нивната позиција во глобалниот поредок. Одделни економски кризи и речиси непрекинатиот воен интервенционизам на западните земји се одрази на нивната внатрешно - надворешната политичка состојба, доведувајќи го во прашање аспектот на глобалното водство. Меѓу другото, тоа доведе до промени во лидерството а

---

[651] Klein N., *The Shock Doctrine the rise of disaster capitalism*, Metropolitan Books Henry Holt and Company, LLC, New York, 2007, p.402.

[652]Според Извештајот на *The Boston Consulting Group* за 2006 год. од 100-те нови глобални коорпорациски лидери кои не припаѓаат на *Организацијата за економска соработка и развој*, дури 84 се од земјите на групата БРИК. Види во: *Global Trends 2025: A Transformed World*, NIC, November 2008,p.8, достапно на :http: //www.dni.gov/nic/NIC_2025_project.html.

глобализацијата поприми обележја и на други незападни земји, со елементи на поинаков модел од западниот. Засега потенцијални кандидати кои ќе ги придодадат новите обележја на глобализација се Кина и Индија, па оттука сметаме дека ова ќе биде век со азиска проминенција.[653] Може да се каже дека категоријата „*WEST*" полека избледува а првата позиција ја превземаат земјите од категоријата „*REST*". Од "новите менаџери" нормално е да се очекуваат и нови правила на функционирање различни од претходните и нивно поголемо влијание во реформирањето на меѓународните политички и финансиски институции. Прилагодувањето на институциите и меѓународниот поредок ќе зависат од интензитетот, растот, интересите и намерите на "новите сопственици" со тоа што ќе ја определат новата структура и насоката по која ќе се движи современата глобализација. Новото водство ќе биде проследено со редица импликации од меѓународен карактер а тие би биле:

- промена на геополитичкиот и геоекономскиот пејзажи;
- нови предизвици за државите, меѓународните организации и недржавните субјекти и
- зголемено чувство на небезбедност.[654]

Гледано од безбедносен аспект, ќе биде голем предизвик за актуелните земји - предводници на глобализацијата, во смисла на тоа каков облик ќе добие идната глобализација и според чиј модел ќе треба да се раководат останатите земји во светот. Се појавува страв кај високоразвиените земји, (актуелни управувачи со глобализацијата), дека може да се "изникне" алтернативен модел како замена на капиталистичката неолиберална економија. По се изгледа дека "паранојата" постепено ќе се зголемува како што земјите во развој - Кина и Индија се сé поблиску до стандардите на земјите од Првиот свет. Загриженоста е особено изразена поради фактот дека земјите во развој, кои имаат ефтина работна сила и стандарди за животна средина, иновативни ефтини технологии и пристап до

---

[653] *Mapping the Global Future 2020*, National Intelligence Council, December, 2004.
[654] Исто, стр.25.

светските пазари, преставуваат мошне сериозни конкуренти на развиените земји, што може да доведе до "крај на трката" и почеток на "нова историја" во глобализациските процеси. Затоа, за да го надминат стравот, западните земји се приморани секојдневно да "трчаат многу брзо со цел да останат на сегашното место". Односно, принудени се континуирано да иновираат во многу нешта со цел да го одржат сопственото ниво на стандард и стекнатата позиција.

Без разлика кој ќе ја предводи идната глобализацијата, треба да се земат предвид досегашните искуства на "старите" лидери и да се вметнат нови правила на игра со цел да се елиминираат бројните економско-социјални и безбедносни импликации. На тој начин новиот модел би требало да има решенија во случај на кризи во глобализираната економија, по однос на глобалната безбедност и во социјалната сфера, а најважно од се е да не се дозволи глобализацијата да слезе од патеката на движење која води кон мирот и напредокот.

### 11.7. Мултилатералниот приод во остварување на современата глобализација

Конкуренцијата предизвикана од процесите на глобализација создаде амбиент и простор во кој покрај старите земји се приклучија и нови држави кои заеднички го дефинираат новиот меѓународен поредок. Иако постои можност глобализацијата да ги зголеми шансите одредени земји да доминираат во светот, сепак малку веројатно е дека тоа ќе бидат една или две земји. По се изгледа, дека униполарноста во современата глобализацијата е неостварлив модел за светски поредок. Глобализацијата се повеќе ќе создава шанси за просперитет и доминација и на други земји како центри на моќ. Оттука, светот ќе го добива мултиполарното обележје во кој ќе опстојуваат пет или шест големи сили кои меѓусебно ќе се натпреваруваат на глобалната сцена.[655] Можеби овој модел на поредок повеќе одговара на идната глобализација со цел рамномерна распределба на бенефитите помеѓу земјите, што досега не беше така. Но, тоа создава и други потешкотии.

---

[655] Davis K.J. and Sweeney J.M., *Strategic Paradigms 2025: U.S. Security Planning for a New Era*, Institute for Foreign Policy Analysis, Brassey's, 1999, p.238.

Имено, како што ќе растат афинитетите на земјите да го максимизираат своето регионално и глобално влијание и да ги заштитат своите интереси, така ќе се зголемува и интензитетот на “борбата“ меѓу нив пред се во економската и научно-технолошката сфера. Притоа, веројатно е дека со иста брзина ќе се зголемуваат и безбедносните предизвици и напнатост меѓу актерите.

Денес светот се соочува со една преодна фаза која наликува повеќе на „неполарен свет“ отколку на мултиполарен, бидејќи нема ниту една сила способна да ги мобилизира останатите околу нејзината агенда. Тоа значи дека нема ниту една нација која може да биде безбедносен гарантер или глобален лидер кој ќе ги предводи останатите.[656] Но сепак, глобализацијата е синоним за мултиполарност и тежнее кон свет со поголема меѓународна соработка, консултации и колективни акции преку меѓународните и регионалните организации и тела. Денешните проблеми не можат да се решат со унилатерален пристап, напротив, бараат поголема соработка и координација меѓу државите и меѓународните и регионалните организации и институции. Имено, транснационалните закани се голем тест за земјите кои претендираат да бидат глобални лидери во 21 век. Притоа, не постои нација во светот, способна сама да се справи со безбедносните предизвици или сама да го предводи или промени светот.[657] Затоа, взаемната зависност меѓу земјите, ќе допринесе до зголемена наднационална соработка но и до градење на заедничка визија за меѓународниот безбедносен систем од кој сите ќе имаат полза.

Оттука, дилемите за наднационален надзор ќе бидат помеѓу *глобално-унилатерален,* (на пр.САД) или *кооперациско-мултилатерален,* (на пр. ЕУ) или третата опција, признавање и овозможување на разноликост како вид на *космополитска држава* која засега е нереална.[658] Затоа, мултилатералниот пристап се смета за неизбежен концепт, кој е пооптимистичен и води кон мир и стабилност, бидејќи процесите на глобализација придонесуваат државите и организациите да

---

[656] Global Strategic Assessment 2009:*America's security role in a changing world*,Institute for National Strategic Studies,National Defense University Press, 2009, p.36.
[657] Исто, стр.38.
[658] Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije*: *Nova svjetskopoliticka ekonomija*, Skolska knjiga, Zagreb, 2004, str.334.

делуваат во мрежа на меѓусебна поврзаност и да бидат меѓузависни едни од други. Се претпоставува дека покрај САД и ЕУ, во игра ќе бидат вклучени и земјите од групата БРИК, како и земјите од арапскиот свет а нивното влијание ќе зависи од економските, политичките, воените, технолошките и енергетските фактори кои ќе ја детерминираат нивната моќ на меѓународен план.

Сметаме дека мултилатералниот концепт е сосема реален и соодветен, бидејќи застапува повеќе земји од различни делови на светот во рамките на меѓународните институции и тела, а преку кои се овозможува поголема наддржавна контрола во повеќе области. Имено, взаемната зависност и соработка меѓу државите и организациите ќе ги принудува кон поголема рационалност и решавање на комплексните прашања, а тоа ќе води кон стабилен поредок и ширење на зоните на мирот во светот.

### 11.8. Степенот на глобализираност на државите

Дискурсот на глобализацијата главно се базираше на теории и дебати кои даваа одредени објаснувања и дефинирања на појавата, но комплексноста се јавува кога треба глобализацијата да се сведе на емпириски показатели и индикатори. За прв пат, во списанието *Foreign Policy,* се појавил наслов „*Мерење на глобализацијата*" во кое се потенцираше дека „сите говорат за глобализацијата, но никој не се обидел да го измери нејзиниот опсег, секако не досега".[659] Па оттука, во спомнатиов текст за показатели се земени предвид индикатори кои придонесуваат и ја поттикнуваат интеграцијата, а тие се: прекуграничните лични контакти, меѓународните телефонски јавувања, меѓународната поштенска размена, број на корисници на *World Wide Web,* странски директни инвестиции, трговска размена, учество во меѓународни мировни мисии и др. Всушност со емпириските индикатори се прави обид да се даде "слика" за разликите меѓу националното и интернационалното, а кои всушност преставуваат и главни сили кои го прикажуваат

[659] Foreign Policy, 2001, pp.56-65.

степенот на глобализираност. Притоа, не постојат јасно зацртани правила или шеми според кои треба да се раководат земјите, напротив, станува збор за "манипулација со варијаблите", така што еден индикатор за степенот на глобализираност важи за една земја, но не и за друга. Оттука, поради комплексноста на глобализацијата, во многу случаи се даваат погрешни дијагнози, затоа што таа не е поединечен процес туку збир на процеси кои делуваат истовремено и нерамномерно на неколку нивоа и во различни димензии.[660] Тоа имплицира потреба од подетално идентификување, истражување и проценки на процесите на глобализацијата во секој домен, а притоа да не се излезе од зацртаната рамка на нејзино функционирање и остварувањата. Но, да видиме кој и колку е глобализиран, на чија штета или за која корист, кој, кого глобализира и под кои услови? Дали најглобализираните земји се најмоќните и најбогатите држави кои го одредуваат патот на глобализациските процеси во светот или не? (Види *прилог бр.2-однос глобализирани и неглобализирани*).

Оттука елаборираме неколку реномирани индекси на глобализираност со цел да имаме појасна и пообјективна слика за рејтингот на земјите и движењата во овој сегмент. За таа цел се повикавме на истражувањата на *Центарот за проучување на глобализација и регионализација (CSGR – Center for Study of Globalization and Regionalization)* и нивните резултати за глобализираноста на земјите во изминатиот три децениски период чии индикатори се категоризирани во три групи и тоа: економски, политички и социјални аспекти на глобализацијата.Тоа може да се види од табела број 7.

---

[660] Steger M.B.,*Globalizacija*, Sahinpasic, Sarajevo, 2005, str.35.

**Табела бр.7**[661]**-** *Индекс на глобализираност според Центарот за проучување на глобализација и регионализација*

**Најглобализирани земји**

| Ранк | 80-тите (56 земји) | 90-тите(93 земји) | 2000 и понатаму (103 земји) |
|---|---|---|---|
| 1. | Белгија | Белгија | Белгија |
| 2. | Швајцарија | Канада | Сингапур |
| 3. | Сингапур | Швајцарија | Канада |
| 4. | Канада | Сингапур | Австрија |
| 5. | Франција | САД | Обединетото Кралство |
| 6. | Обединетото Кралство | Франција | САД |
| 7. | Холандија | Обединетото Кралство | Швајцарија |
| 8. | САД | Шведска | Шведска |
| 9. | Шведска | Ирска | Ирска |
| 10. | Данска | Русија | Франција |

**Најслабо глобализирани земји**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Гренада | Св.Винсент и Гренадите | Самоа |
| 2. | Хондурас | Доминиканска република | Св.Винсент и Гренадите |
| 3. | Гватемала | Сејшелите | Вануату |
| 4. | Салвадор | Гренада | Албанија |
| 5. | Боливија | Белизе | Того |

Од табелата може да се види дека во изминативе декади најглобализирана земја е Белгија, додека големите водечки земји како САД, Обединетото кралство, Франција и Канада, кои се во групата на најразвиени земји во светот, (Г-8), се помалку глобализирани отколку некои помали земји. Но, со цел истражувањето да биде поверодостојно ќе ги земеме предвид и индексите на глобализираност што ги прикажуваат *А.Т. Керни,* (за период од 2001 до 2006 год.) и од швајцарскиот *Институт за економија - КОФ* (*Konjunkturforschungsstelle-KOF),*[662] (за период од 2007 до 2011 год.), со чие надоврзување ќе добиеме целосен преглед за степенот на глобализираност на земјите и нивното рангирање во првата деценија од 21 век.

---

[661] Lockwood B. and Redoano M.,*The CSGR Globalization Index : an Introductory Guide*,Center for Study of Globalization and Regionalization, Newsletter, issue 16, december 2006 and Working Paper 155/04, достапно на: http://www.2warwich.ac.uk/fac/soc/csgr/index/

[662] *KOF* - преставува акроним од германскиот збор „*Konjunkturforschungsstelle*" што значи Институт за истражување на бизнис кругот. Достапно на : http://www.kof.ethz.ch/en/about-us/

Индексот на глобализираност според *Керни* опфаќа 62 земји, (во 2001 год. се опфатени 50 земји), кои остваруваат 96% од светскиот БДП и сочинуваат 85% од светската популација. Индексот е базиран на 12 варијабли групирани во четири категории и тоа: *економската интегрираност,* (слободна трговија и странски директни инвестиции), *лични контакти,* (меѓународни патувања и туризам, меѓународен телефонски сообраќај, трансфер на луѓе и др.), *технолошка поврзаност,* (интернет корисници) и *политички ангажман и учество,* (членство во меѓународни организации, персонални и финансиски контрибути во мировни операции на ООН, меѓународни ратификувани договори и др.). Рангираноста на земјите може да се види од табела бр.8.

**Табела бр.8**[663] - *Индекс на глобализираност за период 2001-2006год.*

| Ред бр. | Земја | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сингапур | 1 | 3 | 4 | 2 | 1 | 1 |
| 2. | Холандија | 2 | 4 | 5 | 4 | 5 | 7 |
| 3. | Шведска | 3 | 5 | 3 | 11 | 8 | 10 |
| 4. | Швајцарија | 4 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 |
| 5. | Финска | 5 | 6 | 10 | 5 | 10 | 13 |
| 6. | Ирска | 6 | 1 | 1 | 1 | 2 | 4 |
| 7. | Австрија | 7 | 9 | 8 | 9 | 9 | 9 |
| 8. | Обединетото крал. | 8 | 10 | 9 | 12 | 12 | 12 |
| 9. | Норвешка | 9 | 11 | 13 | 17 | 14 | 14 |
| 10. | Канада | 10 | 7 | 7 | 6 | 6 | 6 |
| 11. | Данска | 11 | 8 | 6 | 10 | 7 | 5 |
| 12. | САД | 12 | 12 | 11 | 7 | 4 | 3 |
| 13. | Италија | 13 | 24 | 24 | 25 | 27 | 27 |
| 14. | Германија | 14 | 14 | 17 | 18 | 21 | 18 |
| 15. | Португалија | 15 | 15 | 14 | 16 | 22 | 24 |
| | | | | | | | |
| 46. | Колумбија | 46 | 60 | 55 | 50 | 51 | 54 |
| 47. | Кенија | 47 | 47 | 43 | 54 | 49 | 53 |
| 48. | Кина | 48 | 53 | 51 | 57 | 54 | 51 |
| 49. | Индија | 49 | 49 | 56 | 61 | 61 | 61 |
| 50. | Иран | 50 | 62 | 62 | 62 | 62 | 62 |
| | | | | | | | |
| 58. | Бразил | 44 | 58 | 57 | 53 | 57 | 52 |
| 59. | Индонезија | 38 | 59 | 58 | 59 | 60 | 60 |
| 60. | Перу | 43 | 61 | 59 | 52 | 53 | 50 |
| 61. | Венецуела | 35 | 57 | 60 | 58 | 55 | 59 |
| 62. | С.Арабија | / | 37 | 61 | 41 | 45 | 44 |

663 Kearney A.T., *Measuring Globalization,* Foreign Policy , January-February2001, January-February 2003, March –April 2004, May-June 2005, November-December 2006, достапно на: http://www.foreignpolicy.com; http://www.atkearney.com.

Од прикажаното се забележува дека за периодот од 2001 до 2006 год., најглобализирани земји биле Сингапур, Ирска и Швајцарија, односно се уочува доминацијата на западно европските земји кои се меѓу првите десет по ранг. Недостатоци на индексот се што не е прикажана Белгија, (која според другите индекси преставува најглобализирана земја во светот), исто така не се земени предвид критичните земји како Авганистан, Ирак и други држави со цел да се избегне конекцијата на глобализацијата со тероризмот, иако постојат неаргументирани теории кои се потврдуваат со индексот на глобализираност, дека повеќе глобализираните земји се помалку ранливи на терористички напади отколку неглобализираните држави.[664] Покрај тоа сметам дека авторот на овој индекс се обидел САД, Австралија и Нов Зеланд да ги доближи до европските земји што не содејствува со реалната состојба.

За разлика од овој индекс, вториот на *Инсшишушош за економија - KOF Index of Globalization* е порепрезентативен бидејќи опфаќа 208 земји, (122 земји за 2007 и 2008 год.) при што се вклучени поголем број на варијабли кои пообјективно и попрецизно ги рангираат земјите. Станува збор за променливи групирани во три општи категории : *економска глобализација, социјална глобализација,* (вклучува лични контакти и технолошка поврзаност) и *политичка глобализација.*

Според овој индекс редоследот на земјите е поинаков со тоа што во групата на најглобализирани земји се Белгија, Австрија и Холандија, додека Австралија и САД, (кои не се прикажани во табелата), се наоѓаат на пониско ниво отколку во индексот на *А.Т. Керни.* Исто така, Сингапур како најглобализирана земја, (според прикажаниот индекс на Керни), тука е во првите 10 земји, што значи дека постојат одредени пропусти или пак некои индикатори, (на пр. економските), повеќе се валидни од останатите, што им дава предност на едни земји во однос на други. Индексот може да се види на табелата што следи.

---

[664]Kearney A.T., *Measuring Globalization,* Foreign Policy, May-June 2005, p.56.

**Табела бр.9**[665] - *Индекс на глобализираности за период 2007-2011год.*

| Ред бр. | Земја | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Белгија | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 2. | Австрија | 2 | 2 | 5 | 2 | 2 |
| 3. | Шведска | 3 | 3 | 6 | 5 | 4 |
| 4. | Обединетото кралство | 4 | 7 | 27 | 24 | 21 |
| 5. | Холандија | 5 | 6 | 3 | 3 | 3 |
| 6. | Франција | 6 | 9 | 16 | 13 | 7 |
| 7. | Канада | 7 | 15 | 8 | 7 | 13 |
| 8. | Швајцарија | 8 | 4 | 4 | 4 | 5 |
| 9. | Финска | 9 | 10 | 13 | 9 | 11 |
| 10. | Р.Чешка | 10 | 8 | 11 | 12 | 12 |
| 11. | Данска | 11 | 5 | 7 | 6 | 6 |
| 12. | Ирска | 12 | 16 | 2 | 11 | 10 |
| 13. | Португалија | 13 | 14 | 15 | 8 | 9 |
| 14. | Шпанија | 14 | 12 | 18 | 15 | 17 |
| 15. | Германија | 15 | 11 | 22 | 18 | 16 |
| | | | | | | |
| 118. | Руанда | 118 | 119 | 154 | 159 | 158 |
| 119. | Хаити | 119 | 117 | 141 | 164 | 165 |
| 120. | Мјанмар | 120 | 120 | 158 | 181 | 186 |
| 121. | Централна Африканска Репуб. | 121 | 118 | 153 | 170 | 172 |
| 122. | Бурунди | 122 | 121 | 156 | 169 | 170 |
| | | | | | | |
| 204. | Тонга | / | / | 204 | 173 | 182 |
| 205. | Туркменистан | / | / | 205 | 156 | 159 |
| 206. | Узбекистан | / | / | 206 | 152 | 153 |
| 207. | Девствени острови (САД) | / | / | 207 | 207 | 208 |
| 208. | Западен Брег и Газа | / | / | 208 | 208 | 174 |

Од презентираното може да констатираме дека земјите од Западна Европа и Северна Америка биле и сеуште се најглобализираните земји во светот за периодот од 1980 до 2011 год. На самото дно се главно сиромашните земји лоцирани во јужната хемисфера од земјината топка во регионите како Субсахарска Африка, Латинска Америка и Карибите, Средниот Исток и Северна Африка. Тоа е уште една потврда дека современата глобализација е нееднаков процес кој претежно е во корист на високоразвиените земји додека останатите земји и региони ги заобиколува. Загрижувачки е што старо-новите предводници на глобализацијата

[665] Dreher A., 2006, Does *Globalization Affect Growth? Empirical Evidence from a new Index*, Applied Econimics 38,10:1091-1110; Dreher Axel et al. 2008, *Measuring Globalization –Gauging its Consequence*, New York: Springer. KOF Index of Globalization 2007,2008,2009,2010,2011,ETH Zurich, достапно на: http://globalization.kof.ethz.ch/

САД, европските лидери Франција и Германија, најразвиената азиска земја Јапонија и земјите од *БРИК* групата, (Бразил, Русија, Индија и Кина), како и некои арапски земји, (С.Арабија), се далеку од посакуваното ниво т.е. помалку се глобализирани од некои земји кои не припаѓаат на Првиот свет. Постои сомневање во резултатите во однос на тоа како некои помали земји, (на пр.за 2011год. Гватемала и Молдавија се на подобра позиција од втората економија во светот Кина или од Бразил и Индија) кои се на повисока позиција од државите кои важат за светски сили во сферата на економијата, политиката, безбедноста и технологијата.

За да една земја стане глобализирана можеби ќе и бидат потребни 10 месеци или 20 години. Како што вели *Кофи Анан* „не се работи за тоа да ли ќе се приклучите кон глобализацијата, туку кога ќе го направите тоа".[666] Во современата ера на глобализација тоа ќе зависи од можностите на земјата, односно, од тоа да ли ќе може да развијат соодветни софтверски и оперативни системи со голема брзина и капацитет. Тоа значи дека степенот на глобализираност е зависен од брзината на адаптирање кон новонастанатите промени. На пример, Ирска во 2009 год. била на второто место и во рок од една година (2010 год.) паднала на 11 -та позиција. Тоа не значи дека Ирска е помалку глобализирана, туку дека другите земји многу побрзо го подобриле рејтингот на глобализираност. Исто така Исланд, (која не е прикажана во табелата), од најпосакувано место за живеење и со најдобар стандард за предходната година, во 2012 год., доживеа финансиски колапс и се најде на работ на банкрот.

Овие примери покажуваат дека современите процеси на глобализација се непредвидливи и доста ризични, гледано од економски аспект, а длабоко се одразуваат на севкупната општа состојба во општествата. Притоа се наметнуваат и следниве прашања: дали најглобализираните земји се водат според геслото „победникот зема се", (*The Winner takes it all*)?; како да се глобализира Африка?; постои ли процес на регионална или континентална маргинализација?; зошто начинот на кој се глобализираме не придонесува за намалување на сиромаштијата и

[666] Globalization Kofi Annan Quotes, достапно на: http://www.searchquotes.com/search/Globalization_Kofi_Annan/

бедата во светот?; дали неглобализираните земји се осудени на пропаст, а глобализерите на вечно владеење и благосостојба ?

Едноставно кажано, за некои земји глобализирањето ќе биде тешка и сложена задача, речиси невозможна мисија, бидејќи сеуште некои од нив не се политички а уште помалку економски или информатичко-технолошки созреани. Односно, "како да им се даде да возат болид од формула 1, кога до вчера јавале на магаре".[667] Значи ли дека помалку способните нема да ги "вкусат плодовите" од глобализацијата кои со децении беа собирани од страна на развиените земји? Притоа, треба да се прават разлики помеѓу силните и слабите земји кои сообразно на тоа ќе ја формулираат и својата национална економска, надворешна и безбедносно-одбранбена политика а со тоа ќе дадат и соодветен одговор на динамиката на глобализацијата.

Оттука за потребите на истражувањето ќе ги спомнеме и случувањата на регионално и глобално ниво кои придонесоа за подобрување или влошување на степенот на глобализираност на редица земји, а се однесува на следново:

- проширувањето на ЕУ и НАТО со нови земји членки придонесе за пораст на рејтингот на глобализираност на група земји, со што, се подобри нивната економска, политичка, социјална и безбедносна состојба;
- настаните како портокаловата револуција во Украина и арапската револуција во 2011 год. придонесоа за редица регионални промени, посебно за земјите од арапскиот свет;
- глобалната финансиска рецесија од 2008 год. драстично се рефлектираше врз политичката, економската и социјалната состојба на земјите од Европа и Северна Америка;
- ангажираноста на земјите во меѓународните организации, (СТО, ММФ, Светска банка, Г-8) и учеството во мисии предводени од ООН, НАТО и ЕУ придонесоа за зголемување на степенот на глобализираност на земјите во

[667] Фридман, Т., *Лексусот и маслиновото дрво*, Тера Магика, Скопје, 2003, стр.382.

економско-политичките и безбедносните аспекти.[668] Притоа, високо-развиените земји кои се и најзастапени во меѓународните организации и тела, имаат огромна предност во однос на земјите кои не се членки или се со помала одлучувачка улога во истите, (на пр. најзастапени контрибутори со човечки потенцијал за мисиите на ООН се сиромашните земји од Третиот свет кои заеднички сочинуваат 65% од персоналот на ООН, а за разлика од нив само 5.7% персонал доаѓа од 27-те членки на ЕУ или 0.5% персонал од САД).[669] Сепак, сиромашните земји не се во категоријата на глобализирани земји, бидејќи заостануваат во другите аспекти на глобализираност;

- земјите зафатени со вооружени конфликти и војни имаат се помалку шанси да се глобализираат, бидејќи најмалку глобализираните земји се токму оние кои потекнуваат од критичните конфликтни региони, (С.Африка, Средниот и Блискиот Исток), од светот, наспроти високо глобализираните земји кои се репер за мирот и стабилноста.

Емпириските резултати посочуваат и на тоа дека глобализацијата нема подеднаков ефект врз многу подрачја, делува сосема различно, и ја детерминира способноста на земјите за дејство. Притоа се препознава односот на подреденост и надреденост, како и меѓународна поделба во однос на ангажирање на одделни институции и меѓународни организации. Некои автори се во право кога велат дека се нудат само статистички компарации меѓу општествата и врз основа на некои индикатори се подредуваат, односно тие се рангираат, без да се даде конкретно објаснување. Тоа значи дека методолошкиот пристап само квантитативно, (или површно), ги анализира земјите без да навлегува во суштината на глобализацијата. Оттука, постои сомнение дека преовладува процесите на глобализацијата да се гледаат само низ индикатори и статистички анализи. Во претходно прикажаната

[668] Речиси во сите меѓународни организации како СТО, Светска банка, ММФ, ООН и регионалните организации како ЕУ и НАТО, најмногу придонесуваат најразвиените земји од Првиот свет (САД, Германија, Франција, Канада, Јапонија, Обединетото кралство), затоа на нив се гледа како промотори на глобализацијата или *„глобализери“*, преку чии активности се дефинира правецот и брзината на глобализацијата.

[669] Fact Sheet for the International Day of Peace: Costs of war and peace, United Nations 2006, достапно на: http://www.un.org.

хиерархија подзакриени се глобалните актери - земји, кои управуваат со глобализацијата и во кои владее оптимистичкото сценарио за концептот на глобализацијата, додека втората категорија ја сочинуваат земјите кои се само набљудувачи и консумери на консеквенците од дејствувањето на глобалните актери. Всушност втората категорија ја преставуваат антиглобалистите или песимистите.[670]

Парадоксално е тоа што земјите кои најдобро се прилагодуваат на глобализација не се најбогатите земји, туку често се оние кои се најдемократизирани, како на пример западноевропските, Тајван, Јужна Кореја, Сингапур и други. Тоа покажува дека целокупниот глобализациски дискурс се базира еднострано на демократските и економско-финансиските индикатори, додека социјално-еколошките и оние поврзани за државната благосостојба се надвор од вниманието. Нејзината нееднаква распределба по региони, земји или заедници потврдува дека таа е во длабок асиметричен процес.[671] Ова посочува дека некои се повеќе вклучени во процесите за разлика од останатите, (како на пр. С.Кореја, Венецуела, Куба, Иран и други исламско-арапски земји), а се должи на различни критериуми и географски аспекти. Доколку современата асиметрична глобализација продолжи со ова темпо прашањето е да ли поголем број од земјите во развој ќе успеат да се глобализираат, односно ќе го фатат "последниот воз" кој води кон просперитет и благосостојба? По се изгледа, земјите на кои најмногу им треба развојот ќе останат во "чекалница", бидејќи постои веројатност глобализациските процеси да ги заобиколат при што само мал број на земји ќе успеат да се "спасат".

Малите земји во развој, можат да се вклопат и да направат значителен успех по однос на глобализацијата, бидејќи е полесно да се управуваат за разлика од поголемите. Но, сепак "содржината на земјата", (ресурси, популација, големина), ја одредуваа нивната маркантност на надворешен план што има клучна улога за развојот и просперитетот. Во еден поинаков контекст *Френсис Бејкон* вели: „неверојатна е разликата помеѓу тоа како луѓето живеат во најцивилизираните

[670] Ѓуровска М., „*Социолошките аспекти на глобализацијата*", Годишен Зборник 60, Филозофски Факултет, Скопје, (2007): 83-99.
[671] Мекгру Е., „*Глобализацијата и светската политика*", во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи,(превод),Табернакул, (2009) :14-33.

делови на Европа и во најдивите области во Индија. Таа разлика не настанува врз основа на разликите во земјиштето, ниту поради разликата во климата или расата, туку поради нивната работа и знаење“.[672] Па така, земјите како Кина, Индија, САД, Русија уште долго време ќе ги “носат на грб“ економското, политичкото, технолошкото и безбедносното бреме. Бидејќи се сè сведува на поинакви мерила кога е во прашање големината (обемот) на производство на добра и услуги и големината на пазарот, (колку поголем пазар, толку поголемо производство, а тоа резултира со поефтина стока и услуги), географската големина, местоположбата во хиерархијата на држави, ресурсите со кои располага, интегрираноста во светските економски текови, вклученоста во регионални и меѓународни организации, технолошкиот напредок и иновации.[673]

Оттука може да констатираме дека постои конфузија околу тоа што преставува глобализирана земја и земја предводник на глобализацијата. Ова се две спротивставени категории за кои нема прецизно научно објаснување. Се потенцира дека глобализацијата не е политички неутрална, ниту пак економски подеднакво распределена, туку дека е низа на процеси кои генерираат политички и економски импликации и служи во интерес на големите сили. Погрешно е размислувањето дека глобализацијата служи на помалите земји исто како и на големите земји, затоа што во континуитет расте само моќта на големите сили. Дали тоа значи дека глобализацијата е средство за манипулација, (*теорија на заговор или идеологија*), во полза на најразвиените земји кои придонесуваат за територијална поделба на светот по основа на капитални вредности. Не случајно се вели дека “глобализацијата помага само на глобализерите“, таа на едните им носи соработка и благосостојба а на другите незадоволство и сиромаштија.

---

[672] Превземен цитат од: Reinert E.S., *Globalna Ekonomija: Kako su bogati postali bogati i zasto siromasni postaju siromasniji*, Cigoja stampa, Beograd, 2006, str.131.
[673] Исто, стр.57.

## 12. Проверка на поставените хипотези на истражувањето

Суштината на проучувањето на глобализацијата треба да се гледа низ призма на причинско-последичниот однос. Глобализацијата повеќето ја прифатија како *sine qua non* во современата ера која паралелно нуди и можности и грижи. Имено, нејзините последици не ги засега подеднакво сите земји и народи а глобалниот систем изобилува осцилира кога е во прашање безбедноста, мирот и војната.

Оттука, следат заклучоци за тоа на кој начин процесите на глобализацијата се рефлектираат врз светскиот мир и безбедност и дали истите се катализатор кој ги зголемува шансите за мир и просперитет или пак создаваат нови хоризонти на ривалитет, поларизација и конфронтирање. Со тоа и ќе го заокружиме истражувањето преку презентирање на есенцијални одговори поврзани со проблемот, општата и посебните хипотези на истражувањето.

Во науката не е пронајдена прецизна формула со која ќе се "мерат" мирот и благосостојбата, но сепак една од нив, која се сретнува во стручната литература а е поврзана со современата глобализација гласи: *демокрашија + неолиберализам + иновации = мир и йросйеришеш*. Во тој контекст ќе користиме соодветен методолошки пристап кој е прикажан на шемата број 10, а чија функција е да го објасни односот меѓу глобализацијата, мирот и стабилноста.

**Шема бр.10**




**ЦЕЛИ / Директни и индиректни бенефити**

- ✓ Намалување на сиромаштијата;
- ✓ Поголема конкурентност и приближување кон развиените земји;
- ✓ Взаемна меѓуповрзаност и интегрираност со земјите од светот;
- ✓ Можност за вклучување во регионални и меѓународни организации и институции (НАТО, ЕУ, СТО, ММФ и др.);
- ✓ Подобра позиција и статус на земјата во меѓународните односи.

Според прикажаното, земјите кои го прифатиле моделот на западната либерална демократија, отворени се за слободна трговија и економски развој, имаат можност за развивање на иновативни проекти и поседуваат флексибилност кон информатичката технологија. Истите можат побрзо да се интегрираат во меѓународните текови, а со тоа и да стекнат повисока позиција во меѓународните односи. На тој начин, преку демократијата, слободен проток на капитал и иновации постои можност државите да ги анулираат социоекономските негативни појави внатре и да создадат подобри услови за живеење. Тоа на ин/директен начин води кон зачувување на мирот и стабилноста, како еволутивен процес.

Од предходново можеме да заклучиме дека глобализациските процеси создаваат услови за приближување на земјите во развој до земјите од Првиот свет. Иако процесот на доближување може да се одвива бавно, (повеќе од десеттина години), сепак земјите во развој, како што ќе се глобализираат, ќе имаат и можност да бидат конкурентни на "глобалниот пазар" и да достигнат повисоко ниво на развој и просперитет. Сметаме дека глобализацијата преку економските аспекти и демократските вредности придонесува за промоција и ширење на мирот и благосостојбата.

*Но прашањето е дали земјите ќе добијат подеднаква безбедност, мир и просперитет кога помеѓу нив постојат разлики во моделот, степенот на развој, како и во националната и меѓународната моќ ?*

За да одговориме на оваа дилема ќе ги споредиме земјите со различен степен на економски развој, со различни модели на управување и нивниот придонес кон светскиот мир и стабилност. На следната табела може да се види споредба меѓу најдобрите и најслабите земји по различни категории.

**Табела бр.10**[674]**-** *Компарација на земјите, според степен на демократија, развиеност, глобализираност и мирољубивост за 2010 година.*

| Ред.бр | Најдемократски земји | Најразвиени земји /БДП/Глава на жител | Најглобализирани земји | Најмирољубиви земји |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Норвешка | Катар | Белгија | Нов Зеланд |
| 2. | Исланд | Луксембург | Австрија | Исланд |
| 3. | Данска | Сингапур | Холандија | Јапонија |
| 4. | Шведска | Норвешка | Швајцарија | Австрија |
| 5. | Нов Зеланд | Брунеи | Шведска | Норвешка |
| 6. | Австралија | ОАЕ | Данска | Ирска |
| 7. | Финска | САД | Канада | Данска |
| 8. | Швајцарија | Швајцарија | Португалија | Луксембург |
| 9. | Канада | Холандија | Финска | Финска |
| 10. | Холандија | Австрија | Унгарија | Шведска |
| | | | | |
| **Ред.бр** | **Автократски режими** | **Најслабо развиени земји /БДП /Гл.на ж-л.** | **Најмалку глобализирани земји** | **Најмалку мирољубиви земји** |
| 1. | Северна Кореја | ДР Конго | Западен брег и Газа | Ирак |
| 2. | Чад | Либерија | Девствени острови | Сомалија |
| 3. | Туркменистан | Бурунди | Источен Тимор | Авганистан |
| 4. | Узбекистан | Зимбабве | Сомалија | Судан |
| 5. | Мјанмар | Еритреа | Сан Марино | Пакистан |
| 6. | Цен.Африканска Р. | Цен.Африкан. Р. | Северна Кореја | Израел |
| 7. | Саудиска Арабија | Нигер | Порто Рико | Русија |
| 8. | Екват.Гвинеја | Сиера Леоне | Р.Палау | Грузија |
| 9. | Иран | Малави | Мајоте | Чад |
| 10. | Либија | Того | С.Маријански остро. | ДР Конго |

Во првиот дел од табелата, каде што се прикажани најдемократските, најразвиените, најглобализираните и најмирољубивите земји во светот, се забележува преклопување на поголем број на земји во секоја поединечна категорија. Односно, воочливо е дека највисоко демократизираните земји се и најмногу развиени и најглобализирани што резултира и со нивната мирољубивост. Меѓу најистакнатите земји во сите категории се Норвешка, Данска, Шведска, Финска, Швајцарија, Холандија и Австрија кои потекнуваат од регионот на Западна Европа. Кај земјите прикажани во вториот дел од табелата се забележува

[674] *Democracy index 2010: Democracy in retreat*, Economist Intelligence Unit 2010, The Economist; *World Economic Outlook Database*, September 2011, IMF; KOF Index of Globalization 2010; *Global Peace Index:how does each country compare?*,Institute for Economics & Peace, 2011.

разноликост во секоја категорија. Тоа значи дека автократските и неглобализираните земји не се и во категоријата на најмалку мирољубиви, (на пр. Северна Кореја и Иран), или пак земјите Ирак, Сомалија и Авганистан кои засега се најмалку мирољубиви, а сепак не се наоѓаат меѓу десетте најслаборазвиени и најавтократски земји во светот.

Но, за да бидеме попрецизни, во истражувањето земавме предвид неколку категории на земји од различни региони во светот со цел да видиме да ли глобализацијата функционира, со или без демократската држава и дали капиталот и слободната трговија се одвиваат само меѓу демократските земји а ги изолира недемократските земји?

Категории на земји со различен степен на развој и со различни модели на уредување:

- *1 Категорија* - земји од централноисточна европа (Малта, Чешка, Словенија, Естонија, Словачка, Кипар, Литванија, Унгарија, Полска, Латвија, Бугарија, Романија, Албанија и Хрватска).
- *2 Категорија* - земји од групата *БРИК* (Бразил, Русија, Индија и Кина)
- *3 Категорија* - земји со автократски режими, (овие земји се членки на ОПЕК - Обединетите Арапски Емирати, Катар, Саудиска Арабија, Либија, Иран и Ирак)
- *4 Категорија* - земји од регионот на Северна Африка, (Тунис, Египет, Алжир и Мароко)

Оваа категоризација на земји ќе ја провериме според претходно прикажаната формула низ анализа на следниве индикатори: (1) степенот на демократија; (2) БДП стапка на економски раст и БДП по глава на жител; (3) странски директни инвестиции и (4) степенот на невработеност. Заклучоците се следни.

1. Иако глобализацијата придонела за забрзување на демократските процеси низ светот, сепак степенот на демократија за 2011 год. покажал тренд на демократски дефицит во споредба со 2006 година. Парадоксално е што оваа појава е изразена токму во земјите од Европската унија, (пад на степенот на демократија е забележан кај сите земји од првата група, освен кај Чешка, при што не се земени

предвид земјите со автократско уредување, посебно оние од 3-тата категорија), додека демократските процеси се во пораст во земјите од регионите на Средниот Исток, Северна Африка и Субсахарска Африка. Меѓу другото се констатира дека е намален бројот на демократски земји во 2011 год. во споредба со 2006 год., а за истиот период во пораст е бројот на автократски земји.[675] На глобално ниво демократијата се соочува со криза, основен виновник за тоа е глобалната финансиска рецесија произлезена од западните развиени земји. Сметаме дека глобализацијата ќе се соочи со криза поради опаѓањето на демократските процеси или пак истата ќе се "дистанцира" од процесите на демократија кои нема да преставуваат мерило за развојот на процесот на глобализација, иако во пракса демократските модели се покажаа како доста успешни во контекст на остварување на глобализацијата.

2. Според бруто домашниот производ, стапка на економски раст за 2011 год., се забележува, (освен кај земјите од групата БРИК), дека кај сите останати категории на земји имало негово опаѓање. Имено, според овој показател во најголем број од земји во 2011 год., состојбата била полоша, отколку во 2003 година.[676] Изненадувачки е што состојбата во Авганистан била подобра во 2003 год. отколку во 2011 год, додека воената интервенција врз Ирак влијаела за економски раст во земјата, (но не и за зголемување на БДП по глава на жител, кој е денес речиси на исто ниво од времето на режимот на Садам Хусеин), повеќе отколку пред неа.

Ја земавме предвид и класификацијата на *Светска банка* која земјите, според БДП, ги категоризира во четири групи: (1) земји со низок доход до 1005 долари; (2) земји со низок среден доход помеѓу 1006 и 3975 долари; (3) земји со висок среден доход помеѓу 3976 и 12275 долари и (4) земји со висок доход над 12276 долари. За период од 2000 до 2008 год. земјите од првата, (освен Бугарија, Романија и Албанија) и третата категорија, (освен Иран и Ирак), успеале да преминат од земји со низок среден доход или земји со висок среден доход кон земји со висок доход по глава на

---

[675] Democracy index 2006,2008,2010,2011, Economist Intelligence Unit , The Economist.
[676] *World Economic Outlook Database*, IMF,2011.

жител, а автократските земји (од 3-тата категорија, освен Ирак и Иран) се наоѓаат меѓу земјите со највисок доход по глава на жител во светот. Земјите од БРИК се поместиле само за една позиција, односно Русија и Бразил преминале во категоријата со висок среден доход, додека Кина и Индија кон категоријата со низок среден доход по глава на жител. За разлика од овие земји, немало подобрување на состојбата во земјите од 4-тата категорија, (освен Алжир), т.е. регионот на Северна Африка останал во групата на земји со низок среден доход.[677]

Овие анализи говорат дека глобализацијата не придонела за поголем економски раст кај повеќето држави, а дел од нив имале заостанување споредено со нивото од првите години од 21 век. Ова се поклопува со од порано направените анализи на економистот *Гжегож Колодко* според кој земјите од ЦИЕ, (1-та категорија на земји), дури после цела деценија транзиција, успеале во 2000 год., (некои и подоцна), да се вратат на нивото на БДП што го имале од 1989 год.[678] Тоа е показател дека глобализациските процеси не придонеле за подигнување на нивото на развој на земјите од ЦИЕ но и на некои други кои стагнирале во развојот цели 11 години. Притоа, според БДП по глава на жител, позитивните ефекти се воочливи речиси кај сите категории на земји кои имаат поместување за една позиција напред (освен кај земјите од Северно Афричкиот регион).

3. Според податоците на *Светска банка*, странските директни инвестиции (СДИ) во 2010 година биле во пораст во споредба со 2004 год. и тоа кај БРИК земјите, земјите со автократски режим од третата категорија и државите од четвртата категорија. За разлика од нив во земјите од ЦИЕ, СДИ се зголемиле само кај 5 држави од вкупно 14 земји, а кај останатите од овој регион бројот на инвестициите во 2010 год. бил помал во споредба со инвестициите во 2004 год.[679] Не случајно ја избравме 2004 година за компарација, бидејќи поголем дел од земјите од ЦИЕ се интегрираа во ЕУ и НАТО. Па оттука сметаме дека регионалните интеграции не придонеле за поголем проток на капитал т.е. инвестиции во новите

---

[677] Исто.

[678] Колодко Г. В., *Глобализацијата и перспективите за развој на пост-социјалистичките земји*, Економски институт и Магор, Скопје, 2004, стр.15 и 71.

[679] The World Bank, Foreign direct investmnet, net flows 2012, достапно на : http://data.worldbank.org/indicator/BX.KLT.DINV.CD.WD?page=1

земји членки, (освен кај неколку од нив). Кај одделни автократски земји од регионите на Блискиот и Средниот Исток е зголемен бројот на странски директни инвестиции, токму во периодот кога започна глобалната војна против тероризмот и воените интервенции врз Авганистан и Ирак.

4. Според степенот на невработеност анализите даваат една поинаква слика. Имено, во земјите од 2-тата, (освен Русија) и 4-тата категорија, (освен Тунис), степенот на невработеност се намалил во 2011 година, во споредба со нивото на невработеност од 2005 год. Но, кај редица земји од првата категорија, (Словенија, Естонија, Кипар, Литванија, Унгарија, Латвија и Бугарија), невработеноста во 2011 год. била зголемена во однос на нивото од 2005 год.[680] Во однос на региони, развиените економии и земјите членки на ЕУ и НАТО во 2011 год. се соочиле со поголема стапка на невработеност отколку во 2000 год. Притоа во регионите на Северна Африка, Субсахарска Африка и ЦИЕ, (без ЕУ), стапката на невработеност била намалена во споредба со 2000 год. На глобално ниво степенот на невработеност во 2010/2011 год. бил поголем отколку во 2000 година.[681]

Врз основа на претходно изнесеното, сметаме дека не постојат прецизни правила и концепти според кои треба да се одвива современата глобализација. Иако за нашата цел на истражување се фокусиравме на позначајните индикатори кои се репер за глобализацијата, а преку кои потврдивме бројни контрадикторности во политичките, (демократски и недемократски земји) и економско-социјалните аспекти (СДИ, БДП и спепенот на невработеност). Не случајно вниманието го насочивме кон социоекономските индикатори. Тоа беше со цел да ја осознаеме реалната состојба во различни видови на општества, а кои преставуваат и мерило, односно тежиште околу кое ќе гравитираат мирот и безбедноста. Имено, констатиравме дека автократските земји, кои се релативно затворени општества, се со висок БДП по глава на жител, а тековите на глобалниот капитал постепено се насочуваат кон арапските земји и земјите од групата БРИК, што не содејствува со

680 *World Economic Outlook Database*, IMF,2011; World Social Security Report 2010/11: *Providing coverage in times of crisis and beyond*, The International Labour Organization, 2010.

681 Global Employment Trends, International Labour Organization, 2006,2007,2009,2011, достапно на: http://www. ilo.org/publns.

процесите на демократијата. Регионалните интеграции, (ЕУ и НАТО), имаа ограничена улога во подобрувањето на општата состојба во новите земји членки од ЦИЕ. Односно бенефитите беа насочени само кон поединечни земји а ретко која од нив успеела да се приклучи кон “блокот“ од Првиот свет. Притоа, отвореноста на земјите за слободна трговија и либерализација, “преку ноќ“, им донесе затворање на индустриски капацитети, висок степен на невработеност и влошување на животниот стандард. Оттука сметаме дека повеќето земји од светот тешко дека ќе ја достигнат четвртата категорија, (земји со висок доход по глава на жител). Од друга страна, некои земји во минатото имале подобра економско-социјална состојба отколку денес, а тоа покажува дека глобализацијата воопшто не допринела за подобрување на нивната општа состојба. Од ова произлегува и страв од можноста на појава на *деглобализација,* односно, навраќање кон постарите, но подобри системски вредности, со превземање или копирање на старите компоненти во новата глобална структура.

Она што не интересираше беше и изнаоѓање на одговор на прашањето: да ли земјите од ЦИЕ и некои други од Азија ќе се трансформираа доколку не беше глобализацијата? Одговорот и заклучокот би бил дека глобализацијата создава повеќе шанси за просперитет и развој, отколку што продуцира ризици и опасности, додека останатото зависи од начинот на приклучување, на можностите и политиката на конкретната земја. Затоа глобализација во современите услови ќе наликува на “транснационален патник“ односно, кога ќе ги “искористи“ капацитетите на еден регион или земја таа се “префрла“ на друга локација, во потрага по нови капитални вредности. Така, одредени региони ќе бидат многу поважни од останатите во решавањето на клучните безбедносни, економски, политички и еколошки проблеми, но и шанса, запоставените региони и помалку актуелните земји да најдат свое место во глобалниот поредок.

Во основа, ниту еден модел на уредување однапред не е осуден на пропаст, ниту пак на некој *a priori* му е припишан успех. Имено, секоја група на земји или одделно имаат препознатлив модел. Секоја од нив на автономен начин се вклопува во политичките, економските, безбедносните и технолошките текови, истовремено се

глобализира и станува кредибилен актер во меѓународните односи. Тоа значи дека глобализацијата не мора конкретно да се врзува со демократските аспекти како репер за глобализираност, а притоа да се исклучат останатите суштински елементи.

Во тој контекст гледано, се чини дека едно од прифатливите решенија би било да се верифицираат заедничките вредности како што се мирот и развојот, па оттука да се пронајде конкретен модел. Или пак, може да се оди по обратен редослед, по пат на елиминација на оние модели кои генерираат небезбедност, сиромаштија и нееднаквост и така да се дојде до конкретниот модел на систем кој ќе продуцира мир и просперитет а ќе ги минимизира причините за конфликти.[682]

Оттука, сметаме дека неолибералниот - капиталистички систем треба да добие поинакво лице, бидејќи натпреварот помеѓу актерите се претвори во игра на интереси на едно повисоко ниво, кое е многу поризично и поконфликтно во однос на претходните фази.[683] Во оваа игра на интереси и ривалство, некои земји ќе стекнат поголема предност и моќ, а тоа им овозможува да бидат во центарот на "глобалното село", додека другите, кои ќе бидат во подредена ситуација, (да ги чувствуваат последиците, без да можат да влијаат на одлуките), ќе мораат постојано да се борат со цел да не дозволат да се најдат на маргините, (географски, политички, економски, безбедносни), во светот и да имаат многу понеповолна позиција во меѓународната структура. Трети земји, (онаа група на земји од Југот кои постојано се наоѓаат во "зоните" на конфликти и војни), како и досега, ќе бидат "проколнати", поради недостатоците на нивните општества кои продуцираат нестабилност и несигурност, и нема да можат за подолг временски период да "застанат на здрави нозе". Оваа група на земји, долгорочно, ќе биде под јурисдикција на меѓународните организации, бидејќи мирот кај нив постојано ќе биде компромитиран. Оттука, глобализацијата во 21 век на некој начин ќе биде суптилна конфликтна "игра" помеѓу актерите, (држави, организации, транснационални коорпорации, групи,

[682] Bendana A., во : Ванковска Б., *„Корпоративната власт и привидот на државата во 21 век"*, Глобализацијата, мирот и безбедноста, МО за одбрана на РМ и Филозофски факултет, Скопје, (2008) :129-146.

[683] Колодко Г. В., *Глобализацијата и перспективите за развој на пост-социјалистичките земји*, Економски институт и Магор, Скопје, 2004, стр.13.

поединци) што може да доведе до редица проблеми поврзани со мирот и безбедноста. Најранливи ќе бидат општествата со послаб економски развој, без разлика дали станува збор за демократски или недемократски земји, во кои ќе се индуцираат нови опасности и судири помеѓу задоволните и незадоволните од глобализациските процеси.

## ЗАКЛУЧОК

Подолг временски период истакнати социолози, филозофи, политичари, економисти, и други стручњаци се насочени кон објаснувањето на поимот и суштината на глобализација. Во овој труд, покрај другото и ние се обидовме да разјасниме што преставува глобализацијата. Притоа, сосема ни беа јасни нејзините ефекти (последиците), но кога се работи за "терапијата", односно како да се справиме со неа, односно што да се превземе за елиминирање на негативните консеквенци од глобализацијата, се отворија редица дилеми за кои не секогаш имавме дециден став и мислење.

Впрочем, имавме работа со нешто што има глобални размери а притоа да не знаеме доволно за нејзиното потекло и кој ја подржува. Се соочивме со појава која допира до секого а да не може да биде "фатена", да е насекаде околу нас а да не може да се види, да уништува без да испука ниту еден куршум, да носи богатства без да поседува, да води кон отвореност а притоа да затвора и изолира. Тоа навидум наликува на невидлива сила, "*недефиниран (не)пријател*" со неограничена моќ која истовремено гради и растура, дава и одзема, при што за многумина луѓе и земји таа преставува повеќе проблем, отколку крајно решение за функционирање на глобалната заедница.

Глобализацијата како релативно нова појава, "доби свое место" на проучување во областите како што се безбедноста, економијата, но и меѓу оние од понов датум а поврзани за човековите права и животната средина. Комплексноста произлегува оттаму што секој автор глобализацијата ја детерминира на свој, специфичен начин, и ја поврзува појавата со неговата област на истражување. Конфузијата беше уште поголема кога требаше да се одговори на бројни прашања како што беа: да ли глобализацијата е позитивен или негативен тренд?; да ли таа придонесува за одумирање на државата?; да ли глобализацијата води повеќе кон мир или војна?; да ли го поттикнува порастот на демократските процеси или не?; да ли глобализацијата е во интерес само на развиените општества?; кој управува со глобализацијата, како и редица други прашања. Притоа, одговорите не можеа

секогаш да бидат во форма на “да“ или “не“. Но и покрај постоење на редица проблеми со кои се соочивме во трудот глобализацијата главно ја третиравме како “црно - бела“ појава, со цел осознавање на нејзините добри и лоши страни.

Сметаме дека во современите услови глобализацијата допира до секого во различна форма и содржина, почнувајќи од интенцијата за подобрување на стандардот на живеење, преку заштита на традицијата, културата, па се до зачување на работното место и животна средина, но и работи поврзани со финансиите, трговијата, технологијата и сл. Без оглед на спомнативе проблеми и ограничувања основните констатации и заклучоци за одделните аспекти и области на глобализацијата би биле следниве.

Политичката димензија на глобализацијата е поврзана со улогата на државата, демократијата и демократските вредности, и на меѓународните организации и тела. Самата динамика на глобализацијата, влијаеше на нивната улога која се менуваше во контекст на глобалните случувања.

Имено, иако за многумина “роњата“ на државата се минимизира, сепак процесите на глобализацијата не ги укинаа најважните аспекти на глобалната политика, а се поврзани со концептот на држава, територијалност и националниот идентитет. Притоа, глобализациските процеси доведоа до промени и трансформација во однос на географијата, културното разнобразие, националните заедници, чувства и др.

Во основа е редуцирана моќта на државата, таа перманентно и понатаму ќе ја губи контролата, при што се очекува да попуштат нејзините “сигурносни вентили“ во сферата на политиката, економијата и безбедноста, со што ќе се доведе во позиција да се соочи со разновидни безбедносни проблеми како што се: организираниот криминал, насилство од различни форми, и содржина, неспособност при обезбедување на правниот поредок, отсуство на егзестенцијална безбедност на своите граѓани и др. Оттука државата ќе се најде помеѓу “чеканот“, (ренационализацијата) и “наковалната“, (наднационализацијата), при што овие две категории ќе ја обликуваат нејзината современа функција.

Што се однесува на моќта и влијанието на државите во процесите на глобализација не може да се стави знак на еднаквост меѓу малите и големите земји или меѓу развиените и неразвиените земји, на пример меѓу Кина, САД и Германија од една страна и Андора, Луксембург и Барбадос од друга страна. Сепак, одделни држави имаат различни начини и модели за промоција на нивната национална моќ во натпреварот на глобалниот простор, при што не се елиминирани можностите и тие да преставуваат важен субјект во меѓународните односи. Но, генерално земено бенефитите од глобализацијата се во корист на големите земји, посебно кога станува збор за донесување на одлуки за глобалните настани, за меѓународните ангажмани и економските поволности, при што секоја држава не може да биде подеднакво застапена во светската политика.

Кога е во прашање демократијата, глобализацијата овозможи земјите кои се наклонети кон демократските начела, да стекнат повисок степен на развој, соработка, интеграција и проширување на територијата за слободен пазар и трговија. Поради зголемената меѓузависност помеѓу себе, демократските земји ги редуцираа побудите за војна и војување, но не и во однос на другите недемократски земји. Меѓутоа, демократскиот модел по автоматизам не значи и успех на државата во глобализацискиот контекст, напротив, одделни автократски земји имаат се поголемо влијание и улога на меѓународната сцена. Гледано пошироко, демократијата на глобално ниво се соочува со стагнација, што покажува дека глобализацијата би можела да функционира и без процесите на демократија.

Глобализацијата поттикна формирање на повеќе различни видови на наддржавни, недржавни организации и субдржавни актери во политичката, економската, еколошката, културната, социјалната и безбедносната сфера. Дел од нив, се во космополитска мисија за поддршка на глобализациските процеси, додека другите се појавија како опоненти на западната (нео)либерална идеологија и се обидуваат да ја негираат или успорат динамиката на глобализацијата. Притоа, некој од нив придонесоа за зголемување на економско-социјалните и безбедносните проблеми.

Процесот на регионализација се покажа како мошне успешен чекор за обединување и зближување на земјите во еден заеднички систем. Овој процес придонесе за напредокот и развој на многу земји и народи во светот. Истиот се смета и како прв чекор во остварување на глобализацијата. Притоа, некои анализи покажуваат дека светот оди повеќе кон регионализација, отколку кон глобализација, што може да преставува нов предизвик за иднината на глобализацијата. Имено, конкурентската борба меѓу регионите може да ја смени глобалната политика и да донесе бројни безбедносни и економски импликации. Тоа особено ќе се манифестира кога капиталот ќе се акумулира во одреден регион со што ќе се предизвика егоизам и алиенација што ќе води кон поголема деструктивност во повеќе облици. Тој натпревар ќе варира помеѓу линиите на разделување и обединување. Оттука, сметаме дека одредени региони ќе бидат многу поважни од останатите во решавањето на клучните безбедносни, економски, политички и еколошки проблеми, но не значи дека треба да бидат и повеќе правилегирани од останатите.

Сметаме дека паралелно со процесите на глобализација и регионализација ќе следат и настани поврзани за фрагментацијата. Истите, се продукт од различни причини, а меѓу нив главно се оние кои истовремено придонесуваат за глобализирање на светот и се во функција на глобализацијата, а се поврзани со модерноста, напредната технологија, економска меѓузависност и слободната трговија. Колку и да изгледа контрапродуктивно, сепак, информатичко-технолошките и економските достигнувања, преку слободниот проток на идеи и капитал придонесоа за ослабнување на државните граници и суверенитетот, па така, процесите на обединување на земјите и народите, ќе следат истовремено со процесите на дезинтегрирање. Оттука се очекува фрагментацијата да и пркоси на динамиката на глобализацијата. Постои надеж дека глобалните проблеми поврзани со нуклеарната пролиферација, животната средина и сиромаштијата ќе бидат теми околу кои ќе се сплотат земјите, но затоа не постојат доволно релевантни показатели, бидејќи сè се поистакнати причините кои ги притискаат субдржавните власти и заедници за дезинтеграција а се однесуваат на потребата за идентитет и

суверенитет, наплив на екстремен национализам, религија и култура, недостиг на природни ресурси, економско-социјалната несигурност, миграциите и демографскиот пораст. Некои факти укажуваат на тоа дека светот навлегува во период на дезинтеграција, а дека 21 век ќе биде означен како период во кој ќе се спротивстават силите на глобализацијата и на фрагментацијата, а безбедноста ќе биде детерминирана од тоа кој од тие сили ќе преовладаат.

Економските аспекти ја преставуваат "главната артерија" на современата глобализација од што зависи светската стабилност и перспектива. Евидентни се позитивните ефекти од економската глобализација која придонесе светот да изгледа помеѓузависен, интегриран и покооперативен. Но, движењето на капиталот остави "длабоки рани" и редица на нееднаквости помеѓу луѓето, земјите и регионите, чии што последици допираат до секого. Имено, неолибералната политика на слободна трговија и отвореност на границите во повеќе сегменти се претвори во дехуманизирана и експлоатирачка политика на развиените земји. Притоа, меѓународната економска политика, преку "максимализација" на профитот го направи светот непредвидливо и поопасно место за живеење, а е резултат на тоа е што дозволи капиталот "сам" да бира опција за "влез-излез", *(enter - exit),* во одредени земји. Затоа современата глобализација е критикувана, а се поинтензивно и порадикално се истакнува незадоволството од економските процеси кои ја загрозија националната и глобалната безбедност. Се очекува, во иднина, економијата да ги моделира националните безбедносни политики но и меѓународната политика, па се можни и нови правци на соработка спротивни на веќе зацртаните концепти.

Доминацијата на меѓународните економски авторитети над националните економии доведоа до извесна манипулација со државите, која, некои ја нарекуваат модерна форма на неоколонизација. Имено меѓународните организации како ММФ, Светска банка и СТО, предводени од најразвиените земји во светот, го диктираа темпото на движење на економската глобализација а вооедно и го ограничуваа напредокот и статусот на послабите земји во светската економија. Поради економските аспекти на глобализацијата се повеќе се гледа со скепса, што

се должи на нееднаквоста, нерамномерниот развој, делување на меѓународните институции и организации во корист на богатите земји и се поголемиот јаз помеѓу земјите од Северот и Југот.

Прашање на време е кога развиените земји ќе го истакнат својот прикриен алтруизам особено во ситуации кога светот се соочува со економски или социјални кризи. Социјалните аспекти се типичен пример дека негативните последици од глобализацијата најмногу се чувствуваат во оваа сфера, односно мала популација ужива од бенефитите на глобализацијата а поголемиот дел од светската популација се наоѓа на работ на егзистенција. Ова е најсложениот проблем на денешницата. За негово решавање е потребно да се преформулираат одделни аспекти на глобализацијата со цел да се "испеглат разликите" во делот на сиромаштијата, нееднаквоста, општествената ексклузија, со што би се намалил јазот меѓу земјите со различен степен на развој. Засега тоа се одвива многу тешко и речиси е невозможно да се нивелираат социо-економските разлики меѓу на пример македонците и јапонците, германците и алжирците, јужноамериканците и норвежаните. Значи, постои воспоставена интернационална хиерархиска структура предизвикана од економската глобализација, при што, таа едни ги штити и промовира а другите ги затвора и маргинализира. Оттука се "раѓаат" победниците и губитниците на современата глобализација. Имено, земјите со низок доход по глава на жител, (на пр.од 500 до 1.000 долари), имаат поголема веројатност од појава на немири, судири и конфликти, отколку земјите со висок доход по глава на жител, (на пр. над 10.000 долари). Најзначајниот аспект на глобализацијата (економскиот) воедно е и кочница за нејзин напредок.

Динамиката на глобализацијата предизвика културни бранувања, при што националната култура се повеќе добива хибриден облик. Можеби тоа и не е толку лошо, односно кога се губи границата меѓу "јас" и "ти" и добива форма на "ние", а резултира со колективна културна идентичност чии корени не можат да се пронајдат во ниту една одделна нација, туку во глобалниот поредок. Сметаме дека културата ќе се дефинира во склоп на случувањата, односно во контекст на движењето на туристите, мигрантите, постојаната мобилност на работни места и сл.

Испреплетените релации на локално, национално, регионално, транснационално, космополитско водат кон недефинираност на културата, што за некои тоа е нормална појава и значи обединетост на народите и земјите. Сепак, современата глобализација колку и да штети на националната култура, таа помага за идентификување и зближување на народите од светот во еден космополитски облик на заедница или создавање на светско општество и концепт граѓанин на светот.

Задржување на културната автентичност и заштита на локалните култури се смета за неостварлива работа поради се поголемиот притисок на глобализациските трендови, без оглед што во пораст се и националистичките и ксенофобични здруженија и групи кои ги оспоруваат идеите за хомогенизација на културите и создавање на мултикултурни и космополитски општества. Оттука сметаме дека глобализирањето на една културна заедница како глобална вредност може да предизвика контра културни реакции на локално или регионално ниво кои веројатно ќе се одразат врз мирот и стабилноста. Но, постои и можност малите култури - заедници, да се асимилираат во рамките на регионалните и глобалните обединувања.

Што се однесува до унификацијата, процесите на глобализацијата се шанса за обединување на земјите, но само на оние со слични вредности во делот на демократијата, слободата и човековите права, владеење на правото, пазарната економија како и на земјите со слично ниво на развој. На тој начин можно е постепено регионално унифицирање, иако сеуште не е промовиран моделот, средствата и институциите за унификација. Врската помеѓу глобализацијата и универзалноста и унификација на системите на глобално ниво изгледа сосема компромитички, затоа што станува збор за универзализација според западните вредности, (неолиберализмот, демократија, човекови права и др.), а овој концепт можеби нема да биде посакуван од држави, организации и групи со поинакви системски вредности од западните. Ова на лесен начин може да продуцира незадоволство и појава на нови предизвици и опасности кои ќе се рефлектираат врз глобалниот мир и безбедност. Сметаме дека "*one size fits all*", или унификација на системите на глобално ниво е само утопија, поради големите разлики меѓу

националните модели на управување. Меѓутоа, потрага по модел кој ќе превенира кризи и ќе придонесува за мирот и благосостојбата во светот е голем предизвик за глобализацијата.

Економските консуматорски и максималистички принципи доведоа до нарушување на одржливиот развој. Поради големата енергетска зависност, светот навлезе во понесигурна и неизвесна иднина, чие што тежиште се наоѓаше токму во недемократските земји и региони кои располагаат со најголемите светски резерви на природни ресурси и од кои зависи глобалната "петрополитика". Енергетските потенцијали на овие нестабилни земји ја определуваа безбедносната и економската состојба на земјите од Првиот свет, кои со децении се обидуваа низ неолиберални зафати да ги ре(де)конструираат овие општества според модел соодветен на западната политика. Оттука сметаме дека современата глобализација е експлоатирачка, бидејќи се обидува да пробие во оние општества каде што постојат услови за збогатување.

Со тоа, за прв пат, во етиологијата на војните, животната средина стана воена цел и средство за доминација и владеење со одреден регион. Притоа борбата за ресурси ги загрози елементарните услови за живеење на планетава. Во оваа смисла, глобалната безбедност ќе ја детерминираат демографскиот пораст, експлоатацијата на ресурси и појавата на глад, суши и поплави како резултат од климатските промени. Соодглед на тоа што секоја земја ќе настојува да ги зачува своите ресурси, а да придобие туѓи, се создава анархија и беспоредок во критичните региони од светот, особено онаму каде што не може да се направи баланс меѓу економијата, ресурсите, популацијата и животната средина.

Глобализациските процеси ја променија перцепцијата за безбедноста и мирот. Со проширување и забрзување на меѓузависноста во меѓународните односи, се редефинираа старите теории но се ширеа и нови концепти за мирот и безбедноста. Се појавија дилеми да ли денес сме повеќе безбедни или не од порано и да ли глобализацијата води кон мир и стабилност или кон конфронтираност и војни?

Процесите на глобализацијата ја распределија моќта на различни субјекти на меѓународната сцена, а глобализираната дискурзија на моќ доведе до поголем број на ризични општества, групи и индивидуалци кои лесно прераснаа во безбедносен проблем. Покрај тоа, динамиката на современата глобализација придонесе за мутација на заканите кои паралелно доаѓаа и се раѓаа во националните и транснационалните рамки. Традиционалните аспекти на безбедноста се поврзаа со современите модификувани аспекти изразени преку меѓународниот тероризам, фрагментација на државите, етнонационализмот, религискиот фундаментализам, сиромаштија, нееднаквост, пандемии, климатски промени, судир на културите, информатичката небезбедност, финансиски кризи. Ова покажува дека концептите на безбедноста и мирот ќе се формулираат и креираат во контекст на глобализациските аспекти и процеси како што се економските, политичките, еколошките, културните, социјалните, технолошките и воените. Поради тоа фокусот на вниманието ќе биде насочен повеќе кон глобалната безбедност отколку кон националната. Во таа насока заклучивме дека мирот ќе биде компромитиран, односно "поттиснат" таму каде што ќе се судруваат или вкрстуваат патиштата на оние кои ги застапуваат глобализациските процеси и оние движења кои не ги подржуваат истите. Односно, ризикот од нарушување на мирот ќе биде изразен онаму каде што ќе се спротивставуваат различните глобализации како на пример меѓу "западната" и "источната" и "северната" и "јужната", како и онаму каде што не соодејствуваат социјалните, економските, културните и технолошките аспекти на глобализацијата. Притоа се очекува пораст и на антисистемски, антиглобализациски, антикапиталистички движења кои ќе пркосат на регионалната и глобалната безбедност и стабилност.

Всушност, глобализацијата не дава гаранција дека повеќе нема да има конфликти, војни и кризи, затоа што секогаш ќе постојат субјекти кои ќе сакаат да егзистираат надвор од постоечкиот капиталистички систем. Таа, меѓу другото, не успеа да ги елиминира кризите и конфликтите а да го наметне мирот и стабилноста.

Поради тоа, во иднина, главно ќе се среќаваме со категоријата "*релативен мир*" и стабилност. Односно мирот ќе се остварува преку отвореност, транснационална

соработка и интеграција од една страна, но и наметнат со присила. Оваа релативност ќе ги примора државите, организациите и институциите да градат ефикасен мултилатерален пристап за решавање на суштинските проблеми со цел тоа да донесе и посигурна иднина за сите.

Актуелниот капиталистички систем сам по себе продуцира поларизација во повеќе сфери. Како резултат на тоа се појавија групи, организации и земји кои се незадоволни од постоечката состојба. За очекување е дека ќе има политичка или друг вид на “мобилизација“ во рамките на државите и надвор од нив како одговор на предизвиците и опасностите од глобализацијата. Затоа, *кризата на глобализацијата,* може да се трансформира во *глобализациона криза* доколку не се превземат мерки кои ќе бидат во полза на поголемиот дел од светската популација. Досега, ефектите од современата глобализација, повеќе ја “замати водата“ и создаде нови проблеми, бранувања и поделби отколку решенија за проблемите. Таа беше корисна само за мал број на земји додека останатите ги задржаа “старите позиции“ при што, и после децениски реформи немаа можност да го достигнат степенот на развој како во развиените земји и да се приклучат кон Првиот свет. Но, сега се наоѓаме во преодна фаза каде што некои земји нудат модели и начини за трансформација на сегашниот светски капиталистички систем се со цел да се намали економскиот тоталитаризам, социјалниот апартхејд, интернационализираната невработеност, глобализираната сиромаштија, фрагментација на националните и глобалниот системи и др.

Ефикасното менаџирање со глобализацијата би требало да ги отстрани повеќето “Сцили и Харидби“ и да ја подобри благосостојбата и безбедноста во светски рамки. Тоа е возможно доколку се утврди правната рамка, со утврдени права и обврски во смисла како да се однесуваат субјектите на меѓународната сцена со механизми за наградување на “добрите“ и санкционирање на “лошите“ учесници. Без разлика дали новиот глобализациски систем ќе има капиталистички или некои други примеси и обележја, треба да се тежнее кон оној модел кој контрибуира мир и просперитет. Само на тој начин ќе се задржи балансот меѓу актерите и ќе се избегне онаа “игра“ во која ќе има победници и поразени.

## Прилог бр.1

- Дерогирање на државната сувереност
- Укинување на националната безбедност
- Зголемена улога на меѓународните организации и недржавни субјекти

- Климатски промени
- Експлотација на природни ресурси
- Уништување на животната средина и појава на *„еко војни“*

- Глобализација на пазарите
- Слободен проток на капитал
- Улогата на ММФ, СБ и СТО
- Влијание на ТНК и МНК




- Зголемување на јазот помеѓу богатите и сиромашните
- Нееднаквост и поларизација Север -Југ
- Социјална ексклузија

- Појава на трансветски нации - заедници
- Губење на идентитетот и традициите
- Процес на унификација на земјите и народите(*глобална култура*)

- Нов вид на комуникација (Интернет, социјални мрежи )
- Создавање на *„глобално село“*
- Дејствување од далечина и креирање на интернационални комуникациски мрежи

**Прилог бр.2 : ПОДЕЛЕН СВЕТ**

- глобализирани - Север
- неглобализирани - Југ (глобализациски јаз)



**БИБЛИОГРАФИЈА**


1. Abbott C.,Rogers P. and Sloboda J., *Global Responses to Global Threats: Sustainable security for the 21-st Century* , Oxford Research Group, June 2006.
2. Altman R.C.,*Globalization in Retreat*, Foreign Affairs, July/August 2009.
3. Arendt H., *The origins of totalitarianism*, Harcourt, Brace &World,1966.
4. Aronowitz S. and Bratsis P., *Paradigm Lost State Theory Reconsidered*, University of Minnesota Press, Minneapolis, 2002.
5. Auga M.,*Compass 2020 Crisis and War in Times of Globalization: How German Crisis Prevention and Peace Building could help*, Friedrich Ebert Stiftung, March 2007.
6. A.F.Klimenko, *Globalization and its impacts on military politics and military strategy*, MilitaryThought, May-June, 2002 (достапно на : http://findarticles.com/p/articles/mi_ m0JAP).
7. Ачарја А., *„Човечка безбедност“*, Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, (превод) Табернакул, 2009.
8. Bagvati J., *U odbranu globalizacije*, (prevod), Sluzbeni glasnik, 2008.
9. Barbieri K. and Schneider G., *Globalization and Peace:Assesing New Directions in the study of trade and conflict*,Journal of Peace and Research vol.36, No.4, (1999): 387-404.
10. Бауман З., *„Воините в ерата на глобализациата“*, Социологически проблеми 1-2, 2001.
11. Baumann Z., *Globalization, The Human Consequences*, Columbia University Press, 1998.
12. Baumann Z., *Reconnecting Power and Politics*, Social Europe Journal, (достапно на: http://www.social- europe.eu/2009/ 11/reconnecting –power-and-politics/1.11.2009).
13. Bayar F.,The *Alliance of civilizations initiative in globalization era: Concept,prospects and proposals*, Perceptions: Journal of International Affairs, SAM, Volume XI Number 3-4, Autumn-Winter 2006; The Alliance of Civilizations, (достапно на : http://www.unaoc.org/content/view/62/80/lang,english/).
14. Baylis J.et al., *Strategy in the contemporary world*, second edition, Oxford University Press, 2007.
15. Beck U., *Moc protiv moci u doba globalizacije*:Nova svjetskopoliticka ekonomija, Skolska knjiga, Zagreb, 2004.
16. Beck U., *The Fight for a cosmopolitan future*, New Statesman Nov 5, 2001.
17. Beck U.,*Redefining power in the global age: Eight theses,* Dissent, Fall 2001.
18. Бек У., *Што е глобализација*?(превод),Тера Магика, Скопје,1997.
19. Bilgin P., Morton A.D., *Rethinking State Failure:The political economy of security,in: State Failure Revisited I: Globalization and Security and Neighborhood effects*, INEF Report 87, Institute for Development and Peace, 2007.

20. Birdsall N., New Challenges and New Opportunities, Center for Global Development, Washington D.C., June 2006.

21. Booth K., *Theory of World Security,* Cambrige University Press, New York , 2007.

22. Brown G.W., *Globalization is What We Make of It:Contemporary Globalization Theory and the Future Construction of Global Interconnection*, Political Studies Review 2008, Vol.6,pp.42-53.

23. Brzezinski Z., *The Grant Chesboard, American Primacy and Its Geostrategic Imperatives,* 1997.

24. Brzezinski Z., *The Choise: Global Domination or Global Leadership* Basic Books, New York, 2004.

25. Бжежински З. и Скокрофт Б., *Америка и свеш̄ъш̄*, София, 2010.

26. Buttler F., „*Globalization of the Community of Solidarity-The Feasibility of Basic Social Security in Poor and Emerging Countries*",International Politics and Society, Friedrich Ebert Stiftung IPG 4 (2009):82-97.

27. Buzan B., From International to World Society?:English school theory and the social structure of globalization, Cambridge University Press, 2004.

28. Бузан, Б., *Луѓе, држави и сш̄рав: Проблемош̄ со националнаш̄а безбедносш̄ во меѓународниш̄е односи.* (превод), Академски печат, Скопје, 2010.

29. Chandler D., *From Kosovo to Kabul: Human Rights and International Intervention*, Pluto, 2002.

30. Chomsky N., *What Uncle Sam ReallyWants*, Odonian Press, Berkley, 1992.

31. Чомски Н., *Инш̄ервенции*, Култура, Скопје, 2007.

32. Chossudovsky M., *The Globalization of Poverty and the New World Order* (Second Edition), Global Research, Center for Research on Globalizatiion, 2003.

33. Cirn M., *Upravljanje sa one strane nacionalne drzave*, Filip Visnjic, Beograd,2003.

34. Clark I., „*Globalization and Fragmentation: International Relations in the Twentieth Century*", Oxford University Press, 1998, (достапно на :http://www.guestia.com/PM).

35. Conley T., *Globalization, Schmobalization?* Australian Journal of Political Science, Routledge Taylor and Francis, Vol.43, No.1, March 2008, pp.141-151.

36. Dalby S., "*Security and Ecology in the age of Globalization*", ECSP Report Issue 8 (2002):95-108.

37. Dave Ranney "*Militarism and U.S. Trade Policy*" Foreign Policy in Focus, December 2006, (достапно на : http://www.fpif.org/articles/militarism_and_us_trade_policy).

38. Davis K.J. and Sweeney J.M., *Strategic Paradigms 2025: U.S. Security Planning for a New Era*, Institute for Foreign Policy Analysis, Brassey's 1999.

39. Deutsch, Karl W. and Singer J.David, *Multipolar Power Systems and International Stability*, World Politics, XVI, April, 1964.

40. Diamond L. *„Is The Third Wave of Democratization Over?“* An Empirical Assessment, March, 1997.

41. Dreher A., *Does Globalization Affect Growth? Empirical Evidence from a new Index*, Applied Econimics 38,10 (2006):1091-1110.

42. Dreher Axel et al., *Measuring Globalization –Gauging its Consequence*, New York: Springer 2008.

43. Durkovic M., *Kapitalizam, Liberalizam i Drzava*, Institut za evropske studije, Filip Visnjic, Beograd, 2005.

44. Eisenstadt S.N., *The Reconstitution of Collective Identities and Inter-Civilization Relations in the Age of Globalization,* Canadian Journal of Sociology; Winter 2007.

45. Elbadawi I. and Hegre H., *Globalization, Economics Shocks, and Internal Armed Conflict*, Defence and Peace Economics, Routledge Taylor and Francis, Vol.19, February 2008, pp.37-60.

46. Evans Alex et al. *Confronting the Long Crisis of Globalization:Risk, Resilience and International Order, Managing Global Insecurity*, Brookings CIC, 2010.

47. Фити Т., *Современиош каиишализам*, Магазин 21 , Скопје, 1991.

48. Фити Т., *Транснационалниѿе компании и извозоѿ на каиѿал*, Комунист, Скопје, 1989.

49. Flanagan, Stephen et al. *Challenges of the Global Century: Report of the Project on Globalization and National Security*, Institute for National Strategic Studies, National Defense University,Washington D.C., 2001.

50. Фридман, Дж., *Следвашиѿе сѿо години Геоиолиѿическа ирогноза за XXI век,* София: НСМ Медиа, 2009.

51. Фридман Т., *Лексусоѿ и маслиновоѿо дрво*, Тера Магика, Скопје, 2003.

52. Frost E., *„Globalization and National Security: A Strategic Agenda“* in : The Global Century: Globalization and National Security, Institute for National Strategic Studies, National Defense University,Washington D.C., 2001, p:35-74.

53. Fukujama F., *AMERIKA NA PREKRETNICI - Demokratija, moc i neokonzervativno zavestanje,* CID, Podgorica, 2007.

54. Fukujama F., *Sudar kultura:poverenje,drustvene vrline i stvaranje prosperiteta*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1997.

55. Fukuyama F., *The End of History and the Last Man*, Penguin Books,1992.

56. Fung-Ju Lan, *Istorija kineske filozofije*, Nolit, Beograd,1992.

57. Galtung J., *Mirnim sredstvima do mira: Mir i sukob, razvoj i civilizacija*, NVO-Jugoistok XXI – Centar za Evro-balkansku saradnju, JP Sluzbeni glasnik,2009.

58. Garton Es.T., *Slobodan Svet- Amerika, Evropa i iznenadujuca buducnost Zapada*, Samizdat B92, Beograd, 2006.

59. Гаџинович Р.,*Политичко насиље и глобализација*, Драслар партнер, Београд, 2009.

60. Георгиева Л., *„Безбедносни импликации на глобализацијата: Конфликтите и превенцијата како норма на безбедносната политика“* Глобализацијата, мирот и безбедноста, Министерство за одбрана на РМ и Филозофски факултет, Скопје, (2008): 65-81.

61. Георгиева Л., *Творење на мирот: Мирот безбедноста и конфликтите по Студената војна*, Филозофски факултет, Скопје, 2007.

62. Ѓуровска М., *„Социолошките аспекти на глобализацијата“*, Годишен Зборник 60, Филозофски Факултет, Скопје, (2007): 83-99.

63. Ghosh J., *Poverty reduction in China and India: Policy implications of recent trends*, Economic & Social Affairs No.92 January 2010.

64. Giddens A., *The Third Way*, The Renewal of Social Democracy, Polity Press, Cambridge,1998.

65. Gidens E. i Haton V., *Na ivici, ziveti sa globalnim kapitalizmom*, Plato, Beograd, 2003.

66. Гиденс Е., *Забеган свет- како глобализацијата ги преобликува нашите животи*, Филозофски Факултет, Скопје, 2003.

67. Gidens E., *Sociologija* (cetvrto izdanie), Ekonomski fakultet, Beograd, 2007.

68. Gligorov V., *„Freedom and Globalization“*, Politicka misao, Vol. XXXIX, No.5 (2002): pp.58-75.

69. Gnesotto N. and Grevi G., The New Global Puzzle:What World for the EU in 2025, Institute for Security Studies, European Union, 2006, (достапно на: http://www.iss.europa.eu.).

70. Гоцевски Т., *„Унификацијата на политичките, економските и безбедносните системи, предизвик за мирот и безбедноста во услови на глобализација“*, во: Глобализацијата, мирот и безбедноста, МО за одбрана на РМ и Филозофски факултет, Скопје, ( 2008) :13-26.

71. Гоцевски Т., *Економскиот развој и мирот*, Филозофски факултет, Скопје, 2011.

72. Гоцевски Т., *Република Македонија на патот кон евроатланските структури*, Перспективите на Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ (2006): 45-55.

73. Гоцевски Т., *Унификација на системите во услови на глобализација*, Филозофски факултет, Скопје, 2008.

74. Goldin I. and Vogel T., *Global Governance and Systemic Risk in the 21 st Century:Lessons from the Financial Crisis*, Global Policy,London School of Economics and Polical Science and John Wiley & Sons Ltd, Vol.1 Issue 1, January 2010.

75. Голдсмит Е. и Мандер Џ., *Глобализација - аргументи против*, Клио, 2003.

76. Grimmett R.F., CRS Report for Congress; Conventional Arms Transfers to Developing Nations, 1999-2006, September 26, 2007.

77. Гризолд А., Копач Е., „*Менување на природата на современата безбедност: Некои нови предизвици и реакции*“ Глобализацијата, мирот и безбедноста, Министерство за одбрана на РМ и Филозофски факултет, Скопје, (2008): 33-50.

78. Grupa avtori, *Aspekti globalizacije*, Beogradska otvorena skola i Dosije, Beograd, 2003.

79. Група автори, *Национална и Международна сигурност*, Военно издателство, ЕООД, 2005.

80. Hegre H. et al. *Globalization and Internal Conflict* in: Schneider G.et al. *Globalization and Armed Conflict,* Rowman &Littlefield Publishers, Inc.,USA, 2003, pp.251-275.

81. Хелд Д. и Мекгру Е., *Управување со глобализацијата*: *Моќ, власт и глобално управување*, (превод), Академски печат, Скопје, 2010.

82. Held, David, et al. (eds.), *Global Transformations, Politics, Economics and Culture*, Polity Press, Cambridge,1999.

83. Held D., *Demokratija i globalni poredak: Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini*, Filip Visnjic, Beograd, 1997.

84. Held D., *Models of Democracy* (third edition), 2008.

85. Heuwood A., *Politics*, Palgrave Macmillan Ltd, 2002.

86. Hewitt, Joseph, et al. *Peace and Conflict 2010,*Center for International Development and Conflict Management, University of Maryland, 2010.

87. Hoffmann S., *Clash of Globalizations*, Foreign Affairs Vol.81 No.4 July/August 2002.

88. Holsti K. J. *The state, war and the state of war*, University Press, Cambridge, 1996.

89. Huntington S., *Political Order in Changing Societies*, Yale University Press.

90. Huntington S.P., *Sukob Civilizacija i preustroj svjetskog poretka*, Izvori, Zagreb,1996.

91. Ikenberry J.G., *How Secure is Globalization's Future?* Foreign Affairs may/june 2000.

92. Inglehart R. i Welzel C. *Modernizacija, Kulturna promjena i Demokracija: Slijed ljudskog razvitka*, Politicka kultura , Zagreb, 2007.

93. Izbor tekstova - *Ka carstvu dobra ili apokalipsi*, Filip Visnjic, Beograd, 2003.

94. Jarvis D., *Risk, Globalization and the State: A Critical Appraisal of Ulrich Beck and the World Risk Society Thesis*, , Global Society, Vol.21, No.1, January 2007.

95. John Feffer, *Globalization & Militarization*, Foreign Policy in Focus, Vol.7, No1, February 2002.

96. Jovanovic M.N., *Globalizacija i evropske vrednosti*, Aspekti globalizacije: sa pregledom osnovnih pojmova, Beogradska otvorena skola i Dosije, Beograd, (2003): 61-73.

97. Kagan R.,*Of Paradise and Power* America and Europe in the New World Order, 2003.

98. Kahler M., *Econimic security in an era of globalization: definition and provision*, The Pacific Review, Vol. 17, No.4, 2004:485-502, (достапно на :http://www.tandf.co.uk/journals).

99. Калиникос Алекс, „*Марксизмот и глобалното управување*“, Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување,(превод), Академски печат, Скопје, (2010) : 285-304.

100. Kanton Dz.,*Ekstremna buducnost:Najznacajnije tendencije koji ce promjeniti svet u narednih pet, deset i dvadeset godina*, Clio, Beograd,2009.

101. Kearney A.T., *Measuring Globalization,* Foreign Policy, January-February 2001, January-February 2003, March –April 2004, May-June 2005, November-December 2006, (достапно на: http://www.foreignpolicy.com; http://www.atkearney.com).

102. Kigli C.V., Vitkof J.R., *Svetska politika, trend i transformacije*, Centar za studije jugoistocne Evrope, Fakultet politickih nauka, Diplomatska akademija, Beograd, 2004.

103. Кикеркова И., *Меѓународна економија*, Економски факултет, Скопје, 2003.

104. King D.A., *Culture, Globalization and the World-System: Contemporary Conditions for the Representation of Identity*, University of Minnesota Press, Minneapolis, 1997.

105. Kirshner J., *Globalization, American Power, and International Security*, Polical Science Quarterly Volume123 No.3 2008.

106. Kissinger H., *Diplomacy*, Simon & Schuster, New York, 1994.

107. Kissinger H., *Treba li amerika vanjsku politiku? Prema diplomaciji za 21 stoljece*, Golden marketing, Zagreb, 2003.

108. Klein N., *The Shock Doctrine the rise of disaster capitalism*, Metropolitan Books Henry Holt and Company, LLC, New York, 2007.

109. Клер Т.М., *Войни за ресурси*, Захарий Стоянов, София, 2003.

110. Колодко Г. В., *Глобализацијата и перспективите за развој на пост-социјалистичките земји*, Економски институт и Магор, Скопје, 2004.

111. Кондов Е., *Глобализацията: пирамидата на съвременната инквизиция*, Земиздат, София, 2007.

112. Корубин Ј., *Социолошки теми за јазикот*, Филозофски факултет, Скопје, 2005.

113. Kugler, Richard L. *Policy Analysis in National Security Affairs: New Methods for a New Era*, National Defense University Press, Washington D.C. 2006.

114. Kuper R., *Raspad nacija:Poredak i haos u XXI veku*, Filip Visnjic, Beograd, 2007.

115. Kursar T., *Smrt globalizacijske teorije ili kraj jos jedne revolucije*?, Politicka misao, br.1, (2008): 3-28.

116. Kurt M. Campbell, *Globalization's First War*, Center for Strategic and International Studies and the Massachusetts, Institute of Technology, The Washington Quarterly, Winter, 2002.

117. Lambach D., *Close Encounters in the Third Dimension in: State Failure Revisited I: Globalization and Security and Neighborhood effects*,INEF Report 87, Institute for Development and Peace, 2007.

118. Laurent Goetschel, Globalization and Security: *The Challenge of Collective Action in a Politically Fragmented World*, Global Society, Vol.14, No.2, 2000.

119. Легеви K., *Глобализацията и нейните противници*,Агата,София 2007.

120. Levy S.J., „*Contending Theories of International Conflict : A Levels – of – Analysis Approach*" in: Managing global chaos: sourses of and responses to international conflict, United States Institute of Peace Press, Washington D.C. (1996): 3-19.

121. Lockwood B. and Redoano M., *The CSGR Globalization Index : an Introductory Guide*, Center for Study of Globalization and Regionalization, Newsletter, Working Paper 155/04, issue 16, december 2006, (достапно на: http://www.2warwich.ac.uk/fac/soc/ csgr/index/).

122. Lozina D., „*Globalizacija i suverenitet nacionalne drzave*", Zbornik radova, Pravni fakultet, Split, (2006): 17-41.

123. Lynn E.Davis., *Globalization's Security Implications*, Issue Paper, RAND, 2003.

124. Мајкл Пју, „*Одржување на мирот и безбедноста*" во :Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување, Академски печат, Скопје, (2010) : 240-267.

125. Mandelbaum M., *Ideje koje su osvoile svet,* Filip Visnjic, Beograd, 2004.

126. Mansfield E. and Snyder J. „*Democratization and War*", Foreign Affairs VOL 74, May/June, 1995, (достапно на: http://foreignaffairs.com/author/jack-snyder).

127. Mansfield E.D. and Snyder J., *Democratization and Civil War*, Saltzman Working Paper No.5, February 2008.

128. Marchal G., *A Dictionary of Sociology*, Second Edition,Oxford University Press, 1998.

129. Markovic M., „*Globalizacija i globalizam*", Iskusenja Globalizacije: Globalizacija, evropezacija i nacionalni identitet, Kikindski dijalozi, Beograd, (2004) : 27- 43.

130. Маркс К., *Капиталот*, (превод), Мисла, Скопје, 1975.

131. Marshall M., and Cole B.,*Global Report 2009: Conflict, Governance, and State Fragility*, Center for Systemic Peace,2009.

132. Maull W.H., „*World Politics in Turbolence*", International Politics and Society, Friedrich-Ebert-Stiftung, IPG 1/ 2011, pp.11-25.

133. Мекгру Е., „*Глобализацијата и светската политика*", Глобализацијата на светската политика: вовед во меѓународните односи,(превод) Табернакул, 2009.

134. Michael D. W. and Kristian G., „*Democratizing for Peace*", Institute of Behavioral Science, University of Colorado, 1996.

135. Micovic V., *Globalizacija i novi svetski poredak*, Cigoja stampa, Beograd,2001.

136. Miller D., Coleman J., Connoly W. and Ryan A., *The Blackwell Encyklopedia of Political Thought*, Blackwell Publishers Ltd, 1991.

137. Mini, Fabio „ *Kontrola vremenskih prilika:poceo je globalni klimatski rat*", Klima(ks) Planete, Hesperia edu br.1 (2008):19-31.

138. Morgan,P.M., *International Security: problems and solutions*,CQ Press, Washington D.C., 2006.

139. Muskara L., „ *Kako se menja (ili ne menja) karta sveta*“, Klima(ks) Planete, Hesperia edu br.1 (2008):59-72.

140. Начески Р., „*Планетарниот стратегиски контекст по 11 септември 2001 година*“ Современа Македонска Одбрана, 5 Јуни (2002): 23-37.

141. Нацев З. „*Глобализација-процес кој води кон мир и стабилност или кон нови поделби и конфронтации*“, Глобализацијата, мирот и безбедноста, МО на Република Македонија и Филозофски факултет, Скопје,(2008) : 27-31.

142. Нацев З. и Начевски Р., *Безбедност и националната одбрана*, Македонска ризница, Куманово, 2001.

143. Нацев З., „*Надворешно-политичките приоритети на Република Македонија*“ Перспективите на Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ (2006): 65-69.

144. Нацев З., „*Предизвиците на Глобализацијата и безбедносните импликации*“, Годишен Зборник 60, Филозофски факултет, Скопје, 2007.

145. Nayef R.F.Al-Rodhan, *Energy Security, Globalization and Global Security*, Geneva Centre for Security Policy, Policy Brief No. 8, September, 2006.

146. Недялкова А., Бауман З. и Филипов Д., *Глобализъм, Регионализъм и Антиглобализъм*, Албатрос, София, 2005.

147. Nes K., *Savremena Politicka Sociologija: Globalizacija, politika i moc*, JP Sluzbeni glasnik, Beograd, 2006.

148. Neuneck G., „*Globalizing Nuclear Zero: Is a World without Nuclear Weapons Really Attainable?*“ ,International Politics and Society, Friedrich Ebert Stiftung IPG 4 (2009):46-64.

149. Николовска Н., *Големата илузија - промени*, Култура, Скопје, 2001.

150. Nowotny T., *Security and Power through Interdependence: On the Morality of Globalization*, Global Society, Vol.21, No.2, April 2007.

151. Nye J., *Understanding Internatiomal Conflicts An Introduction to Theory and History*, Fifth Edition, Pearson Education, Inc., New York, 2005.

152. Nye J., „*Globalization's Democratic Deficit*“, Foreign Affairs, Vol 80, No.4.

153. Nye J., *The Future of Power*, The Korea Herald, October 14, 2010, (достапно на: http://belfercenter.ksg.harvard.edu/publication/20425/future_of_power.html).

154. Nye J., *Which Globalization Will Survive?*, The Korea Times, April 13, 2009, (достапно на:http://belfercenter.ksg.harvard.edu/publication/18963/which_globalization_will_survive.html).

155. Odora, Catherine „*In the Seas with the Sharks:Experiencing Globalization - An African Perspective*“ in :Utne B.and Garbo G., Globalization on Whose Terms?, Report No.5,University of Oslo,(1999): 234-260.

156. Панзова В., *Науката како занает*, Филозофски факултет, Скопје, 2003.

157. Pavlovic V., *Drustveni pokreti i promene*, Sluzbeni glasnik i Zavod za udzbenike, Beograd, 2009.

158. Pecujlic M., *Globalizacija dva lika sveta*, Gutenbergova galaksija, Beograd, 2005.

159. Platon, *Drzava,* Zagreb, 1978.

160. Plevnik J., *Iza globalizacije*, Golden marketing, Zagreb, 2003.

161. Polanji K., *Velika Transformacija: Politicka i ekonomska ishodista naseg vremena*, Filip Visnjic, Beograd, 2003.

162. Попович Т. Г., *Криза глобализације и/или глобализација кризе*, Бесједа, Бања Лука, 2003.

163. Попович В. М.,*Тоталитарни системи*, Плато,Београд 1997.

164. Porter M.E., Schwab K.,The Global Competitiveness Report 2008-2009,World Economic Forum, Geneva 2008.

165. Pudar M., *Svet bez gospodara*, Sluzbeni glasnik, 2010.

166. Radun V., „*Globalna ekonomska i ekoloska kriza i nuznost preosmisljavanja globalnog kapitalizma*", Klima(ks) Planete, Hesperia edu br.1 (2008):79-86.

167. Rawi Abdelal and Adam Segal, *Has Globalization Passed Its Peak*?, Foreign Affairs,Vol.86 No.1, 2007.

168. Reinert E.S., *Globalna Ekonomija: Kako su bogati postali bogati i zasto siromasni postaju siromasniji*, Cigoja stampa, Beograd, 2006.

169. Richard L.Kugler,„*National Security in a Globalizing World of Chaos: The United States and European Responses*", Western Unity and the Transatlantic Security Challenge,The George C. Marshall European Center for Security Studies, Marshall Center Papers, No.4.(2001).

170. Risar Z.F., *Tacno u podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni*, Clio, Beograd, 2008.

171. Robertson R., „*Globalizacijata kao problem*", Vuletic V., *Globalizacija mit ili stvarnost*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, (2003) : 182-213.

172. Robertson R., *Globalization*, London, Sage, 1992.

173. Robinson I.W., *The chimera of democracy and development*, Contexts, Spring 2008.

174. Rosenau, J., „*Stability, Stasis, and Change: A Fragmegration World*", The Global Century: Globalization and National Security, Institute for National Strategic Studies, National Defense University,Washington D.C., 2001.

175. Rosenau J., *The Dynamism of a Turbulent World, in: World Security-Challenges for a New Century*, Michael T. Klare, Yogesh Chandrani (eds), third Edition, St. Martin's Press, New York, (1998): 18-35.

176. Розенау Џ., „*Управување со новиот глобален поредок*" во: Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување, (превод), Академски печат, Скопје, (2010) :78-97.

177. Ружин Н., *НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија*, Фридрих Еберт, Скопје, 2005.

178. Ружин Н., *НАТО во современиѿе меѓународни односи*, Фридрих Еберт, Скопје, 2010.

179. Rude C., *The Global Financial Crisis: What needs to be done?*, Initiative for Policy Dialogye, Friedrich Ebert Stiftung, November 2008, (достапно на :http://www.fes-globalization.org).

180. Samari K., *Kako upravljati pobedom: Corsokak protektorata*, Le Monde Diplomatique, Br.27. Maj 2003.

181. Saul J.R., *The collaps of globalism:and the reinvention of the world*, Westwood Creative Artists Ltd. 2009.

182. Schwartz, P. and Randall D., *An Abrupt Climate Change Scenario and Its Implications for United States National Security*, October, 2003.

183. Scott A., „*Globalizacija: Drustveni procesi ili politicka retorika?*", *Globalizacija mit ili stvarnost*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd,2003.

184. Shah N.,*Cosmopolitanizing and Decosmopolitanizing Globalization: Metaphorical Re-description and Transformations of Political Community*,Routledge, Taylor and Francis, Vol.3, No.3, September 2006, pp.393-411.

185. Show, Donald M., *National Security for a New Era:Globalization and Geopolitics After Iraq*, Third Edition, Pearson Longman, 2008.

186. Simic, R.D., *Svetska politika, Medudrzavni i medunarodni poredak, Svetska politika, Globalni odnosi,* Fakultet politickih nauka i Cigoja stampa, Beograd, 2009.

187. Solte A.J. *Globalizacija :kriticki uvod*, (drugo izdanje), CID, 2009.

188. Шолте, Ј. А., „*Глобална ѿрговија и финансии*", Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, (превод)Табернакул, (2009): 450-467.

189. Soros G., *The Crisis of Global Capitalism*, Public Affairs, Perseus Book Group, New York, 1998.

190. Soros G., *The Bubble of American Supremacy. Correcting the Misuse of American Power*, Public Affairs, New York, 2004.

191. Soros G., *O Globalizaciji*, Samizdat B92, Beograd, 2003.

192. Staples S., *The World Trade Organization and War:Making the Connection*, Peace matters, January 2000.

193. Steger M.B.,*Globalizacija*, Sahinpasic, Sarajevo, 2005.

194. Steger M.B., *Ideologies of globalization,* Journal of Political Ideologies (February 2005), 10(1): 11–30.

195. Stiglic Dz., *Protivrecnosti globalizacije*,SBM-x, Beograd, 2002.

196. Stiglitz J.E. and Griffith-Jones S., *Growth with Responsibility in a Globalized World-Findings of the Shadow G-8*, Initiative for Policy Dialogye, Friedrich Ebert Stiftung No.31, May 2007, (достапно на: http://www.fes-globalization.org).

197. Стојановиќ С., *Глобализација и безбедносне перспективе света*, Воено издавачки завод, Београд, 2009.

198. Супек Р., *Социологија*, Школска књига, Загреб, 1977.

199. Talbott Strobe, "*Globalization and Diplomacy: A Practitioner's Perspective*", Foreign Policy, Fall 1997.

200. Tatalovic S. et al. *Suvremene Sigurnosne Politike: Drzave i nacionalna sigurnost pocetkom 21 stoljeca*,Golden marketing- Tehnicka knjiga, Zagreb, 2008.

201. Tehranian M., *Civilization: A Pathway to Peace?* Globalizations, Routledge Taylor and Francis, Vol.1, No.1, September 2004, pp.82-101.

202. Treddenick J., *Globalization, International Security and NATO*, George C.Marshall European Center for International Security Studies, Ukrainian National Defence Academy, Kiev, February 2004.

203. Turek F., *Globalizacija i Globalna sigurnost*, Hrvatska udruga za medunarodne studije – HUMS, Varazdin, 1999.

204. Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување, (превод), Академски печат, Скопје, 2010.

205. Valerstajn, I., *Posle liberalizma*, JP Sluzbeni Glasnik, Beograd, 2005.

206. Valerstin, I., *Opadanje Americke Moci*, CID Podgorica, 2004.

207. Ванковска Б., *Меѓународна безбедност:критички пристап*, Филозофски факултет, Скопје, 2011.

208. Ванковска Б., *„Корпоративната власт и привидот на државата во 21 век"*, Глобализацијата, мирот и безбедноста, МО за одбрана на РМ и Филозофски факултет, Скопје, (2008) :129-146.

209. Ванковска Б., *„Теоријата на демократски мир: надворешно - политичка димензија"*, Годишен зборник 60, Филозофски факултет, Скопје, (2007) :443-458.

210. Вељковиќ Д., *Новиот светски поредок и меѓународните економски односи*, ВАВ Интернационал компјутеринг, Скопје, 1995.

211. Vidojevic Z. *„Globalizacija i nova istoriska neizvesnost"*, *Iskusenja globalizacije: Globalizacija, evropeizacija i nacionalni identitet*, Oktobar, (2004): 74-104.

212. Vidojevic Z., *Demokratija na zalasku:Autoritarno-totalitarna pretnja*, Sluzbeni glasnik, 2010.

213. Vidojevic Z., *Kuda vodi globalizacija*, Filip Visnjic, Beograd, 2005.

214. Вилетс П., *„Транснационалните актери и меѓународните организации во глобалната политика"*, Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи,(превод)Табернакул, (2009) :330-347.

215. Vine D., *Too many overseas bases*, Foreign Policy in Focus, February 25, 2009, (достапно на: http://www.fpif.org/articles/too_many_overseas_bases).

216. Viotti P.R., Kauppi M.V., *International Relations and World Politics: Security, Economy, Identity*(third edition), Pearson education, New Jersey, 2007.

217. Вотерс М., *Глобализација*, (превод), Институт за демократија, солидарност и отвореното општество, Скопје, 2003.

218. Вудс, Н., „*Меѓународнаша йолишичка економија во доба на глобализација*", Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, (превод), Табернакул, (2009) :242-260.

219. Vukadinovic R., *Medunarodni Politicki Odnosi*, Polticka kultura, Zagreb, 2004.

220. Vukadinovic. R., *Medunarodni Odnosi od Hladnog rata do Globalnog Poretka*, Agencija za komercijalnu delatnost, Zagreb, 2001.

221. Vuletic V., *Globalizacija - Mit ili Stvarnost*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 2003.

222. Waever O., Buzan B., Kelstrup M. and Lamaitre P., *Identity, Migration and The New Security Agenda in Europe*, Pinter Publishers Ltd, 1993.

223. Waltz K.N., *Structural Realism after the Cold War*, International Security, Vol.25, No.1, 2000, pp.5-41.

224. Weber, Steven et al.“*How Globalization Went Bad.*“ Foreign Policy, January/February 2007.

225. Weede E., *The Diffusion of Prosperity and Peace by Globalization*, The Independent Review, Vol.IX, No.2, Fall 2004,pp.165-186.

226. Zakaria F., „*The Rise of Illiberal Democracy*“, Foreign Affairs, November 1997.

227. Zakaria F., *Are America's Best Days Behind Us?*, TIME, March 14, 2011.

228. Zakaria F., *Why it's different this time?*,TIME, February 28, 2011.

## Други извори

1. „*A decade after the 9/11 attacks americans live in an era of endless* war“, The Washington Post with Foreign Policy, 01.09.2011, (достапно на: http://www.washingtonpost.com/world/national-security/ a -decade –after- the- 911- attacks- americans- live- in- an- era-of- endless- war/2011/09/01_story.html.(10.09.2011).

2. *A Secure Europe in a Better World,* European Security Strategy, Brussels, December, 2003.

3. *Active Engagement, Modern Defence*, Strategic Concept for the Defence and Security of the Members of the North Atlantic Treaty Organisation, Lisbon, November 2010, (достапно на :http://www.nato.int/strategic-concept/index.html).

4. Annual Review of Global Peace Operations, 2011, Center on International Cooperation, 2011.

5. “*Антикапиталистичките демонстрации не запираат*“, Утрински весник, 3 ноември, 2011.

6. *Beyond the crisis, toward new goals, EU Budget 2011*, European Union, 2011, (достапно на: http://www.ec.europa.eu/budget/index_en.htm).
7. Center for Study of Globalization and Regionalization, Newsletter, issue 16, december 2006.
8. China News and Report 2010 Keynote Speech at the International Conference of Asian Political Parties on Poverty Alleviation, (достапно на: http://www.china.org.cn/report).
9. Conflict Barometer 2008, 17th annual conflict analysis, Heidelberg Institute for International Conflict Research, University of Heidelberg, (достапно на: http://www.hiik.de/en/conflictbarometer /pdf/ 2008).
10. Conflict Barometer 2010, Heidelberg Institute for International Conflict Research, University of Heidelberg, (достапно на: http://www.hiik.de/en/conflictbarometer/pdf/2010).
11. *Current peacekeeping operations 2011*, (достапно на: http://www.un.org/en/peacekeeping /operations/current.html).
12. *Democracies and War,* The politics of peace, The Economist, April 1995.
13. *Democracy index 2010: Democracy in retreat*, Economist Intelligence Unit 2010, The Economist.
14. Development and Globalization:Facts and Figures, United Nations, 2008.
15. Development in an Ageing World, Department of Economic and Social Affairs, United Nations, New York, 2007.
16. Fact Sheet for the International Day of Peace: Costs of war and peace, United Nations, 2006, (достапно на :http://www.un.org).
17. Freedom House (2009*) Freedom in the World 2009*, Washington, (достапно на: http://www .freedomhouse.org).
18. Friedman T.L., New York Times, 8 December 1996.
19. Global Climate Change Security Oversight Act, Congressional Record, 28.3 2007, (достапно на: http://www.fas.org/irp/congress/2007-cr/s1018.html).
20. Global Employment Trends, International Labour Organization, 2010, (достапно на : http:// www.ilo.org/publns).
21. Global Peace Index:how does each country compare?, Institute for Economics & Peace, 2011.
22. Global Report on Conflict, Governance and State Fragility 2007: Gauging System Performance and Fragility in the Globalization Era, Foreign Policy Bulletin, Winter 2007.
23. Global Strategic Assessment 2009:America's security role in a changing world, Institute for National Strategic Studies,National Defense University Press, 2009.
24. Global Trends 2015: A Dialogue About the Future with Nongovernment Experts, NIC, 2000.
25. Global Trends 2025: A Transformed World, NIC, November 2008.
26. Globalization and Future Architectures: Mapping the Global Future 2000 Project, Report of a Conference on June, 2005, Chatham House, London.

27. Globalization: A Brief Overview, IMF, May 2008, (достапно на: http://www.imf.org/).

28. Gorbachev M.,*Tear down this wall!And save the planet*, The Times, 9 November 2009, (достапно на : http://www.thetimes.co.uk/tto/public/sitesearch.do?querystring=).

29. Human Development Report 2007/2008/2009, UNDP.

30. ILO Declaration on Social Justice for a Fair Globalization, International Labour Conference, Geneva, 10 June, 2008.

31. International Energy Agency World Energy Outlook: Fact Sheet-Global Energy Demand,2007.

32. International Trade Statistics 2011, WTO 2011, (достапно на: http://www.wto.org/ statistics).

33. Living conditions in 2008 - 17% of EU27 population at risk of poverty, Eurostat newsrelease 18 January 2010, (достапно на: http://ec.europa.eu/eurostat).

34. *"Кризата го преполови светското богатство"*, Дневник, 19 март, 2009.

35. Mapping the Global Future 2020, National Intelligence Council, December, 2004.

36. Military vs.Climate Security, Foreign policy in focus,Institute for policy studies, august 2009.

37. Национална концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија, Собрание на Република Македонија, Скопје, 2003.

38. National Defense Strategy of United States of America, June 2008.

39. National Security Implications of Global Climate Change to 2030, National Intelligence Council, 2008.

40. National Security Strategy of the United Kingdom –security in an interdependent world, UK, march 2008.

41. National Security Strategy of United States of America, March 2006.

42. National Security Strategy of United States of America, May 2010.

43. National Security Strategy of United States of America, September 2002.

44. Nato Handbook, Nato office of Information and Press, 1110 Brussels, Belgium, 2001.

45. Nato Handbook, Nato office of Information and Press, 1110 Brussels, Belgium, 2006.

46. *Overview of the missions and operations of the European Union November 2011,* (достапно на: http://www.consilium.europa.eu/eeas/security-defence/eu-operations?lang=en).

47. Perceptions: Journal of International Affairs, SAM, Volume XI Number 1, Spring 2006.

48. Perceptions: Journal of International Affairs, SAM, Volume XI Number 2, Summer 2006.

49. Politicka Misao, Fakultet politickih zbanosti, Zagreb, Issue No.01/1999.

50. Poverty Facts and Stats, (достапно на :http://www.globalissues.org/article/26/poverty-facts-and-stats).

51. Poverty in the United States, West Coast Poverty Center, University of Washington, (достапно на : http://depts.washington.edu/wcpc/povertyintheus).

52. "*Поради европската политика за имигрантите, Чавез ќе ја сопре нафтата*", Утрински весник, 21-22 јуни, 2008.

53. *Reforming the United Nations for Peace and Security*, Yale Center for the Study of Globalization, New Haven, Connecticut, 2005.

54. "*Руски политиколози: Глобализација и модернизација за све*", Нова српска политичка мисао, 2 септембар 2010.

55. "*САД во трка со времето*", Утрински весник, 1-2 август , 2011.

56. SIPRI Yearbook 2011:Armaments, Disarmaments and International Security, Stockholm International Peace Research Institute, (достапно на: http://www.sipri.org/yearbook/2011/ files /SIPRIYB11summary.pdf.).

57. Terrorism Risk in the Post-9/11 Era: A 10 - Year Retrospective, RMS, 2011.

58. UN Financial Crisis, Global Policy Forum, (accessed February 25, 2007).

59. United Nations Development Programme: Human Development Report 2003, Millenium Development Goals: A Pact among Nations to End Human Poverty (New York: Oxfor University Press).

60. US Military Spending vs. The World, 2008, Center for Arms Control and Non-Proliferation, February, 20 2008. Stocholm International Peace Research Institute, Yearbook 2006, (достапно на: http://www.sipri.org/).

61. Војно дело, бр.1, Војноиздавачки завод, Београд,2005.

62. World Economic Outlook Database, September 2011, IMF.

63. World Economic Outlook: *Slowing Growth , Rising Risks,* September 2011, IMF.

64. World population growth:Status in 2010 and prospects, express3/10 Novartis Foundation for Sustainable Development, July 2010, (достапно на: http://www.novartisfoundation.org).

65. World Social Security Report 2010/11: *Providing coverage in times of crisis and beyond*, The International Labour Organization, 2010.

66. World Economic and Social Survey , United Nations, New York, 2004.

67. World Energy Prospects and Challenges, International Energy Agency World Energy Outlook, 2005.

66. *World Economic Situation and Prospects 2009*, United Nations, New York, 2009.

67. *World Hunger and Poverty Facts and Statistics 2011*, (достапно на: http://www.worldhunger.org/articles/Learn/world%20hunger%20facts%202002.htm.).

68. Zbornik Globalizacija, Beograd, 2003.